
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1030
Скопје, 2 мај 2012 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1030 од 2 мај 2012 година

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден доцент по предметот судска медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Златко Јаќовски)**.....1-20
2. Реферат за избор на еден научен соработник по предметот микробиологија и паразитологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Весна Котевска)**.....21-34
3. Рецензија на докторската дисертација **Компаративна анализа на електричната мозочна активност кај деца со анорексија, анксиозност и хиперактивност** од **м-р Анета Демерџиева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....35-40
4. Рецензија на ракописот **Цистична фиброза: од базичен дефект до болест** од авторот **проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....41-49

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(м-р Христина Михајловска)**.....50-54
2. Реферат за избор на еден асистент од областа на теориски основи на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(м-р Наташа Илиевска)**.....55-58
3. Реферат за избор на еден асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(м-р Билјана Стојкоска)**.....59-63

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на прирачникот **Црнодробна цироза и компликации - третман и превенција** од авторите **М. Трајковска, Н. Јоксимовиќ, Р. Попова-Јовановска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....64-68

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски теми на Институтот за македонска литература во Скопје **(Снежана Нацева, Андриана Спирова, Мартина Николовска, Наташа Ќосовиќ-Томовска)**.....69

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот патолошка физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Вењамин Мајсторов)**.....70-82

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Модели на педагошко водење на надарените ученици во основното училиште,** од **м-р Нела Радевска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....83-89

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија за оцена на подобност на темата за докторска дисертација **Молекуларна типизација и филогенетска анализа на ленти вирусите кај малите преживари детектирани на територијата на Република Македонија,** и оспособеноста на кандидатот **м-р Игор Цаповски,** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....90-100

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на виш научен соработник на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Јулија Цветковиќ)**.....101-109

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на индустриската географија, историската демографија и миграциите на населението на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **д-р БилјанаАпостоловска Тошевски)**.....110-122
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје, **(м-р Валентина Сотироска, м-р Катерина Смилков, м-р Виолета Мирчевска, м-р Даринка Ѓоргиева)**.....123
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Мајлинда Адеми, Рукије Скендери, Стеванче Николоски, Никола Крстевски, Елена Лазаревска)**.....124
4. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Илија Митрески)**.....125

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звање лектор по романски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Раду-Михаил Атанасов, Јадранка Дуца)**.....126-131
2. Рецензија на докторската дисертација **Економско-правните термини во албанскиот и во англискиот јазик** од **м-р Иса Спахиу,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....132-139

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Трајан Балканов, науч. сор., Димче Зафиров, науч. сор.)**.....140-157
2. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Инфекции и антиинфективна стратегија кај реципиенти на матични хематопоетски клетки** изработена од **м-р д-р Злате Стојаноски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....158-164
3. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот семејна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Горан Петровски, науч. сор., д-р Весна Ристевска, д-р Катарина Ставриќ, д-р Владимир Николов)**.....165-236

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите: аналитичка хемија 1, аналитичка хемија 2, аналитичка хемија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Гордана Русеска)**.....237-245

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент за група предмети од областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Јован Ивановски)**.....246-253

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Донесување на одлуки за избор на занимањето при премин од средно кон високо образование: неодлучноста при изборот и фази во одлучувањето,** изработена од **м-р Билјана Блажевска Стоилковска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....254-259

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Светлана Цековска, н. сор.)**.....260-272

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор на наставник во научната област говедарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Ѓоко Буневски)**.....273-284

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Ефекти од стимулирањето на развојот на критичкото мислење кај студенти од албанска етничка припадност,** изработена од **м-р Хана Руси,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....285-289

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предметите основи на фармацевтска технологија, фармацевтска технологија и биотехнологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Рената Славеска-Ранчки)**.....290-301

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Процена на вредноста на Манхаим перитонитис индекс кај пациентите со секундарен и терцијарен перитонитис** од **м-р д-р Скендер Затриќи,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....302-306
2. Рецензија на докторската дисертација **Процена на прогностичките фактори кои влијаат на конечниот исход кај пациенти со дебелоцревна опструкција** од **м-р д-р Ферат Салиху,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....307-311

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот за учебник со наслов **Општа картографија** од **проф. м-р Слатко Србиноски,** пријавен на Градежниот факултет во Скопје,.....312-320
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Александар Петровски, Влатко Димитровски, Драган Кузманов, Димитар Петров, Науме Марковски)**.....321
3. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Гајур Кадриу)**.....322

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски теми на Филозофскиот факултет во Скопје **(Раим Јашари, Мартин Додевски, Снежана Чичевалиева, Кристина Тозија, Игор Христовски, Душко Цветанов, Радица Михајловска, Елизабета Петковска, Даниела Темелкова, Марија Рашкова, Елена Апостолова, Зехир Шехан, Елизабета Митревска, Емилија Јованова Стоилкова, Даниела Јочевска, Оливер Бојаџиев, Јасмина Саид, Јасмина Фитовска, Сашо Ристевски, Адријана Пејчиновска)**.....323-324

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија за оцена на подобноста на пријавената тема за изработка на докторска дисертација под наслов **Застапеност, можности за рана дијагностика и терапија на заболувањата на чапупките кај млечните крави,** и оцена на оспособеноста на кандидатот **м-р Ксенија Илиевска,** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.....325-327

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на наставник по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Мирко Тодоровски)**.....328-343
2. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Гога Цветковски)**.....344-360
3. Реферат за избор во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Влатко Стоилов)**.....361-371

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Ефекти од интегрираните реформи во маркетинг-комуникациите преку поштенскиот сектор во Република Македонија,** изработена од **м-р Љубиша Митевски**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....372-380

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на два научни соработника по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Емилија Цветковска, д-р Арбен Таравари)**.....381-404

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за оценка на подобноста на пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов **Методологија за проценка на трајноста на суптотална телескоп-протеза** и оцена на научната оспособеност на кандидатката **д-р Ана Спировска, м-р сци,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....405-413
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација **Евалуација на димензионалните промени кај алгинатот и два еластомерни материјала со различен вискозитет по пивна дезинфекција со примена на методот на потопување и спреј-методата** и научна оспособеност на кандидатот **д-р Енис Шабанов, м-р сци,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....414-419
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа јавно здравство во стоматологијата на соодветната катедра на подобност на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Јулијана Николовска, д-р сци)**.....420-429

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факулттетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Ива Шкрињарић, Лазар Динов, Игорче Карафиловски, Андон Стефановски, Маја Мепкова, Александар Станков, Јасмина Кецан, Ненад Момироски, Јана Макеска, Александра Георѓиева)**.....430

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Реферат за избор на наставник на научната област римско право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Гоце Наумовски)**.....431-445

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебникот **Специјална хирургија** од наставниците на Катедрата за хирургија, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје (Јордан Савески, Илија Тодоров, Спасе Јовковски, Мирче Симеонов, Илија Панговски, Ѓорѓи Велковски, Кирил Лозанче, Перо Петровски, Владимир Мирчевски, Александар Чапароски, Ѓорѓе Џоќиќ, Ацо Димов, Слободан Ристовски, Слободан Дамјановски, Славчо Стојменски, Игор Кафтанциев, Моле Петровски, Смиља Ѓоргова Туџарова, Виктор Камилоски, Венко Филипче, Емилија Стојковска, Маргарита Пенева, Софија Пејкова, Јасмина Георгиевска, Игор Пеев, Вилијам Велковски, Андреј Гавриловски).....446-449

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметот хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Елена Шукарова-Ангеловска)**.....450-466

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област овчарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Кочо Порчу)**.....467-475
2. Реферат за избор на наставник во научната област житни култури на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Данс Бошев)**.....476-484
3. Реферат за избор на редовен професор во научната област крмни растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Татјана Прентовиќ)**.....485-494

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ СУДСКА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 15.III 2012 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за избор на еден доцент по предметот судска медицина, во состав: проф. д-р Алексеј Дума, проф. д-р Здравко Чакар, проф. д-р Билјана Јанеска, проф. д-р Зоран Спировски и доц. д-р Верица Попоска.

На конкурсот објавен на 22.II 2012 година во весникот „Утрински весник", се пријави д-р Златко Јаќовски.

Комисијата, по разгледувањето на доставените документи од пријавениот кандидат, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го предложи следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Роден е на 28.VIII 1972 година во Скопје. Основното образование и средното медицинско образование ги има завршено во Скопје. Медицинскиот факултет го завршил на 23.IX 1997 година со просечен успех 8,34. Во текот на студиите бил активно вклучен во работата на Сојузот на студенти по медицина на Република Македонија. Во 1998 година е вработен на Институтот за судска медицина и криминалистика при Медицинскиот факултет во Скопје, а државниот испит го има положено на 28.IX 1998 година. Специјализацијата по предметот судска медицина ја започнал на 1.X 1999 година, а на 2.X 2002 година го положил специјалистичкиот испит, при што се здобил со звањето специјалист по судска медицина. Во 2004 година станал магистер со трудот „Судскомедицинската експертиза кај огнострелните повреди со смртен исход", под менторство на проф. д-р Карпош Бошковски, на Медицинскиот факултет во Скопје по предметот судска медицина. Во 2011 година го одбранил докторатот со тема „Примена на анализата на автозомните и Y-хромозомските кратки повторувачки тандем (STR's) во судско-медицинската практика", под менторство на проф. д-р Билјана Јанеска.

Наставно-образовна дејност

Д-р Златко Јаќовски, вработен во Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, избран е за асистент по предметот судска медицина во 1999 година, а реизбран е во 2003, 2006 и во 2009 година. Оттогаш па до денес, активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот судска медицина за студентите на додипломските студии по медицина и стоматологија, како и на додипломските студии за студентите од Факултетот за безбедност. Учествува и во постдипломските предавања на студентите од Факултетот за безбедност, на Вишата школа за медицински сестри, а во 2005-2006 од

година предавал на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судии на Република Македонија. Согласно со критериумите за бодирање на наставно-образовната дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Златко Јаќовски има вкупно 98,04 бода.

Научноистражувачка дејност

Автор и коавтор е на 64 труда, печатени во научно/стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство. Учествувал во изработката на еден национален и еден интернационален научен проект кои се со успех завршени. Исто така бил член на еден домашен и еден меѓународен научен проект кои се успешно завршени. Континуирано учествува во повеќе пленарни предавања на научни/стручни собири. Согласно со критериумите за бодирање на научноистражувачката дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Златко Јаќовски има вкупно 167,048 бода.

Стручно-апликативна дејност

Д-р Златко Јаќовски учествува во експертски активности за евалуација, стручна ревизија и супервизија во рамките на работењето на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при вештачења на кривични и граѓански предмети за потребите на судот. Воведува повеќе методи од областа на форензичната ДНА-анализа и има изработено четири популациски студии, од кои три се за македонците и една за Србите. Бил член на Организациониот одбор на на два конгреса и тоа во 2003 година на XVI конгрес на лекарите на Макеодонија со меѓународно учество и во 2007 година на V конгрес на Балканската академија на форензични науки. Учествувал во формирањето на ДНК-лабораторијата при Институтот за судска медицина во Скопје. Во рамките на развојните обуки и искуства, во три наврати престојувал на Институтот за судска медицина во Загреб и еднаш на Институтот за молекуларна биологија во Љубљана. Член е на комисија при Министерството за здравство за изработка на годишен извештај за 2009-2010 година – EMCDDA за Македонија. Во периодот 2000-2008 година бил член на работната група за меѓународни односи при Лекарската комора на Македонија, а исто така и заменик-претседател на Изборната комисија при Лекарската комора на Македонија. Според критериумите за бодирање на стручно-апликативната дејност, во рамките на образецот за избор издаден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", д-р Златко Јаќовски има вкупно 17 бода.

Рецензирани трудови за досегашните избори

Трудовите од реден број 1 до реден број 39 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 736/99, 832/2003 и 960/09 година.

Научни трудови доставени за рецензија за избор во звањето доцент

40. Бошковски К., Чакар З., Попоска В., **Јаќовски З.:** „Вештакот и јавноста (медиумите)". Зборник на апстракти од Шеснаесеттиот конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 4-7 јуни 2003.

Секоја смрт која е неочекувана, сомнителна, насилна или природна, најчесто предизвикува интерес кај јавноста и задолжително е да се изврши судскомедицинска обдукција заради утврдување на причината за смрт. Медиумите ги бараат информациите за одделни случаи или за група случаи со цел да се спречи ширењето на дезинформации. Се заклучува дека во светот нема унифицирано правило по однос на информирањето на медиумите. Во Република Македонија информациите најчесто ги дава судијата кој го води случајот заради неспорниот факт дека сите податоци од различните учесници во предистражната постапка му се достапни исклучиво на истражниот судија.

41. Poposka V., Janeska B., Gutevska A., **Jakovski Z.,** Duma A.: „Estimation of Time Sience Death Through Chemical Excitability of Muscles". The 4th Annual meeting of the Balkan Academy of Forensic Sciences, Stara Zagora, Bulgaria, 8-11 June 2006.

Времето на смртта, како важен фактор во истрагата на одредени кривични дела, претставува проблем од посебен интерес во судскомедицинската практика. Во трудот се презентирани резултатите за времето на настапување на смртта добиени со хемиска дразба на мускулите во раниот постмортален период и нивна споредба со познатото време на смрт.

42. Rosoklija G, Mancevski B, Brman R, Rauski S, Serafimova T, Duma A, Davceva N, **Jakovski Z,** Pavlovski G, Dwork A.J. Confirmation of severe loss of subicular dendric spines in schizophrenia; Schizophrenia Research, 2004, 67:5.

Објавена е највидливата абнормалност кај постмортално обработените мозоци на субјекти со шизофренија, која ги зафаќа дендритите на прамидалните неврони во неокортексот на хипокампалната формација. Одредени тешкотии произлегле од неконзистентноста на Голџиевото боење со кое се визуелизираат дендритите и нивните трнови (синапси), поради што е разработена модификација на оваа метода, наречена Нео-Голџи, која овозможила конзистентна и униформна импрегнација на аутопсичниот материјал, чии резултати можат да се споредат според квалитетот со резултатите добиени кај експерименталните животни. Прелиминарните резултати индицираат сигнификантно губење на дендритичните трнови на апикалните и базалните дендрити на субикуларните пирамидални клетки при шизофенијата.

43. Duma A., Janeska B., Pavlovski G., **Jakovski Z.**: Exactness of a Forensic Medicine Expert Opinion Exclusively Based on a Photo. Forensic Science International, Vol. 136, Suppl. 1, September 2003.

Со оглед на одговорноста што ја има судско медицинскиот експерт, неопходно е тој да поседува искуство, самокритика и етика во однос на изведените вештачења. Во трудот се дискутира случај на давање вешто мислење врз основа на фотографии направени од аматер, во домашни услови, за потеклото на раната, нејзините карактеристики, начинот на којшто е нанесена и причината за смрт. Дискутирани се не само стручните прашања во однос на даденото мислење, туку и последиците на ваквиот однос кон фамилијата и сите инволвирани во настанот.

44. Cakar Z., Gutevska A., **Jakovski Z.,** Stankov A., Autopsy and ethics. XVIth Congress of Macedonian Doctors with International Participation, Ohrid, 2003.

„Разговор со лешот" или „обдуцентот му поставува прашања, а лешот му одговара"-духовито, многуслојно, но во некои елеманти и еуфемистично објаснување за збир на постапки преземени при аутопсијата, освен практичните ги поставува и етичките проблеми. Етичките проблеми во врска со самата постапка, во врска со сродниците како и поширокатa јавност. Дефинираните и законски етаблитаните начини на постапување при потреба за вршење на обдукција во апсолутна смисла на зборот не го исклучува етичкото дејствување на, обдуцентот како во првата така и во понатамошните фази на постапката се до издавањето на конечниот резултат. Практиката го бара тоа! Познати ни се случаите на одбивност кон самиот акт на аутопсијата, притисоците, посебно вонинституционални, за невршење на аутопсијата што го доведува, благо речено, во непријатна состојба, како обдуцентот така и другите учесници во постапката. Од тие причини, етичките механизми кои би ги зеле предвид, емотивната состојба, културното и цивилизациското ниво, како и конфесионалната припадност, можат да помогнат во прифаќањето на самиот акт на вршење на аутопсијата. Сметаме дека разјаснувањата на бенефитот кој објективно ќе произлезе од извршената аутопсија е најмоќниот „инструмент" за прифаќањето на аутопсијата како нормална постапка каде што тоа е потребно.

45. Jankova R., **Jakovski Z,** Nikolova K., Janeska B., Duma A.: Application of differential extraction method and Y-STR typing in solving rape case. EAFS 2006, Helsinki, June 13-14. 2006.

Во решавање на случаите на силување, со цел да остане само машката фракција, односно сперматозоиди, се користи диференцијалниот лизис метод, кој е мошне ефикасен при анализи на мешани примероци. Покрај диференцијалнен лизис, била направена и типизација на Y-STR-и. Со дифернцијалниот лизис se доби профил на автозомните хромозоми, кои потоа статистички се обработуваат.

46. Davceva N, Duma A. Dika A. **Jakovski Z,** Stankov A. Legal Medicine Importance of DAI Balkan Versus World Expirience. BAFS Congress Stara Zagora, 8-11 June 2006.

Со воведувањето на концептот на примарните и секундарните мозочни оштетувања, како и концептот на дифузни и фокални мозочни повреди, станало јасно дека исходот од една затворена повреда на главата не зависи од екстензитетот на фокалното мозочно оштетување колку што зависи од појавата на дифузните мозочни повреди: дифузната аксинална лезија, дифузната васкуларна лезија, хипооксично-исхемичното мозочно оштетување и дифузен оток на мозокот. Дифузната мозочна лезија претставува клиничко-патолошки ентитет кој го имаше полното внимание на форензично-невропатолошката наука во периодот 1993-2000 година, а најголемо внимание за важноста на овој вид повреда беше дадено на XV конгрес на Светската асоцијација за форензична наука во Токио, 1996. Претставувајќи ги сопствените искуства од вршените детализирани форензично-невропатолошки прегледи на материјал од 50 случаи со затворена повреда на главата, чии аутопсии беа извршени на Институтот за судска медицина и криминалистика во Скопје, во овој труд авторите дискутираат за неколку прашања поврзани со DAI: најчестиот макроскопски и микроскопски наод, патолошко-физиолошките механизми и настаните кои водат кон појавата на DAI, како и двојбите во релевантната научна заедница во однос на потеклото на DAI.

47. **Jakovski Z,** Janeska B, Boskoski K, Davceva N, Duma A. DNA analysis in a case of sexual assaults. BAFS Congress Stara Zagora, 8-11 June 2006.

Преку анализа на еден случај на силување, анализирани се сите етапи од вакво вештачење од моментот на прегледот, земање на материјал за анализа до методите употребени за изолација на најдените сперматични дамки.

48. Stankov A, Cakar Z. **Jakovski Z,** Davceva N, Pavlovski G. Identification of the weapon by the method of moulding in the sharp-point weapon wounds. BAFS congress Stara Zagora, 8-11 June 2006.

За последните дваесет години, сечните рани кои се блиско поврзани со причината за смрт опфаќаат околу 1/3 од аутопсиите во случаите на убиство. Идентификацијата на употребеното оружје е едно од најчесто поставуваните прашања на кои треба да се одговори, на која цела истрага е базирана. Добра основа за идентификацијата на оружјето се раните од плочестите коски, срцето и црниот дроб. Во трудот се опишани методите мулажа, употребувајќи ксантропен маса која е докажана како најдобра за лабораториска употреба. Во експериментот бил употребен ксантропен THIXOFLEX M, Zhemack. Експериментални убоди во црниот дроб биле извршувани со околу дваесет видови оружја со врвест дел и различен попречен пресек. Шуплините биле исполнети со ксантропен маса која брзо се стврднува. Добиените отпечатоци биле споредувани со употребените оружја и резултатите покажаа голема сличност помеѓу оружјето и добиениот отпечаток.

49. **Jakovski Z.** Jankova R, Nikolova K, Janeska B, Stankov A. Legal aspect of postraumatic acute renal failure with death result. BAFS congress Stara Zagora, 8-11 June 2006.

Овој труд прикажува многу редок случај на акутно ренално откажување со смртен исход, предизвикано од претепување. Покојната е 86-годишна жена која била претепана од својот син. На обдукцијата беа најдени следниве промени: хематоми на кожата и мускулите, фрактура на V метакарпална коска на левата рака, фрактура на фибулата на левата нога, здобиени со дејствување на тапотврда сила на главата, вратот, градниот кош, стомакот и екстремитетите. Како резултат на рабдомиолизата, настанува оптурација со миоглобин на реналните тубули, што е потврдено со патохистолошките анализи. Во пролог на ваквото тврдење оди и зголеменото ниво на деградациони емзими. Како фактор кој придонел за акутното ренално откажување е хроничното воспаление на бубрезите како и повредите на главата. Од медико-легален аспект истражниот судија ја започнал процедурата за истрага на убиство бидејќи акутното ренално откажување е резултат на компликациите од повредите.

50. Jankova R., **Jakovski Z.,** Janeska B., Duma A.: A microvariant allele FGA 22.2 in one case in Republic of Macedonia. BJMG. Vol. 9, 3&4, 2006, Supplement.

При испитување на патернитет, откирена е нова микроваријација во нашата популација FGA*22.2. Во трудот се дискутира методата употребена при извршената анализа, како и честотата на ваквата микроваријација во нашата популација.

51. R., Jankova-Ajanovska, V., Poposka, Z., **Jakovski, K.,** Nikolova, B., Janeska, A., Duma: „Person Identification From Burned Body Remains with DNA Analysis". XXI Congress of the International Academy of Legal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Трудот претставува приказ на случај. Исчезнат такси-возач е пронајден во запалено возило по 15 дена од неговото исчезнување со изгореници од четврти степен, односно карбонизација на телото. Идентитетот е одреден со ДНК-анализа на земени примероци од изгореното тело (коска, мускулно ткиво, црн дроб и коагулум од субдурално крвавење).

52. A., Stankov, **Z., Jakovski**, V., Poposka, A., Trifunova, A., Dika, Z., Cakar, A., Duma: „Macroscopic and Microscopic Analysis of Wischnewsky Sport in Two Cases of Fatal Hypothermia". XXI Congress of the International Academy of Legal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Еден од важаните наоди при обдукција на случаи каде што причината за смртта е хипотернија, е наодот на крвавење на лигавицата на желудникот – т.н. петна Вишњевски. Во трудот се анализирани два смртни случаја во кои е направена макроскопска и микроскопска анализа на присутните петна Вишњевски.

53. G., Pavlovski, A., Stankov, R.J., Ajanovska, **Z., Jakovski**, V., Poposka, A., Gutevska, Z., Cakar, B., Janeska, A., Duma: „Identification of the Victims Killed in the Helicopter Crash Near the Village of Petrovec, R. Macedonia". XXI Congress of the International Academy of Legal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Една од целите во рутинската работа на судскомедицинскиот експерт е идентификација на жртвите при масовни незгоди. Идентификацијата на жртвите се врши од страна на лекар-специјалист по судска медицина, кој е дел од тимот за идентификација, кој се формира веднаш по масовната незгода. Во овој труд е извршена идентификација на жртвите од хеликоптерската незгода што се случи во близината на аеродромот Петровец, при што загинаа 11 припадници на Армијата на Република Македонија. Идентификацијата е извршена според личните документи, воените идентификациони броеви и според наодот на забалото.

54. C. L. Beasley, A. J. Dwork, G. Rosoklija, J. J. Mann, B. Bancevski, **Z. Jakovski,** N. Davceva, A. R. Tait, S. K. Straus, W. G. Honer.: Metabolic abnormalities in fronto-striatal-thalamic white matter tracts in schizophrenia. Schizophrenia Research 109 (2009) 159-166.

Целта на оваа студија била да се идентификуваат алтерациите на протеините и метаболитите во предниот крак на внатрешната капсула од белата маса на мозокот кај шизофрениите. Примероците биле постмортално обезбедени кај луѓе болни од шизофренија-вкупно 15 и како контролни 13 случаи кои не биле психијатриски болни. Нивото на миелин или аксонално асоцираните протеини не покажале разлика помеѓу групите. Вкупната разлика во концентрацијата на метаболитите била забележана во две групи (MANOVA F=2.685, p=0.036), со port-host тест се воочи намалени вредности на лактати (19%) и аланин (24%) кај шизофрено болните во однос на здравите лица. Опсервираните промени на вредностите на лактатите и аланин индицирале метаболички абнормалности во предниот крак на внатрешната капсула од белата маса на мозокот кај шизофрениите.

55. Jankova-Ajanovska R., **Jakovski Z.,** Janeska B., Simjanovska L., Duma A.: Inherited alleles revealing an incestuous paternity. Prilozi, 31(2) 2010 261-266.

Во овој труд е обработен приказ на случај каде што 14-годишно девојче обвини 60-годишен човек дека ја силувал после што останала бремена. По предвременото породување, со ДНК-анализа на мајката, плодот и осомниченият се докажало дека тој не е биолошки родител на плодот туку дека постои големо совпаѓање на гените помеѓу мајката и плодот што укажувало на инцест. Со дополнителни ДНК-анализи на таткото и братот на девојчето се утврдило дека биолошки родител (татко) на плодот е нејзиниот брат.

56. **Jakovski Z.,** Nikolova K., Janeska B., Cakar Z., Stankov A., Poposka V., Pavlovski G., Duma A.: Forensic DNA analysis in the identification of human remains in mass graves. Journal of Clinical Pathology and Forensic Medicine Vol. 1 (1), pp. 001-004, March 2010.

Во овој труд опишани се методите и постапките за идентификација на исчезнати лица од две масовни гробници со класичните идентификациони постапки и посебен осврт на ДНК идентификационите методи. Со споредбена анализа на најдените скелети и роднините на исчезнатите лица користејќи ги автозомните и Y хромозом STR-и, кај сите скелетни остатоци е утврден идентитетот.

57. V.E. Barakauskas, C. L. Beasley, A. M. Barr, A.R. Ypsilanti, H-Y Li, A. E. Thornton, H. Wong, G. Rosoklija, J.J Mann, B. Mancevski, **Z. Jakovski**, N. Davcea, B. Ilievski, A.J. Dwork, P. Falkai, W. G. Honer.: A Novel Mechanism and Treatment Target for Presynaptic Abnormalities in Specific Striatal Regions in Schizophrenia. Neuropsychopharmacology (2010) 35, 1225-1238.

Во ова истражување мерено е нивото на SNARE-протеините кај шизофрени болни и кај здрави. Резултатите индицираат анбнормалности во количината и интеракцијата на протеините која е директно поврзана со пресинаптичката фунција во VMC кај шизофренијата. SNARE-протеините и нивните интеракции можат да бидат нов таргет за развивање на терапија.

58. **Jakovski Z.,** Lazarevska M., Stankov A.,Cakar Z., Janeska B.: Forensic expertise on traumatic brain injury according to ct and mri imaging. 19 th IAFS world meeting 9th WPMO triennial meeting 5th MAFS meeting.

Во овој труд обработен е случај на судскомедицинска експертиза за повреда на мозок врз основа на компјутерзирана томографија и магнетна резонанца, при што од страна на судот се барало да се утврди дали промените констатирани на снимките потекнуваат од сообраќајната несреќа или настанале како резултат на мозочен удар непосредно пред неа или по неа. Со детална анализа на снимките, увидот во историјата на болеста како и надворешните повреди кај лицето, утврдено е дека повредите се настанати како резултат на сообраќајната несреќа од дејство на динамична тапотврда сила и не се резултат на излив во мозокот.

59. Poposka V., **Jakovski Z.,** Jankova-Ajanovska R., Pavlovski G., Duma A.: Unusual asphytxial deaths. 19 th IAFS world meeting 19th WPMO triennial meeting 5th MAFS meeting.

Во овој труд опишани се 4 случаи на необични асфиксии, и тоа: компресија на вратот, запушување на нафофаринксот со јазик кој е затегнат со јамка, позициона асфикција со компресија на вратот и амбиентална асфикција комбинирана со хипотермија. Од тие 4 случаи, кај 2 случаја потеклото на смртта е несреќа, во 1 случај е убиство, а во останатиот самоубиство. Истакнато е и значењето за учеството на судскиот медицинар во увидот на местото на настанот, како анализа на околностите кои го предизвикале настанот, како и исклучување на други причини за смрт пред донесувањето на крајниот заклучок за причината за смртта кај насилните задушувања.

60. Jankova-Ajanovska R., **Jakovski Z.,** Pavlovski G., Cakar L., Duma A.: Personal identifications from human remains by DNA typing. 19 th IAFS world meeting 9th WPMO triennial meeting 5th MAFS meeting.

Во трудот се објаснети идентификационите ДНК-метдоти на скелетни остатоци во последните 5 години. Од вкупниот број на анализирани случаи-10, кај 9 од нив е утврден идентитетот, додека пак не е утврден идентитет само кај едно новороденле заради неможноста да се обезбедат родителите со што би се извршила компаратувна анализа. Ова ја покажува моќноста на форензичната ДНК-анализа во идентификационите постапки кај скелетни остатоци.

61. D Marjanovic. R. Konjhodzic, S. S. Butorac, K. Drobnic, S. Merkas, G. Lauc, D. Primorac, S. Andelinovic, M. Milosavljevic, Z. Karan, S. Vidovic, O. Stojkovic, B. Panic, A. Vucetic-Dragovic, S. Kovacevic, **Z. Jakovski,** C. Asplen, D. Primorac: Forensic DNA databases in Western Balkan region: retrospectives, perspectives, and initiatives. Croat. Med. J. 2011: 52:235-44.

Заради потребата од носење на соодветна законска регулатива за земање, начин на користење и чување на ДНК-профилите и формирање на база на податоци на балканскиот регион во овој труд биле обработени сегашните состојби во однос на законската регулатива на земјите од поранешна Југославија. Дадени биле заеднички препораки од стручни лица од областа на форензичната ДНК-анализа кои треба да послужат при изготвување на законска регулатива во секоја земја.

62. **Jakovski Z.,** Nikolova K., Jankova-Ajanovska R., Marjanovic D., Pojskic N., Janeska B.: Genetic data for 17 Y-chromosomal STR loci in Macedonian in the Republic of Macedonia. Forensic Science International: Genetics 2011 Aug 5(4) 108-11.

Во овој труд била изработена популациска студија за 17 Y хромозом STR-и со цел да се добие алелна фреквенција за секој локус со што ќе може да се изведуваат статистички пресметувања за добивање на процент на веријатност за докажување на потекло на биолошки траги. Исто така била направена компаративна анализа со популациските студии на земјите од Балканот при што било утврдено дека не постои значајна статистичка разлика помеѓу Македонците, Бугарите, Србите, Хрватите и Босанците, но дека албанската популација покажува значајна разлика во однос на сите останати балкански популации.

63. **Jakovski Z.**, Jankova R., Nikolova K., Spasevska L., Jovanovic R., Janeska B.: Forensic DNA expertise of inces in early period of pregnancy. Journal of Forensic and Legal Medicine 18 (2011) 34-37.

Во овој труд биле презентирани два случаја на инцест, кој е докажан со помош на форензичната ДНК-анализа. Двата случаја биле голем предизвик за авторите со оглед на тоа што во едниот случај по лажно даденият исказ од страна на жртвата дека ја силувало друго лице, утврдено е дека всушност станува збор за инцест, односно дека татко на

детето е братот на жртвата, додека пак во вториот случај инцестот е докажан во седмата недела од бременоста при што од абортираниот материјал со патохистолошка анализа најдени се клетки од ембрионот од кои е изолирана ДНК и е докажан нејзиниот вујко како биолошки родител.

64. **Jakovski Z.,** Nikolova K., Jankova-Ajanovska R., Janeska B., Pojskic N., Marjanovic D.: Allele frequencies of the new European Standard Set (ESS) loci plus SE33 locus in a population from the Republic of Macedonia. Forensic Science International: Genetics 6 (2012) 90-92.

Во трудот била направена популациска студија за Македонците за новиот европски сет на локуси плус локусот SE33, кои ќе можат да се користат при статистичките анализи за докажување на потекло на биолошка трага со што се зголемил бројот на анализираните локуси за нови 6. Исто така била направена компаративна анализа за истите локуси помеѓу македонската, српската и босанската популација, при што било утврдено дека само во по еден локус постои статистички значајна разлика помеѓу Македонците и Србите и помеѓу Македонците и Босанците.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избор и досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатот ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да го избере д-р Златко Јаќовски во звањето доцент.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Алексеј Дума с.р
2. Проф. д-р Здравко Чакар с.р
3. Проф. д-р Биљана Јанеска с.р
4. Проф. д-р Зоран Спировски с.р
5. Доц. д-р Верица Попоска с.р

АНЕКС 2

О Б Р А З Е Ц

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Златко Миле Јаќовски
(име, татково име и презиме)

Институција: Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: судска медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Број на активности	Поени од формулар	Вкупно поени
1.	**Одржување на вежби за студенти**			
	Одржување на вежби за студенти на Медицинскиот факултет			
	1999 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2000 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2001 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2002 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2003 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2004 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2005 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2006 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2007 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2008 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2009 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2010 год. 4 часа неделно – 2 семестра 30 недели	4x30=120	0,03	3,6
	2011 год. 8 часа неделно – 1 семестар 15 недели	8x15=120	0,03	3,6
	Одржување на вежби за студенти од Стоматолошкиот факултет			
	1999 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2000 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2001 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2002 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2003 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2004 год. 4 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2005 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2006 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2007 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2008 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2009 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2010 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35
	2011 год. 3 часа неделно – 1 семестар 15 недели	3x15=45	0,03	1,35

	Одржување на предавања за постдипломци од Факултетот за безбедност			
	2010 год. 4 час неделно – 1 семестар, 2 недели	4x2=8	0,05	0,40
	2011 год. 2 час неделно – 1 семестар, 1 недели	2x1=2	0,05	0,1
	Одржување предавања на тригодишните студии за медицински сестри, рентгенолошки техничари, физикотерапевти и логопеди по предметот медицинска етика			
	2010 година 2 часа – 1 семестар	2x1=2	2x0,5	1
	2011 година 2 часа – 1 семестар	2x1=2	2x0,5	1
2.	**Консултации со студенти**			
	Консултации со студенти на Медицинскиот факултет			
	40 ст. – 1 семестар 1999 – 2011 год = 13 семестри	40x13=520	0,002	1,04
	Консултации со студенти на Стоматолошкиот факултет			
	30 x 1 семестар 1999 – 2011 = 13 семестри	30x13=390	0,002	0,78
	Консултации со студенти од Факултетот за безбедност			
	30 сту. – 1 семестар 2010 и 2011 = 2 семестра	30x2=60	0,002	0,12
	ВКУПНО:			**98,04**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Број на активности	Поени од формулар	Вкупно поени
1.	**Монографија** **Одбранета докторска теза** „Примена на анализата на автозомните и Y хромозомските кратки повторивачки тандеми (STRs) во судско-медицинската практика“, ноември 2011 година.	1	8	8
2.	**Одбранет магистерски труд** „Судско-медицинска анализа на огнострелните повреди со смртен исход“, октомври 2004 година.	1	8	8
3.	**Учесник во национален научен проект** „Форензична ДНК анализа на Y хромозом STR“ „Одредување на времето по смртта во раниот постмортален период“.	2	3	6
4.	**Учесник во меѓународен научен проект** „Голциеви студии за шизофренија“, во соработка со Колумбија-универзитетот во Њујорк. „Форензична анализа на mtDNA“, во соработка со Институтот за молекуларна биологија во Љубљана.	2	5	10
	Дел од монографија Геријатрија одбрани поглавја 2001 Бошковски К, **Јаќовски З,** До и постдипломски студии по геријатрија, 287-295	4	4	4
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**			
	Јаќовски З, Станков А, Давчева Н, Вештачење на скршеници на лицево-виличните коски, Македонски стоматолошки преглед, 1998; 22(1): 36-40. Станков А, **Јаќовски З,** Давчева Н, Вештачење и квалификација на повреди на заби, 1998; 22(1): 41-44. Давчева Н, Станков А, **Јаќовски З,** Квалификација на повредите на носни коски, Македонски медицински преглед, 1998; 5-6, 227-231.	80%	3x3,2	9,6
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**			
	Rosoklija G, Mancevski B, Brman R, Rauski S, Serafimova T, Duma A, Davceva N, **Jakovski Z**, Pavlovski G, Dwork A.J. Confirmation of severe loss of subicular dendric spines in schizophrenia; Schizophrenia Research, 2004, 67:5. C. L. Beasley, A. J. Dwork, G. Rosoklija, J. J. Mann, B. Bancevski, **Z. Jakovski,** N. Davceva, A. R. Tait, S. K. Straus, W. G. Honer.: Metabolic abnormalities in fronto-striatal-thalamic white matter tracts in schizophrenia. Schizophrenia Research 109 (2009) 159-166. **Jakovski Z.,** Nikolova K., Furac I., Masic M., Janeska B., Kubat M.: Allele frequencies for 15 STR loci in a population from the Republic of Macedonia. Int J Legal Med (2006) 120: 53-55.	60% 60%	2x3,6+8,273 1x3,6+2,793	15,473 6,303

	V.E. Barakauskas, C. L. Beasley, A. M. Barr, A.R. Ypsilanti, H-Y Li, A. E. Thornton, H. Wong, G. Rosoklija, J.J Mann, B. Mancevski, **Z. Jakovski,** N. Davcea, B. Ilievski, A.J. Dwork, P. Falkai, W. G. Honer.: A Novel Mechanism and Treatment Target for Presynaptic Abnormalities in Specific Striatal Regions in Schizophrenia. Neuropsychopharmacology (2010) 35, 1225-1238.	60%	1x3,6+4,201	7,801
	D Marjanovic. R. Konjhodzic, S. S. Butorac, K. Drobnic, S. Merkas, G. Lauc, D. Primorac, S. Andelinovic, M. Milosavljevic, Z. Karan, S. Vidovic, O. Stojkovic, B. Panic, A. Vucetic-Dragovic, S. Kovacevic, **Z. Jakovski**, C. Asplen, D. Primorac: Forensic DNA databases in Western Balkan region: retrospectives, perspectives, and initiatives. Croat. Med. J. 2011: 52:235-44.	60%	1x3,6+1,45	5,05
	Jakovski Z., Nikolova K., Jankova-Ajanovska R., Marjanovic D., Pojskic N., Janeska B.: Genetic data for 17 Y-chromosomal STR loci in Macedonian in the Republic of Macedonia. Forensic Science International: Genetics 2011 Aug 5(4) 108-11.	60%	2x3,6+2,421	9,621
	Jakovski Z., Nikolova K., Jankova-Ajanovska R., Janeska B., Pojskic N., Marjanovic D.: Allele frequencies of the new European Standard Set (ESS) loci plus SE33 locus in a population from the Republic of Macedonia. Forensic Science International: Genetics 6 (2012) 90-92.			
	Jakovski Z., Jankova R., Nikolova K., Spasevska L., Jovanovic R., Janeska B.: Forensic DNA expertise of inces in early period of pregnancy. Journal of Forensic and Legal Medicine 18 (2011) 34-37.	60%	3x3,6	10,8
	Jakovski Z., Nikolova K., Janeska B., Cakar Z., Stankov A., Poposka V., Pavlovski G., Duma A.: Forensic DNA analysis in the identification of human remains in mass graves. Journal of Clinical Pathology and Forensic Medicine Vol. 1 (1), pp. 001-004, March 2010.			
	Jankova-Ajanovska R, **Jakovski Z,** Janeska B, Simjanovska L, Duma A, Inherited alleles revealing an incestuous paternity, Prilozi, 2010 Dec, 31(2): 261-266.			
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**			
	Дума А, Давчева Н, **Јаќовски З,** Станков А, Бошковски К, Јанеска Б, Чакар З, Белакапоски М, Попоска В, Квалификација на телесните повреди, Судиска ревија, март 1998; 117-127.	60%	5x1,2	6
	Гутевска А, Станков А, Белакапоски М, **Јаќовски З,** Дума А, Способност за вештак, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1-2; 2000, 407-411.			
	Белакапоски М, **Јаќовски З,** Јанеска Б, Попоска В, Дума А, Судско медицинска обдукција-потреба и значење, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1-2; 2000, 240-244.			
	Јаќовски З, Николова К, Јанеска Б, Дума А, Значењето на DNA-анализата во судската постапка, Македонска ревија за казенено право и криминологија, 2004; 1-2, 419-430.			
	Јаќовски З, Николова К, Јанеска Б, Дума А, Имплементација на Yхромозом STR-ите во форензичната наука и еволициските студии, Судиска ревија, јуни 2005; 1-2, 67-74.			

8.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**			
	Jakovski Z, Davceva N. Cakar Z. Jakovski V, Jakovski V. Duma A. Software determination of the entrance angle of a gunshot wound. 10th International meeting of forensic medicine. Proceedings Alpe-Adria-Pannonia, Opatija, Croatia. 2001:195-199. Davceva N, **Jakovski Z.** Stankov A, Duma A. Comparative analysis of injuries caused by strangulation asphyxia-experiences based on cases in R. Macedonia during the period of 1999-2000. 10th International meeting of forensic medicine. Proceedings Alpe-Adria-Pannonia, Opatija, Croatia, 2001:219-226.	60%	2x1,2	2,4
9.	**Апстракти објавени во зборник на конференција-меѓународна**			
Следствено, од испитувањето се исклучени сите пациенти кои: се на возраст под 8 и над 18 години; боледуваат од некоја хронична болест; имаат историја на сериозна невролошка и друга психијатриска болест во својот живот или кај членовите на потесното семејство; деца со низок коефициент на интелигенција и сомневање за ментална субнормалност; деца кои не ги исполнуваат дијагностичките критериумите според ICD-10. Во понатамошниот дел даден е севкупниот протолкол за работа, како анамнеза со посебен акцент на актуелниот проблем, физикален преглед и потребните параклинички иследувања, психолошко тестирање со процена на менталниот статус, коефициентот на интелигенција и тестови поврзани со актуелната состојба, за секоја група посебно. Кај секое дете е направено **QEEG** со Mizar-апаратура за QEEG-анализа и тоа со утврден алгоритам на инвестигациони процедури, постапки и анализа. Имено, кај секој пациент е направена фреквентна анализа, анализа на апсолутната и релативната спектрална сила и спектралната амплитуда, мапирање на добиените податоци, како и нивен графички и нумерички приказ; распоред на суровиот EEG-запис (амплитуда за дадена волтажа) или пресметаниот параметар - силата на одредениот фреквентен опсег; амплитудите на прикажаната слика од глава се претставени со полиња со различен дензитет на бојата; компарирање на добиениот запис со податоците од нормативната дата-база заради процена на евентуалните отстапувања од нормалните вредности за дадената возраст и пол; brain–rate : spectrum weighted frequency е пресметуван кај сите три групи на испитаници. Кај пациентите со синдром на хиперактивност е пресметан и односот тета / бета и е компариран со вредностите на brain – rate : spectrum weighted frequency. Употребена е LORETA (low resolution electromagnetic tomografy) анализа, и тоа LORETA sources distribution - за анализа на изворот на одредена фреквентна активност и LORETA spectra power distribution за анализа на изворот со најголема спектрална сила за одреден фреквентен домен, како еден од целите на трудот. Реализирално е корелирање на маркираните Бродманови полиња со анамнестичките податоци за симптомите и локализирање на мозочната зона која е одговорна за актуелниот проблем.

Во делот *Обработка* на добиените податоци и резултати, добро се образложени *статистичките анализи и методи*. Базите на податоците се формирани со примена на специфични компјутерски програми за таа намена. Нивната обработка е извршена со помош на стандардни дескриптивни и аналитички биваријантни и мултиваријантни методи. Атрибутивните статистички серии се анализирани со одредување на коефициент на односи, пропорции, стапки и со утврдување на статистичка значајност меѓу откриените разлики. Статистичката сигнификантност на разликите е анализирана со Factorial ANOVA-тест, со post hoc Bonfferoni-тестот; корелативните односи се реализирани со помош на Pearson - овиот коефициент на корелација, доколку станува збор за нормална дистрибуција.

Во делот *Резултати и дискусија* во оваа дисератација се добиени повеќе релевантни резултати, со дефинирање на електроенцефалографските карактеристики кај споменатите три групи на психофизиолошки нарушувања во детството и примена на двете техники на испитување.

Користејќи го статистичкиот метод ANOVA, утврдена е силна статистичка сигнификантност на разликата помеѓу резултатите за апсолутната спектрална сила и спектрално-усреднета EEG-фреквенција меѓу анализираните групи, од една страна и контролната група на здрави на иста возраст и пол, од друга страна. Кај анксиозните деца резултатите укажуваат на генерално намалена спектрална сила на сите спектрални бендови, посебно делта и тета, во сите региони освен постериорно. Кај аноректичните пациенти делта-спектарот има повисоки вредности за апсолутната сила во споредба со контролната група на здрави индивидуи и тоа пред се во централниот регион. Тета-спектралната сила има статистички сигнификантно пониски вредности кај аноректичната група компарирано со контролната група на здрави индивидуи и тоа во централниот и средишниот регион. Апсолутната алфа е редуцирана во сите региони и според сагиталната и според латералната топографија. Од аспект на бета-брановите, апсолутната спектрална сила има пониски вредности кај аноректичната група, статистички сигнификантно во фронталната регија, што веројатно, според авторката, е причина за сиромашната когнитивна флексибилност. Во групата на хиперактивни пациенти добиена е зголемена делта и тета-активност, посебно во постериорниот регион и намалена бета-активност во сите региони според сагиталната и латералната топографија. Генерално, намалената спектрална сила на сите спектрални бендови е укажано дека е специфичен знак за мозочна дисфункција. Резултатите од QEEG-проценатa всушност сугерираат дека отстапувањата од нормалната мозочна динамика во основа ги објаснуваат и тешкотиите во социјалната комуникација на овие деца. Можноста да се компарираат добиените резултати со оние на HBI-дата-базата ја олеснува примената на QEEG-анализа во проценатa на менталните болести во детството.

Во делот *Заклучни согледувања*, авторката нагласува дека дисертацијата претставува прво систематско истражување од овој тип во нашата земја, за овие три типа на растројства, со методологија и резултати споредливи со тие добиени надвор од границите на нашата земја, така што применетите методи обезбедуваат прецизна дијагноза. Сепак, авторката се запрашува за можноста да одговори на прашањето дали врз основа на добиените резултати - наодот од QEEG и LORETA-анализата може да се очекува предвидливост на еволуцијата и текот на нарушувањето; со заклучок дека точен одговор е невозможно да се даде. Авторката нагласува дека секој пациент е индивидуа сама за себе, ако сакаме да очекуваме успех во лекувањето мора секоја терапевтска процедура да ја приспособиме кон индивидуалните потреби на секое дете. Авторката на трудот нагласува дека во исто време методите на работа и добиените резултати нудат и податоци за изработка на најсоодветни протоколи во невротерапијата и примена на неврофидбек модалитетите во третман на одредени психофизиолошки нарушувања во детството и адолесценцијата, што, пак, обезбедува можност за понатамошно следење на пациентите со вакви нарушувања.

Во докторската дисертација е приложена *литературна основа* со референци на 94 адекватно цитирани научни трудови, од познати автори и референтни списанија за дадената област на интерес и работа, што е во

паралелизам со темата на докторскиот труд; учество на авторката во четири меѓународни проекти, а исто така од докторската теза се произлезени 4 научни труда, објавени во домашни и странски списанија, чиј носител е самиот автор на докторскиот труд.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација од м-р д-р Анета Демерџиева, под наслов „**Компаративна анализа на електричната мозочна активност кај деца со анорексија, анксиозност и хиперактивност**", е интересен, актуелен проблем, и од практична важност, а со дизајн на трудот, јасно поставените цели, изборот на испитаници и методи на работа, добиените резултати, дискусијата и заклучните согледувања, ги задоволува и ги надминува принципите на јасен методолошки пристап во научно истражувачка работа со истовремена примена на податоците и резултатите во медицинската практика.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, Комисијата позитивно ја оценува изработената докторска дисертација под наслов „**Компаративна анализа на електричната мозочна активност кај деца со анорексија, анксиозност и хиперактивност**" од м-р д-р Анета Демерџиева, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати и да овозможи понатамошна постапка со јавна одбрана на оваа докторска дисертација.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Марија Кутурец с.р.

2. Доц. д-р Гордана Китева Тренчевска с.р.

3. Проф. д-р Викторија Вујовиќ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

на ракописот „ Цистична фиброза: од базичен дефект до болест“ од авторот проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15 - член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет постапувајќи по предлогот од Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата XII редовна седница одржана на 15. 03. 2012 година, донесе Одлука за одредување рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало. За рецензенти за пишување рецензија по однос на доставениот ракопис за печатење на учебник под наслов: „Цистична фиброза: од базичен дефект до болест“ за предметот педијатрија, специјализација по педијатрија и за изборен предмет на докторските студии на Медицинскиот факултет од авторот: проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ беа избрани проф. д-р Мирјана Кочова и проф. д-р Нада Поп-Јорданова. По детално читање на ракописот, рецензентите го подготвија следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот: „Цистична фиброза: од базичен дефект до болест“ претставува исцрпна публикација посветена на болеста цистична фиброза која е наменета и како учебник за програма на трет циклус студии по медицина. Болеста е обработена од сите аспекти, тргнувајќи од историјатот на откривање, преку дефиниција, генетски аспекти, клиничка слика, дијагностика, лекување, превенција, скрининг и компликации.

Книгата се состои од 15 поглавја.

Вовед

Во првото поглавје авторот се осврнува на историските факти за откривањето на цистичната фиброза и нејзиното клиничко потврдување. Следува опис на начинот на наследување поврзан со генските мутации.

Поглавје: Базичен дефект:

Во ова поглавје авторката детално го опишала генот за ЦФ, тргнувајќи од аминокиселинската секвенца преку транслацијата во протеин. Потоа се задржала на генските мутации, нивната класификација и одраз врз структурата и функцијата на протеинот како краен продукт. Се задржала на разликите меѓу мутациите и нивниот одраз во клиничката слика. Опфатени се и регулаторните елементи кои помагаат во експресијата на ЦФ - генот. Нарушувањата кои можат да влијаат врз тежината на клиничката слика се детално анализирани.

Поглавје : Дијагноза на ЦФ

Во ова поглавје е детално опишана клиничката слика на ЦФ со сите нејзини можни варијанти и степени на тежина. Авторката става тежиште на клиничката слика и вели дека најважно за дијагнозата е присуството на одредени симптоми и знаци кои детално ги прикажува и ги систематизира во табели. Во детали е опишан потниот тест како златен стандард за дијагнозата и дадени се сите негови вредности и нивното значење во дијагностичка смисла. Истакнато е дека овој тест треба да се дополни и со други дополнителни испитувања како генотипизација, а во специјализирани центри за ЦФ и со мерење на носна потенцијална разлика и други дополнителни тестирања кои помагаат не само во поставувањето на дијагнозата, туку и во одредувањето на тежината на болеста и финеси во нејзиното пројавување. Во ова поглавје од посебен значај се дадените алгоритми за дијагноза на секоја форма на ЦФ.

Поглавје: Пренатална дијагноза и скрининг за цистична фиброза

Авторката многу детално и со избалансирана критичност ги анализира постојните методи за скрининг на целата популација за ЦФ укажувајќи на позитивните и негативните страни за пациентот, семејството и за здравствениот систем. Пренаталната дијагноза е можност за превенција на раѓање на болно дете во семејство каде што веќе има родени болни деца и таа може да се користи во секоја земја каде што е можна генотипизација. Превенцијата, пак, е поврзана со културолошки и религиозни елементи и не секогаш може да биде сосема успешна.

Поглавје: Односот помеѓу генотипот и фенотипот кај ЦФ

Ова поглавје детално ги анализира ефектите на мутациите на ЦФ - генот, укажувајќи на фактот дека постојат преку 1800 различни мутации кои во најразлични комбинации можат да се презентираат со најразлична клиничка слика. Влијанието на поединечните мутации е добро познато и тие се дадени во групи, на пример, мутации кои директно предизвикуваат ЦФ, мутации кои предизвикуваат ЦФ-асоцирани болести, мутации без клиничко значење и мутации со недокажано или несигурно клиничко значење. Направена е дистинкција на влијанието на ЦФТР - генот врз белодробната болест, врз панкреасниот статус и другите манифестации на болеста. Исто така, анализирани се и модифицирачките гени кои можат да влијаат врз функцијата и експресијата на ЦФТР - генот.

Поглавје: Белодробна болест

Во ова поглавје авторката се посветила на најзначајните аспекти на ЦФ, односно на белодробната болест. Најпрвин во детали ја опишала нејзината патогенеза. Во тој сегмент ги анализирала најчестите предизвикувачи на акутните егзацербации на ЦФ како стафилококот, псевдомонасот, хемофилусот, Burkhlderia cepaciacomplex, Stenotrophom. maltophilia и Achromobacter xylosoxidans. За секоја од овие предизвикувачи е дадена клиничката слика и влијанието врз хроничниот тек на болеста, како и спецификите на секој вид од овие

инфекции. Посебно е анализирана клиничката слика, нејзината клиничка проценка и методите за проценката на респираторната функција преку спирометрија. Исто така е анализирано местото на магнетната резонанаца во дијагностиката на белодробните промени. Анализата на спутумот е препорачана како редовна мерка за следење и лекување на белодробната болест.

Понатаму е дадена опсежна анализа на терапевтските можности, како и препораки според меѓународните раководства за лекување. Главна поента е ставена на физикалната терапија со сите нејзини модалитети преку постуралната дренажа, подучување за новите дишни техники (ACBG), автогена дренажа, позитивен експираторен притисок, како и примена на направи со кои се дренира густиот белодробен секрет: осцилаторен PEP флатер, високо - фреквентни осцилации на ѕидот на градниот кош и сл.

Антибиотската терапија е обработена во детали според предизвикувачот, според клиничката слика и нејзината превентивна примена кога нема јасни знаци за инфекција. Дадени се табели со осетливост на најчестите причинители кон одредени антибиотици, дозите и начинот на нивната примена, како и алгоритми за ерадикација на одредени од нив, посебно псевдомонасот. Инхалационите антибиотици од понов датум се опишани заедно со нивните предности. Од инхалационите муколитици посебно внимание е посветено на ДНАзата (Дорназа). Опфатени се и бронходилататорите, како и антиинфламаторната терапија. Макролидните антибиотици, како имуномодулатори, исто така се прикажани. Трансплантацијата на белодробие е дискутирана со индикациите, компликациите и проблемите. Поглавјето завршува со новите пристапи во лекувањето како нови инхалациски антибиотици од типот на липосомални антибиотици и нови лекови за подобрување на мукоцилијарниот клиренс.

Конечно, на крајот од поглавјето се дадени и компликациите од белодробната болест кај ЦФ како пневмотораксот, хемоптизиите, респираторната инсуфициенција, кор пулмонале и посебно алергичната бронхопулмонална аспергилоза – АВРА која е дискутирана во детали заедно со клиничката слика, серолошките и други тестови за дијагноза и терапијата.

Поглавје: Гастроинтестинална и панкреасна болест кај ЦФ

На болеста на панкреасот е посветен значаен дел од ова поглавје и ги опфаќа етиологијата, патогенезата, дијагностичкиот пристап и лекувањето на панкреасните манифестации. Дадени се детални препораки за користењето на панкреасните ензими заради опасноста од нивно предозирање кое предизвикува една од поновите компликации, фиброзна колонопатија кај пациентите со ЦФ. Дискутирани се и компликациите од типот на панкреатит и дијабет. Останатиот дел на поглавјето е посветен на интестиналните манифестации на ЦФ од типот на меконијален илеус, мекониум плаг синдром, гастроезофагеален рефлукс, како и на дисталниот интестинален опструктивен синдром, опстипацијата, потенцијалната инвагинација и пролапс на ректумот. За

секоја од овие состојби е даден опис, дијагностички пристап и терапевтски мерки.

Поглавје: Хепатална и билијарна болест кај ЦФ

Хепаталната болест значајно ја влошува еволуцијата на ЦФ, Авторката во ова поглавје ги дискутира предиспонуирачките фактори, преваленцијата, дава шеми за етиопатогенезата и можната еволуција на болеста. Потоа ја прикажува клиничката слика, почнувајќи од неонатална возраст каде што се манифестира со холестаза, па сé до хроничната хепатална болест кај повозрасните пациенти. Предлага скрининг за хепаталната болест заради атенуираната иницијална клиничка слика, преку внимателен клинички преглед, хепатални функционални тестови и ултрасонографски преглед. Бидејќи хепаталната болест е поврзана со одредени генски мутации, се препорачува генска анализа за евентуално продолжување на сијагностичката обработка со хепатобилијарна сцинтиграфија, ендоскопска ретроградна холангиопанкреатографија, гастроинтестинална ендоскопија, компјутеризирана томографија, МРИ и конечно, хепатална биопсија со хистолошка проценка. На терапијата и е посветен значаен дел од поглавјето, тргнувајќи од конвенционални медикаментозни пристапи и нутриција, преку интервентни методи сé до хепатална трансплантација.

Поглавје: Нутриција и нутритивно водење на пациентите со цистична фиброза

Несоодветната нутриција заради панкреасната инсуфициенција и честите белодробни инфекции е главен проблем кај пациентите со ЦФ. Таа го влошува текот и исходот како на пулмоналната болест, така и на растот и пубертетскиот развој кај децата. Во ова поглавје се анализирани факторите иницирани со лошата нутриција кај ЦФ како малапсорпцијата, зголемените енергетски потреби и потрошувачката, како и несоодветниот енергетски внес. Заради сето тоа опишани се сите нутритивни дефицитарни состојби кај децата со ЦФ како хипопротеинемичниот синдром, дефицитот на липосолубилните витамини, дефицитот на витамин К, дефицитот на есенцијалните масни киселини, синдромот на дефицит на сол, дефицитот на минерали и олигоелементи, како и дефицитот на антиоксиданси.

Проценката на нутритивниот статус е коментирана како во однос на проценката на растот на децата со ЦФ и споредбата со стандардни криви, така и според развојот на пубертетот, а особено според индексот на телесна маса кој кај децата со Цф е секогаш намален, а е клучен за забавување на напредувањето на болеста.

Нутритивното водење на децата со ЦФ и превенцијата на малнутрицијата е посебен проблем и бара засебна експертиза за секоја возраст, како за доенчињата, така за претшколските, школските деца и адолесцентите. Дадени се препораки за нутритивно водење во сите овие групи, како и за нутритивна интервенција кај пациентите кои веќе пројавуваат малнутриција.

Поглавје: Други компликации и манифестации на ЦФ
Цистичната фиброза е болест поврзана со бројни хетерогени манифестации.

1. Дијабет асоциран со ЦФ. Дадени се инциденцијата на дијабетот кај ЦФ која со продолжувањето на преживувањето на овие пациенти расте, а не почнува нагло, туку постепено и неприметно. Заради тоа се препорачува скрининг за дијабетот преку ОГТТ. Дискутирана е опасноста од доцна откриен и лошо воден дијабет заради ефектот врз нутрицијата и врз другите органи.
2. Коскена болест кај ЦФ. Редукцијата на коскениот дензитет е позната појава кај децата со ЦФ (се јавува кај 23,5%) од пациентите. Таа е поврзана со тежината на болеста и малнутрицијата. Патогенезата е објаснета шематски. Централна причина за оваа состојба е дефицитот на витамин Д, но придонесуваат и задоцнетиот пубертет, како и повременото лекување со гликокортикоиди. Заради зачестеноста на фрактурите, авторката препорачува изведување на DEXA - скен уште на возраст од 8 до 10 години. Претставени се и методите за подобрување на коскеното здравје, како и индикациите за лекување со бифосфонати.

Поглавје: Сексуалност и репродуктивно здравје
Во ова поглавје се дискутирани нарушувањата на репродуктивната способност, како кај машките, така и за женските индивидуи со ЦФ, како и можностите за зачнување преку *ин витро* фертилизација, интрацитоплазматско инјектирање на сперма. Заради ризиците за малформации и ЦФ потребна е понекогаш и преимплантациона дијагностика. Но, забременувањето носи големи ризици за жената со ЦФ и заради тоа се дадени и детални препораки за контрацепција.

Поглавје: Стандарди за згрижување на лица со ЦФ
Ова поглавје опфаќа организациони проблеми во лекувањето на пациентите со ЦФ кои по многу аспекти се високо специфични пациенти со многу различни специфични потреби.
Дискутирани се регулативите за ваков центар и условите во нашата земја. Дадени се препораките за рутински контроли и евалуација на пациентите, како и транзицијата од педијатриски во адултни услови.

ЗАКЛУЧОК

Публикацијата **Цистична фиброза: од базичен дефект до болест** претставува прва, солидна и сеопфатна анализа на сите аспекти на болеста цистична фиброза, како од генетски, патогенетски, така и од клинички аспект. Посветено е внимание на терапијата, нутрицијата и компликациите кај оваа тешка болест. Вметнатите алгоритми и шеми се корисни за стекнување пошироки познавања за оваа болест.
Напишана е на солидно стручно и научно ниво. Фактите се изнесени јасно, а препораките се базирани на меѓународни препораки. Илустрирана е со бројни табели, шеми и алгоритми кои го олеснуваат разбирањето на комплексните процеси на етиопатогенеза или издржан

тераписки пристап. Посебна вредност е богатата цитирана литература која ги поддржува изнесените факти.

Според систематичноста, исцрпноста и сеопфатноста, оваа публикација претставува монографија, но и значаен учебник корисен за специјализантите по педијатрија и докторантите од педијатрија и интерна медицина. Таа ќе ја пополни празнината на литературата од областа на пулмологијата и педијатријата во нашата земја.
Ја препорачувам оваа книга за печатење.

28. 03. 2012

Рецензент
Проф. д-р Мирјана Кочова с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

на ракописот „ Цистична фиброза: од базичен дефект до болест“ од авторот проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15 - член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлогот на Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата XII редовна седница одржана на 15. 03. 2012 година, ја донесе Одлуката за одредување на рецензенти за пишување на рецензија на учебник- учебно помагало.
За рецензенти по однос на доставениот ракопис за печатење учебник под наслов „Цистична фиброза: од базичен дефект до болест” за предметот педијатрија, специјализација по педијатрија и изборен предмет на докторските студии на Медицинскиот факултет од авторот проф. д-р Стојка Нацева-Фуштиќ, се избрани проф. д-р Мирјана Кочова и проф. д-р Нада Поп-Јорданова.
По деталното разгледување на доставениот ракопис, проф. д-р Нада Поп-Јорданова го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Предложениот ракопис е наменет за студенти и специјализанти по предметот педијатрија, како и можен изборен предмет за докторски студии на Медицинскиот факултет.

Во досегашната програма, за оваа проблематика беа предвидени два студентски часа, но истото може да биде проширено во новите програми на студиите по медицина. Во склоп на специјализацијата по педијатрија за цистична фиброза постојат предвидени неколку часа во склоп на семинарите по метаболизам кои редовно се организираат од страна на катедрата.

Се работи за прво издание на ваков учебник (по книгата на проф. Александра Гордова- Муратовска насловена како „Цистична фиброза”, издадена пред скоро три децении).

Ракописот претставува опсежна монографија за болеста цистична фиброза и ги содржи следниве поглавја:

- Историско препознавање на цистичната фиброза
- Наследување и инцидентност на цистичната фиброза
- Базичен дефект

- Дијагноза на цистичната фиброза
- Пренатална дијагноза и скрининг за цистична фиброза
- Односот меѓу генотипот и фенотипот кај цистичната фиброза
- Белодробна болест
- Гастроинтестинална и панкреасна болест кај цистичната фиброза
  а) Болест на панкреасот
  б) Интестинални манифестации на цистична фиброза
  в) Хепатална и билијарна болест кај цистичната фиброза
- Нутриција и нутритивно водење на пациентите со цистична фиброза
- Други манифестации и компликации на цистична фиброза
  а) Diabetes mellitus асоциран со цистична фиброза
  б) Коскена болест асоцирана со цистична фоброза
- Сексуалност и репродуктивно здравје
- Стандарди за згрижување на пациентите со цистична фиброза

Монографијата е напишана на 260 страници, содржи 18 слики, како и 23 табеларни прикажувања. Текстот е читок, разбирлив, а сликите и табелите соодветствуваат на содржината во која се сместени. По секое поглавје е наведена литература користена за тој дел, што на читателот му го олеснува снаоѓањето во пребарувањето на поопширни информации. Литературата е соодветно цитирана и современа.

Како што се воочува од насловот, монографијата е посветена на цистичната фиброза, комплексна болест со разновидна клиничка презентација. Во поглавјето за генетската основа на заболувањето дадени се најновите сознанија од оваа област на јасен начин, што придонесува до разбирање на механизмот на наследување, патофизиологијата и влијанието на генетските промени врз клиничките знаци и постапките кои овозможуваат приближување до дијагнозата. Особен акцент е даден на пренаталната дијагностика, како и евентуалното организирање на популационен скрининг со кој би се откриле носителите на болеста како и ризичните семејства. Генетската условеност и нејзиното влијание врз фенотипските особености се тема на поглавјето посветено на односот помеѓу генотипот и фенотипот.

Најголемиот акцент, логично, е даден на белодробната болест, преку патогенетските механизми, патолошките промени, инфекциите, патогените агенси кои се најмногу застапени, проценката, третманот, но и прогнозата на белодробното засегање. Наредното поглавје е посветено на гастроинтестиналните знаци, панкреасната дисфункција, како и на хепатобилијарните манифестации во склоп на болеста.

Со оглед на тоа дека текот и исходот се зависни од нутритивниот статус, авторката особено детално се задржала на нутрицијата и нутритивното водење на пациентите.

Не се изоставени ниту другите сериозни компликации на болеста како што се diabetes mellitus и коскената болест. Објаснети се растот,

пубертетот, сексуалноста и репродуктивното здравје кај болните со цистична фиброза. Сите поглавја се добро осмислени, ја содржат суштината на проблемот и лесно се разбирливи.

Битен дел се упатствата за рано откривање или препознавање на болеста, како и на современите тераписки препораки, а со цел продолжување на животот на овие хронично болни. Не е изоставен ниту проблемот околу транзицијата на децата болни со цистична фиброза во адултна популација со истата болест, што е особено отежнато во наши услови.

Последното поглавје, исто така, има особена логистичка важност, преку давањето препораки како би требало да се организира еден современ центар за лекување и следење на цистичната фиброза. Авторката предлага центрипетален, раководен од едно место - центар со соодветен кадар, но мрежесто поврзан со сите други здравствени организации во Републиката, со што водењето на болните би било современо и со фидбек од теренот.

Водењето на оваа хронична болест на еднаков начин, раководен од врвни стручни лица во клиничкиот центар кој претставува терцијарна здравствена установа, би овозможило ист тек, избегнување на тешките компликации и подобар квалитет на живот кај сите болни независно каде живеат. Можеби поголемо внимание требало да им се даде на психолошките аспекти на оваа хронична болест, кои несомнено се присутни, бараат стручни интервенции и помош, како што е случајот и со останатите хронични заболувања.

Од предагошки аспект, монографијата ги задоволува современите критериуми за квалитетен учебник. Може да се користи како дополнителна литература на студиите по медицина (педијатрија, интерна медицина), а би бил одличен учебник за специјализантите по педијатрија и студентите на трет циклус докторски студии на Медицинскиот факултет за изборениот предмет.

Авторката на оваа монографија е сосема компетентна за проблематиката на која ќе е наменет текстот со оглед на тоа дека докторирала на оваа тема, а истовремено го раководи Одделението за цистична фиброза кое постои долги години на Клиниката за детски болести.

Како долгогодишен соработник на ова Одделение, која со децении ги следеше голем дел од овие болни, ја поздравувам и топло ја препорачувам оваа монографија, односно учебник. Книгата би била пристапно четиво и за самите болни и нивните семејства, и би помогнала за подобро разбирање на многуте проблеми поврзани со оваа комплексна болест.

Рецензент
Проф. д-р Нада Поп-Јорданова с. р. Скопје, 27, март 2012

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА И КОМПЈУТЕРСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 17-та седница одржана на 18 март 2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 28.2.2012 година, се пријави кандидатката м-р Христина Михајлоска, соработник на ФИНКИ. По прегледувањето на конкурсните материјали и личното познавање на кандидатката, на Наставно-научниот совет на ФИНКИ му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

М-р Христина Михајлоска е родена на 24 март 1985 година во Охрид, каде што ги завршила основното и средното образование со одличен успех. При завршувањето на основното образование била прогласена за првенец на генерацијата и ја добила престижната Свети климентова награда. Во текот на школувањето пројавила особен интерес кон математиката и активно учествувала на сите математички и физички натпревари кои се одржувале на ниво на општини и република и каде што освојувала награди.

Во академската 2003/2004 година се запишала на студиите по информатика, применета насока, при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирала во март 2008 година со одбрана на дипломска работа од областа на безбедноста и криптографијата под менторство на проф. д-р Смиле Марковски, стекнувајќи се со звањето дипломиран инженер по информатика. Во текот на своите студии, секоја година добивала награди за најдобар студент. Во последната година од своите студии била назначена како демонстратор на ИИ при ПМФ, помагајќи во спроведувањето на лабораториските вежби. Откако дипломирала, се вработила како помлад асистент на еден од приватните факултети во Скопје.

Во почетокот на 2009 година била избрана за стучен соработник на ИИ каде што истовремено ги започнала и своите TEMPUS-постдипломски студии на насоката софтверско инженерство. Обврските околу предвидените предмети ги завршила со просек 9,87. Во декември 2011 го одбранила својот магистерски труд под наслов „Анализа и конструкција на оптимални супституциски табели кај блок шифрувачи со помош на квазигрупи“ под менторство на проф. д-р Данило Глигороски и коменторство на доц. д-р Весна Димитрова, со што се

стекнува со звањето магистер на информатички науки, област: софтверско инженерство.

Од септември 2011 година работи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во февруари 2012 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје прифатена □ е темата за докторска дисертација „Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи“ на англиски, „Lightweight Cryptography from the Theory of Quasigroups Perspective", исто така под менторство на проф. д-р Данило Глигороски и коменторство на доц. д-р Весна Димитрова.

Од 2009 година, член е на Здружението за информациски и комуникациски технологии ICT-ACT. Дел е од организацискиот одбор на меѓународната конференција организирана од ова Здружение. Исто така, член е и на Здружението на информатичари на Македонија.

Наставна дејност

М-р Христина Михајлоска, како соработник на Институтот за информатика (ИИ) при Природно-математичкиот факултет во Скопје, има учествувано во изведувањето на наставата (аудиториски/лабораториски вежби) во следниве предмети:

1. основи на програмирање – аудиториски и лабораториски вежби (прва година)
2. објектно и визуелно програмирање – аудиториски и лабораториски вежби (прва година)
3. структури на податоци и алгоритми – аудиториски и лабораториски вежби (втора година)
4. основи на оперативни системи – аудиториски и лабораториски вежби (втора година)
5. интернет технологии – лабораториски вежби (трета година)
6. софтверско инженерство –лабораториски вежби (четврта година)
7. безбедност и криптографија – аудиториски и лабораториски вежби (четврта година)
8. семантички овозможени архитектури – аудиториски и лабораториски вежби (четврта година)
9. квалитет на софтвер и тестирање – аудиториски и лабораториски вежби (четврта година).

Од 15.9.2011 е соработник на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во рамките на УКИМ во Скопје, каде што има учествувано во изведувањето на наставата (аудиториски/лабораториски вежби) во следниве предмети:

10. концепти за развој на софтвер - аудиториски и лабораториски вежби (прва година)
11. напреден развој на софтвер - аудиториски и лабораториски вежби (прва година)
12. архитектура и организација на компјутери - аудиториски и лабораториски вежби (прва година).

За речиси сите предмети по кои има држено вежби има подготвено скрипти и материјали во електронска форма достапни за студентите преку соодветните електронски сервиси.

Наставните обврски ги прифаќа и ги извршува одговорно со висок степен на професионалност. И покрај големиот број и различни предмети нив м-р Христина Михајлоска ги изведувала/а со голема посветеност и педантност. Односот кон студентите и е коректен. Покажува голема толеранција □ подготвеност за дијалог и соработка со студентите, колегите и одговорните професори.

Научноистражувачка дејност

Научноистражувачкиот интерес на м-р Христина Михајлоска е од областа на криптографијата, со посебен осврт кон лесната криптографија. Во таа насока работи на применливоста на квазигрупите и на некои поопшти (n, m) алгебарски структури во областа на лесната криптографија, како од теориски, така и од апликативен аспект. Автор е на 4 објавени научни труда на меѓународни конференции:

1. **H. Mihajloska**, D. Gligoroski, "A new Approach into Constructing S-boxes for Lightweight Block Ciphers ", Proceedings of the International Conference CIIT-08, pages 14-18, Bitola, Macedonia, 2011.

2. V. Dimitrova, **H. Mihajloska** "An Application of Ternary Quasigroups String Transformations", Web Proceedings of International Conference ICT Innovations '10, Ohrid, Macedonia, 2010.

3. V. Dimitrova, **H. Mihajloska** "Classification of Ternary Quasigroups of Order 4 Applicable in Cryptography", Proceedings of International Conference CIIT-07, pages 20-25, Bitola, Macedonia, 2010.

4. **H. Mihajloska**, V. Dimitrova, Lj. Antovski "Security Aspects of Electronic Voting Systems", Web Proceedings of International Conference ICT Innovations '09, Ohrid, Macedonia, 2009.

Во трудот 1 се разгледува проблемот за конструкција на оптимални супституциски табели кај лесни блок шифрувачи. Од досегашните сознанија, овие супституциски табели се конструираат како пермутации од ред 16. Во овој труд даден е оригинален пристап кон конструкцијата на вакви супституциски табели со помош на неасоцијативни алгебарски структури, како што се квазигрупите.

Во трудот 2 претставена е примената на стринг-трансформациите на тернарните квазигрупи од ред 4 во процесот на енкрипција и декрипција кај криптографските примитиви базирани на квазигрупи.

Во трудот 3, со користење на веќе испитаните својства на квазигрупите од ред 4 и квазигрупните трансформации, направена е нова класификација на тернарните квазигрупи од ред 4. Со оваа класификација се издвојуваат оние

квазигрупи, сега тернарни, што се погодни за користење во областа на криптографијата.

Трудот 4 претставува еден комплетен преглед на системите за електронско гласање со посебен осврт на нивната сигурност. Разгледан е систем за електронско гласање предложен од страна на најголемата софтверска компанија за системи за електронско гласање Scytl и увидени се некои слабости каде што може да се работи за подобрување на сигурноста на овој систем.

М-р Христина Михајлоска има учествувано на повеќе домашни и меѓународни конференции, работилници и напредни школи.

- Учесник со реферат: *Obtaining Cryptographic S-boxes from Quasigroups*, на интернационалната математичка конференција Loops'11, Трешт, Република Чешка, јули 2011.
- Учесник со реферат: *A new Approach into Constructing S-boxes for Lightweight Block Ciphers*, на домашната конференција CIIT 2011, Битола, Македонија, март 2011.
- Учесник со реферат: *An Application of Ternary Transformations*, на меѓународната конференција ICT Innovations'10, Охрид, Македонија, септември 2010.
- Учесник на напредната школа Tools for Analysis and Verification of Software Safety and Security, Марктобердорф, Германија, во рамките на NATO проект за наука, август 2010.
- Учесник со реферат на напредната школа Information Security and Related Combinatorics, Опатија, Хрватска, во рамките на NATO-проектот за наука, јуни 2010.
- Учесник со реферат: *Classification of Ternary Quasigroups of Order 4 Applicable in Cryptography*, на домашната конференција CIIT2010, Битола, Македонија, февруари 2010.
- Учесник со реферат: *Security Aspects of Electronic Voting Systems*, на меѓународната конференција ICT Innovations'09, Охрид, Македонија, октомври 2009.
- Учесник на напредната школа Algebraic Structures and Their Applications in Coding Theory and Cryptography, Охрид, Македонија, во рамките на DAAD-проектот, септември 2009.

Има учествувано во проектите за унапредување и модернизација на образованието во Р. Македонија. Исто така, има држено обуки за кадарот од Државната изборна комисија како проект на УНДП.

Истражувач е во научноистражувачкиот проект „Оптимални супституциски табели за лесни блок шифрувачи", под раководство на проф. д-р Данило Глигороски, финансиран од ФИНКИ, 2012-2013.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изнесените податоци, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката м-р Христина Михајлоска постигнала завидни резултати и во наставната и во научноистражувачката дејност. Секогаш беспрекорно ги исполнува своите наставни обврски, а води и посебна грижа за обезбедување на студентите со потребните наставни материјали. Постигнува с□ повеќе резултати и во својата научноистражувачка работа. Таа активно учествува и на многубројни научни и стручни собири во земјата и во странство, и дава свој научен придонес во областа на квазигрупите и нивната примена во криптографијата. Покрај тоа, успешно ги извршува и другите задолженија добиени од ФИНКИ, и се труди своите знаења и искуства да ги пренесе меѓу младите генерации.

Од сето погоре наведено, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во Скопје **да ја избере м-р Христина Михајлоска за асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство при Факултетот**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Весна Димитрова, доцент на ФИНКИ с.р.

2. Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ФИНКИ с.р.

3. Д-р Невена Ацковска, доцент на ФИНКИ с.р.

Скопје, 4.4.2012

07-457/1
12.07

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 17-та седница одржана на 18 март 2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент од областа на теориски основи на информатиката на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

На конкурсот објавен во весниците "Нова Македонија" и "Коха" на 28.2.2012 година, се пријави кандидатката м-р Наташа Илиевска, асистент на ФИНКИ. По прегледувањето на конкурсните материјали и личното познавање на кандидатката, на Наставно-научниот совет на ФИНКИ му го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци за м-р Наташа Илиевска

М-р Наташа Илиевска е родена на 26.5.1978 во Куманово, Р.Македонија. Основно образование завршила во ОУ "Вера Јоциќ" во Скопје, а средно образование во природно-математичката гимназија "Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје, со континуиран одличен успех. Во академската 1996/97 година се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за информатика, применета насока. Дипломирала на 15.10.2001 со просек 9,94 како најдобар дипломиран студент во генерација на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје, стекнувајќи се со звањето дипломиран инженер по информатика.

Во академската 2002/2003 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, теориска насока. Постдипломските студии, со просек 10,00, ги завршила на 23.1.2009 со одбрана на магистерскиот труд "Кодови за откривање грешки и примена на квазигрупи за нивно дизајнирање", под менторство на проф. д-р Смиле Марковски и коменторство на проф. д-р Верица Бакева. На Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје прифатена и е темата за докторска дисертација "Прилог кон теоријата и примената на кодовите за корекција на грешки и концептот на криптокодирање", под менторство на проф. д-р Данило Глигороски и коменторство на вон. проф. д-р Верица Бакева.

Наставна дејност за м-р Наташа Илиевска

М-р Наташа Илиевска од 1.10.2001 до 15.2.2002 била ангажирана како демонстратор, на 16.2.2002 била избрана за помлад асистент, а на 14.5.2009 за асистент на Заводот за теориски основи на информатиката, при Институтот за информатика (ИИ) на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Од 15.9.2011 е асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во рамките на УКИМ, Скопје.

Досега има одржано аудиториски и/или лабораториски вежби по 25 предмети, и тоа:

1. дискретна математика 1 – аудиториски вежби (ФИНКИ, прва година)
2. дискретна математика 2 – аудиториумски и лабораториски вежби (ФИНКИ, прва година)
3. дискретни структури 1 – аудиториски вежби (ИИ и ФИНКИ, прва година)
4. дискретни структури 2 – аудиториски вежби (ИИ и ФИНКИ, прва година)
5. веројатност – аудиториски вежби (ИИ и ФИНКИ, втора година)
6. теорија на информации – аудиториумски и лабораториски вежби (ИИ, втора година)
7. дискретни структури 3 – аудиториски вежби (ИИ, втора година)
8. основи на програмирање – лабораториски вежби (четиригодишни студии на ИИ, прва година)
9. основи на програмирање – лабораториски вежби (тригодишни студии на ИИ, прва година)
10. бази на податоци – лабораториски вежби (ИИ, втора година)
11. математички методи за информатичари – аудиториски и лабораториски вежби (тригодишни студии на ИИ, прва година)
12. теорија на веројатност – аудиториски вежби (ИИ, трета година,)
13. алгебра – аудиториски вежби (ИИ, втора година)
14. алгебарски дискретни структури – аудиториски вежби (ИИ, трета година)
15. множества и логика – аудиториски вежби (ИИ, прва година)
16. линеарна алгебра – аудиториски вежби (ИИ, прва година)
17. дискретни структури 2 – аудиториски вежби (ИИ, трета година)
18. вектори и матрици – аудиториски вежби (ИИ, прва година)
19. математичка статистика – лабораториски вежби (ИИ, трета година)
20. функции со повеќе променливи – аудиториски вежби (ИИ, втора година)
21. математичка анализа – аудиториски и лабораториски вежби (ИИ, втора година)
22. линеарна алгебра (Информатика за основно образование) – аудиториски вежби (ИИ, прва година)
23. програмирање на сметачки машини (програмски јазик Visual Basic) – аудиториски и лабораториски вежби (студии по математика на ПМФ, втора година)
24. компјутерски практикум II (програмски јазик Visual Basic) – аудиториски и лабораториски вежби (студии по математика на ПМФ, втора година)
25. компјутерски практикум III (програмски јазик C) – аудиториски и лабораториски вежби (студии по математика на ПМФ, трета година)

За речиси сите предмети по кои има држено вежби има подготвено скрипти и материјали во електронска форма достапни за студентите преку соодветни веб-страници.

Има учествувано и во подготвување на материјали и држење на подготвителна настава по математика и по информатика за студентите на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, како и подготвителна настава по математика за студентите на ФИНКИ.

Од претходното може да се заклучи дека м-р Наташа Илиевска била ангажирана со вежби по голем број различни предмети, кои ги изведувала со голема посветеност и педантност.

Научноистражувачка дејност за м-р Наташа Илиевска

М-р Наташа Илиевска е автор на 2 објавени научни труда:

1. **N.Ilievska**, V. Bakeva: **A Model of Error-Detecting Codes Based on Quasigroups of order 4**, Proceedings of the Sixth International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia (2008), p. 7-11
2. V.Bakeva, **N.Ilievska**: **A probabilistic model of error-detecting codes based on quasigroups,** Quasigroups and Related Systems 17 (2009), p. 135 – 148

Во трудот 1, со користење на квазигрупна операција * на множество $A = \{0,1,2,3\}$, предложени се кодови кои поправаат грешки. Алгоритмот се состои во следното: најпрво влезната порака $a_1a_2\ldots a_n$ се проширува до порака $a_1a_2\ldots a_n\ d_1d_2\ldots d_n$, каде што $d_i = a_i * a_{(i \bmod n)+1}$, за $i = 1,2,\ldots,n$. Во трудот е определена формула која со голема точност ја определува веројатноста дека ќе се појави грешка која нема да биде откриена.

Во трудот 2, се проширува идејата за дизајнирање на кодови кои поправаат грешки базирани на квазигрупи. Влезната порака $a_1a_2\ldots a_n$, со додавање на редундантни симболи, се проширува до порака $a_1a_2\ldots a_n\ b_1b_2\ldots b_n$, каде што $b_i = a_i * a_{r_i+1} * a_{r_i+2} * \ldots * a_{r_{i+k-1}}$, $i = 1,2,\ldots,n$, каде $r_j = \begin{cases} j, & j \le n \\ j \bmod n, & j > n \end{cases}$. Пресметана е веројатноста дека ќе се појави грешка која нема да биде откриена во два специјални случаја: за множество $A = \{0,1\}$ и $k = 4$, како и за множество $A = \{0,1,2,3\}$ за $k = 2$. Во трудот е определена и оптималната должина на блок таква што веројатноста за неоткриена грешка е помала од некоја однапред дадена вредност ε. Исто така, споредени се двата кода и заклучено е дека со користење на квазигрупите од повисок ред се намалува веројатноста за неоткриена грешка. На крајот од овој труд, направена е класификација на квазигрупите од ред 4, според нивната погодност за предложените кодови.

М-р Наташа Илиевска има учествувано на неколку конференции со презентација на своите научни трудови:

1. **N.Ilievska**, V.Bakeva, V.Dimitrova: "**A Classification of Quasigroups of Order 4 Suitable for Error-Detecting Codes based on Quasigroups**", Mathematical Conference *Dedicated to Professor Gorgi Cupona,* Ohrid, Macedonia, September 10-13, 2010.
2. **N.Ilievska**: "**Comparison of Two Error-detecting Codes based on Quasigroups of Order 4**", International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops, Loops '11, Trest, Czech Republic, July 25-27, 2011.

Исто така, по својот избор за асистент во 2009 година, учествувала и на следниве конгреси, конференции, работилници и курсеви во земјата и во странство:

1. Summer School on "*Computational Aspects in Environmental Statistics*" 7 - 11 September 2009, Bulgaria.
2. MASSEE, International Congress on Mathematics, MICOM 2009, 16 – 20 September, 2009 Ohrid, Republic of Macedonia.

3. ICT Innovations International Conference 2009, Ohrid, R.Macedonia, 28-29 September 2009.
4. 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010), Bitola, R.Macedonia.
5. International Mathematical Workshop on Quasigroups and Loops, Loops '11, Trest, Czech Republic, July 21-23, 2011.

Истражувач е во научноистражувачкиот проект "Квазигрупи и нивна примена во криптографија и теорија на кодирање", под раководство на проф. д-р Смиле Марковски, финансиран од ФИНКИ, 2012-2013.

Други активности на м-р Наташа Илиевска

Член е на IEEE, IEEE Information Theory Society и на Здружението на информатичари на Р. Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Наташа Илиевска во текот на извештајниот период продолжува со своето успешно изведување на наставната дејност, а покажува и солидни резултати во својата научноистражувачка дејност. Таа има дадено свој научен придонес во областа на теорија на кодирањето, посебно во кодовите кои поправаат грешки, а ги започнува своите истражувања и во областа на криптокодирањето. Се надеваме дека во следниот период, кандидатката уште повеќе ќе ја продлабочи својата работа во таа насока и успешно ќе ја заврши својата докторска дисертација. Кон ова, секако треба да се додаде и високиот степен на темелност, одговорност и педантност со кои карактеристики се одликува кандидатката.

Врз основа на погоре изложеното, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на ФИНКИ, **повторно да ја избере м-р Наташа Илиевска во звањето асистент од областа на теориски основи на информатиката на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Верица Бакева, вонреден професор на ФИНКИ с.р.
2. Д-р Смиле Марковски, редовен професор на ФИНКИ с.р.
3. Д-р Жанета Попеска, редовен професор на ФИНКИ с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА И КОМПЈУТЕРСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, на својата 17-та седница одржана на 18 март 2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

На конкурсот објавен во весниците “Нова Македонија” и “Коха” на ден 28.2.2012 година, се пријави кандидатката м-р Билјана Стојкоска, помлад асистент на ФИНКИ. По прегледувањето на конкурсните материјали и личното познавање на кандидатката, на Наставно-научниот совет на ФИНКИ му го поднесуваме следниов,

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

М-р Билјана Стојкоска е родена 1982 година во Охрид. По завршувањето на основното и средното образование, во 2001 година се запишала на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката КТИА. За време на студирањето постигнала извонреден успех во сите студиски години, за што добила поголем број награди и дипломи. Дипломирала во јуни 2006 година, со просечен успех 9,51, како една од најдобрите во својата генерација. Во 2006 година се запишала на постдипломските студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, насока: компјутерска техника и

информатика. Во период од 2 години ги завршила предвидените испити со просечна оценка 10,00, а магистерскиот труд го одбранила во ноември 2008 година, со што била промовирана во магистер на електротехнички науки од областа компјутерска техника и Информатика. Во 2011 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација.

Во септември 2006 година се вработила на Факултетот за електротехника и информациски технологии како демонстратор по предметите: алгоритми и структури на податоци, експертни системи, дистрибуирани компјутерски системи, информациони системи, мобилни информациони системи и проектирање на вградливи компјутерски компоненти. Паралелно со асистентската работа била вклучена и во научно истражувачката работа на Факултетот. Во текот на нејзината работа, публикувала два труда во интернационални научни списанија, како и повеќе трудови на домашни и странски научни конференции. Во 2008 година добила признание за најдобар студентски труд на интернационална IEEE-конференција. Од 2009 година работи на Факултетот за електротехника и информациски технологии како помлад асистент по предметите: алгоритми и структури на податоци, експертни системи, дистрибуирани компјутерски системи и проектирање на вградливи компјутерски компоненти.

Од 15.9.2011 е вработена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во рамките на УКИМ-Скопје, каде што има учествувано во изведувањето на наставата (аудиториски и лабораториски вежби) по следниве предмети:

1. алгоритми и структури на податоци, аудиториски и лабораториски вежби (втора година),
2. експертни системи, аудиториски и лабораториски вежби (трета година)
3. дистрибуирани компјутерски системи, аудиториски и лабораториски вежби (трета година);

4. проектирање на Вградливи Компјутерски Компоненти, аудиториски и лабораториски вежби (трета година)
5. напреден развој на софтвер - лабораториски вежби (прва година)

Зборува англиски јазик.

Научно истражувачка дејност

Кандидатката м-р Билјана Стојкоска има објавено вкупно 11 трудови, од кои четири се објавени по последниот реизбор.

Нерецензирани трудови објавени на интернационални конференции:

1. Biljana Stojkoska, I. Ivanoska and D. Davcev, Wireless Sensor Networks Localization Methods: Multidimensional Scaling vs. Semidefinite Programming Approach, ICT Innovations 2009, Springer-Verlag Berlin, Heidelberg, ISBN 978-3-642-10780-1, 2010, pp. 145-155.
2. Biljana Stojkoska, Danco Davcev, Web interface for Habitat Monitoring using Wireless Sensor Network, In IEEE Digital Library and Proc. of the Fifth International Conference on Wireless and Mobile Communications, ICWMC 2010, Cannes, August 23-30, 2009, pp . 157-162.
3. Biljana Stojkoska, Dimitar Solev, Danco Davcev, Data Prediction in WSN using Variable Step Size LMS Algorithm, IEEE SENSORCOMM 2011, August 21-27, 2011, Nice, France, pp 191-196.

Нерецензирани трудови објавени во интернационални списанија.

4. Biljana Risteska Stojkoska, Dimitar Solev, Danco Davcev, Variable Step Size LMS Algorithm for Data Prediction in Wireless Sensor Networks, Sensors & Transducers journal (ISSN 1726-5479), Vol. 14-2, March 2012, pp.111-124.

Трудовите што м-р Билјана Стојкоска ги има објавено се резултат на тимска работа. Забележливо е дека дел од нив произлегуваат од решавањето на проблеми кои бараат мултидисциплинарен пристап и обединуваат области како безжични сензорски мрежи, алгоритми за анализа на податоци, визуелизација и др.

Во трудот под реден број 1е извршена компарација и евалуација на два популарни алгоритма за локализација на јазли кај сензорски мрежи. Двата алгоритма користат податоци за соседност на јазлите во мрежата со цел да се генерира топологија на мрежата. Трудот во детали ги покажува предностите, односно недостатоците на едниот во однос на другиот алгоритам и е добра основа за понатамошен развој на нов алгоритам за локализација.

Трудот под реден број 2 се однесува на имплементација на кориснички интерфејс за мониторирање на безжична сензорска мрежа. Во овој труд, во детали е опишан начинот на прибирање и обработка на податоците од мрежата со користење на .NET технологии.

Во поново време кандидатката се определува да ги насочи своите истражувања кон анализа на податоците добиени од безжичните сензорски мрежи. Трудот под реден број 3 третира обработка на податоци од безжични сензорски мрежи со цел да се намали сообраќајот низ мрежата. Овој труд, со одредени модификации и подобрувања се појави во научно списание (4).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изнесените податоци, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката м-р Билјана Стојкоска постигнала завидни резултати и во наставната и во научно истражувачката дејност. Биљана Стојкоска ги исполнува своите наставни обврски, а води и посебна грижа за обезбедување на студентите со потребните наставни материјали. Постигнува се повеќе резултати и во својата научно истражувачка работа. Таа активно учествува и на многубројни

научни и стручни собири во земјата и во странство, и дава свој научен придонес во областа на безжичните сензорски мрежи. Покрај тоа, успешно ги извршува и другите задолженија добиени од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, и се труди своите знаења и искуства да им ги пренесе меѓу студентите.

Од сето погоре наведено, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **да ја избере м-р Билјана Стојкоска за асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство при Факултетот**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Владимир Трајковиќ, вонреден професор,
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство с.р.

2. Д-р Андреа Кулаков, вонреден професор,
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство с.р.

3. Д-р Соња Гиевска, доцент,
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство с.р.

Скопје, 05.04.2012

РЕЦЕНЗИЈА

НА ПРИРАЧНИКОТ - УЧЕБНО ПОМАГАЛО "ЦРНОДРОБНА ЦИРОЗА И КОМПЛИКАЦИИ - ТРЕТМАН И ПРЕВЕНЦИЈА" ОД АВТОРИТЕ М. ТРАЈКОВСКА, Н. ЈОКСИМОВИЌ И Р. ПОПОВА-ЈОВАНОВСКА

Наслов: "Црнодробна цироза и компликации-третман и превенција"

Автори: доц. д-р Мери Трајковска, проф. д-р Ненад Јоксимовиќ и проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска

Предметна програма: гастроентерохепатологија

Област: медицина, интерна медицина, гастроентерохепатологија.

Намена: Прирачник-учебно помагало за студенти по општа медицина, специјализанти по интерна медицина и супспецијализанти по гастроентерохепатологија.

Семестар: Предметот интерна медицина се слуша во VII и VIII семестар за студентите по општа медицина. Специјализантите по интерна медицина имаат 5 месеци практицирање по гастроентерохепатологија. Супспецијализацијата по гастроентерохепатологија е во траење од 2 години со програма која вклучува практичен и теоретски дел.

Фонд на часови: За додипломската настава, гастроентерохепатологија има вкупен фонд на 25 часа теоретска настава и 28 практични вежби. За специјализантите по интерна медицина, турнусот по гастроентерохепатологија е во траење од 5 месеци со практична работа и 12 часа теоретски предавања.

Оценка (дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма): Книгата во целост ја задоволува наставната програма за студенти по општа медицина, специјализанти по интерна медицина и супспецијализанти по гастроентерохепатологија.

Одлука: Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ, на својата XII редовна седница одржана на 15.3.2012 година, врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет, донесе одлука за одредување рецензенти за рецензија на прирачник-учебно помагало "Црнодробна цироза и компликации-третман и превенција". За

рецензенти се избрани: проф. д-р Петранка Мишевска и проф. д-р Никола Јанкуловски.

Издание: Досега не е објавен ваков прирачник од посочената област и ова е негово прво издание.

Општи податоци за ракописот: Ракописот е испечатен на 70 страници. Содржината е поделена на две главни поглавја, првото поглавје се однесува на цирозата на црниот дроб и компликациите и второто поглавје го обработува проблемот на хепатоцелуларниот карцином. Првото поглавје има 9 дела: вовед, епидемиологија, етиологија, клиничка слика, компликации, клиничка класификација, испитувања, третман и превенција. Второто поглавје е посветено на хепатоцелуларниот карцином и содржи 8 поднаслови: вовед, епидемиологија, ризик-фактори, клиничка слика, класификација, дијагностички тестови, третман и превенција. Трудот има богата современа литература која соодветно кореспондира со содржината на текстот.

Краток опис на содржината: Авторите детално и јасно го обработуваат проблемот на црнодробната цироза од сите аспекти, со посебен осврт на компликациите на црнодробната цироза, нивната клиничка презентација, превенција и терапија. Хепатоцелуларниот карцином е обработен во посебно поглавје со приказ на современите дијагностички, тераписки и прогностички сознанија. Сеопфатноста и исцрпните информации за црнодробната цироза во содржината на текстот се видлив одраз на фамилијарноста и познавањата на проблемот од страна на авторите и резултат на богатото клиничко искуство во работата со пациентите со цироза на црниот дроб и нејзините компликации. Текстот е напишан со јасен и лесно разбирлив јазик и е поделен во целини кои детално ги објаснуваат сите сегменти на црнодробната цироза.

Во **првиот воведен дел**, авторите даваат општ осврт за основните функции на црниот дроб и со јасно дефинирање на патоанатомските промени при црнодробната цироза ги наведуваат основните клинички манифестации при нарушена функција на црниот дроб. Наведени се различните етиолошки фактори за настанување на болеста и важноста од превенцијата на прогресијата на болеста поради бројните сериозни компликации асоцирани со цирозата на црниот дроб. Потенцирано е значењето на биопсијата на црниот дроб како златен стандард во дијагнозата особено во асимптоматскиот стадиум на болеста и укажува на терапевтските можности за спречување или забавување на развојот на цироза на црниот дроб или нејзините компликации.

Во **вториот дел** се наведени **епидемиолошките аспекти**, инциденцата на цирозата на црниот дроб во корелација со различните етиолошки фактори и се потенцира поголемата асоцираност со алкохолот и хроничниот Б и Ц-хепатитис.

Дадени се исцрпни информации врз база на бројни студии за морбидитетот и морталитетот од цироза во различни земји и региони на светот.

Во **третиот дел** авторите детално и поединечно ги обработуваат **етиолошките фактори** кои водат до црнодробна цироза. Вирусната инфекции со хепатитис Б, хепатитис Ц и хепатитис Д се најчесто асоцирани со развитокот на цирозата на црниот дроб и тие се обработени поединечно од аспект на епидемиологија, трансмисија, клиничка слика, дијагноза, серолошки вирусни маркери, молекуларни и биохемиски тестови, прогноза, терапија и превенција. Сите овие сегменти на вирусната инфекција се објаснети концизно, јасно и дидактички. Потенцирана е улогата на алкохолот како чест ризик-фактор кој преку алкохолниот стеатохепатитис води до прогресивно оштетување на црниот дроб и цироза. Сите други етиолошки фактори, неалкохолниот стеатохепатитис, автоимуните црнодробни болести (автоимун хепатитис и примарна билијарна цироза, примарен склерозантен хепатитис), наследните метаболички болести (наследна хемохроматоза, Вилсонова болест, алфа 1-антитрипсин дефицит, цистична фиброза, гликогеноза тип4), опструкцијата на хепаталниот венски оттек, кардијалната цироза, хепатотоксичните лекови и токсини се обработени како посебни целини, детално со опис на етиопатогенетските механизми во настанување на болестите, клиничката слика, дијагнозата, терапијата и патомеханизмите во настанувањето на цирозата на црниот дроб.

Во **четвртиот дел** е опишана **клиничката слика** на црнодробната цироза која е условена од нарушената функција на црниот дроб како резултат на иреверзибилните патохистолошки промени во паренхимот и нарушената циркулација. Симптомите и знаците на болеста се објаснети поединечно во корелација со одредена нарушена функција на црниот дроб.

Во **петтиот дел** авторите ги даваат **комликациите** на цирозата на црниот дроб кои влијаат на клиничката слика и особено се врзани со прогнозата на болеста. Компликациите како портална хипертензија, хепатална енцефалопатија, спонтан бактериски перитонитис, хепаторенален синдром и хепатопулмонален синдром, како многу сериозни и витално загрозувачки состојби се обработени со патофизилошките механизми кои влијаат на клиничката презентација.

Во **шестиот дел**, врз база на тежината на нарушувањето на црнодробната функција, прикажана е најчесто користената **класификација** на пациентите со црнодробна цироза која има значење за прогнозата на пациентите со цироза и планирање на можна оперативна интервенција. Исто така, авторите укажуваат на лимитираноста на Child-Pugh класификацијата и предностите на новите системи како што е MELD-класификацијата.

Во **седмиот дел** се опишани **дијагностичките** процедури кои се користат во дијагностичкиот алгоритам за пациентите со цироза на црниот дроб. Тие се поделени во четири групи, биохемиски анализи, визуелизација на црниот дроб, црнодробна биопсија и ендоскопија. Истакнато е значењето на биохемиските анализи како параметар за проценување на функционалниот капацитет на црниот дроб, анализа на клеточното распаѓање и специфичните испитувања за дефинирање на етиолошкиот фактор на црнодробната цироза. Понатаму, авторите детално ги обрабоотуваат инструменталните, визуелни испитувања, ултрасонографија, колор-доплер ултрасонографија, компјутеризирана томографија, магнетна резонанца кои се особено значајни не само за морфолошки опис на црниот дроб, туку и на другите органи и крвни садови кои се засегнати и покажуваат промени асоцирани со цирозата на црниот дроб. Посебно е истакнато значењето на биопсијата на црниот дроб, нејзините индикации и различни начини на изведба и ендоскопијата како најдобра метода за проценка на присутна колатерална венска циркулација.

Во **осмит дел**, авторите ги даваат насоките за терапија на пациентите со цироза на црниот дроб и особено на компликациите кои претставуваат ургентна состојба. Секоја компликација поединечно е обработена од тераписки аспект со прецизно наведување на терапискиот пристап со најсовремените тераписки можности, конзервативно медикаментозно лекување, со интервентните ендоскопски процедури и хируршкото лекување. Во дополнение, се нагласува важноста на превентивните интервенции кај пациентите со варикозитети на хранопроводот со кои се намалува можноста за крвавење или рекрвавење што значи подобра прогноза и преживување на овие пациенти.

Во **втората целина** на книгата е обработен проблемот на хепатоцелуларниот карцином како посебен ентитет со сите делови како епидемиологија, ризик-фактори, клиничка слика, класификација, дијагноза, терапија и превенција. Авторите ги наведуваат ризик-факторите за настанување на хепатоцелуларниот карцином, поаѓајќи од фактот на високата инциденца на хепатоцелуларен карцином кај овие ризични групи на пациенти во однос на другата популација. Се потенцира важноста на раното откривање на хепатоцелуларниот карцином преку скрининг-програмите и користењето на модерните дијагностички испитувања што дава можност за адекватно лекување и подобра прогноза за пациентите. Презентираната класификација на стадиумите на хепатоцелуларниот карцином, која е условена од стадиумот на туморот, црнодробната болест и општото здравје на пациентот, е современа и најсоодветна за одредување на начинот на лекување на пациентите за секој стадиум на болеста и следователно добрата прогноза. Авторите ги објаснуваат можните тераписки постапки за лекувањето на хепатоцелуларниот карцином, хируршката терапија, локорегионалните терапии и

системската терапија. Истакнато е значењето на превенцијата од хепатоцелуларен карцином и нејзините можности.

Категоризација на книгата: Содржината на книгата ги задоволува сите критериуми за прирачник-учебно помагало на студентите по општа медицина, специјализантите по интерна медицина и супспецијализантите по гастроентерохепатологија.

Општа педагошка оцена: Проблемот на црнодробната цироза и нејзините компликации е исклучително тешка област во хепатологијата. Со концизен, детален и сликовит пристап, авторите ги разјаснуваат сите аспекти на цирозата на црниот дроб и нејзините компликации и укажуваат на алгоритмите по кои треба да се води за најбрзо и еднозначно дефинирање на болеста и состојбите на компликациите и најсоодветната терапија која би следувала. Леснотијата на пишаниот текст, систематичноста и концизноста на содржината на ова учебно помагало соодветствува на програмата и потребата за студентите на Медицинскиот факултет и супспецијализантите по гастроентерохепатаологија но и за сите лекари кои секојдневно се среќаваат со овој проблем.

Заклучок: Книгата "Црнодробна цироза и компликации-третман и превенција", од авторите доц. д-р Мери Трајковска, проф. д-р Ненад Јоксимовиќ и проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска, со својата сеопфатност и аналитичност претставува придонес кон литературата од областа на хепатологијата. Студентите и специјализантите по интерна медицина во оваа книга можат да ги најдат систематизирано сите поединости и аспекти на проблемот на црнодробната цироза која е комплексна болест на црниот дроб асоцирана со бројни компликации кои бараат ургентен пристап во нивната превенција и терапија. Актуелноста на проблемот, честата инциденца и високиот морталитет кај пациентите со црнодробна цироза се предизвик за постојано истражување и усовршување. Затоа, со задоволство, на Наставно-научниот совет му предлагаме книгата "Црнодробна цироза и компликации-третман и превенција" од авторите доц. д-р Мери Трајковска, проф. д-р Ненад Јоксимовиќ, проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска да ја прифати за печатење како прирачник-учебно помагало за студентите по медицина, специјализантите по интерна медицина и супспецијализантите по гастроентерохепатологија.

Рецензенти

Проф д-р Петранка Мишевска с.р.

6.4.2012 год.

Проф д-р Никола Јанкуловски с.р.

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

Студиска програма
Културолошки студии во книжевноста

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Снежана Нацева	„Книжевната дејност на Васарион Дебарски во XVI век“ "The Literary act of Visarion Debarski in the XVI Centure"	Проф. д-р Илија Велев
2.	Андриана Спирова	„Презентација и популаризација на културата и уметноста во музејските институции (според примерот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза)“ "Presentation and Popularization of Culture and Art in Museum Institutions (the Example of the National Memorial House of Mother Teresa)"	Доц. д-р Ана Мартиноска
3.	Мартина Николовска	„Оформување на идентитетот на младите луѓе во интернет просторот“ "Creating Identity of the Young People at the Internet"	Проф. д-р Александар Прокопиев
4.	Наташа Ќосовиќ-Томовска	„Света Богородица во македонската духовна и културна традиција“ "Virgin Mary in Macedonian Spiritual and Cultural Tradition"	Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 15.3.2012 година, донесе решение за избор на еден наставник во сите звања по предметот патолошка физиологија.

Во согласност со распишаниот конкурс од 22.2.2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Оливија Васкова
2. проф. д-р Светлана Мицева Ристевска
3. проф. д-р Даниела Миладинова
4. проф. д-р Јелка Давчева Павловска
5. проф. д-р Бранкица Крстевска

На конкурсот се јави **ас.д-р Венјамин Мајсторов**, вработен на Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје.

Комисијата во горенаведениот состав ги проучи поднесените документи за избор и врз основа на тоа, како и врз основа на познавањето и непосредното следење на работата на кандидатот, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Ас. д-р Венјамин Мајсторов е роден во Скопје во 1967 година. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1986/87, а дипломирал во 1992 година со просек 9,92. Стручниот лекарски испит го положил во 1993 година. Во 1994 година почнал да волонтира на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, а од 1995 година е редовно вработен на истиот Институт. Активно ги познава англискиот и германскиот јазик.

Стручна активност

Во текот на работата како лекар и лекар-специјалист, д-р Венјамин Мајсторов практикува континуирана едукација од областа на нуклеарната медицина, дијагностиката и терапијата на тироидните заболувања и пројавува особен интерес за нуклеарната кардиологија.

Во периодот 1996-1997 година стручно се усовршувал на Клиниката за нуклеарна медицина при Универзитетот во Келн, Германија, како стипендист на ДААД.

Во 2000 година учествувал на регионалниот курс за обука „Клеточна ирадијација во нуклеарномедицинската пракса", во Руан, Франција, а во 2001 година и на курсот за обука по нуклеарна кардиологија, одржан во Талин, Естонија, во организација на IAEA.

Во 2002 година го положил специјалистичкиот испит по интерна медицина, а во моментот ја завршува и специјализацијата по нуклеарна медицина.

Во 2002 година учествувал на Првиот меѓународен симпозиум по кардиоваскуларна медицина, во Пекинг, Кина, а во 2003 и на Првата работилница за нуклеарна медицина за земјите од Југоисточна Европа насловена "Нуклеарната медицина во Југоисточна Европа", во Оточец, Словенија.

Во текот на 2007 година остварил едномесечен стручен престој за PET/CT хибридната техника на Клиниката за нуклеарна медицина при Техничкиот универзитет во Минхен, Германија.

Во почетокот на 2011 година престојувал на Клиниката за нуклеарна медицина при Универзитетскиот клинички центар во Љубљана, на Одделот за болести на тироидната жлезда, каде што се обучувал за изведување на цитодијагностичка пункција на тироидната жлезда под ултрасонографска контрола.

Во 2011 год. од страна на Министерството за здравство на РМ е назначен за член на експертскиот тим за имплементација на PET во Македонија.

Научна дејност

Главната научноистражувачка активност на д-р Венјамин Мајсторов е насочена кон нуклеарната кардиологија. Од 1998 година тој е член на тимот за нуклеарна кардиологија кој ги обединува клиничката практика и изведувањето на срцевите изотопни студии, како пример за успешна меѓусебна соработка на Клиниката за кардиологија и Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина. Од оваа област, како резултат на повеќегодишната активност и ангажман, произлегоа и неговата магистерска тема со наслов „Вредноста на фармаколошката стрес миокардна перфузиона томосцинтиграфија со ^{99m}Tc МИБИ (SPECT MPS ^{99m}Tc-MIBI) во детекција на коронарната артериска болест", одбранета во 2003 година и докторската дисертација со наслов „Прогностичко значење на миокардната перфузиона томосцинтиграфија и некои серумски биомаркери кај коронарната артериска болест", одбранета на Медицинскиот факултет во Скопје во 2009 година.

Автор и коавтор е на повеќе од седумесет објавени стручни и научни трудови од областа на нуклеарната медицина и тироидологијата, при што покажува особено плодна истражувачка дејност во делот на примената на радиоизотопните техники во нуклеарната кардиологија. Дел од објавените трудови се презентирани на повеќе научно-стручни собири и конгреси во земјата и во странство.

Коавтор е на стручната книга „Нуклеарната медицина во клиничката пракса", објавена во 2008 година, во која авторите, покрај современите литературни сознанија, го пренесуваат и своето повеќегодишно искуство од примената на нуклеарномедицинските испитувања во разрешувањето на клиничките проблеми.

Во периодот 2007-2011 назначен е за главен истражувач за Република Македонија на истражувачкиот тим на координираниот истражувачки проект „Проценка на лево-вентрикуларната функција кај пациенти со коронарна артериска болест со нуклеарни техники" - мултицентрична меѓународна студија под покровителство на Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA).

Наставна дејност

Од почетокот на работниот стаж, ас. д-р Венјамин Мајсторов е активно и континуирано вклучен во сите сегменти од наставните активности на катедрите по патофизиологија и нуклеарна медицина при Институтот. Во звањето помлад асистент по предметот патолошка физиологија е избран во 1996 и реизбран во 2000 година, а во звањето асистент во 2004 (избор) и потоа во континуитет е реизбиран во 2008 и 2011 година.

Во додипломските наставни активности, како асистент ја изведувал практичната и ја водел семинарската настава на студентите по медицина, фармација, стоматологија и Високата школа за радиолошки технолози и медицински сестри. Учествува и во изведувањето на наставата по нуклеарна медицина за специјализантите по интерна медицина.

Во 2011 година учествувал во Салцбург на CHOP-семинарот за медицинска едукација, каде што се запознал со начинот и методите на трансфер на знаењата во медицинските науки.

Стручни и научни трудови

Ас. д-р Венјамин Мајсторов досега има објавено повеќе од 70 трудови кои се рецензирани при изборот и реизборите за помлад асистент и асистент. За изборот во наставно-научно звање доцент приложува и нерецензирани трудови кои се прикажани во Образецот (Анекс 2) за научноистражувачка дејност.

ЗАКЛУЧОК

Комисијата по разгледувањето на приложениот материјал, како и според личното познавање на кандидатот, имајќи ја предвид неговата целокупна ангажираност, извршителност и континуитет во стручната, научната и наставната активност, оцени дека ас. д-р Венјамин Мајсторов ги исполнува законските и статуарните услови и ги има сите потребни квалитети за да биде избран во наставно-научното звање доцент по предметот патолошка физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет ас. д-р Венјамин Мајсторов да биде избран во звањето доцент по предметот патолошка физиологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Оливија Васкова с.р.
2. Проф. д-р Светлана Мицева Ристевска с.р.
3. Проф. д-р Даниела Миладинова с.р.
4. Проф. д-р Јелка Давчева Павловска с.р.
5. Проф. д-р Бранкица Крстевска с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Венјамин Ангел Мајсторов**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **патолошка физиологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на вежби од прв циклус студии (медицинари)	188,46
2.	Одржување на вежби од прв циклус студии (стоматолози)	24,16
3.	Одржување на вежби од прв циклус студии (фармацевти)	5,2
4.	Одржување на вежби од прв циклус студии (стручни радиолошки технолози)	3,7
5.	Одржување на вежби од прв циклус студии (стручни медицински сестри)	0,52
6.	Одржување на настава од втор циклус студии (специјализанти)	3,87
	Вкупно	225,91

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Национален координатор на меѓународен научен проект	
	IAEA's Coordinated Research Project (CRP) No: 14630 "ASSESSMENT OF LEFT VENTRICULAR FUNCTION IN CORONARY ARTERY DISEASE WITH NUCLEAR TECHNIQUES", 2007-2011.	6
2.	Учесник во меѓународен научен проект	
	Проект на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина и на IAEA: "Upgrading in vivo nuclear medicine", 2006-2008, носител: проф. д-р С.Мицева-Ристевска	5
3.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание	
	3/1 Мајсторов В. Значење на тиреоглобулинот во следењето на тироидниот карцином. Мак. мед. преглед бр.3-4, стр.136-139, 1996.	4
	3/2 Кузмановска С., Јаноки Г., Поп Ѓорчева Д., Богданова В., Васкова О., **Мајсторов В.**, Јаневиќ Ивановска Е., Мицева Ристевска С., Балог Л. 99m Tc-МИБИ, формулација и евалуација на радиофармацевтикот: наши почетни лабораториски и клинички искуства. Мак мед преглед, бр.5-6, стр.277-283, 1999.	2,4
	3/3 Вавлукис М., Максимовиќ Ј., Кедев С., Поп Ѓорчева Д., **Мајсторов В.**, Танева Б., Пеовска И. Приказ на случај - исхемична кардиомиопатија пред и по реваскуларизација. Мак. мед. преглед бр.3-4, стр.138-141, 2001.	2,4

	3/4 Пеовска И., Давчева-Павловска Ј., Максимовиќ Ј., Вавлукис М., Поп Ѓорчева Д., **Мајсторов В.** Приказ на случај - детекција на тивка миокардна исхемија кај дијабетичар со помош на миокардна перфузиона сцинтиграфија. Мак. мед. преглед бр. 1-2, стр.63-68, 2002.	2,4
	3/5 Мајсторов В., Поп Ѓорчева Д., Васкова О., Вавлукис М., Пеовска И., Максимовиќ Ј. Миокардна перфузиона томосцинтиграфија кај пациенти со блок на левата гранка. Acta Morphologica, Вол.1(2), стр.11-17, 2004.	2,4
	3/6 Zdraveska-Kochovska M, Pop Gjorceva D, **Majstorov V**, Kacarska R, Miceva-Ristevska S. Radioangiography in diagnosis of left-right shunts - review of factors important for the precision of the method. Acta Morphologica, Vol.3(1), p.33-37, 2006.	2,4
	3/7 Majstorov V, Pop Gjorceva D, Vaskova O, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovic J, Kuzmanovska S. Levels of C-reactive protein in patients with normal myocardial perfusion. Acta morphologica, Vol.4(1), p. 23-7, 2007.	2,4
	3/8 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M , Pop Gjorceva D, **Majstorov V**, Zdravkovska M, Kostova N, Bosevski M. Myocardial perfusion imaging in evaluation of coronary artery disease in patients with diabetes mellitus type 2. Acta morphologica, Vol. 4(1), p. 42-47, 2007.	2,4
	3/9 Вавлукис М, Борозанов В, Георгиевска-Исмаил Љ, Поп-Ѓорчева Д, Танева Б, Бошевски М, **Мајсторов В**, Пеовска И, Костова Н. Клиничко значење на постоперативната промена на левокоморната функција кај пациенти со исхемична кардиомиопатија третирани со CABG. Physioacta Вол.1(1), п.55-70, 2007.	2,4
	3/10 Мајсторов В, Поп Ѓорчева Д., Вавлукис М., Пеовска И., Максимови; Ј.,Васкова О., Кузмановска С., Здравеска-Кочовска М: Вредности на НТ-ПРОБ натриуретичен пептид кај пациенти со стабилна коронарна артериска болест. Physioacta Вол.2(2), п.73-80, 2008.	2,4
	3/11 Zdraveska Kocovska M., Vaskova O., **Majstorov V**. RADAR calculated vs. TLD effective doses to family members of thyroid cancer patients treated with Iodine 131. Maced J Med Sci 4(1):12-16, 2011.	3,2
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
	4/1 Majstorov V., Pop Gjorceva D., Vaskova O., Vavlukis M., Peovska I., Maksimovic J. Gender differences in detecting coronary artery disease with dipyridamole stress myocardial perfusion imaging using ^{99m}-Tc sestamibi gated SPECT. Contributions, Sec.Biol.Med.Sci., MASA XXVI, 1, p.93-102, 2005.	3,6
	4/2 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Davceva J, Pop Gorceva D, **Majstorov V**, Kostova N, Bosevski M. Realationship between myocardial viability and improvement in left ventricular function and heart failure symptoms after coronary artery bypass surgery. Contributions, Sec.Biol.Med.Sci., MASA XXVIII/1, p.97-112, 2007.	3,6
	4/3 Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Vaskova O, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovic J, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kochovska M.: C-reactive protein in patients with normal myocardial perfusion and mild to moderate perfusion defects who have undergone myocardial perfusion imaging with 99mTc Sestamibi gated SPECT. Contributions, Sec.Biol.Med.Sci, XXIX/1 p. 67-76, 2008.	3,6
	4/4 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Pop Gorceva D, **Majstorov V**. Functional outcome and quality of life after coronary artery bypass surgery with severe heart failure and hybernated myocardium. Nuclear Medicine Communications 2008; 29:215-221.	4,42
	4/5 Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Vavlukis M, Peovska I, Maksimovik J, Vaskova O, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kochovska M. N-terminal-proB natriuretic peptide in patients with stabile coronary artery disease evaluated for ischemia with myocardial perfusion imaging. Bratisl Lek Listy 2008; 109(7): 293-297.	3,8

	4/6 Vaskova OM, Bogdanovska AI, Josifovska TB, **Majstorov VA**. Effectiveness of different doses of radioiodine in the ablation of thyroid remnant after thyroidectomy in patients with differentiated thyroid carcinoma. World J Nuc Med Vol.7(2), p.96-99, 2008.	3,6
	4/7 Zdraveska Kocovska M., Vaskova O., **Majstorov V.**, Kuzmanovska S., Pop Gjorceva D., Spasic Jokic V: Effective doses to family members of patients treated with radioiodine-131. Journal of Physics: Conference Series 317 (2011) 012012 doi:10.1088/1742-6596/317/1/012012.	3,6
5.	**Трудови со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
	5/1 Мајсторов В., Шомекер К. Субцелуларна дистрибуција на туморафини радиофармацевтици (Тл-201, ^{99m}Тц-Миби, -тетрофосмин, -фурифосмин). Мак мед преглед, 54:(суплемент 38), стр.51-54, 2000.	1,8
	5/2 Мајсторов В., Илиќ Д., Димитровски Ч., Попов Ж., Ангелеска М. Скротална сцинтиграфија во дијагноза на варикоцела кај инфертилни мажи. Мак. мед. преглед, 54:(суплемент 38), стр.87-89, 2000.	1,2
	5/3 Мајсторов В., Поп Ѓорчева Д., Васкова О., Симова Н., Кузмановска С. Корелација на тиреоглобулин и скен на целото тело со J-131 во евалуацијата на диференциран тироиден карцином. Мак мед преглед, 54:(суплемент 38), стр.149-153, 2000.	1,2
	5/4 Поп Ѓорчева Д., Максимовиќ Ј., Богданова В., Андоновски Б., Мицева Ристевска С., Лопарска С., **Мајсторов В.** Нашите први искуства со планарната Тл-201 миокардна перфузиона сцинтиграфија. Мак мед преглед, 54:(суплемент 38), стр.97-102, 2000.	1,2
	5/5 Поп Ѓорчева Д., Каранфилски Б., Богданова В., Мицева Ристевска С., Лопарска С., **Мајсторов В.**, Б.Андоновски. Лево-вентрикуларна функција кај хипертиреотични болни, пред и во тек на терапија, оценета со методата на радионуклидна вентрикулографија. Мак мед преглед, 54:(суплемент 38), стр.103-108, 2000.	1,2
	5/6 Лопарска С., Симова Н., Васкова О., Мицева Ристевска С., Поп Ѓорчева Д., Илиќ Д., Богдановска А., Јосифовска Т., Ангелеска М., **Мајсторов В.**, Угринска А., Муратовска Л, Арсов Т. Тренд на тироидните заболувања во Македонија во тек на три децении. Мак мед преглед, 54:(суплемент 38), стр.161-165, 2000.	1,2
6.	**Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	
	Vavlukis M., Maksimovic J., Borozanov V., Georgievska-Ismail Lj., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Peovska I., Poposka L.,Taneva B., Kostova N., Trajcevski T. Can SSS (summed stress score) derived from MPI, be an accurate indicator of left ventricular function? Proceedings of the 5th International Congress on Coronary Artery Disease. Lewis B., Halon D., Flugelman M., Gensini G.(edts.), p.381-386, Florence, 2003.	1,8
7.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
	7/1 Majstorov V, Vaskova O., Miceva-Ristevska S. An Overview of Nuclear Medicine in Macedonia. Nuclear Medicine in South-Eastern Europe. First Workshop. Otocec, Slovenia, 2003.	3
	7/2 Majstorov V. Myocardial SPECT Perfusion Imaging in Patient with Left Bundle Branch Block. OMI Visiting Professorship in Cardiology/Cardiac Imaging. Ohrid, Macedonia, June 2, 2010.	2
8.	**Учество на научен/стручен собир со реферат** (усна презентација)	
	Мајсторов В. С-реактивен протеин и миокарден SPECT перфузионен imaging во ризик стратификација на пациентите со коронарна артериска болест. 4-ти Македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 2-5 јуни 2010.	1

9.	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	
	9/1 Vavlukis M., Maksimovic J., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Peovska I. Dipyridamole myoscintography in patients with left bundle branch block. J Nuc Cardiol, Vol. 8, No.1 (supplement), S7, 2001.	0,6
	9/2 Vavlukis M., Maksimovic J., Dobrkovic L., Pop Gjorceva D., Poposka L., **Majstorov V.**, Peovska I. Significance of ST-segment changes detected by ambulatory electrocardiographic monitoring and exercise treadmill stress testing in female patients who underwent myocardial perfusion scintigraphy. J Nuc Cardiol, Vol. 8, No.1 (supplement), S10, 2001.	0,6
	9/3 Pop Gjorceva D., Maksimovic J., Vavlukis M., Simova N., Bogdanova V., Miceva-Ristevska S., **Majstorov V.**, Peovska I. Myocardial viability: nitrate enhanced gated SPECT MIBI Tc99m – an adequate alteration for Tl-201 rest-redistribution protocol. J Nuc Cardiol, Vol. 8, No.1 (supplement), S55, 2001.	0,6
	9/4 Максимовиќ Ј., Поп Ѓорчева Д., Вавлукис М., Пеовска И., **Мајсторов В.** Проценка на левокоморната функција при миокарден инфаркт. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.32-33, Охрид, 2002.	0,6
	9/5 Поп Ѓорчева Д., Максимовиќ Ј., Вавлукис М., Симова Н., Мицева С., **Мајсторов В.**, Пеовска И. Актуелни модалитети на Тс-99т МИБИ SPECT миокардната перфузиона сцинтиграфија (МПС) во проценката на миокардниот вијабилитет. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.171-172, Охрид, 2002.	0,6
	9/6 Поп Ѓорчева Д., Максимовиќ Ј., Вавлукис М., Симова Н., Мицева С., **Мајсторов В.**, Пеовска И. Миокарден вијабилитет: перфузионо - функционална Тс-99т МИБИ SPECT студија по нитроглицерин-адекватна алтернација за Тл-201 рест-редистрибуција протокол. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.172, Охрид, 2002.	0,6
	9/7 Пеовска И., Максимовиќ Ј., Давчева Ј., Вавлукис М., Поп Ѓорчева Д., **Мајсторов В.**, Мешкова С. Неинвазивна ризик стратификација и тераписка одлука кај коронарната артериска болест со помош на миокардната перфузиона сцинтиграфија и коронарен стрес-тест. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.178, Охрид, 2002.	0,6
	9/8 Пеовска И., Максимовиќ Ј., Давчева Ј., Вавлукис М., Поп Ѓорчева Д., Мајсторов В. Блок на лева гранка и коронарна артериска болест: евалуација со дипиридамол 99m-Тс сестамиби миокардна перфузиона сцинтиграфија. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.179, Охрид, 2002.	0,6
	9/10 Максимовиќ Ј., Поп Ѓорчева Д., Вавлукис М., Пеовска И., **Мајсторов В.** Миокардна перфузиона сцинтиграфија во кардиолошката дијагностика, прогноза и ризик-стратификација. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.180, Охрид, 2002.	0,6
	9/11 Majstorov V., Spiroska V., Maksimovic J., Buseva M., Ismail Lj., Jovanova S., Pop Gjorceva D. Assessment of coronary artery disease by simultaneous myocardial perfusion scintigraphy and stress echocardiography. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.191, Охрид, 2002.	0,6
	9/12 Вавлукис М., Максимовиќ Ј., Борозанов В, Георгиевска-Исмаил Љ., Поп Ѓорчева Д., **Мајсторов В.**, Пеовска И., Поповска Л., Мешкова С., Трајчески Т. Зголемувачко дијагностичко и прогностичко значење на миокардната перфузиона томосцинтиграфија. 2. Македонски кардиолошки конгрес, Книга на извадоци, стр.195, Охрид, 2002.	0,6
	9/13 Maksimovic J., Pop Gjorceva D., Peovska I., Davceva J., **Majstorov V.**, Vavlukis M. GATED SPECT myocardial scintigraphy in detection of post stress myocardial stunning in patients with coronary artery disease. J Nuc Cardiol Vol.10, No.1, S11, 2003.	0,6

	9/14 Vavlukis M., Borozanov V., Maksimovic J., Georgievska-Ismail Lj., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Poposka L., Taneva B., Boseski M., Peoska I. Risk stratification and prognostication of patients with old myocardial infarction with Tc99m mibi SPECT myocardial perfusion scintigraphy. J Nuc Cardiol Vol.10, No.1, S52, 2003.	0,6
	9/15 Vavlukis M., Maksimovic J., Borozanov V., Georgievska-Ismail Lj., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Poposka L., Taneva B., Boseski M., Peoska I. Left ventricular ejection fraction measured by 2-D echocardiography, radionuclide ventriculography and Tc99m mibi ECG-gated SPECT MPI- are they comparabile methods? J Nuc Cardiol Vol.10, No.1, S65, 2003.	0,6
	9/16 Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Maksimovic J., Miceva-Ristevska S., Vavlukis M., Peovska I., Tosev S. Myocardial viability detection in moderate and severe LV disfunction using nitrate enhanced SPECT Mibi. J Cor Art Disease Vol 5, No 1, S70, 2003.	0,6
	9/17 Majstorov V., Pop Gjorceva D., Maksimovic J., Tosev S., Miceva-Ristevska S., Buseva M., Peovska I. Tl-201 vs. Tc-99m MIBI: Comparison of redistribution during the rest-redistribution protocol. J Cor Art Disease Vol 5, No 1, S84, 2003.	0,6
	9/18 Pavlovic J, Peovska I, Vavlukis M, Gorceva D, **Majstorov V.** Prognosis and risk stratification of diabetic patients after coronary stenting: Impact of silent ischemia on cardiovascular events. J Nuc Cardiol Vol.12(2), S30, 2005.	0,6
	9/19 Peovska I., Maksimovic J., Vavlukis M., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Bosevski M., Taneva B. Relationship between extend of myocardial viability and post-revascularization improvement of left ventricular ejection fraction. XIV International Symposium on Atherosclerosis. Atherosclerosis (supp.) Vol. 7/3 p.101-2, 2006.	0,6
	9/20 Maksimovic J., Peovska I., Vavlukis M., Kostova N., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.** Blood pressure and heart rate response during nitrate enhanced Tc-99m MIBI Gated SPECT in evaluation of myocardial viability. 3rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.67-8, 2006.	0,6
	9/21 Peovska I., Maksimovic J., Vavlukis M., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Kostova N., Bosevski M. Relationship between extend of myocardial viability and post-revascularization improvement of left ventricular ejection fraction and quality of life. 3rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.68-9, 2006.	0,6
	9/22 Vavlukis M., Maksimovic J., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**, Peovska I., Kostova N., Zdravkovska M., Hristova E., Poposka L., Taneva B. Modified Bruce/dipyridamole versus dipyridamole stress protocol in patients performing myocardial perfusion imaging. 3rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.69, 2006.	0,6
	9/23 Kostova N., Maksimovic Pavlovic J., Vavlukis M., Peovska I., Pop Gjorceva D., **Majstorov V.**,Zdravkovska M. Myocardial perfusion scintigraphy in diagnosis and prognosis of coronary arterial disease in patients with paced rhythm. 3rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.70, 2006.	0,6
	9/24 Majstorov V., Pop Gjorceva D., Maksimovic J., Vavlukis M., Peovska I. Myocardial perfusion findings in patients with diabetes according to the gender. 3rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.70-1, 2006.	0,6
	9/25 Vavlukis M, Maksimovic J, Popgorceva D, **Majstorov V**, Zdraveska M., Kostova N, Peovska I, Taneva B. Combined low level treadmill-dipyridamole versus stress protocol in patients undergoing SPECT MPI. J Nuc Cardiol Vol.14(2), S5, 2007.	0,6
	9/26 Majstorov V, Pop Gjorceva D, Maksimovic J, Vavlukis M, Peovska I, Kuzmanovska S. hs-CRP values in patients with normal myocardial perfusion. J Nuc Cardiol Vol.14(2), S43, 2007.	0,6

	9/27 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Pop Gorceva D, **Majstorov V**, Kostova N, Zdravkovska M. Diagnostic value of transient ishaemic dilation (TID) and increased lung uptake as markers of severe and extensive myocardial ischemia. J Nuc Cardiol Vol.14(2), S46, 2007.	0,6
	9/28 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Pop Gorceva D, **Majstorov V**, Zdravkovska M, Kostova N. Influence of hibernated myocardium on left ventricular remodelling in patients with severe ishaemic heart failure and coronary artery bypass surgery. J Nuc Cardiol Vol.14(2), S58, 2007.	0,6
	9/29 Vavlukis M, Borozanov V, Georgievska-Ismail Lj, Pop-Gorceva D, **Majstorov V**, Kostova N, Zdravkovska M. Can cardiovascular drugs influence clinical outcome in CABG patients. EHRLICH II-2nd World Conference on Magic Bullets. Celebrating the 100th Anniversary of the Nobel Prize Award to Paul Ehrlich. Abstract Book, p.A-339, 2008.	0,6
	9/30 Peovska I, J Maksimovic, M Vavlukis, N Kostova, D Pop Gorceva, V **Majstorov**, M Bosevski. Impact of diabetes on mid-term outcomes after coronary artery bypass surgery in patients with ischemic cardiomyopathy and hibernated myocardium. Eur Heart J Vol.11 (Suppl B), p.41, 2009.	0,6
	9/31 Peovska I, J Maksimovic, M Vavlukis, N Kostova, D Pop Gorceva, V **Majstorov**. Independent predictive value of myocardial viability on SPECT imaging for clinical outcomes in patients who did not improve global left-ventricular function after coronary artery bypass surgery. Eur Heart J Vol.11 (Suppl B), p.24, 2009.	0,6
	9/32 Vavlukis M, D Pop-Gorceva, **V Majstorov**, M Zdravkovska, N Kostova, I Peovska, B Taneva, M Bosevski. SPECT MPI in prediction of clinical outcome in patients with ischemic cardiomyopathy treated with CABG surgery. Eur Heart J Vol.11 (Suppl B), p.14, 2009.	0,6
	9/33 Vavlukis M, V Borozanov, LJ Georgievska-Ismail, D Pop-Gorceva, V **Majstorov**, M Zdravkovska, N Kostova, I Peovska Prediction of ischaemic cardiomiopathy development in CAD patients treated with CABG surgery with Tc99M mibi ECG-GATED SPECT MPI. Eur Heart J Vol.11 (Suppl B), p.14, 2009.	0,6
	9/34 Zdraveska-Kocovska M., Vaskova O., Kuzmanovska S., **Majstorov V.**, Janevik-Ivanovska E., Miceva-Ristevska S.: Radiation doses to family members of patients treated with 131I. Eur J Nucl Med Mol Imaging Vol.36 (Suppl 2), S423, 2009.	0,6
	9/35 Vavlukis M, Kostova N, Peovska I, Bosevski M, Hristova E, Pop-Gjorceva D, **Majstorov V**, Zdravkovska M. The role of SPECT MPI in diagnostic evaluation of asymptomatic patient with diabetes mellitus (case report based analyze). 4rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.113-114, 2010.	0,6
	9/36 Maksimovic J, Peovska I, Vavlukis M, Kostova N, Bosevski M, Pop-Gjorceva D, **Majstorov V**, Zdravkovska M. The role of SPECT MPI in diagnostic evaluation of asymptomatic patient with diabetes mellitus (case report based analyze). 4rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.114, 2010.	0,6
	9/37 Вавлукис М, Костова Н, Пеовска И, Танева Б, Србиновска-Костовска Е, Георгиевска-Исмаил Љ, Поп-Ѓорчева Д, **Мајсторов В**, Здравковска М. Предиктивна моќ на перфузионите и функционалните параметри добиени со СПЕКТ МПС кај пациентите со коронарна артериска болест. 4rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.115, 2010.	0,6
	9/38 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Pop-Gjorceva D, **Majstorov V**, Kostova N, Zdravkovska M. Mid-term outcomes after coronary artery bypass surgery in diabetic patients with ischemic cardiomyopathy and viable myocardium. 4rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.116-117, 2010.	0,6
	9/39 Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Kuzmanovska S, Zdraveska-Kochovska M, Vavlukis M, Peovska I, Kostova N, Maksimovic J. C-reactive protein and myocardial SPECT perfusion imaging in risk stratification of patients with coronary artery disease. 4rd Macedonian Congress of Cardiology, Abstract Book, p.118, 2010.	0,6

	9/40 Peovska I, Maksimovic J, Vavlukis M, Kostova N, Pop Gorceva D, **Majstorov V**, Zdraveska M. Prevalence of myocardial ischemia in patients with metabolic syndrome detected by myocardial perfusion imaging. Eur Heart J Vol.13 (Suppl A), A 35, 2011.	0,6
	9/41 Vavlukis M, Pop-Gorceva D, Kostova N, Peovska I, **Majstorov V**, Zdravkovska M. Differential predictors for different cardiac events derived from SPECT MPI. Eur Heart J Vol.13 (Suppl A), A 65, 2011.	0,6
	9/42 Majstorov V, Pop Gjorcheva D, Vavlukis M, Zdravkovska M, Peovska I, Zdraveska-Kochovska M, Kostova N. Perfusional and functional gated-SPECT parameters and clinical outcome in patients with coronary artery disease. Eur Heart J Vol.13 (Suppl A), A 85, 2011.	0,6
	9/43 Vaskova O, Zdraveska-Kochovska M, **Majstorov V**, Petrushevska G. Follicular thyroid carcinoma, the role of pathologist-case report. 1st Macedonian Congress of Pathology with International Participation, Proceedings and Abstracts, p.77, 2011.	0,6
	9/44 Zdraveska-Kochovska M, Vaskova O, **Majstorov V**, Petrushevska G. Radar calculated vs. TLD effective doses to family members of hyperthyroid patients treated with iodine 131. 1st Macedonian Congress of Pathology with International Participation, Proceedings and Abstracts, p.78, 2011.	0,6
	9/45 Zdraveska-Kochovska M, Vaskova O, **Majstorov V**, Crcareva B, Kuzmanovska S, Angeleska M, Janevik-Ivanovska E, Trifunovska M, Petrushevska G. The importance of nuclear medicine techniques in reno-vascular pathology. 1st Macedonian Congress of Pathology with International Participation, Proceedings and Abstracts, p.67, 2011.	0,6
	9/46 Zdraveska Kocovska M., Vaskova O., Pop Gjorceva D, **Majstorov V.**, Spasic Jokic V, Kuzmanovska S: Effective doses to family members of patients treated with radioiodine 131. Programme and Book of Abstracts. International Conference - Image Optimisation in Nuclear Medicine, March 23-26, Cyprus, 2011.	0,6
	Вкупно	111,62

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Книга од стручна област**	
	Нуклеарната медицина во клиничката пракса. Автори: Васкова О., Мицева-Ристевска С., Поп Ѓорчева Д., Миладинова Д., Лопарска С., Јаневиќ-Ивановска Е., **Мајсторов В.**, Угринска А., Андоновски Б., Кузмановска С., Богдановска А., Јосифовска Т. и Муратовска Л. Скопје,	7
2.	**Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода**	
	Воведување на софтверски пакет 4D-MSPECT за обработка на студии од миокардна перфузиона томосцинтиграфија, 2003 год.	4
3.	**Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството**	
	Специјализација по интерна медицина, 2002 год.	2
	Вкупно	13
Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	
	Член на Организациониот одбор на Првиот македонски конгрес по нуклеарна медицина со меѓународно учество, Охрид, 1998 год.	0,5
2.	**Студиски престој во странство**	
	2/1 Клиника за нуклеарна медицина при Универзитетот во Келн, Германија, стипендист на ДААД, годишна стипендија 1996/97год.	2
	2/2 Регионален курс за обука за клеточна ирадијација во нуклеарно-медицинската пракса (IAEA). Руан, Франција, 2000 год.	0,5
	2/3 Регионален курс за обука за нуклеарна кардиологија (IAEA). Талин, Естонија, 2002 год.	0,5
	2/4 Клиника за нуклеарна медицина при Техничкиот универзитет во Минхен, Германија, месечна стипендија од IAEA, 2007 год.	0,5
	2/5 Клиника за нуклеарна медицина, Оддел за болести на тироидната жлезда при Универзитетскиот клинички центар во Љубљана, 2011 год.	0,5
	2/6 Salzburg CHOP Seminar in Medical Education, Salzburg Stiftung of American Austrian Foundation. October, 2011.	0,5
3.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
	3/1 Член на експертскиот тим за имплементација на проектот за ПЕТ (позитронска емисиона томографија) во Република Македонија, Решение бр. 07-1458/1 од 1.2.2011год. на Министерството за здравство	1
	3/2 Заменик-претседател на Избирачки одбор за избирачко место бр.2639, Решение бр.01/09 од 3.2.2009 год. на Општинска изборна комисија Карпош	1
	Вкупно	7

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	225,91
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	111,62
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20
Вкупно	357,53

Членови на Комисијата

1. _____, претседател с.р.
2. _____, член с.р.
3. _____, член с.р
4. _____, член с.р.
5. _____, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИ НА ПЕДАГОШКО ВОДЕЊЕ НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р НЕЛА РАДЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката број 0903-945/09 од 22.2.2012 година, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 16.2.2012 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: ***Модели на педагошко водење на надарените ученици во основното училиште,*** поднесена од кандидатката ***м-р Нела Радевска.***

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, проф. д-р Вера Стојановска и проф. д-р Анета Баракоска, до Наставно-научниот совет го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација *Модели на педагошко водење на надарените ученици во основното училиште* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите развојни фази за системот на образование кај нас и во светот. Докторската дисертација претставува мошне сериозен и интересен труд кој го третира комплексниот и мошне актуелниот проблем на идентификација и третман на надареноста како обележје на ученичката популација и на педагошкиот третман на надарените ученици во текот на наставниот процес и училишниот живот воопшто. Теоретскиот дел и емпириското истражување во трудот се поткрепени со автентични инструменти изработени за таа намена и се директно условени од спецификите на предметот на истражување, глобалните карактеристики на нашето задолжително основно образование и ставовите и поставеноста на најрелевантните субјективни фактори кои најнепосредно влијаат врз процесите на развојот на надарените ученици.

Според своите обележја, трудот има теоретско-емпириски карактер со нагласена цел за директно испитување на нашата педагошка практика од аспект на бројните фактори и предуслови за етаблирање ефикасен систем од модели за педагошки третман на надарените ученици, неговото функционирање и доживување од страна на носечките субјекти на тој систем-наставниците како креатори и дизајнери на моделите на учечко-поучувачките процеси и третман на надарените ученици во основното училиште. Аспектирањето на проблемот на истражување е усогласено со целта и задачите преку изработениот инструментариум со чија помош се бараат одредени детали и аспекти на истражувачките дескриптори и индикатори како елемент на застапеност, фреквентност, интензитет и проценка на состојбите во нашата наставна практика.

Служејќи се со прецизна терминологија од областа на педагошката наука, кандидатката м-р Радевска нуди конкретна и јасна идентификација и дефинирање на основните поими и изрази кои се тесно поврзани и условени од целта на истражувањето и нејзиното методолошко емпириско обликување. Од тие причини сметаме дека оваа докторска дисертација има значајна научна вредност, тежина и значење не само заради автентичниот модел на истражување, туку и заради изборот на предметот на истражување преку кој се бараат и наоѓаат ефикасните модели на педагошкиот третман на надарените ученици во нашата образовна практика, како и заради мошне суптилниот пристап кон добиените резултати кои се автентични, изворни и мошне драгоцени за педагошката теорија и практика.

Во трудот кандидатката актуализира мошне значајни прашања кои ја изразуваат суштината на проблемот: колку и дали кај нас е изразена потребата од грижа на надарените ученици, како се реализира училишна акцелерација како еден од моделите за соодветен педагошки третман на надарените ученици, кои се можностите за забрзано напредување на надарените ученици, дали и колку во нашата наставна практика се реализира микронаставата и индивидуализацијата и дали е можна практика на надворешна диференцијација на учениците во одредени предметни подрачја, дали наставниците кои реализираат програми во нашето основно образование имаат стекнато соодветни професионални компетенции за работа со надарени ученици и колку инвестираат во своите професионални потенцијали и капацитети за извршување на ова мошне значајно прашање. Давањето одговори на овие и на многу други прашања го содржи теоретскиот дел на докторската дисертација со приложување на бројни извори и искуства од наставната практика кај нас и во светот.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Нела Радевска е структурирана од неколку глобални делови во 306 страници компјутерски обликуван текст со вовед, теоретски основи на проблемот на истражувањето, методолошки компоненти, анализа и интерпретација на добиените резултати, заклучни согледувања и прилози во вид на користен инструментариум. Кон трудот е приложена библиографија од 383 книги и статии и 29 интернет-релевантни извори од домашни и странски автори.

Од посебно значење за докторската дисертација е приложениот Едукативен предлог за подготовка испит за акцелерација на надарените ученици по музичко образование во шесто одделение. Овој предлог е методски дизајниран со приложени нотни, текстуелни и визуелно-илустративни содржини.

Првиот глобален дел на докторската дисертација елаборира низа теоретски аспекти и димензии на предметот на истражување во вкупно 7 носечки поглавја/наслови и 17 поднаслови.

Во вториот глобален дел од дисертацијата се презентирани методолошките компоненти на истражувањето:

Предмет на истражувањето

Надарените ученици во основното училиште се активна категорија која функционира со голем потенцијал. За нивна успешна развојност, примарен услов,

цел и мотив се моделите на педагошко водење. Овие модели со своите мултидимензионални импликации овозможуваат едукативна поддршка на оваа категорија ученици. На овој начин се осветлува предметот на истражувањето кој се однесува на *моделите на педагошко водење* на надарените ученици.

Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е да се утврдат ставовите и мислењата на наставниците за разновидните модели на педагошко водење на надарените ученици, нивно функционирање, карактеристики и можности за примена.
Истражувањето има *современ карактер* конституиран со теоретски и емпириски импликации. Истражувањето отвора можности за унапредување на теоријата и практиката за овој значаен комплексен проблем - педагошко водење на надарените ученици во основното училиште.

Задачи на истражувањето

1. Да се утврди односот на наставниците кон грижата и работата со надарените ученици.
2. Да се утврди познавањето на наставниците за карактеристиките на надарените ученици.
3. Да се утврди ставот на наставниците во поглед на работата со надарените ученици.
4. Да се утврди познавањето на наставниците за причините за организирана работа со надарените ученици.
5. Да се испита мислењето на наставниците за изборот, идентификација на модели на педагошко водење на надарените ученици.
6. Да се испита мислењето на наставниците за изборот на носители на изготвување на програми за работа со надарените ученици.
7. Да се испита мислењето на наставниците за степенот на застапеност на работа со надарените ученици.
8. Да се испита мислењето на наставниците за носителите на педагошкото водење на надарените ученици.
9. Да се испита мислењето, ставот на наставниците за функционирањето на видот на моделот на педагошко водење – училишна акцелерација.
10. Да се испита мислењето на наставниците за употребата на менторска настава како вид на модел на педагошко водење на надарените ученици.
11. Да се испита мислењето на наставниците за степенот на значајност на видовите модели на педагошко водење, односно дидактичките форми на работа со надарените ученици.
12. Да се испита мислењето на наставниците за степенот на значајност на методите на работа како модели на педагошко водење со надарените ученици.
13. Да се испита мислењето на наставниците за степенот на значајност на начините на индивидуализација како модели на педагошко водење во работата со надарените ученици.
14. Да се испита мислењето на наставниците за нивната подготвеност за работа со надарените ученици.
15. Да се испита мислењето на наставниците за степенот на задоволство од работата со надарените ученици.

16. Да се испита мислењето на наставниците за креативноста како основа за работа со надарените ученици.

Хипотези

Генерална хипотеза

Наставниците имаат позитивен однос кон грижата и работата со надарените ученици.

Помошни хипотези

1. Наставниците ја познаваат дефинираноста на поимот надарени ученици.
2. Наставниците сметаат дека треба посебно да се работи со надарените ученици.
3. Наставниците ги познаваат карактеристиките на надарените ученици како основа за работа со нив.
4. Наставниците го познаваат степенот на значајност на употреба на моделите на педагошко водење на надарените ученици.
5. Наставниците го познаваат начинот на вршење на изборот, идентификација на надарените ученици за нивно учество во моделите на педгошко водење .
6. Наставниците сметаат дека програмите за работа со надарените ученици треба да ги изготвува самиот наставник.
7. Наставниците сметаат дека недоволно се работи со надарените ученици во наставната практика.
8. Наставниците сметаат дека педагошки водач - носител на организираната работа со надарените ученици треба да биде предметниот наставник.
9. Наставниците сметаат дека е потребно актуализирање на училишната акцелерација како модел на педагошко водење кој овозможува забрзано напредување на надарените ученици.
10. Наставниците сметаат дека менторската настава како модел на педагошко водење на надарените ученици треба да се употребува во наставната практика.
11. Наставниците сметаат дека најзначајна дидактичка форма како модел на педагошко водење на надарените ученици е индивидуализираната работа.
12. Наставниците сметаат дека методот на самостојна работа со учебник и друг печатен текст како модел на педагошко водење треба да преовладува во работата со надарените ученици.
13. Наставниците ја сметаат проблемската настава како најзначаен модел на педагошко водење на надарените ученици.
14. Наставниците сметаат дека не се доволно подготвени за работа со надарените ученици.
15. Наставниците не се задоволни од работата со надарените ученици.
16. Наставниците имаат позитивни ставови за креативноста како основа за работа со надарените ученици.

Варијабли на истражување

Во ова истражување, независна варијабла се моделите на педагошко водење, а зависна варијабла се ставовите и мислењата на наставниците во поглед на функционирањето на моделите на педагошко водење на надарените ученици.

Методи, техники и инструменти на истражување

Во истражувањето се користи *дескриптивно-аналитичкиот метод* на истражување. Во овој контекст се користи анализата како методолошка постапка во насока на анализирање на видовите модели на педагошко водење.
За истражување ставови и мислења на наставниците се користат методолошките техники: анкетирање, интервјуирање и тестирање.
За осмислување на ова истражување се користат три истражувачки инструменти:
- анкетен лист - скалер;
- протокол на интервју;
- тест на творечки ставови.

Примерок на истражувањето

Во истражувањето се применува *стратификуван примерок* од 9 училишта од градско и селско подрачје.

Статистичка обработка на податоците: анализата на податоци е базирана на пресметување фреквенција, процент, аритметичка средина и ранг.

Во докторската дисертација, кандидатката м-р Радевска, меѓу другото, истакнува дека во демократската комуникакција, наставникот на надарениот ученик му дозволува и му овозможува непречено да ги изнесе своите ставови, мислења, заклучоци, генерализации, фреквентно му поставува прашања на наставникот, дискутира на одредени теми, расправа за сложени проблеми кои се над неговото когнитивно ниво, елаборира и сл. Со овој вид на комуникација наставникот успешно ги интегрира знаењата и креативноста на надарените. Овој наставник, кој професионално истражувачки е детерминиран, е личност која континуирано се усовршува и се менува. Тој треба одлично да ги познава моделите на педагошко водење на надарените ученици и со ентузијазам, висока мотивираност и непрекинато да бара нови решенија и принципи. Неговата успешност се објективизира со неговото иницирање на заедничко планирање на работата, заедничко договарање со надарените ученици, односно заемна креативна работа. Својот истражувачки когнитивен стил го проектира и пренесува на своите ученици кои, како повратна информација, му ги презентираат врвните успеси во различни научни и уметнички подрачја. Со успешноста на неговите надарени ученици се афирмира и неговата успешност, педагошки дигнитет и творештво.

Според м-р Радевска, моделите на педагошко водење се разновидните мултидимензионални насоки, принципи, патишта за поттикнување, стимулирање на надарените ученици, односно нивниот развоен функционален напредок и животен успех.
Истакнати се следните ориентационите модели на педагошко водење:

- училишна акцелерација;
- додатна настава;
- слободни активности;
- индивидуализирана форма на наставна работа;
- менторска настава;
- модели на креативно учење;

- посебни одделенија или училишта за надарени ученици;
- заедничко планирање на наставникот и надарените ученици;
- микро настава;
- проблемска настава - имплементирање нејзини највисоки степени;
- мултимедијален пакет;
- флексибилен распоред на часови.

Во трудот се истакнува дека наставникот е еден од водечките учесници на континуираниот тек на процесната дијагностика на надарените ученици, односно будно ги следи индикациите на овие ученици. Во соработка со педагошко-психолошката служба на училиштето ја спроведува индентификационата процедура на потенцијално надарените ученици. Наставникот активно учествува во реализирањето на програмата на стручниот актив на наставниците, реализатори во самото училиште, а е и ентузијаст кој перманентно треба да се информира, да се оспособува и да се усовршува преку следење на педагошко-психолошка литература, учество со свои трудови на семинари, симпозиуми и научни собири за оваа значајна проблематика.

Тој непосредно треба да соработува и со родителите на овие ученици, при што ги информира за напредокот и резултатите постигнати од нивните деца.

Во трудот се истакнува дека предуслов за успешна работа на наставникот со надарените учениците е неговиот **позитивен став** за оваа значајна комплексна проблематика.

Според кандидатката, наставникот треба добро да ги познава:

- образовните потреби на надарените ученици;
- карактеристиките на надарените ученици;
- специфичностите и карактеристиките за учење на овие ученици;
- содржинските стандарди на разновидните модели на педагошко водење на надарените ученици;
- наставните програми за работа со овие ученици;
- дидактичкиот инструментариум, односно методите, формите и стратегиите;
- принципите на имплементирање како основа во процесуалната работа со надарените ученици;
- современата стручна литература за оваа проблематика;
- примената на информациона-комуникациска технологија во функционирањето на моделите на педагошко водење.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација поднесена од м-р Нела Радевска нуди значен придонес на планот на микрометодичкото процесуирање на моделите на работа со надарени ученици. Аналитичко-компаративните резултати од искуствата во Република Македонија претставуваат драгоцен извор на сознанија, проблемот на надареноста и надарените ученици во основното образование да добие во квалитет преку низата понудени решенија, предлози и изграден модел на можни решенија кои би придонеле за унапредувањето на севкупната дејност во овој сегмент на воспитно-образовниот систем кај нас.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особена чест и задоволство му предлагаме докторската дисертација под наслов: ***Модели на педагошко водење на надарените ученици во основното училиште,*** изработена од кандидатката ***м-р Нела Радевска,*** да ја усвои и да ја одобри нејзината јавна усна одбрана.

Скопје, 16.3.2012 година

К о м и с и ј а

1. Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
2. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
3. Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, с.р.
4. Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.
5. Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „МОЛЕКУЛАРНА ТИПИЗАЦИЈА И ФИЛОГЕНЕТСКА АНАЛИЗА НА ЛЕНТИ ВИРУСИТЕ КАЈ МАЛИТЕ ПРЕЖИВАРИ ДЕТЕКТИРАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 19. XII 2011 година, донесе одлука бр. 0201-4577/5 со која се формира Комисија за утврдување на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот за научна работа, во состав: проф. д-р Дине Митров, проф. д-р Славчо Мреношки и проф. д-р Игор Улчар, на кандидатот м-р Игор Цаџовски и темата под работен наслов „Молекуларна типизација и филогенетска анализа на ленти вирусите кај малите преживари детектирани на територијата на Република Македонија “.

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поденсува следниов,

ИЗВЕШТАЈ

Оспособеност на кандидатот

М-р Цаџовски Игор е роден на 19.3.1979 година во Мостар, Р. Босна и Херцеговина. Основно образование завршил во Скопје во 1993 година, а средно ветеринарно училиште во УСО „Браќа Миладиновци“ во Скопје во 1997 година, со континуиран одличен успех. Во 1997 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на кој и дипломирал во 2004 год. со просечен успех на студиите 8,7. Во текот на студирањето, како талентиран студент се стекнал и со државна стипендија од Министерството за образование и наука. Во 2006 година го положил стручниот испит за доктор по ветеринарна медицина. Во 2007 година запишал постдипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на отсекот микробиологија, епизоотиологија и имунологија. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просек 10,00 и на 13.12.2011 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Серопреваленца на ленти вирусите кај малите преживари во Република Македонија“.

Во доставените биографски податоци се наведуваат следниве активности:

[19 – 22.12.2006]. Тренинг обука за ракување и работа со Bio-Rad IQ5 Multicolor Real-Time PCR Detection System, заедно со специјализираниот Bio-Rad IQ5 Optical System Sofwear version 2.0 standard edition, и апликација на real-time PCR.
Квалификуван обучувач : Dr. Doinita Ispas.
Директор: Biochem. Daniela Badea.

[10.9.2007]. Учество на работилница по Проектот за зајакнување на безбедноста на храната и контролата на квалитетот.
Training Module 8: Laboratory management and accreditation;
International STE/trainer: Dr. Henk Heihthuijsen.

[28.1 – 8.2. 2008]. Учество на работилница за обука "Diagnosis of Avian Influenza" како дел од EU 6th Framework Coordination Action Project "FLUTRAIN", во OIE и National Reference Laboratory for New Castle Disease and Avian Influenza – IZS Venezie,Legnaro (Padova), Italy.
Flutrain Координатор : Ilaria Capua DVM.

[5.5 – 8.5. 2008]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума и Годишното собрание на националните лаборатории за африканска свинска чума одржано во Хановер, Германија.

[15.6 – 16.6.2009]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Валдеолмос, Мадрид, Шпанија.

[17.9.2009 – 18.9.2009]. Учество во Националната интегрирана десктоп симулациона вежба за птичји грип кај анималната и хумана популација во Македонија, одржана во Скопје, Македонија.

[22.9 – 2.10.2009]. Учество на работилницата за обука со наслов : "Regional European Training Course on Advanced Molecular Diagnosis and Characterization of Avian Influenza (Bird Flu)", организирана од FAO/IAEA Joint Division и EU ConFluTech Project, во Сајберздорф, Австрија.

[7.12 – 18.12.2009]. Учество на работилницата за обука со наслов: "Regional Training Course on Genomic DNA Preparation, Microsatellite Analyses and Sequencing", организирана од IAEA, во рамки на IAEA Technical Cooperation Regional Project RER/5/015 "Supporting Early Warning and Surveillance of Avian Influenza Infection in Wild and Domestic Birds and Assesing Genetic Markers for Bird Resistance", одржана во Сајберздорф, Австрија.

[18.1 – 19.1.2010]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на комбинираниот Годишен состанок на националните лаборатории за лигавка и шап и везикуларна болест кај свињите, одржан во Брисел, Белгија.

[27.1 – 29.1.2010]. Учесник во работилницата како дел од FP6-проектот "Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in Macedonia", одржана во Охрид, Македонија.

[24.3 – 25.3.2010]. Учество на работилница Animal Welfare: From cure to prevention, во организација на FVE и Ветеринарната управа на Србија, одржана во Белград, Србија.

[19.5 – 20.5.2010]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Пулави, Полска.

[28.10 – 30.10.2010]. Учество на научно-стручниот собир "Денови на ветеринарна медицина 2010", Охрид, Македонија.

[12.12 – 17.12.2010]. Стручна посета на Ветеринарниот факултет и Националниот ветеринарен институт во Љубљана, Словенија.

[18.5-19.5.2011]. Претставник на Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт во Скопје при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума одржано во Постојна, Словенија.

[12.5-13.5.2011]. Учество на 4-тата Годишна работилница на европските референтни лаборатории за бруцелоза, под наслов „Идентификација и типизација на бруцелата - бактериологија и молекуларна биологија", одржана во Слиема, Малта.

[9.9-11.9.2011]. Учество на научно-стручниот собир "Денови на ветеринарна медицина 2011", Охрид, Македонија.

[19.9-23.9.2011]. Обука за методите за дијагностика на беснилото, вирусолошки и молекуларни, во Европската и OIE, референтна лабораторија за беснило во Нанси, Франција.

[21.9-22.9.2011]. Учество на Годишниот состанок на националните референтни лаборатории за дијагностика на беснило во рамките на проектот „Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia", Нанси, Франција.

[14.11-15.11.2011]. Учество на 1-та Регионална работилница по проектот „Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia", во склоп на IPA-програмата за Западен Балкан, одржана во Загреб, Хрватска.

Кандидатот Игор Цаџовски успешно ја извршува наставната, научно-стручната и апликативната дејност во Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје како асистент по предметите основи на клиничка и лабораториска дијагностика и внатрешни болести кај преживни животни. Досега, како автор и коавтор има објавено 15 научни и стручни трудови и има одржано 3 презентации на меѓународни собири. Како заменик раководител на Лабораторијата за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии и Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика при Ветеринарниот институт во Скопје, активно е вклучен во лабораториската дијагностика на заразните болести кај животните како и во имплементацијата и валидацијата на нови методи за тестирање.

Кандидатот Игор Цаџовски бил учесник и во неколку меѓународни проекти меѓу кои: FP6-проектот со наслов „ Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in Macedonia " (2007-2010 година); регионалниот проект на меѓународната агенција за атомска енергија: IAEA Technical Cooperation Regional Project RER/5/015 "Supporting Early Warning and Surveillance of Avian Influenza Infection in Wild and Domestic Birds and Assesing Genetic Markers for Bird Resistance" (2009-2011 година); билатералниот проект со Словенија „Епидемиолошка студија на ретровирусните инфекции кај преживарите во Словенија и Македонија" (2010-2011 година), како и во проектот во склоп на IPA-програмата за Западен Балкан „Capacity building of Veterinary services in Republic of Macedonia" (2010-2012 година).

Според законските прописи, кандидатот м-р Игор Цаџовски ги исполнува условите и е способен за самостојна изработка на докторска дисертација.

Подобност на темата

Кандидатот м-р Игор Цаџовски за изработка на докторската дисертација предлага работен наслов „Молекуларна типизација и филогенетска анализа на соевите на ленти вирусите кај малите преживари детектирани на територијата на Република Македонија". Предложената тема кандидатот ја предлага врз основа на многубројните литературни податоци кои укажуваат на предностите и големото значење на новите техники за молекуларно типизирање во разјаснувањето на епидемиологијата и подобрувањето на контролните програми за ерадикација на болестите предизвикани од овие вируси, но и заради фактот што во нашата држава воопшто не се спроведени ваков тип на истражувања.

Во *Вовед* и *Преглед на литературата,* кандидатот опширно и детално ги елаборира податоците од литературата кои се однесуваат на карактеристиките на вирусите од фамилијата Retroviridae, како и карактеристиките и особеностите на родот Lentivirinae, во кој спаѓаат и ленти вирусите кај малите преживари.

Лентивирусите кај малите преживари (ЛВМП) предизвикуваат појава на две болести, меди - висна (МВ, кај овците) и козии артритис-енцефалитис

(КАЕ, кај козите), кои се карактеризираат со перзистентна инфекција и задолжителен летален исход на домаќинот. Овие две болести имаат големо економско значење, посебно за индустриски развиените земји во кои се сретнува поорганизирано и масовно фармско одгледување на овците и на козите и каде што застапеноста е многу повисока во однос на земјите во развој каде има главно екстензивно одгледување на домашни, автохтони, раси на овци и на кози.

Меди–висна вирусот бил откриен за време на т.н. белодробна епидемија кај овците во Исланд, од крајот на 30-тите до крајот на 50-тите години од минатиот век. Вирусот бил изолиран од случаи со интерстициелна пневмонија и демиелинизирачки леукоенцефаломиелитис и бил првиот лентивирус изолиран во 1957 година од страна на Бјорн Сигурдсон. Инфекцијата на козите со лентивируси за првпат е откриена во 1974 год. како резултат на епизоотичниот леукоенцефаломиелитис кај јариња со старост од 1 до 4 месеци во северозападниот дел на САД.

ЛВМП се неонкогени, егзогени, едноверижни RNA-ретровируси кои спаѓаат во фамилијата Retroviridae (подфамилија Orthoretrovirinae), род Lentivirinae, и помеѓу себе делат многу сличности и заеднички својства, што е докажано преку многубројните филогенетски анализи, па поради тоа во денешно време тие се групирани заедно во една серо група наречена лентивируси кај малите преживари (ЛВМП). Покрај вирусот на МВ и вирусот на КАЕ, во групата на лентивируси спаѓаат уште и хуманиот (ХИВ), симијаличкиот (СИВ), мачкешкиот (МИВ) и говедскиот (ГИВ) вирус на имунодифициенција, како и вирусот на инфективна анемија кај коњите (ИАК).

Вирионот на ЛВМП е обвиткан во јадро со сферична или форма на ковчег како и останатите лентивируси и пакетира диплоиден RNA геном од 9189 – 9256 базни парови (bp). Ретровирусите содржат три есенцијални гени и тоа: gag, pol и env, кои ги енкодираат вирусните структурни и ензимски протеини и за разлика од останатите ретровируси имаат нешто посложена градба. Геномот продуцира пет структурни и четири неструктурни протеини. Env-генот ја енкодира синтезата на гликопротеинот на обвивката gp135, познат и како површински протеин (SU) и на трансмембранскиот протеин (TM) gp41. Антигенските варијации во SU се јавуваат како резултат на мутации во env-генот и тие се одговорни за биолошките и серолошките варијации во изолатите на ЛВМП.

Новите филогенетски анализи, базирани врз основа на подолги генетски секвенци, ги делат овие вируси во 4 секвенцни групи од А до D. Групите А и В понатаму се делат на поттипови. Групата А содржи најмалку седум поттипа, а групата В најмалку два поттипа. До денес, поттиповите А5 и А7, и групите С и D се најдени само кај козите. Поттиповите А1 и А2 се изолирани само од овци. Поттиповите А3, А4, А6, В1 и В2 се најдени и кај двата вида. Рекомбинација помеѓу групите А меди-висна вирус и групата В-вируси на козји артритис/енцефалитис вирус, неодамна е демонстрирана кај кози инфицирани со двата вируса.

Овчите лентивируси (МВВ) се идентификувани во скоро сите земји каде што е развиено овчарството, со исклучок на Австралија, Нов Зеланд и Исланд,

каде што оваа болест е ерадицирана. Вирусот на КАЕ е широко распространет по целиот свет, а неговата дистрибуција е највисока во индустриски развиените земји, и се чини дека коинцидира со интернационалните движења на европските високомлечни раси на кози. Серопреваленцата на вирусот на КАЕ кај козите во САД, Канада и Европа се движи од 38% до 81%. Серопреваленцата во Англија, Австралија и земјите во развој вообичаено е помала од 10%.

Извори на болеста претставуваат инфицираните единки. Еднаш кога ќе дојде до инфекција, се развива доживотна, перзистентна инфекција на клетките на белите дробови, млечната жлезда, лимфните јазли, слезената, зглобовите и на ЦНС.

Главен начин на ширење на ЛВМП е лактогената трансмисијата преку колострумот (вертикален пренос) од мајките на доенчињата, додека други начини на ширење можат да бидат со директен контакт, аеросолна инфекција, индиректно – со вода контаминирана со фецес, садови во кои имало заразено млеко и сл., јатрогено – преку инфицирани хируршки инструменти, игли извалкани со крв и сл. Венеричната трансмисија, интраутериниот пренос како и преносот со помош на векторски инсекти се теоретски можни, но со минорно значење за епидемијологијата на ЛВМП.

Приемчиви видови за ЛВМП се овците и козите од сите старосни категории. Кај возрасните болеста најчесто е од хроничен карактер и клиничките симптоми кај овците најчесто се забележуваат дури по втората - третата година, а кај козите може да дојде до нешто порана манифестација на клиничките симптоми. Висна формата на болеста најчесто се јавува кај овците, додека нервната форма (енцефаломиелитис) кај козите најчесто се јавува кај младите јарињa од 2 до 4 месеци.

Присуството на антитела против вирусот во колострумот не заштитува, а вакцинираните кози развиваат многу потешки лезии кога експериментално ќе се инфицираат со вирус, отколку невакцинираните кози.

Болеста е резултат на воспалението кое се јавува како реакција на имуниот систем на домаќинот на експресионираниот вирус. Се смета дека имуните комплекси се основа за хроничните воспалителни промени во ткивата. Лезиите се карактеризираат со појава на лимфоцитен инфилтрат и вирусот предизвикува мултисистемски синдром на болеста, кој примарно ги вклучува синовијалното сврзно ткиво - предизвикувајќи хроничен артритис, вимето - предизвикувајќи отекување и стврднување на млечната жлезда со или без присуство на маститис и белите дробови - предизвикувајќи хронична интерстициелна пневмонија.

ЛВМП предизвикуваат перзистентна инфекција кај овците и козите и иако најголем број од инфицираните животни не манифестираат изразена клиничка слика на болеста (супклиничката инфекција), познати се пет клинички форми кои можат да се јавуваат при КАЕ кај козите и меди-висна кај овците: артритис, прогресивна интерстициска пневмонија, демиелинизирачки леукоенцефалитис, маститис и прогресивно слабеење, што како конечен исход секогаш има смрт на домаќинот. Прогресивната пневмонија е примарен клинички наод кај меди, додека хроничниот полиартритис со синовиитис и бурзитис е примарен клинички исход кај

инфекциите со вирусот на КАЕ. Енцефалитисот, т.е. нервната форма, се јавува како примарен симптом кај овците при висна и кај јариња на возраст од 2 до 6 месеци при инфекции со вирусот на КАЕ.

Дијагнозата на ЛВМП може да се постави врз основа на клиничките симптоми и анамнестичките податоци, како и врз основа на лабораториските тестирања. Изолација и карактеризација на МВВ и вирусот на КАЕ нормално не се користат за рутинска дијагностика на вирусот. Поради перзистентната природа на инфекцијата, утврдувањето на позитивен серолошки статус е доволно за идентификација на носителите на вирусот. Има два приода кон изолација на МВВ и вирусот на КАЕ: едниот се користи за живи животни, а другиот при користење на ткива од угинати животни.

а) Изолација од живи животни

МВ провирусот се наоѓа во циркулирачките моноцити и ткивни макрофаги. За изолација на вирусот од живи животни потребно е да се направи подготовка на леукоцити, со внимание на асептичноста, од периферната крв или од млекото за време на лактацијата, и да се култивираат заедно со индикаторски клетки како што се клетките на хориоидниот плексус на овците (анг.: SCP – sheep choroid plexus). Истото важи и за провирусот на КАЕ, а како индикатор клетки се користат клетките на синовијалната мембрана на козите (ККСМ, анг.: GSM – goat synovial membrane). Присуството на вирусот во GSM кокултурите, кои покажуваат цитопатоген ефект, се потврдува со метод на имунообележување и со електронска микроскопија

b) Изолација од ткива од угинати животни

Изолацијата на вирусот може дасе изведе со кокултивација на макрофагите со SCP или со GSM клетките како што е случајот и со леукоцитите.

в) Методи за откривање на нуклеинските киселини

ЛВМП можат да се дијагностицираат и со методи за детекција на провирусната деоксирибонуклеинска киселина (pvDNA) со методот на полимераза верижната реакција (PCR; Real time PCR и класичен PCR), следено со методите на Southern blotting, in situ хибридизација, клонирање и секвенционирање на PCR-продуктот.

Употребата на молекуларните методи како што се PCR-от, клонирањето и секвенционирањето обезбедуваат информации за МВ и КАЕ-вирусните соеви специфични за одреден регион или држава, што може да има важна улога во одредувањето на серолошкиот тест и соодветниот антиген кој ќе се употребува.

Бидејќи инфекциите со ЛВМП кај овците и козите се перзистентни, детекцијата на соодветни антитела преставува вредна серолошка алатка во идентификацијата на носителите на вирусот. Иако антигено се многу блиски, сепак тоа не е доволно за детекција на хетерологните антитела кај некои серолошки тестови.Најчесто користени серолошки тестови за ЛВМП се агар гел имунодифузониот тест (AGID) и ELISA-та. AGID-тестот е специфичен,

репродуктибилен и едноставен за изведба, но потребно е искуство за читање на резултатите. ELISA-тестот е препорачлив за тестирања со поголем број на мостри. Сензитивноста и специфичноста и на AGID-от и на ELISA-та зависат од вирусниот сој и вирусниот антиген кој е употребен во тестот, подготовката на вирусниот антиген и тестот кој ни служи како стандард за споредба.

Во однос на ELISA-тестовите, развиени се повеќе од 30 различни ELISA-тестови, од кои најголемиот дел се i-ELISA тестови, додека само три се c-ELISA- тестови.

ELISA-техниката е исто така применлива и за детекција на антитела против ЛВМП во мостри од млеко, иако поради тоа што колострумот и млекото се главни извори за пренос на ЛВМП, оваа детекција не би дала навремени информации за превенција на вирусната трансмисија.

Иако серологијата претставува најекономичен метод за дијагностика на перзистентно инфицираните, клинички нормалните – асимптоматски животни, мора да се земе предвид дека грешки во тестирањето можат да се јават. Фреквенцијата на грешките зависи од неколку фактори кои вклучуваат, но не се ограничени само од:

- форматот на тестот;
- хомологијата помеѓу сојот на вирусот употребен во тестот и сојот на вирусот кој се наоѓа во популацијата која се тестира;
- вирусниот антиген употребен во тестот.

Како и кај другите вируси од подфамилијата на Lentivirinae, „чистење“ (англиски: clearance) од вирусот никогаш не е забележано ниту по природна или експериментална инфекција. Вакцинацијата против МВ може да биде меч со две острици. Постојат добри експериментални податоци кои покажуваат дека со употреба на цел инактивиран вирус болеста ќе се направи уште полоша преку развивање на имунопатолошки лезии.

За неинфицираните стада, прв приоритет е да се спречи интродукција на инфекцијата. Ова може да се постигне со примена на добри биосигурносни мерки, кои вклучуваат немешање на овците од различни стада, неделење на расплодните овнови, како и одржување на соодветна поделеност во трлата и шталите.

Примена на карантин и земање на крв на грлата за замена, како и набавка на нови грла од потврдени МВ/КАЕ - слободни одгледувалишта е најдоброто решение за контрола на влез на инфекцијата. Доколку инфекцијата на стадото се детектира доволно рано, кога серопреваленцата е ниска, едноставна „тестирај и заколи“ програма на 3 до 6 месечни интервали може да биде успешна во елиминирање на инфекцијата, но многу е веројатно дека економски би била исплатлива само во педигрирани стада. Од есенцијално значење е јагнињата/јариња од серопозитивни мајки веднаш да бидат отстранети и да се прихрануваат со термички обработен колострум на 56°C за време од 60 минути.

Следен дел во поднесокот е *Мотив на истражувањето* во кој кандидатот ја посочува потребата од молекуларна типизација и филогенетска анализа на локалните соеви на ЛВМП кои циркулираат на територијата на една држава (па дури и на уште пониско ниво, на ниво на региони), поради фактот што лентивирусите спаѓаат во групата на микроорганизми кои се одликуваат со најбрз развој (еволуција) на геномот како и докажаната, голема, хетерогеност во однос на генетските, антигените и биолошките својства кои постои помеѓу досега карактеризираните вирусни изолати на ЛВМП. Примената на молекуларните методи за типизација, кои се со висока дискриминаторна моќ, овозможуваат решение на овие проблеми. Според кандидатот, застапеноста на ЛВМП во Р. Македонија е доста висока и изнесува околу 32,00%, со варијации од 59,35% во регионот со највисока застапеност (полошкиот), до 14,06% во регионот со најниска застапеност (североисточниот). Овие податоци произлегуваат од тестирањата на преку 2000 крвни мостри од овци и кози од целата територија на Р. Македонија со употреба на два ELISA-теста, компетитивна ELISA (c-ELISA, \/MRD, САД) и индиректна ELISA (i-ELISA, IDEXX laboratories, Холандија). Со компарација на добиените резултати, преку употреба на "*карра*" статистиката, кандидатот утврдил многу добра усогласеност на резултатите од двата теста, меѓутоа, резултатите за сензитивноста и специфичноста добиени со меѓусебна споредба на резултатите од двата теста без употреба на стандардна референтна метода за компарација покажале значително пониски вредности во однос на вредностите објавени во валидациските извештаи на производителите на соодветните тест-китови. Кандидатот оваа ситуација ја објаснува со тоа што рана серолошка дијагностика на ЛВМП може да се постигне со употреба на дијагностички тестови кои се засноваат на употреба на хомологни антигени подготовки, меѓутоа, најголемиот број на дијагностички тестови кои се денес во употреба, користат антигени подготовки од еден (референтен) сој кој антигено може значително да се разликува од локалниот(те) сој на ЛВМП кој циркулира во одредена држава или регион, што само по себе ќе ја намали сензитивноста на употребениот тест.

Кандидатот понатаму наведува дека со испитувањето ќе бидат опфатени сите детектирани и потврдени позитивни екстракти од приемчивите видови животни (овци и кози) со потекло од различни географски делови на Република Македонија. Главни *цели* на спроведеното испитување ќе бидат:

- утврдување на генотиповите кои циркулираат на територијата на РМ и нивната дистрибуција по видови на животни и географски региони;
- анализирање на генетската поврзаност помеѓу утврдените генотипови;
- проценување на дискриминаторна моќ и корисноста на молекуларни методи за типизација кога се применети во ендемски подрачја и на мала територија, како што е Република Македонија;
- одредување на сличноста/разликата на генотиповите потврдени во Република Македонија со оние што циркулираат во регионот и пошироко, и изработка на филогенетски стебла за нивната еволутивна поврзаност;

- евалуирање на можноста за рутинска примена на имплементираните методи за молекуларна типизација со директна примена на теренски примероци;

За реализирање на наведените цели ќе се имплементираат методи за молекуларна типизација кои се хармонизирани и препорачани од водечките европски и OIE-референтни лаборатории. Со ова добиените резултати ќе бидат компатибилни и ќе можат да се применат во споредбени анализи за епидемиологијата, биологијата и екологијата на лентивирусите кај малите преживари на глобално ниво.

Во делот *Материјал и методи,* м-р Игор Цаповски наведува дека за испитување ќе бидат користени полна крв, млеко и евентуално променети органи од угинати приемчиви животни кај кои се детектирани специфични антитела против ЛВМП. Од сите испитувани примероци во кои ќе биде детектирана провирусна ДНК на ЛВМП со полимераза верижна реакција или изолација, како и од сите добиени изолати, ќе биде прочистена вкупната ДНК со примена на комерцијален кит, по упатство на производителот. Ефикасноста на овој чекор ќе биде проценета со мерење на концентрацијата (изразена во ηg/μl) и степенот на чистина (изразена како однос на спектрофотометриската абсорбанца при 260 пт и 280 пт) на екстрахираната провирусна DNA со помош на NanoDrop 2000c, Thermo Scientific, спектрофотометар.

Во екстрахираната провирусна DNA ќе се спроведе секвенционирање на одредени региони во геномот (локуси) на ЛВМП, кои се од значење за нивна молекуларна типизација.

За добивање на овие секвенци ќе биде користен Big Dye Terminator Cycle Sequencing Kit, користен на ABI 310 генетскиот анализатор. По реакцијата на секвенционирање ќе биде генерирана консензусна секвенца за секој испитан примерок во секој локус, а добиените консензусни секвенци ќе бидат анализирани и подредени заради споредба. Врз основа на направените споредби ќе бидат креирани филогенетски стебла. За овие опреации ќе бидат користени софтверските програми Bio Edit и Mega 5. Со споредба на секвенците од сите соеви, ќе се добие и бројот на „sequence" типови.

Сите планирани испитувања ќе се спроведат во лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во делот *Очекувани резултати,* кандидатот наведува дека спроведените испитувања и анализи ќе го дадат бројот на различни генотипови кои во рамките на посебните соеви на ЛВМП кај овците и козите циркулираат на територијата на Република Македонија. Понатаму, ќе биде одредена и застапеноста на секој генотип по географски региони и по видови на животно, со што ќе се одреди и генотипот кој е најмногу застапен. Ќе се добијат и податоци за степенот на еволутивна сродност и поврзаност на овие генотипови меѓу себе и со оние што се типизирани надвор од нашата земја. Со уврдување на евентуалните генетски варијации во гените одговорни за синтеза на главните антигени детерминанти, кои се користат како основа во

најголемиот број на серолошки тестови, ќе се добие увид за антигената структура на локалните ЛВМП соеви во Р. Македонија. Овие резултати ќе бидат од голема корист за епидемиолошките студии и во однос на дефинирањето на најсоодветните, односно серолошките тестови со најголема сензитивност и специфичност за детекција на локалните соеви на ЛВМП кои циркулираат во Р. Македонија, а кои би се користеле како дијагностички тестови од избор во евентуалните идни контролни или ерадикациони кампањи од страна на државата.

ЗАКЛУЧОК

Од изнесените податоци се гледа дека предложената тема е многу интересна за работа. Кај нас досега не е работена генотипизација на лентивирусите кај малите преживари и нема податоци за генотиповите кои циркулираат, како и за нивната дистрибуција по видови и раси на животни и географски подрачја.

Според предлогот и опфатените поглавја по кои ќе биде обработена темата, сметаме дека таа ќе биде многу актуелна и од интерес за науката и практиката.

Поради сево ова, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати предложената тема на кандидатот м-р Игор Цаповски „Молекуларна типизација и филогенетска анализа на лентивирусите кај малите преживари детектирани на територијата на Република Македонија“ и да му одреди ментор за раководење во текот на испитувањата.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Дине Митров

_____

Проф. д-р Славчо Мреношки

_____

Проф. д-р Игор Улчар

_____

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, бр. 02-245/1 од 29.III 2012 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања од областа на аналитичката хемија на Земјоделскиот институт. Конкурсот за овој избор беше распишан во весниците "Дневник" и "Koha" од 17.II 2012 год. Во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Јулијана Цветковиќ, вонреден професор во Одделението за заштита на растенијата при Земјоделскиот институт во Скопје. Врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатката, чест ни е на Научниот совет на Земјоделскиот институт да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката д-р Јулијана Цветковиќ е родена на 18.X 1957 год. во Ресен. Основно училиште и гимназија завршила во Скопје. На Хемискиот факултет, насока: применета хемија, се запишала во учебната 1976/77 година. Дипломирала во декември 1981 год. со среден успех 8,05. Во јули 1984 год. се вработила на Институтот за овоштарство при Земјоделскиот факултет во Скопје како стручен соработник. Во учебната 1986/87 година била ангажирана во изведувањето на лабораториски вежби на Катедрата за хемија при Земјоделскиот факултет. Во тој период била на краток студиски престој во Институтот "Винча" во Белград, како и на повеќе симпозиуми и советувања по хемија и по овоштарство во земјата и во странство. Од март 1989 год. Институтот за овоштарство преминува во состав на Земјоделскиот институт, каде што д-р Јулијана Цветковиќ до денес работи во хемиската лабораторија. Во 1997 година е избрана, а во 2002 година преизбрана во звањето асистент на Земјоделскиот институт. Во 2002 година е избрана во звањето научен соработник, а во 2007 година во звањето виш научен соработник на Земјоделскиот институт. Во 2008 година е назначена за помошник-директор на Одделот за поледелство, а во 2012 година за раководител на Секторот за наука и образование на Земјоделскиот институт. Во 2009 година е назначена за Координатор на студиите од втор циклус на истиот Институт.

На постдипломски студии на тогашниот Хемиски факултет се запишала во 1982 година на насоката молекулска спектроскопија. Во февруари 1997 год., на Природно-математичкиот факултет ја одбранила магистерската работа под наслов: "Спектроскопски испитувања на манифестациите на водородното сврзување кај изоморфни односно изоструктурни кристалохидрати", работена под менторство на проф. д-р Бојан Шоптрајанов. Во април 2002 година, на Природно-математичкиот факултет во Скопје ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: "Развој и модификација на методи за определување на тешки метали во вина со електротермичка атомска апсорпциона спектрометрија", работена под менторство на проф. д-р Трајче Стафилов, и се стекнала со звањето доктор на хемиски науки.

Во 2008 година, на Земјоделскиот институт се започнати студиите од II циклус на кои д-р Јулијана Цветковиќ е назначена како раководител. На насоките по енологија и одржливо земјоделство, д-р Цветковиќ ги организира и ги изведува наставата и вежбите по предметите: енохемија, основи на инструментални методи и организација

на лабораторија за контрола на квалитет на вино, постбербени активности во интегрално производство, постбербени активности во интегрално производство и постбербени активности во органско производство. Во досегашната работа, д-р Јулијана Цветковиќ има дадено значаен придонес во научната и апликативната работа на Земјоделскиот институт. Заедно со другите научни работници ангажирана е во набавката на современа опрема и во организацијата на лабораторијата за испитување на физичко-хемиските својства на пестицидите за најголем дел од регистрираните фирми за промет на пестициди во Република Македонија. Д-р Јулијана Цветковиќ била член на тимот кој работи на проектот за испитување на степенот на контаминација на почвата со тешки метали околу реката Злетовица, проект финансиран од јапонската фондација JICA, а реализиран преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Во текот на досегашното работење, д-р Јулијана Цветковиќ била ангажирана во секојдневните активности во Одделението за заштита на растенијата при Земјоделскиот институт.

Научноистражувачка дејност

Од почетокот на своето вработување д-р Јулијана Цветковиќ е вклучена во реализацијата на повеќе научноистражувачки проекти. На 7 проекти била раководител. Во реизборниот период раководела два научноистражувачки проекта и била учесник во реализацијата на уште 6 меѓународни и домашни проекти. Од својата научноистражувачка работа, досега има објавено 35 труда, а 29 труда има соопштено на научни собири. Од изборот во звањето научен соработник до сега има објавено 11 труда и презентирано 9 соопштенија на научни собири. Во понатамошниот текст даден е краток опис на постигнатите резултати презентирани преку објавените трудови:

1. I. Karadjova, J. Cvetković, S. Arpadjan, T. Stafilov, ON THE DETERMINATION OF LEAD IN WINE BY ELECTROTHERMAL ATOMIC ABSORPTION SPECTROMETRY, *Central European Journal of Chemistry*, **5(3)**, 739-747 (2007).

Во овој труд е презентиран метод за определувањето на олово во вина со примена на електротермичката атомска апсорпциона спектрометрија (ETAAC). Утврдени се оптималните инструментални параметри како што се температурата и времето на пиролиза и атомизација. Примероците од вино пред анализата се разредувани со 0,2 mol l^{-1} HNO_3. Утврдено е дека подобра осетливост се добива доколку се користат графитни цевки со интегрирана платформа. Како модификатор се предлага примена на паладиум модификатор. Границата на детекција се движи од 0,8 до 1,9 μg l^{-1}, а релативната стандардна девијација од 4 до 8 %. Со примена на оптимираната метода извршено е определување на Pb во голем број на вина од Република Македонија и Бугарија.

2. М. Андреевски, Ј. Цветковиќ, Х. Попоска, Д. Мукаетов, Д. Петковски, К. Василевски, СОДРЖИНА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ (Fe, Cr И Ni) ВО РИГОСОЛИТЕ РАСПРОСТРАНЕТИ ВО ОКОЛИНАТА НА МЕТАЛУРШКИОТ КОМБИНАТ ФЕНИ, *III конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, Книга на трудови,* 375-380 (2007).

Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањата на ригосолите во непосредната околина на металуршкиот комбинат "Фени". Испитувањата се однесуваат на определување на Fe, Cr и Ni во два почвени профила оддалечени на 1 km од топилницата. Резултатите покажале зголемени содржини на хром и никел. Утврдено е

дека поради присуството на карбонати по целата длабочина на профилот, содржината на железото е ниска и нема опасност од контаминација на почвата.

3. I. Serafimovski, I. Karadjova, T. Stafilov, J. Cvetkovic, DETERMINATION OF INORGANIC AND METHYLMERCURY IN FISH BY COLD VAPOR ATOMIC ABSORPTION SPECTROMETRY AND INDUCTIVELY COUPLED PLASMA ATOMIC EMISSION SPECTROMETRY, *Microchemical Journal*, **89**, 42-47 (2008).

Во трудот е опишан метод за определување на Hg^{2+} и метилжива примероци од риба со примена на ААС. Извршена е оптимизација на сите хемиски и инструментални параметри за определување на живата со ААС со ладни паери (CV-HG-AAS) и CV-HG атомска емсиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-AES). Елиминацијата на преминот на хемиските видови на жива е извршена со солубилизација на примероците со примена на микробранова екстракција во тетраметиламониум хидроксид (TMAH) или 6 mol l^{-1} HCl. Двете форми, Hg^{2+} и метилжива се определуваат симултано директно од екстрактот со додавање на 1% раствор од $NaBH_4$. Валидацијата на методот е извршена со негова примена при анализа на сертифицирани референтни примероци DOLT-1 и IMEP-20.

4. Т. Стафилов, Р. Шајн, Б. Боев, Ј. Цветковиќ, Д. Мукаетов, М. Андреевски, ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА КАВАДАРЦИ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА, Природно-математички факултет, Скопје, 2008.

Трудот претставува геохемиски атлас со резултати од определувањето на содржината и дистрибуцијата на 36 макроелементи и елементи во траги во почвите од Кавадарци и од неговата околина. Испитувањето е извршено со цел да се процени големината на подрачјето во кое е присутно влијанието од работата на топилницата за фероникел. Целото испитувано подрачје (360 km^2) е опфатено со мрежа за земање примероци од 2×2 km^2, со тоа што во урбаната зона и во подрачјето околу топилницата за фероникел (117 km^2), мрежата за земање примероци почва е погуста, 1×1 km^2. На вкупно 172 локации се земени 344 примероци почва. На секое место, примероците се земани на две длабочини: во површинскиот слој на длабочина од 0 до 5 cm и на длабочина од 20 до 30 cm (долниот слој). Со примена на масената спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ISP-MS) се определени вкупно 36 елементи (Ag, Al, As, Au, B, Ba, Bi, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, Ga, Hg, K, La, Mn, Na, Mg, Mo, Ni, P, Pb, S, Sb, Sc, Se, Sr, Th, Tl, Ti, U, V, W и Zn). За сите елементи дадени се картите на дистрибуција. Дадено е објаснување за однесувањето на одредени асоцијации од елементи, како и за секој елемент поединечно.

5. М. Андреевски, Ј. Цветковиќ, Д. Мукаетов, Х. Попоска, Т. Секулоска, Д.Петковски, СОДРЖИНА НА НЕКОИ ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО СМОЛНИЦИТЕ ОД НЕГОТИНСКО, *Заштита на растенија*, **XX**, 133-136 (2009).

Во трудот се презентирани резултатите од определувањето на Pb, Zn, Cd и Cu во примероци од смолница во околината на Неготино. Резултатите покажале дека содржината на цинк во почвите е пониска од референтните вредности, а содржината на бакар и олово во некои делови од профилите е повисока од референтните но значително пониска од интервентните вредности. Содржината, пак, на кадмиум по целата длабочина на профилот е повисока од референтната вредност.

6. T. Stafilov, R. Šajn, B. Boev, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, S. Lepitkova, DISTRIBUTION OF COBALT IN SOIL FROM KAVADARCI AND THE ENVIRONS, *Geologica Macedonica*, **23**, 43–53 (2009).

Во овој труд е дадена просторната дистрибуција на кобалт во површинските (0-5 cm) и длабинските (20-30 cm) почви од Кавадарци и неговата околина. Испитувано е подрачје со површина од 360 km^2 со вкупно 344 проби. Утврдено е дека средната вредност на содржината на Co изнесува 15 mg/kg во двата слоја од почва (11-24 mg/kg). Највисоки вредности се добиени во почвите од палеозојските и мезозојските карпи (Pz-Mz) на западниот дел од испитуваното подрачје и во флишот (E) – еоценски флиш од северниот дел, а најниски во холоценскиот алувиум на реките Црна Река и Вардар.

7. T. Stafilov, R. Šajn, B. Boev, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, S. Lepitkova, DISTRIBUTION OF SOME ELEMENTS IN SURFACE SOIL OVER THE KAVADARCI REGION, REPUBLIC OF MACEDONIA, *Environmental Earth Sciences*, **61**(7), 1515-1530 (2010).

Овој труд се прикажани резултатите од испитувањето на дистрибуцијата на 36 елементи во површинските и длабочинските почви од Кавадарци и неговата околина. Со примена на масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-MS), определени се: Ag, Al, As, Au, B, Ba, Bi, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, Ga, Hg, K, La, Mn, Na, Mg, Mo, Ni, P, Pb, S, Sb, Sc, Se, Sr, Th, Tl, Ti, U, V, W и Zn. Податоците се обработени со различни статистички софтверски пакети: Paradox (ver. 9), Statistica (ver. 6.1), AutoDesk Map (ver. 2008) и Surfer (ver. 8.09). Утврдени се 4 геогени групи и една антропогена асоцијација од елементи. Утврдено е дека високите содржини на Ni. во почвите (како и на As, Cd, Co, Cr, Cu, Hg, Mo, Pb и Zn) се како резултати на нивната природна застапеност во соодветните карпи, посебно во оние од еоценскиот флиш.

8. М. Андреевски, Д. Мукаетов, Ј. Цветковиќ, Х. Попоска, Т. Секулоска, СОДРЖИНА НА ВКУПНИ ФОРМИ НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО НЕКОИ ПОЧВЕНИ ТИПОВИ ОД РЕСЕНСКО, *Заштита на растенија*, **XXI**, 67-72 (2010).

Презентирани се резултатите од определувањето на Pb, Zn, Cd и Cu во примероци од алувијална, колувијална и лесивирана почва од Ресенско. Резултатите покажале дека содржината на цинк, олово и бакар е пониска од референтните вредности. Утврдено е дека иако содржината на кадмиум во некои проби е незначително повисока од референтните, сепак е значително пониска од интервентните вредности.

9. T. Stafilov, R. Šajn, B. Boev, S. Lepitkova, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, DISTRIBUTION OF NICKEL IN SURFACE SOIL IN KAVADARCI AND THE ENVIRONS, *Природни ресурси и технологии (Natural Resources and Technology)*, **3**, 30-41 (2009).

Во овој труд е прикажана просторната дистрибуција на никелот во површинските (0-5 cm) и длабинските (20-30 cm) почви од Кавадарци и неговата околина. Испитувано е подрачје со површина од 360 km^2 со вкупно 344 проби. Утврдено е дека средната вредност на содржината на Co изнесува 72 mg/kg во двата слоја од почва (од 42 до 150 mg/kg). Највисоки вредности на содржината на никел се добиени во почвите од областа на палеозојските и мезозојските карпи (Pz-Mz) со површина од 39 km^2, и во подрачјето на флишот (E) – еоценски флиш (34 km^2). Најниски се оние во холоценскиот алувиум на реките Црна Река и Вардар.

10. М. Андреевски, Ј. Цветковиќ, Д. Мукаетов, Х. Попоска, СОДРЖИНА НА НЕКОИ ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО РИГОСОЛИ ОД КОЧАНСКО, *Заштита на растенија,* **XXII**, 81-86 (2011).

Во трудот се презентирани резултатите од определувањето на Pb, Zn, Cd и Cu во примероци од ригосоли од Кочанско. Резултатите покажале дека содржината на цинк во почвите е пониска од референтните вредности. Содржината на цинк, бакар и олово е пониска од референтните вредности, додека содржината на кадмиум во некои проби е незначително повисока од референтната вредност.

11. M. Andreevski D. Mukaetov, J. Cvetković, A. Trendafilov, O. Čukaliev, H. Poposka, T. Sekuloska, REMEDIATION OF FLOTATION MATERIAL OF COPPER MINE "BUČIM", RADOVIŠ, SOIL PROTECTION ACTIVITIES AND SOIL QUALITY MONITORING IN SOUTH EASTERN EUROPE, *JRC Scientific and Technical Reports,* 51-59 (2011).

Во овој труд се презентирани резултатите од ефектите од ремедијацијата на депонијата на флотационата јаловина на рудникот и флотацијата "Бучим" во околината на Радовиш. Со цел да се утврди соодветноста на почвата и другиот геолошки материјал употребен за ремедијацијата, земени се проби од почва на кои се извршени физички, физичко-хемиски и хемиски испитувања. Резултатите покажале дека испитуваните примероци имаат задоволителен механички карактеристики. Податоците од анализите на тешките метали покажале дека нивната содржина е далеку под референтните вредности на холандските стандарди.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ја предвид целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија смета дека д-р Јулијана Цветковиќ во овој период остварила значајни постигања на полето на научноистражувачката и стручната работа. Во овој период успеала да објави монографија и 10 научни труда, од кои 3 се објавени во списанија со фактор на влијание (impact factor), и презентирала 9 соопштенија на научни собири (од кои 5 на научни собири во странство). Д-р Јулијана Цветковиќ со својата наставна, научна и стручна активност ги задоволува сите критериуми за избор во повисоко звање предвидени со Правилникот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Поради сето ова, на Рецензентската комисија ѝ припадна посебна чест на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да му предложи д-р Јулијана Цветковиќ да биде избрана во звањето редовен професор.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ во Скопје с.р.

2. Д-р Катарина Чундева, редовен професор на ПМФ во Скопје с.р.

3. Д-р Слободан Банцо, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Јулијана Цветковиќ
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ, Земјоделски институт - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: аналитичка хемија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Настава 2 циклус студии: енохемија, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	6,75
	Вежби 2 циклус студии: енохемија, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	4,05
	Настава 2 циклус студии основи на инструментални методи, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	6,75
	Вежби 2 циклус студии: основи на инструментални методи, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	4,05
	Настава 2 циклус студии: организација на лабораторија за контрола на квалитет на вино, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	4,5
	Вежби 2 циклус студии: организација на лабораторија за контрола на квалитет на вино, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	1,8
	Настава 2 циклус студии: постбербени активности во интегрално производство, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	3
	Вежби 2 циклус студии: постбербени активности во интегрално производство, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	0,9
	Настава 2 циклус студии: постбербени активности во органско производство, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	3
	Вежби 2 циклус студии: постбербени активности во органско производство, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012	0,9
	Работилница DRIMON Project, 16-21 October, 2007, учесник	1
	Работилница "SWOT-CHEMISTRY-FOOD, 1-2 July, 2009, учесник	1
	Работилница "SWOT-CHEMISTRY-FOOD, 18-20 October, 2009, учесник	1
	Работилница DRIMON Project, End user workshop, 3-4 June, 2009, учесник	1
	Подготовка на нов предмет: енохемија, за едногодишни програми	1
	Подготовка на нов предмет: основи на инструментални методи, за едногодишни програми	1
	Подготовка на нов предмет: организација на лабораторија за контрола на квалитет на вино, за едногодишни програми	1
	Подготовка на нов предмет: постбербени активности во интегрално производство, за едногодишни програми	1
	Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: "Определување на вкупната содржина и на хемиските форми на антимон, арсен, калај и селен", Јожица Мајда Серафимовска.	0,5
	Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: "Дистрибуција на тешки метали во почвите од Косовска Митровица и нејзината околина", Милихате Алиу.	0,5

	Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа "Методи за определување на вкупната содржина и на хемиските форми на арсен, железо и жива", К.Ташев.	0,3
	Член на Комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа: "Примена на кобалт(III) тетраметилендитиокарбамат како колектор за кофлотационо концентрирање на елементи во траги и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија", В.Енимитева.	0,2
	Вкупно	**40,7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Раководител на проект: Влијание на биостимулатори врз степенот на контаминација со тешки метали на агро-системите и можност за ремедијација, МОН, 2006-2009.	6
2.	Раководител на проект: Heavy metals in the environment as a consequence of past mining and smelting, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Ljubljana, 2006-2007.	9
3.	Раководител на проект: Карактеризација и определување на географското потекло на македонските вина со примена на хемиски методи и метода на стабилни изотопи, МОН, 2010-2012.	6
4	Учесник во проект Квантификација на приливот на нутриенти во водите на сливот на реката Црн Дрим – национален координатор (DRIMPOL).	5
5.	Учесник во проект Interdisciplinary assessment of water resource management in two transboundary lakes in Easter Europe (DRIMON), 2007-2009.	5
6.	Учесник во проект: Development of methods for determination of toxic chemical species and essential elements in food and environmental samples; Bulgarian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, 2005-2007.	5
7.	Учесник во проект: Примена на некои нови флотациони техники за аналитички цели, 2006-2009.	3
8	Учесник во проект: Evaluation of the research capacity and development of a strategy for further growth in chemistry in general and in food science in particular, FP7.	5
9.	Учесник во проект: Развој на аналитички методи за определување на траги од метали и лекови во биолошки материјали, 2006-2009.	3
10.	Учесник во проект: Развој на методи за хемиска карактеризација на антиоксидантни и токсични супстанци во примероци од животната средина и храна, МОН, 2010-2012.	3
11.	Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно меѓународно списание со IF: I. Karadjova, J. Cvetković, S. Arpadjan, T. Stafilov, On the determination of lead in wine by electrothermal atomic absorption spectrometry, *Central European Journal of Chemistry*, 5(3), 739-747 (2007).	4,8
12.	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Андреевски М., Цветковиќ Ј., Попоска Х., Мукаетов Д., Петковски Д., Василевски К., Содржина на тешки метали (Fe, Cr и Ni) во ригосолите распространети во околината на металуршкиот комбинат Фени, *Книга на апстракти, III конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество*, стр. 375-380 (2007).	1,8
13.	Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно меѓународно списание со IF: I. Serafimovski, I. Karadjova, T. Stafilov, J. Cvetkovic, Determination of inorganic and methylmercury in fish by cold vapor atomic absorption spectrometry and inductively coupled plasma atomic emission spectrometry, *Microchemical Journal*, **89**, 42-47 (2008).	4,8

14.	Монографија: Т. Стафилов, Р. Шајн, Б. Боев, Ј. Цветковиќ, Д. Мукаетов, М. Андреевски, Геохемиски атлас на Кавадарци и неговата околина, ПМФ, Скопје, 2008.	8
15.	М.Андреевски, Ј. Цветковиќ, Д.Мукаетов, Х. Попоска, Т. Секулоска, Д.Петковски, Содржина на некои тешки метали во смолниците од Неготинско, *Заштита на растенија,* Vol.XX, стр.133-136 (2009).	1,2
16.	Trajče Stafilov, Robert Šajn, B. Boev, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, S. Lepitkova, Distribution of cobalt in soil from Kavadarci and the environs, *Geologica Macedonica*, 23, 43–53 (2009).	1,2
17.	Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно меѓународно списание со IF: T. Stafilov, R. Šajn, B. Boev, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, Sonja Lepitkova, Distribution of some elements in surface soil over the Kavadarci Region, Republic of Macedonia, Environ Earth Sci., (2010).	4,2
18.	М. Андреевски, Д. Мукаетов, Ј. Цветковиќ, Х. Попоска, Т. Секулоска, Содржина на вкупни форми на тешки метали во некои почвени типови од Ресенско, *Заштита на растенија,* XXI, 67-72 (2010).	1,2
19.	T. Stafilov, R. Šajn, B. Boev, S. Lepitkova, J. Cvetković, D. Mukaetov, M. Andreevski, Distribution of nickel in surface soil in Kavadarci and the environs, *Природни ресурси и технологии*, Факултет за природни и технички науки, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, стр.30-41 (2011).	1,8
20.	М. Андреевски, Ј. Цветковиќ, Д. Мукаетов, Х. Попоска, Содржина на некои тешки метали во ригосоли од Кочанско, *Заштита на растенија,* **XXII**, 81-86 (2011).	1,2
21.	M. Andreevski D. Mukaetov, J. Cvetković, A. Trendafilov, O. Čukaliev, H. Poposka, T. Sekuloska, Remediation of flotation material of copper mine "Bučim", Radoviš, Soil protection activities and soil quality monitoring in South Eastern Europe, *JRC Scientific and Technical Reports,* p. 51-59 (2011).	1,8
	ВКУПНО	**83,2**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Координатор за подготовка на елаборат за нови студиски програми	1
2.	Раководител на лабораторија	1
3.	Член на комисија за избор во звање	0,2
Дејности од поширок интерес		
3	Изготвување и пријавување на билатерален проект со Геолошки завод на Словенија: Heavy metals in the environment as a consequence of past mining and smelting, носител	2
4.	Изготвување и пријавување на научен национален проект: Влијание на биостимулатори врз степенот на контаминација со тешки метали на агро-системите и можност за ремедијација, МОН, 2006-2009, носител	1
5.	Изготвување и пријавување на научен национален проект: Карактеризација и определување на географското потекло на македонските вина со примена на хемиски методи и метода на стабилни изотопи, носител	1
6.	Изготвување и пријавување на меѓународен проект: Interdisciplinary assessment of water resource management in two transboundary lakes in Easter Europe (DRIMON), соработник	1
7.	Изготвување и пријавување на научен национален проект: Формирање	

	банка на податоци за определување на географското потекло на виното, носител.	1
8.	Изготвување и пријавување на билатерален проект со Р.Бугарија: Modern methods for control of chemical contaminants and safety of plant production in the Balkan region, носител.	2
9.	Изготвување и пријавување на билатерален проект со Геолошки завод на Словенија: Тешки метали во животната средина како резултат на антропогени активности, носител .	2
10.	Изготвување и пријавување на *SEE-ERA NET PLUS* проект, национален партнер на проектот.	2
11	Изготвување и пријавување на научен национален проект за млади истражувачи: Влијание на алтернативните типови на даб врз зреењето и сензорните својства на вината од сортата „Syrah“ во скопското виногорје, ментор.	1
12.	Помошник-директор на Оддел за поледелство, 2008 - 2009	4
13.	Раководител на Сектор за наука и образование, 2009 -	4
	Вкупно	**23,2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**40,7**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**83,2**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**23,2**
Вкупно	**155,1**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Трајче Стафилов, претседател с.р.
2. Проф. д-р Катерина Чундева, член с.р.
3. Проф. д-р Слободан Банцо, член с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНДУСТРИСКАТА ГЕОГРАФИЈА, ИСТОРИСКАТА ДЕМОГРАФИЈА И МИГРАЦИИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-484/3 од седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одржана на 29. 3. 2012 година, а по предлог на Институтот за географија при Факултетот, бр. 07-484/2 од 23. 03. 2012 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања по група предмети од областа на индустриската географија, историската демографија и миграциите на населението, на Институтот за географија при Природно – математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат д-р Билјана Апостоловска – Тошевска, доцент на ПМФ во Скопје, на конкурсот објавен во весниците „Дневник“ на 10. 3. 2012 година и „Коха“ на 12. 3. 2012 година и исправката на 13. 3. 2012 година и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Д-р Билјана Апостоловска Тошевска е родена во Скопје на 10. 7. 1971 година, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1990/91 година се запишала на студии по географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила со одличен успех, постигнувајќи просечна оцена 9,54, со што е прогласена за најдобар студент на Природно-математичкиот факултет за учебната 1993/94 година. Во текот на 1994 година работела како професор по географија во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје. Во 1995 година се запишала на постдипломски студии од областа на просторното планирање на Институтот за географија. Магистерската работа под наслов **„Состојби и перспективи на агроиндустријата во Пелагонија“** ја одбранила на 5. 3. 2001 година и се здобила со звањето магистер на географски науки.

На 29. 12. 2006 година ја одбранила докторската дисертација под наслов **„Влијанието на локационите фактори врз развојот на индустријата и трансформација на просторот во Средно Повардарие на Република Македонија“** и се здобила со академски степен - доктор на географски науки.

Како стручен соработник на Институтот за географија е избрана во 1996 година. Во 1998 година е избрана во звањето помлад асистент, во 2002 во

звањето асистент, а во истото звање е реизбрана во 2005 година. По докторирањето, во 2007 година е избрана во звањето доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (Билтен бр. 925 од 31. 8. 2007 год.), на кое работно место се наоѓа и денес.

Во текстот што следува во извештајот е даден осврт кон активностите во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Билјана Апостоловска Тошевска, по изборот во звањето доцент.

Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето доцент во 2007 година, д-р Билјана Апостоловска Тошевска активно е ангажирана во изведувањето на предавања и со редовните и вонредните студенти по предметите: индустриска географија, социјална географија (за студентите на студии по етнологија и антропологија), географија на Република Македонија (2007/2008, два семестра), економска географија (2010/2011), демографија (2011/12), а по отворањето на студиите по демографија на Институтот за географија на ПМФ, активно учествува во реализација на предавањата и вежбите по предметите историска демографија и миграции на населението. Во меѓувреме, до 2009 година е вклучена и во изведувањето на вежби по предметот географија на население и географија на населби.

Наставната дејност на кандидатката во извештајниот период е збогатена со менторсто на 2 дипломски работи, како и членство во комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа.

Кандидатката д-р Билјана Апостоловска Тошевска е автор на **Индустриска географија,** која се користи во наставата по истоименият предмет. Исто така има оформено пакет материјали по *историска демографија* и *миграции на населението* (во коавторство со д-р Мирјанка Мацевиќ).

Во истиот период кандидатката е коавтор (со д-р Ивица Милески) на учебникот **„Мојата татковина – географија“,** за учениците од основното образование во дијаспората.

Во рамките на наставно-образовната активност, кандидатката се истакнува како исклучително одговорна и трудољубива личност. Во изведувањето на наставата, следејќи ги современите начини за реализирање на настава и работа со студенти, настојува да биде инвентивна, максимално креативна ставајќи ги во употреба постојните аудио-визуелни наставни помагала. Истовремено посебно значење и придава на теренската настава во чија подготовка и реализација целосно е вклучена. Во текот на извештајниот период, д-р Билјана Апостоловска Тошевска со студентите од прва и втора година на студии по демографија учествува во организација и реализација на теренска настава во соработка со Географскиот факултет во Белград, а активно се вклучува и во изведувањето на теренската настава по географија на население, по кој предмет, неколку семестри и по изборот во звањето доцент ги реализира вежбите.

Д-р Билјана Апостоловска-Тошевска има воспоставено стручен и професионален однос со студентите. Им помага во извршувањето на наставните обврски и активно учествува во консултациите со нив. Кон колегите има стручен и професионален однос.

Научноистражувачка дејност

Д-р Билјана Апостоловска-Тошевска во текот на извештајниот период продолжила континуирано да работи на своето научно усовршување. Нејзината научна работа главно е насочена кон проблеми од социо-економската географија, со посебен интерес на полето на индустриската географија.

Во извештајниот период, д-р Билјана Апостоловска `Тошевска има публикувано вкупно 16 труда во земјава и во странство.

Делови од монографија објавена во странство:

Madzevic M, Apostolovska Toshevska B. (2011): Usage of the Mountain Areas in the Republic of Macedonia, Monography In: Suistainable Development of the Mountain Regions in Southeastern Europe, Editor G. Zhelezov. Springer, London, 75-84.

Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

Apostolovska Toshevska B (2008): Some characteristics of the rural settlement and their corresponding benefits for location of the industry in Middle Povardarie in Republic of Macedonia, Problems of geography 2008/3-4, BAN, Sofija.

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:

Апостоловска Тошевска Б (2009): Индустријата и одржливиот развој, Зборник на трудови од симпозиум со меѓународно учество на тема Географијата и одржливиот развој, одржан од 22 до 25. 10. 2009 година во Охрид, 253-267;
Мацевиќ М, Апостоловска Тошевска Б (2009): Меѓузависност помеѓу индустријализацијата и урбанизацијата во Република Македонија, Зборник на трудови од симпозиум со меѓународно учество на тема Географијата и одржливиот развој, одржан од 22 до 25. 10. 2009 година во Охрид, 335-344;
Апостоловска Тошевска Б. , Горин С. (2010): Анализа на вработените во индустријата во Република Македонија со помош на ГИС, Зборник на трудови од Четвртиот конгрес на географите на Република Македонија, 7-10. X. 2010 година, Дојран, 155-168;
Апостоловска Тошевска Б, Мацевиќ М, (2010): Работната сила во Република Македонија, Зборник на трудови од Четвртиот конгрес на географите на Република Македонија, 7-10. X. 2010 година, Дојран, 241-250;
Апостоловска – Тошевска Б, Димитровска О. (2011): Состојби и перспективи на индустријата во функција на квалитетот на животната средина во општина Ѓорче Петров, Зборник на трудови од научна трибина одржана по повод 90 години од смртта на Ѓорче Петров, 1. 4. 2011 година, Скопје.
Апостоловска Тошевска Б, Мацевиќ М., Маркоски Б., Димитровска О., Милевски И., Горин Свемир (2011): Дуготрајност незапослености у Републици Македонији, Зборник радова трећи конгрес српских географа, Бања Лука, 581-590

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен /стручен собир со меѓународен уредувачки одбор

Apostolovska Toshevska B (2008): The application on GIS at location of industry (on example on Middle Povardarie in Republic of Macedonia), 5th International Conference for GIS, Instambul, Turky;
Madzevik M, Apostolovska Toshevska B. (2010): Ethnic Structure of the Population in Skopje Region, Proceedings of the IGU_CGE Istanbul Symposium Building Bridges between Cultures through Geographical Education, July 8-10, 2010, Istanbul, Turkey, 206-213;

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:

Апостоловска Тошевска Б, Мацевиќ М (2008): Третманот на социо-економските податоци во наставата по географија, Географски разгледи кн. 41-42;
Апостоловска Тошевска Б (2008): Локацијата и локационите барања на индустријата, Географски разгледи кн. 41-42;
Апостоловска Тошевска Б (2009): Просторна организација на индустријата во Средно Повардарие, Годишен зборник 32 ;
Апостоловска Тошевска Б, Соколоски Петар (2009): Степенот на важност на локационите фактори како основа за групирање на индустријата во Република Македонија, Географски разгледи кн. 43;
Апостоловска Тошевска Б (2009): Влијанието на индустријата врз трансформација на земјоделското земјиште и населбите на примерот на Средно Повардарие, Гласник за социо-економска географија бр. 3, Институт за географија, ПМФ, Скопје;
Апостоловска Тошевска Б. (2011): Географска разместеност и преразместување на индустриското производство во Светот (со посебен осврт на поедини индустриски гранки), географски разгледи кн. 43, стр. 79-96

Апстракти објавени во зборник од меѓународни конференции:

Milevski, B. Markoski, S. Gorin, O. Dimitrovska and B. ApostolovskaToshevska, Badlands and earth pyramids in the Republic of Macedonia, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 16.
O. Dimitrovska, B. Markoski, B. Apostolovska-Toshevska, I. Milevski and S. Gorin, Surface water pollution of major rivers in the Republic of Macedonia, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 17.
B. Markoski, B. Apostolovska-Toshevska, O. Dimitrovska, I. Milevski and S. Gorin, Cartographic-geographical analysis of the network of urban settlements in the Republic of Macedonia - Condition and perspective, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 18.
B. Apostolovska-Toshevska, B. Markoski, O. Dimitrovska, I. Milevski and S. Gorin, Unemployment in the Republic of Macedonia, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 19.
S. Gorin, B. Markoski, I. Milevski, O. Dimitrovska and B. ApostolovskaToshevska, GIS assessment of the landscape changes in Gevgelisko-Valandovska Basin, Book of Abstracts, International Conference Environment-Landscape-European Identity. Bucharest, Romania, 4-6.11.2011, page 129.

Во наведениот творечки опус на научни и стручни трудови, д-р Билјана Апостоловска Тошевска на соодветен методолошки и современ начин главно работи на полето од социо-економската географија, со посебен интерес на истражување во доменот на индустриската географија. Очигледно е нејзиното прогресивно надградување како научник во матичната област на истражување.

Во извештајниот период, кандидатката учествувала со реферати на 7 научно/стручни собири од кои 4 во странство. Освен тоа, со стручни предавања учествувала на 2 семинара за наставниците по географија и една научна трибина.

Стручно-апликативна дејност

Во изминатиот период, д-р Билјана Апостоловска Тошевска се јавува како коавтор (со Игор Јуруков) на прирачник под наслов **„Нашата татковина“** кој се користи во наставата по истоимениот изборен предмет во основното образование, како и коавтор (со д-р Стојмилов Александар) на средно-школскиот учебник **„Економска географија“** за учениците од средните училишта - правна и економска насока; коавтор во изработка на стручна монографија (со д-р Мацевиќ М. и д-р Димитријевски М.) **„Институт за географија 85 години“.**
Истовремено се јавува и како рецензент за учебник за основно образование.

Кандидатката д-р Билјана Апостоловска Тошевска активно е вклучена во работата на Македонското географско друштво каде што извршува функција на секретар. Воедно активно учествува во реализација на државните натпревари по географија и регионалните натпревари по географија за скопскиот регион, како и во подготовка и реализација на семинарите за наставниците по географија.
Исто така учествувала во изготвување на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по демографија, 2009 година.

Во извештајниот период, д-р Билјана Апостоловска Тошевска е член на уредувачкиот одбор на списанието „Географски разгледи“ и член на уредувачкиот одбор на списанието „Гласник за социо-економска географија“ на Заводот за социо-економска географија при Институтот.
Член е на научниот и организациониот одбор на Зборникот на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливот развој“ и Четвртиот конгрес на географите на Република Македонија. Воедно е член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание Годишен зборник на Географски институт „Јован Цвијиќ“, Белград.

Во изминатиот период, д-р Билјана Апостоловска Тошевска во рамките на Природно-математичкиот факултет и Институтот за географија била член на разни тела и комисии. Член е на Наставно-научниот совет на ПМФ, како и член на повеќе пописни комисии и комисии за набавка.

Од неодамна е назначена и како координатор на CEEPUS - програмата за Институтот за географија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Низ проследената наставна и образовна дејност евидентно е дека д-р Билјана Апостоловска Тошевска вложува многу во квалитетното реализирање на наставата, настојувајќи да биде инвентивна, максимално креативна и професионална. Користи современ и адекватен начин за пренесување на своите познавања од матичната област на студентите во реализација на предавањата, вежбите и теренската настава. Воедно, неизбежно е да се нагласи нејзината голема заложба и ентузијазам во прифаќање, подготовка и реализација на предмети на новоотворената студиска програма за демографија на Институтот за географија. Во целокупното работење се истакнува со својот коректен однос, како со студентите така и со професорите.

Од проследената активност на кандидатката д-р Билјана Апостоловска - Тошевска може да се согледа дека континуирано се усовршува на полето на научната сфера. Со своите истражувања на полето на социо-економската географија, кандидатката успеала да се промовира во научната и стручна јавност како во земјава така и во странство како виден научен работник.

На полето на стручно-апликативната дејност, кандидатката вложила и постигнала многу во проекти кои биле од исклучително значење за основното и средното образование во земјава. Истовремено, неоспорна е и нејзината ангажираност во работењето на Македонското географско друштво и спроведувањето на неговите активности со кои придонесува кон афирмирање и популаризација на географијата.

Рецензентската комисија, ценејќи ја севкупната активност и личното познавање на кандидатката, се стекна со уверување дека д-р Билјана Апостоловска Тошевска се развила во темелен научен и наставен соработник со можност за понатамошен развој и достигнувања на наставен, стручен и научен план.

Врз основа на претходно изнесеното, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, д-р Билјана Апостоловска - Тошевска да биде избрана во звањето вонреден професор по група предмети од областа на индустриската географија, историската демографија и миграциите на населението на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Ристо Мијалов, редовен професор, с.р.

Д-р Мирјанка Мацевиќ, редовен професор, с.р.

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Билјана Стојан Апостоловска Тошевска**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Природно-математички факултет, Институт за географија**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: географија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус**	
	Одржување настава во летен семестар по предметот *индустриска географија* 2007/2008, 2008/09, 2009/10, 2010/11 година (фонт. 3 часа) (3*15*0,04*4) Одржување настава во летен и зимски семестар по предметот *географија на Република Македонија 2* 2008/2009 година (фонт. 3 часа) (3*15*0,04*2) Одржување настава во летен семестар по предметот *социјална географија* (за студенти на етнологија и антропологија) 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/2012 година (фонт.2 часа) (2*15*0,04*5) Одржување настава по предметот *економска географија* 2010/11 година (фонт.3 часа) (3*15*0,04) Одржување настава по предметот *демогеографија* 2010/11, 2011/12 година (насока демографија (фонт.3 часа) (3*15*0,04*2) Одржување настава по предметот *историска демографија* 2010/11, 2011/12 година (насока демографија) (фонт.4 часа) (4*15*0,04*2) Одржување настава по предметот *миграции на населението* 2011/12 година (демографија) (фонт. 3 часа) (3*15*0,04) Одржување настава по предметот *индустриска географија* 2007/2008, 2008/09, 2009/10, 2010/11 година со вонредни студенти (5+8+8+8=29) (29*0,04)	31,4

	Одржување на настава по предметот *Географија на Република Македонија* 2008/2009 година со вонредни студенти (5*0,04) Одржување настава по предметот *демогеографија* 2010/11 година со вонредни студенти (5*0,04) Одржување настава по предметот *историска демографија* 2010/2011, 2011/2012 година со вонредни студенти (насока демографија) (8+8 =16 часа) (16*0,04) Одржување настава по предметот *миграции на населението* 2011/12 година со вонредни студенти (насока демографија) (5+5 =10 часа) (10*0,04)	
2.	**Одржување на настава од втор циклус**	
	Методологија на научноистражувачка работа во индустриска географија (3*0,05)	0,15
3.	**Одржување на вежби**	
	Одржување вежби по предметот *географија на население* 2007/08, 2008/09, 2009/10 година (фонт. 2 часа) (2*15*0,03*3) Одржување вежби по предметот *социјална географија* 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 година (фонт. 2 часа) (2*15*0,03*5) Одржување на настава по предметот *географија на населби* 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (фонт. 2 часа) (2*15*0,03*3) Одржување вежби по предметот *географија на население* 2007/08, 2008/09 со вонредни студенти (5+5 = 10 часа) (10*0,03) Одржување вежби по предметот *географија на населби* 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (5+5 +5= 15 часа) (15*0,03)	10,65
4.	**Одржување на теренска настава**	
	Реализација на теренска настава по *географија на население* 2007/08, 2008/09, 2009/10 година (2*15*0,03) Реализација на теренска настава по предметот *историска демографија* 2010/11 година (4*15*0,04)	3,3
5.	**Подготовка на нов предмет**	
	Историска демографија Миграции на населението (2*1)	2
6.	**Консултации со студенти**	
	Консултации со студенти во зимски семестар 2007/08,	0,4

	2008/09, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 година (наставна географија, етнологија и антропологија, демографија) (60+45+58+36+20 = 219) (219*0,002)	
	Консултации со студенти во летен семестар 2007/08, 2008/09, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 година (наставна географија, етнологија и антропологија, демографија) (68+55+56+36+30 = 245) (245*0,002)	0,5
7.	**Ментор на дипломска работа** **(2*0,2)**	0,4
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** 2007-2011 (21*0,1)	2,1
9.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник** Индустриска географија (1*8)	8
10.	**Пакет материјали** за историска демографија и миграции на населението (2*1)	2
11.	Апостоловска Тошевска Б., Милевски И. (2007): Мојата татковина Македонија – Географија, Координативно тело за иселеништво, Скопје (коавтор)	6
	Вкупно	**66,9**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект** „Комплексни географски проучувања на поречијата на Бабуна и Тополка". ПМФ-Институт за географија (2011-2013).	**3**
2.	**Учесник во меѓународен научен проект** Демографски и миграциски аспекти на Словенците во Македонија и на Македонците во Словенија, МОН на РМ, 2006- 2007	**5**
3.	**Делови од монографија објавена во странство** Madzevic M., Apostolovska Toshevska B. (2011): Usage of The Mountain Areas in the Republic of Macedonia, Identifying the Research Basis for Sustainable Development of the Mountain Regions in South-eastern Europe, Springer	**5,4**
4.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** **Apostolovska Toshevska B. (2008):** Some characteristics of the rural settlements and their corresponding benefits for the location of the industry in Middle Povardarie in the Republic of Macedonia, Problems of geography 3-4, BAS, Sofia	**6**
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник од трудови од научен/стручен собир** **Апостоловска Тошевска Б. (2009):** Индустријата и одржливиот развој, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливот развој", 22-25 октомври 2009, Охрид. **Мацевиќ М., Апостоловска Тошевска Б. (2009):** Меѓузависност	**10,4**

	помеѓу урбанизацијата и индустријализацијата во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум „Географијата и одржливот развој", 22-25 октомври 2009, Охрид. **Апостоловска Тошевска Б., Горин С. (2010):** Анализа на вработените во индустријата во Република Македонија со помош на ГИС, Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10 октомври 2010, Дојран. **Апостоловска Тошевска Б., Мацевиќ М. (2010):** Работната сила во Република Македонија, Зборник на трудови од IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10 октомври, 2010, Дојран **Апостоловска Тошевска Б., Мацевиќ М., Маркоски Б., Димитровска Д., Милевски И., Горин С. (2011):** Дуготрајност незапослености у Републици Македонији, Зборник радова Трећи Конгрес Српских географа, Бања Лука, Република Српска **Апостоловска – Тошевска Б, Димитровска О. (2011):** Состојби и перспективи на индустријата во функција на квалитетот на животната средина во општина Ѓорче Петров, Зборник на трудови од научна трибина одржана по повод 90 години од смртта на Ѓорче Петров, 1. 04. 2011 година, Скопје (2+4*1,8+1,2)	
6.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен /стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** **Apostolovska Toshevska B. (2008):** The application on the GIS at location of industry (on example in Middle Povardarie in Republic of Macedonia), Proceedings from 5 Th International Conference on GIS, July 2-5, 2008 Fatih University, Istanbul, Turkey **Madzevic M., Apostolovska Toshevska B. (2010):** Ethnic structure of the population in Skopje region, Proceedings from IGU-CGE Instanbul Symposium, July 8-10, 2010 Fatih University, Istanbul, Turkey (3+2,7)	**5,7**
7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** **Апостоловска Тошевска Б. (2008):** Локациони барања и локација на индустријата, Географски разгледи кн. 41-42, МГД, Скопје. **Апостоловска Тошевска Б., Мацевиќ М. (2008):** Третманот на социо-економските податоци во наставата по географија, Географски разгледи кн. 41-42, МГД, Скопје. **Апостоловска Тошевска Б. , Соколоски П. (2009):** Степенот на важност на локационите фактори како основа за групирање на индустријата во Република Македонија, Географски разгледи кн. 43, МГД, Скопје. **Апостоловска Тошевска Б. (2009):** Влијанието на индустријата врз трансформација на земјоделското земјиште и населбите на примерот на Средно Повардарие, Гласник за социо-економска географија, Институт за географија, Скопје. **Апостоловска Тошевска Б. (2010):** Просторна организација на индустријата во Средно Повардарие, Годишен зборник кн. 38, ПМФ, Институт за географија, Скопје. **Апостоловска Тошевска Б. (2011):** Географска разместеност и преразместување на индустриското производство во светот (со посебен осврт на поедини индустриски гранки), Географски разгледи кн. 45, МГД, Скопје. (4*2+2*1,8)	**11,6**

8.	**Учество на научен/стручен собир со реферат** **усна презентација** 1. Меѓународен научен симпозиум „Географијата и одржливот развој", 22-25 октомври, 2009, Охрид 2. IGU-CGE Instanbul Symposium, July 8-10, 2010 Fatih University, Istanbul, Turkey 3. IV конгрес на географите на Република Македонија, 7-10, Октомври, 2010, Дојран 4. Трећи Конгрес Српских географа, Бања Лука, Република Српска, 2011 5. Научна трибина одржана по повод 90 години од смртта на Ѓорче Петров, 1. 04. 2011 година, Скопје **постер** 1. International Conference on GIS, July 2-5, 2008 Fatih University, Istanbul, Turkey 2. International Conference Environment-Landscape-European Identity 4-6.11.2011Bucharest, Romania, (5+2*0,5)	**6**
10.5	T. Balkanov, M. Slaninka-Miceska, N. Labacevski, D. Zafirov, P. Milosevski,. S. Petrov. The protective role of nitric oxide on experimentally provoked gastric ulcer with ketoprofen in the rat. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999	1	1	1
10.6	J. Trojacanec, K. Jakovski, D. Zafirov, N. Labacevski, O. Sibinovska, E. Kostova, S. Petrov, P. Milosevski: Cyclosporinaemia and patients with transplantated kidneys. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999.	1	1	1
10.7	D. Zafirov, J. Trojacanec, K. Jakovski, E. Kostova, M. Piponski, P. Milosevski,. S. Petrov.: Comparative values of endogenous erythropoietin, systolic blood presure, haematological and biochemical parameters of normotensive and spontaneusly hypertensive rats. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999	1	1	1
10.8	M.Miceska, N.Labachevski, D.Zendelovska, D.Zafirov, K.Jakoski, S.Simeska, P.Miloshevski, S.Petrov:	1	1	1

	Microsomal Cytochrome P450 Induction with Phenobarbitoal in Rats. The Proceedings of the 6th Xenobiotic Metabolism and Toxicity Workshop of Balcan Countries, Banja Luka, Bosnia and Hercegovina, June 16-19, 2004.			
11.	**Секциско предавање на научен/стручен собир**	3	1	3
12.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	3	2	6
	Вкупно			**237.8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Бр	**Назив на активноста**	**Број на активности**	**Поени од формулар**	**Вкупно поени**
1.	Воведување на нова лабораториска/клиничка метода	3	4	12
2.	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија: 92 предмети	92	1	92
	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.):			
	1.Закон	1	2	2
	2.Правилници: 17	17	2	34
	3.Есенцијална листа на лекови: 1	1	2	2
	4.Учество во комисии и тела на државни и други органи	7	1	7
	Вкупно			**149**

Професионални референци на кандидатот за избор во звање	
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**28.3**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**237.8**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**149**
Вкупно	**415,1**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Стојмир Петров, с.р _____
2. Проф. д-р Петар Милошевски, с.р. _____
3. Проф. д-р Никола Лабачевски, с.р. _____
4. Проф. д-р Маја Сланинка Мицеска, с.р. _____
5. Проф. д-р Томе Стефановски, с.р. _____

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИНФЕКЦИИ И АНТИИНФЕКТИВНА СТРАТЕГИЈА КАЈ РЕЦИПИЕНТИ НА МАТИЧНИ ХЕМАТОПОЕТСКИ КЛЕТКИ", ИЗРАБОТЕНА ОД м-р д-р ЗЛАТЕ СТОЈАНОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата XII редовна седница одржана на 15.3.2012 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет одреди Рецензентска комисија за рецензија на поднесената докторска дисертација од м-р д-р Злате Стојаноски, супспецијалист по хематологија, вработен на Универзитетската клиника за хематологија, во состав:

1. проф.д-р Лидија Чевреска
2. проф.д-р Нинослав Ивановски
3. проф.д-р Каќа Поповска

Рецензентската комисија ја разгледа докторската дисертација под наслов

„Инфекции и антиинфективна стратегија кај реципиенти на матични хематопоетски клетки".

По направените меѓусебни консултации го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Извештај за доставената докторска дисертација

Докторската дисертација е самостоен труд на м-р. д-р Злате Стојаноски, од областа на хематологијата и трансплантацијата на матични клетки. Таа е изнесена на 158 страници и е поделена во 8 поглавја - Вовед, Цели на трудот, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Литература и Собирок.

2. Извештај за поодделните делови на докторската дисертација

Вовед Авторот во воведот дава пред се преглед на трансплантацијата на матични хематопоетски клетки како најсложена биолошка манипулација во хуманата медицина, со која денес се лекуваат бројни хематолошки и нехематолошки малигни, немалигни, стекнати и вродени имунолошки, автоимуни, ендокринолошки, болести на метаболизмот и бројни други заболувања, со оглед на проширувањето на индикациите за употреба на оваа медицинска интервенција. Во понатамошниот дел од воведот се истакнуваат ризик-факторите од инфекција кај оваа вулнерабилна и силно имунокомпромитирана популација на пациенти. За да се добие впечаток за тежината на имунолошкиот дефицит кај оваа група пациенти, авторот ги наведува кондиционирачките протоколи, имуносупресивните лекови и имунолошките дефекти кај трансплантираните пациенти. Во продолжение јасно се опишани најновите сознанија за имунолошкото опоравување по изведената трансплантација, како и фазите низ кои поминуваат трансплантираните пациенти.

Мотив за изработка- Мотив за изработка на оваа докторска дисертација е потребата од градење на сопствена антиинфективна стратегија, базирана врз сопствени резултати, кои произлегуваат од редовното мониторирање на инфекциите и инфективните предизвикувачи кои се актуелни за секој трансплантационен центар одделно.

Цел на трудот- Целите на трудот се јасно дефинирани

1. Прецизирање на фреквенцијата на инфекциите и антиинфективните причинители кај трансплантираните пациенти во посттрансплантациониот период од денот 0 до +180 ден.
2. Континуирано следење на микробиолошката флора која го опкружува и со која живее пациентот во стерилната единица во тек на првите 30 дена по трансплантацијата.
3. Утврдување на периодот и степенот на аплазија и времетраење на неутропенија по аплицираната терапија
4. Евалуација на влијанието на претходно прележаните инфекции врз типот, тежината и честотата на инфекциите.
5. Да се одреди влијанието на основното заболување и состојбата на основната болест врз фреквенцијата и тежината на инфекциите во посттрансплантациониот период.

6. Евалуација на влијанието на изворот на матични клетки (коскена срцевина или периферна крв, врз тежината на инфекциите).

7. Компарација на алогените во однос на автологните трансплантации во поглед на инфекциите во посттранплантациониот период

8. Евалуација на аплицираните антиобиотска профилакса и прволиниска антибиотска терапија и потребата од модификација на емпириската антибиотска формула и актуелните тераписки препораки.

9. Компарација на честотата и типот на централен-венски катетер асоцирани инфекции во зависност од инсерцијата на катетерот (субклависки во однос на феморални)

10. Врз база на претходните сознанија да се изгради сопствена стратегија за профилакса и лекување на инфективните компликации кај трансплантираните пациенти, со која ќе се овозможи рационална примена на антимикробните лекови, контрола на нозокомијалните инфекции и лимитирање на појавата на нови мултирезистентни соеви кои се посебен проблем во трансплантационите центри.

Материјал и методи

Студијата е дизајнирана како ретроспективно-проспективна. Материјал претставуваат 173 пациенти трансплантирани на Универзитетска клиника за хематологија во периодот од септември 2000 до септември 2010 година, со малигни хематолошки заболувања. Пациентите се поделени во две групи:

- I група се пациенти третирани со алогена трансплантација од ХЛА-идентичен фамилијарен дарител;

- II група се пациенти третирани со автологна трансплантација.

Како кондиционирачки протоколи користени се миелоаблативни или немиелоаблативни високо дозни хемиотераписки протоколи, во зависност од основното хематолошко заболување. Пациентите се сместени во стерилни единици опремени со ХЕПА-филтрација, поставени на ниско бактериска диета.

Како антиинфективна медикаментозна профилакса кај пациентите е спроведена антибиотска профилакса со Ципрофлоксацин 1000мг.,

дневно поделен во две дози, антимикотична профилакса со Флуконазол, Итраконазол или пациентите со висок ризик за инвазивна микотична инфекција со комбинација од Флуконазол и Итраконазол, антивирусна профилакса со Ацикловир. Аплицирани се интравенски имуноглобулини во доза 500мг./кг тт 1 х неделно кај алогените и 1 х на секои две недели кај автологните реципиенти. За надвладување на неутропенијата аплицирани се колонии-стимулирачки фактори кај сите пациенти, до постигнување на енграфтмент (број на неутрофили над 1000/мм3).

За секој пациент е специјално дизајниран и користен прашалник со кој се унифицирани податоците за понатамошна евалуација.

Кај секој пациент се следени инфекциите кои се појавуваат во текот на првите 180 дена после изведената трансплантација.

При појава на фебрилност (која е дефинирана според СЗО како покачување на телесната температура над 38,5 °Ц во еден наврат или 38 ° која се одржува 12 часа) или при појава на клинички знаци за инфекција, аплицирана е емпириска прволиниска А, или прволиниска Б антибиотска терапија или ако имаме претходно изолиран предизвикувач се аплицира антибиотска терапија според антибиограм. Ако пациентот не одговори на оваа терапија, се вклучува второлиниска А (за пациентите третирани со прволиниска Б) или второлиниска Б (за пациентите третирани со прволиниска А) терапија. По 72 часа, ако нема одговор на оваа терапија, се вклучува третолиниста терапија (со антимикотик Амфотерицин Б или Итраконазол). На тој начин е евалуирана успешноста на антибиотската терапија. При реактивација на ЦМВ аплицирана е терапија со Ганцикловир, а при појава на нова или реактивација на Хепатитис Б инфекција аплицирана е терапија со Ламивудин. Со редовното микробиолошко мониторирање на пациентите во периодот од првите 30 дена по трансплантација (периодот на енграфтмент) следена е актуелната микрофлора во трансплантациониот центар.

Статистичка обработка на пациентите Дескриптивни методи (медијана, просек, стандардна девијација) се користени за статистичка обработка на нумеричките серии. Атрибутивните статистички серии се анализирани со одредување на процент, пропорции и со утврдување на статистичката значајност помеѓу анализираните и откриени разлики. Mann=Whitney U тест и Wilcox-ов тест се користени при тестирање на статистичката сигнификантност меѓу анализираните параметри. За ниво

на значајност според меѓународните конвенции за биомедицински науки е одредено $p<0,05$.

Резултати Резултатите од целокупното истражување се прикажани на табели и 53 графикони со соодветен коментар од страна на авторот. Резултатите се анализирани и систематски прикажани за секој поодделен испитуван параметар. Морталитетот од инфекција во првите 180 дена изнесува средно 12,5% (8 пациенти), за алогените примателi 14,8% (4 пациенти) а за автологните примателi 7,5% (4 пациенти). Фебрилни епизоди кај кои има клиничко или микробиолошко објаснување се присутни кај 43% од пациентите, а фебрилност од непозната природа кај дополнителни 12%. Сериозни клинички, радиографски и/или микробиолошки потврдени инфекции се присутни кај 14,4% (25 пациенти) и тоа со сепса 8, пневмонија 16, менингоенцефалитис 1 пациент. Состојбата на основното заболување, количината на аплицирани ЦД34+клетки, иницијалната неутропенија, алогената трансплантација во вториот посттрансплантационен период, реакцијата на калемот против домаќинот во акутна или хронична форма и аплицираната дополнителна имуносупресија се ризик-фактори за дополнителен морбидитет и морталитет предизвикан од инфекција. Грам-позитивните бактериски предизвикувачи јасно предоминираат во однос на Грам-негативните, габичките или останатите изолирани микроорганизми, што е пред се резултат на спроведената антибиотска профилакса. Кандида албиканс и Кандида не-албиканс соевите се изолираат речиси подеднакво. Аспергилус не е изолиран кај ниту еден пациент во тек на првите 30 дена, што е одраз најверојатно на користењето на ХЕПА филтрирани простории, за разлика од вториот и третиот период каде што се изолирани разни форми на Аспергилус (нигер и тереус) кои се и причина за инвазивни микотични инфекции кај 3 пациенти.

Дискусија Авторот во дискусијата ја потенцира важноста од изградба на сопствена антиинфективна стратегија во согласност со најчестите инфекции во сопствената група и врз база на најчесто изолираните предизвикувачи. Своите резултати ги споредува со релевантни резултати добиени од мултицентрични студии или мета-анализи направени на голем број испитаници во референтни трансплантациони центри во светот. Јасно ги дефинира препораките по однос на антибиотската, антимикотичната и антивирусната профилакса и терапија кај оваа специфична популација на силно имунокомпромитирани пациенти. Во

дискусијата, д-р Стојаноски особено ја подвлекува потребата од воведување и на нови посензитивни лабораториски методи за точна детекција на предизвикувачите на инфекциите, со што би се зголемила ефикасноста на целната антимикробна терапија.

Заклучоци. Докторската дисертација содржи 18 заклучоци, кои произлегуваат од истражувањето и одговараат на поставените цели. Аплицираната антимикробна профилакса и терапија, заедно со редовното земање на култури кај трансплантираните пациенти, овозможува релативно ниска стапка на инфекциите како директна причина за смрт кај пациентите третирани со оваа сложена имунобиолошка интервенција. Стратегијата која досега се применува на полето на антибиотската профилакса не треба да претрпи измени, заклучува д-р Стојаноски, Ципрофлоксацинот и понатаму треба да остане профилактички лек на избор. Компаративната студија за прволиниска емпириска антибиотска терапија помеѓу третогенерациски цефалоспорински препарат, комбиниран со аминогликозид и карбапенем комбиниран со гликопептид, не даде предност на ниту една солуција. Затоа авторот препорачува карбапенемите и гликопептидите да бидат чувани како второлиниска терапија, особено од аспект на можноста за развој на резистентни соеви на бактерии. За антивирусната профилакса, Валганцикловирот треба да го најде своето место, особено кај серонегативните реципиенти со серопозитивен дарител и кај серопозитивните пациенти со серопозитивен дарител. Појавата на Стрептококус пнеумоние како најизолирана бактерија од спутумот, особено по +12 ден треба да ја промени стратегијата во поглед на употреба на препарат кон кој оваа бактерија се уште не покажува резистенција. Вакцинацијата на трансплантираните пациенти, која досега беше стратегија да започне со апликација по 12 месеци од трансплантацијата, за поединечни вакцини може да почне по 6 месеци од изведената трансплантација.

Литература. Цитирани се 123 труда. Користена е релевантна литература со која се поткрепува важноста на докторската дисертација, особено заради тоа што се следи целата хронологија на развојот на трансплантацијата како метода, а истовремено и инфекциите како едни од најважните компликации на оваа метода.

Оцена на поднесената докторска дисертација

Комисијата врз основа на приложената докторска дисертација констатира дека се исполнети сите услови за одбрана и по меѓусебна консултација го донесува следниов заклучок:

Докторската дисертација даде целосен приказ на инфекциите во првите 180 дена по извршената трансплантација, кај пациентите кои се трансплантирани на Универзитетската клиника за хематологија во 10-годишен период. Важноста на овој труд е огромна ако се земе предвид практичната апликативност на заклучоците и препораките кои произлегуваат од оваа докторска дисертација. Користејќи ги резултатите од оваа студија, Клиниката за хематологија воспоставува своја сопствена доктрина и стратегија во борба против инфекциите кај најтешко имунокомпромитираните пациенти, а тоа се трансплантираните пациенти. Ваквиот студиозен пристап кон сопствените и светските резултати дава можност за имплементација на светските искуства и препораки и нивна апликација на сопствениот терен и микрофлора.

Рецензентската комисија, во полн состав, едногласно му предлага на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет во Скопје да ја процедурира во понатамошна постапка докторската дисертација од м-р д-р Злате Стојаноски, со наслов: „Инфекции и антиинфективна стратегија кај реципиенти на матични хематопоетски клетки" и да овозможи одбрана на дисертацијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Лидија Чевреска с.р.
2. Проф. д-р Нинослав Ивановски с.р.
3. Проф. д-р Каќа Поповска с.р.

Реферат ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр, 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42,46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 15.3.2012 година, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје донесе решение за избор на 1 наставник во сите звања по предметот семејна меицина и формираше Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Самуел Садикарио
2. проф. д-р Гордана Адамова
3. доц. д-р Игор Кафтанциев
4. проф.д-р Снежана Стојчевска
5. проф.д-р Петар Корнети

На конкурсот објавен во дневниот весник „утрински весник" на 22. 2.2012 година се пријавија следниве кадидати: науч.сор.др.сци Горан Петровски, ас.д-р Весна Ристевска, д-р Катарина Ставрић и д-р Владимир Николов. По разгледувањето на приложената документација на кандидатите, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факутлетот го доставува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

НАУЧ.СОР.Д-Р ГОРАН ПЕТРОВСКИ

Биографски податоци

Горан Петровски е роден на 16 септември 1972 година. Основно и средно образование завршил во Скопје. Студиите на Медицинскиот факултет ги завршил во 1997 година и се стекнал со звањето доктор на медицина. По дипломирањето работел во Воената болница во Скопје, а потоа една година престојувал во Систем-Париз, Франција, каде што работел на полето на биомедицинска информатика. На Клиниката за ендокринологија и болести на метаболизмот во Скопје работи од септември 1999 година. Активно се служи со англискиот и германскиот јазик, а говори и шпански јазик. Има познавање од компјутерската технологија, и е основач на компјутерскиот систем на Клиниката, со интернет пристап, веб-апликација, како и посебен апликативен софвер за управување со болните.

Стручно-научна активност

Стучниот испит го положил во 1998 година, а на постдипломски студии по ендокринологија се запишал во 1999 година. Специјализација по интерна медицина завршил во март 2004 год. Академското звање магистер на медицински науки го здобил 2002 година, со одбрана на магистерскиот труд од областа на андрологијата. Доктор на медицински науки станал во 2008 година, со одбрана на тема од дијабетологијата. Супспецијализација по ендокринологија завршил во 2009 година. Горан Петровски работи како дијабетолог, ендокринолог на Клиниката за ендокринологија и шеф на националниот центар за терапија со инсулинска пумпа и сензори .

Добитник е на наградата Lantus young investigator prize (Берлин 2010) како најдобар клинички труд под наслов "Social media and diabetes: how to improve glucose control in type 1 diabetics on pump therapy?". Знаењата од областа на дијабетесот ги проширува како и Etzwiller scholar на Универзитетот во Минеаполис и Мајо клиника Рочестер (2011).

Од 2010 година е активен член на Rising Star при Европската асоцијација за дијабетес и има неколку стручни предавања од областа на дијабетесот во Европа и блискиот исток.

Горан Петровски е автор на неколку книги како што се "Се што треба да знаете за инсулинската пумпа (2011), "Се што треба да знаете за тип 1 дијабетес" (2009), "Ендокринолошка пропедевтика" (Горан Петровски, Татјана Миленковиќ, 2004), како и учествува во реализација на "Практикум по интерна медицина за студенти во областа на ендокринологијата" (2005), "Ендокринолошки тестови" (2002), "Ургентни состојби во дијабетесот" (брошура 2002) и ATTD 2009 YearBook, Advanced technologies & treatment of diabetes, Goran Petrovski citation, 2009.

Како помлад асистент по интерна медицина работи од 2001 година, а од 2005 година како постар асистент. Како научен соработник при Катедрата за интерна медицина е избран во 2009 година. Горан Петровски активно ги води вежбите по интерна медицина за студенти по стоматологија и медицина, клиничко испитување и клиничка практика за шеста година. Тој е координатор за 6.година на Медицинскиот факултет во Скопје, како и ментор на 2 дипломски теми на тригодишните студии за сестри (2011) и ментор за докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во последните неколку години, Горан Петровски има значителен број на поканети предавања на интернационални конгреси и семинари во САД, Обединети Арапски Емирати, Казакстан, Шведска, Португалија, Унгарија, Латвија, Бугарија, Словенија, Хрватска и Србија.

Горан Петровски од 2010 година е член на едукативниот одбор при Центарот за семејна медицина и е активно вклучен во едукацијата на студентите по медицина и специјализантите по семејна медицина.

Едногодишниот престој во Систем-Париз, како и студискиот престој во Универзитетската болница во Барселона-Шпанија, му овозможиле да се стекне со нови искуства од областа на интерната медицина. Присуствувал на многу семинари и конгреси на локално, регионално и интернационално ниво со свои трудови. За време на студиите активно бил

вклучен во активностите на Сојузот на студентите по медицина на Македонија (претседател на Сојузот и главен уредник на списанието „Медикус").

Горан Петровски стекнува лиценца за работа како истражувач во научноистражувачки проекти (Good Clinical Practice for investigators-Brookwood International Academy, Great Britain). Организационите вештини ги потврди како генерален секретар на Првиот, Вториот и Третиот македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања (2000, 2004, 2008), како и организација на семинари по практична и ургентна дијабетологија во соработка со Светската здравствена организација. Своите активности ги продолжува како соработник на Пактот за стабилност во Македонија за дијабетес. Како претставник на Македонија, во соработка со СЗО, активно бил вклучен во проектот Drug and therapeutic Committee, со престој во Индонезија. Има публицирано преку 110 научни и стручни трудови на локални, национални и меѓународни конгреси и семинари. Горан Петровски ја воведува терапијата со инсулински пумпи, како нова метода за третман на млади лица со дијабетест во Македонија. Координатор е на националниот регистар за дијабетес на Република Македонија.

Горан Петровски активно е вклучен во изработка на неколку национални и интернационални проекти како што се Developing Excellence in Diabetes-Pathways to complications, WHO Collaborating center with IDC-Park Nicollet and Mayo Clinic, USA (2010-), National program for treating brittle diabetes, coordinator, Ministry of health and Health care fund of Macedonia (2002-), National registry of diabetes in Macedonia (coordinator, Ministry of health and Health care fund of Macedonia (2007-), Evidence based medicine (Cochran)–endocrinology, Ministry of health (2005-2006), Diabetes Education study group – European association for study of diabetes Teaching letters in Macedonian (2006-2012), Diabetes Summer camp for type 1 diabetes aged 14-18 years from South East Europe, Ohrid, Macedonia (2007-), Web doctor MK, Redactor on endocrinology (2008-) Educational program in diabetes for diabetologist, World Health Organisation RO Macedonia (2001-2002), Young Scientist program, Ministry of education and Science in Macedonia (2004) on Insulin pump therapy and CGM, Editor in chief on journal Medicus (1993-1996).

Тој е член на EASD (European Association on Study of Diabetes) и IDF (International Diabetes Fedaration), IDEA (Integrated Diabetes and Endocrine Academy) како и на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија и Македонското андролошко здружение.

АС.Д-Р ВЕСНА РИСТОВСКА

Биографски податоци

Ас.Д-р Весна Ристовска е родена 1959 година во Струмица, каде што се стекнала со основно и средно образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во 1985 година. Од 1988 година работи на Клиниката за нефрологија. Специјализација по интерна медицина завршила во 1995 година. Од 1991 година е асистент по предметот интерна медицина. Докторската дисертација ја одбанила во 2004 година. Од 2005 година

се стекнува со звањето супспецијалист-нефролог, а во 2007 година е избрана за примариус.

Стручно-научна дејност

Активно работи на повеќе проблеми од областа на нефрологијата, совладувајќи ги дијагностичките и терапевтски постапки, а учествува и во изведувањето на практичната настава по предметот интерна медицина за студенти по медицина и стоматологија, а исто така и во едукација на специјализанти по оваа област. Учествува во одржувањето на вежбите по предметот основи на научно- истражувачката работа, како и по предметот семејна медицина, со обука на специјализантите од таа област.

Весна Ристовска учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми, а како автор и коавтор има објавено 179 стручни и научни трудови во земјата и во странство. Работела на проблематика од психонефрологијата, како и од кардионефрологијата, кои се актуелни кај пациентите кои се лекуваат со хронична хемодијализа. Таа работи и на еходијагностика на бубрежните болести и проблемите на уринарниот систем. Основна проблематика со која се занимава во последниве години е полицистичната бубрежна болест, од која има одбрането докторска теза под наслов "Клиничка евалуација на прогресијата на бубрежното оштетување кај адултната полицистична бубрежна болест", под менторство на проф.д-р Момир Поленаковиќ. Интензивно ги следи светските достигнувања од оваа проблематика, со цел нивна примена во клиничката пркатика. Во 2000 година била на стручно усовршување на Универзитетот Лаајден, Холандија.

Со свои предавања се претставила на повеќе конгреси во земјата и во странство, како што се во Софија, Струга, Охрид и Скопје.

Весна Ристовска има неколку предавања на Катедрата за интерна медицина на тема ехокардиографија на вена кава инфериор, торакална биоимпеданца и вегенерова грануламатоза.

Таа има и свои предавања на состаноците на Здружението на нефролози на теми адултна полицистична бубрежна болест, 10-годишно следење на вегенерова грануломатоза и цистични болести на бубрезите.

Весна Ристовска е член на Македонското лекарско друштво, Македонското здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи, како и на Македонската асоцијазија за хипертензија. Таа е член на Балканската асоцијација за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи, како и интернационалното здружение за нефрологија и Европското здружение за вештачки органи.

Д-Р КАТАРИНА СТАВРИЌ

Биографски податоци

Д-р Катарина Ставриќ е родена 1962 година во Скопје каде што завршила основно и средно образование. Медицинскиот факултет во Скопје го завршила во 1987 година, а специјализација по педијатрија во 1997 година. Постдипломските студии ги завршила на

Медицинскиот факултет во Скопје и со звањето магистер на медицински науки се стекнала во 2002 година. Специјализација по семејна медицина завршила во 2011 година. Звањето доктор на медицински науки го стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје во 2011 година.

Таа е вработена на Клиниката за детски болести од 1990 година, а од 1997 година работи на Одделот за имунологија при Детската клиника во Скопје, како специјалист-педијатар.

Во периодот од 1999 до 2006 година, работела како асистент по педијатрија при Медицинскиот факултет во Скопје, а во учебната 1999/2000 година како професор по педијатрија во средното медицинско училиште "Панче Караѓозов" во Скопје.

Стручно-научна дејност

Таа е ментор на три кандидати за доедукација по семејна медицина. Катарина Ставриќ има учествувано во национални научни проекти како соработник на тема астма и алергии во здравството, хередитарен ангиоедем, како и преваленца на астма, алергиски ринитис, егзема и ризик-фактори асоцирани со овие заболувања. Исто така е соработник-истражувач на проектот за преваленца, клинички и генетски карактеристики на пациенти со периодични фебрилни синдроми во Словенија и Македонија.

Катарина Ставриќ има учествувано на неколку научни и стручни собири со меѓународно учество, каде што имала свои предавања, а исто така со свои предавања се претставувала и на научно -стручни собори од национален карактер.

Таа е автор на две книги од стручна област, како што се "Вашето дете, центар на универзумот" (2000) и "Пробиотици" (2006).

Катарина Ставриќ е вклучена во неколку проекти за транзиција на здравствениот сектор, како и за потребите на Школата за примарна здравствена заштита на Медицинскиот факултет во Скопје. Во периодот 2009-2011 е член на работната група за имплементација на семејна медицина во Р.Македонија, а од 2010 е координатор на Центарот за семејна медицина.

Катарина Ставриќ е активна во Здружението на педијатри на Република Македонија и во периодот од 2008 до 2010 била секретар на Здружението. Исто така има учествувано како член на работна група за ажурирање на клиничките упатства за практицирање медицина базирана на докази.

Катарина Ставриќ има објавено 28 оригинални трудови и 153 трудови кои се презентирани на национални и интернационални конгреси. Таа била активно вклучена во организација на конгресите на лекарите на Македонија, како секретар на научен одбор (2011, 2007) и Новини во педијатрија (2008), како секретар на научен одбор.

Катарина Ставриќ има остварено неколку студиски престои во Холандија, Унгарија и Велика Британија. Таа активно учествувала во изработка на национални програми како што се транзиција на здравствениот сектор во Македонија и развој на семејната медицина во Македонија. Исто така беше активно вклучена во националната програма за ПЗЗ во делот за педијатрија.

Катарина Ставрић е член на Македонската лекарска комора, Македонското лекарско друштво, Здружението на педијатри на Македонија, Македонското здружение за базична и клиничка имунологија, Европското здружение за алергологија и клиничка имунологија, Европското здружение за ентерална и парентерална исхрана, Европското респираторно здружение и член и претставник на Македонија во ЕУРАКТ.

Д-Р ВЛАДИМИР НИКОЛОВ

Биографски податоци

Владимир Николов е роден 1957 година во Скопје, каде што има завршено основно и средно образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал во 1980 година. Во перидот 1981-1983 година работел на Одделот за имунологија на Институтот за експериментална медицина на Воено-медицинската академија во Белград. Од 1984 година е вработен на Клиниката за нефрологија. Специјализација по интерна медицина завршил во 1989 година. Во периодот 1989-1994 година работел на Катедрата за статистика и информатика при Медицинскиот факултет во Белград. Во периодот од 1994 до 2006 година, работел во компјутерскиот центар на Клиничкиот центар во Скопје, а од 2006 година на Клиниката за нефрологија.

Стручно-научна дејност

Звањето доктор на медицински науки, Владимир Николов го стекнал во 1997 година на теза "Мета анализа на витално-статистичките податоци на шеќерната болест и нејзини компликации", под менторство на проф.д-р Милчо Богоев.

Владимир Николов стручно се усовршувал на Клиниката за нефрологија при Клиничкито центар во Љубљана, Лабораторијата за имунологија при Институтот за биолошки истражувања во Белград, како и на Институтот за биофизика во Минхен и Гете универзитетот во Франкфурт и Линсерм во Париз.

Владимир Николов има учествувано на повеќе меѓународни симпозиуми од областа на нефрологијата, статистиката, медицинската информатика, биофизиката и имунологијата.

Владимир Николов бил помлад асистент на Катедрата за интерна медицина и асистент на Катедрата за статистика и информатика на Медицинскиот факултет во Белград, каде што има учествувано во редовната додипломска и постдипломска настава. Има учествувано на различни научни проекти, како што се: ризик-фактори за кардиоваскуларни болести во СФРЈ, Мапинг ЕЕГ кај физиолошки и патолошки состојби како и квалитативна студија за знаења, ставови и постапки за туберкулоза помеѓу популацијата на студенти по медицина и медицински сестри. Активно говори англиски и делумно француски јазик. Владимир Николов, заедно со Самуел Садикарио, е автор на книгата "Антисемитизмот", објавена 1997 година.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и бодирањето согласно со образецот кон извештајот за избор, а според член 11 од Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (пречистен текст) од август 2011 година, Рецензентската комисија утврди и му дава предност на кандидатот науч.сор.др.сци Горан Петровски. Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-Научниот совет на Медицинскиот факулет во Скопје да му предложи науч.сор.др.сци Горан Петровски да биде избран во звањето ДОЦЕНТ по предметот семејна медицна.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Самуел Садикарио, с.р.

2. Проф. д-р Гордана Адамова, с.р..

3. Доц.д-р Игор Кафтанџиев, с.р.

4. Проф.д-р Снежана Стојчевска, с.р.

5. Проф.д-р Петар Корнети, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат **Горан Киро Петровски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Медицински факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: семејна медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр	Назив на активности			Вк.поени
	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски)			
	Интерна медицина	0,030	600	18,0
	Интерна пропедевтика, клиничко испитување	0,030	300	9,0
	Интерна за стоматолози	0,030	180	5,4
	Клиничка практика	0,060	540	32,4
	Настава во летни школи и работилници			
	- раководител	1,500	4	6,0
	Diabetes summer camp, 2008-2012			
	Интерна скрипта од вежби	3	1	3,0
	Скрипта по ендокринолошка пропедевтика, 2001			
	Вкупно			**73,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр	Назив на активности			Вк.поени
	Раководител на национален научен проект	6	1	6,0
	Тип 1 дијабетес и орално здравје, МОН, 2012			
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор 6+ИмП	6,00	8,5 +7, 5	16,0
	Труд со оригинални научни резултати,објавен во стручно/научно популарно списание	1,20	4	4,8
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор	1,80	4	7,2
	Абстракт објавен во зборик на конференција			
	меѓународен	1,00	44	44,0
	домашен	0,50	63	31,5
	Пленарно предавање на научен/стручен собир	2,00	5	10,0
	Континуирано мерење на шеќер во крв, Втор македонски конгрес по ендокринологија, 2004 Инсулинска пумпа како избор при терапија кај тип 1 дијабетес Трет македонски конгрес по ендокринологија, 2008 Инсулински аналог со кратко дејство кај тип 1 дијабетес, Трет Македонски конгрес по ендокринологија, 2008 Самоконтрола со глукометар, Трет македонски конгрес по ендокринологија, 2008 Инсулинска пумпа и сензор, 17 Конгрес на лекари на Македонија			
	Секциско предавање на научен/стручен собир	1,00	17	17,0
	Електронски медицински запис: практична примена во управување на хоспитални болни, катедра по интерна медицина, 2000 Мешана антиглобулинска реакција: скрининг метода кај инфертилни мажи Катедра за интерна медицина 2002 Континуирано супкутано мониторирање на гликемија кај пацеинти со дијабетес мелитус Катедра за интерна медицина, 2003 Инсулинска пумпа како избор при терапија кај лица со дијабетес Катедра за интерна медицина, 2005 Евалуација на континуирано супкутано мониторирање на гликемија кај лица со дијабетес, 2006 Инсулинска пумпа и сензор, подобрување на метаболичка контрола кај тип 1 дијабетес Катедра за интерна медицина, 2007 How social networks can improve glucose control in patients on insulin pump therapy Катедра за интерна медицина, 2010 Работилница за дијабетес: ургентни состојби во дијабетесот, WHO, Скопје 2001			

	Работилница за дијабетес: исхрана и дијабетес WHO, Скопје 2002 Дијабетес и дислипидемии Ендокринолошка секција дислипидемии и дијабетес, Скопје, 2003 Искуства од примена на метформин кај тип 2 пациенти Ендокринолошка секција, дијабетес и терапија Охрид, 2001 Базален инсулин како избор при терапија Ендокринолошка секција, Охрид, 2007 Базал плус терапија: додавање на прандијален инсулин Ендокринолошка секција, Скопје, 2008 Базал болус терапија кај тип 2 дијабетес Ендокринолошка секција, Скопје, 2009 Премиксни инсулини во терапија на дијабетесот Охрид, 2010 Инсулински аналози во терапија на тип 2 дијабетес Штип, 2011 Премиксни инсулини како интензивирана терапија Скопје, 2011			
	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	3,00	21	63,0
	1. How to establish a good pump clinic-Petrovski G Advances in Diabetes and insulin therapy, Riga Latvia March 28-31, 2012 2. Continuous insulin infusion: clinical evidence, , How to use diabetes technology, Sofia Bulgaria, March 7, 2012 3. CGM and CSII as a treatment choice - Petrovski G How to use diabetes technology, Sofia Bulgaria, March 7, 2012 4. Social media and diabetes - Petrovski G, How to use diabetes technology, Sofia Bulgaria, March 7, 2012 5. Continuous glucose monitoring system, clinical evidence - Petrovski G, Advanced Pump School, Budapest, Hungary March 1-2, 2012 6. Professional vs Personal CGM – Petrovski G Advanced Pump School, Budapest, Hungary March 1-2, 2012 7. Bolus Wizard – Petrovski G Advanced Pump School, Budapest, Hungary March 1-2, 2012 8. How to use advanced pump features in different situation – Petrovski G Advanced Pump School, Budapest, Hungary March 1-2, 2012 9. Patient centered care, Petrovski G, International Diabetes Federation, Congress, Rising Star, Dubai UAE, December 2011 10. Insulin pump therapy in every day use – Petrovski G, Bogoev M, Serbian Diabetes Congress, Belgrade Serbia, November 2011 11. Blinded continuous glucose monitoring: Clinical evidence – Petrovski Goran,Advanced diabetes technology, Astana,			

	Kazakhstan, October 2011 12. Socioeconomic aspects on insulin therapy – Petrovski G, Sarajevo Diabetes Forum, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, October 2011 13. Insulin pump therapy: clinical evidence – Petrovski G, Sarajevo Diabetes Forum, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, October 2011 14. Patient centered care, Petrovski G European Association on study of diabetes, Rising Star, Lisabon Portugal September 2011 15. Insulin pump therapy – Petrovski G, Pump School, Sofia Bulgaria, September 2011 16. Continuous glucose monitoring system, clinical evidence - Petrovski G, Pump School, Sofia Bulgaria, September 2011 17. Diabetes management in Macedonia, Petrovski G International Diabetes management and education program, Sofia, Bulgaria June 2011 18. How social networks can help adolescents with diabetes on insulin pump to control their diabetes: an example from Macedonia, Petrovski G Diabetes Faculty Forum, Athens Greece April 28-29, 2011 19. Basal insulin therapy, Petrovski G Advanced Diabetes insulin therapy, Ljubljana Slovenia March 2012 20. Patient tailored diabetes management, Petrovski G Croatian Diabetes days, Porec, Croatia March 2011 21. Basal insulin in type 2diabetes, Petrovski G Croatian Diabetes days, Porec, Croatia October 2010			
	Вкупно			**199,5**

1.ХОРМОН ЗА РАСТ И ДИЈАБЕТ: КОРЕЛАЦИЈА СО МЕТАБОЛИЧНА КОНТРОЛА Г.Пемовска, М. Богоев, Б.Крстевска, Т. Миленковиќ, Т.Плашески, Г.Петровски Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет - Скопје (Македонски медицински преглед год. 53, 1999, стр.109-250, Бр.3-4)	1,2
2. АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР ВО УПРАВУВАЊЕ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ Г.Петровски, Ч.Димитровски, С.Сасикарио, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот, Медицински факултет - Скопје (Македонски медицински преглед год. 53, 1999, стр.251-387, бр.5-6)	1,2
3.ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОЛЕМИНАТА НА АДРЕНАЛНИТЕ ТУМОРИ СО УЛТРАЗВУК И КОМПЈУТЕРИЗИРАНА ТОМОГРАФИЈА Крстевска Б., Г. Пемовска, Ч.Димитровски, Г.Петровски, М. Атанасова-Китановска, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Институт за радиологија, Медицински факултет - Скопје (Втор конгрес на радиолозите на Македонија, 21-25 јуни 2000, Охрид)	0,5
4. НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ФЛЕГМОНИ НА СТАПАЛО КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС Г.Петровски, Т.Миленковиќ, Г.Балабанова, С.Садикарио, Г.Пемовска, В.Перцан, С.Марковиќ, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет – Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5
5. ПРОВОЦИРАЧКИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА АДИСОНСКА КРИЗА Г.Петровски, Т.Миленковиќ, Г.Балабанова, Ч.Димитровски, С.Садикарио, В.Перцан, С.Шубеска, Т.Плашески, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет - Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5
6. ПРОВОЦИРАЧКИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА КЕТОАЦИДОЗА ВО РЕГИОНОТ НА ГРАД СКОПЈЕ Г.Петровски, Т.Миленковиќ, Г.Балабанова, Ч.Димитровски, Б.Крстевска, В.Перцан, С. Марковиќ, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет - Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5
7. АНАЛИЗА НА ХОСПИТАЛИЗАЦИИТЕ НА КЛИНИКАТА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И БОЛЕСТИ НА МЕТАБОЛИЗМОТ- СКОПЈЕ ВО ШЕСТМЕСЕЧЕН ПЕРИОД ПРЕКУ АПЛИКАТИВНА ПРОГРАМА Г.Петровски, Ч.Димитровски, С.Садикарио, Г.Балабанова, С.Марковиќ, Г.Пемовска, В.Перцан, Т.Миленковиќ, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет - Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5

8. АЦЕФАЛИЧНИ СПЕРМАТОЗОИДИ: РЕТКА ПРИЧИНА ЗА МАШКА ИНФЕРТИЛНОСТ Ч.Димитровски, Б. Коцевска, Г.Петровски, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот, Медицински факултет - Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5
9. СПЕРМАТОГЕН МАТУРАЦИСКИ АРЕСТ: ПРИЧИНА ЗА МАШКА ИНФЕРТИЛНОСТ Ч.Димитровски, С.Садикарио, Б.Крстевска, Т.Плашески, Г.Петровски, Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот , Медицински факултет - Скопје (Прв македонски конгрес за ендокринологија и метаболички нарушувања, 18-21 октомври 2000, Охрид)	0,5
10. APPLIED SOFTWARE IN PRIMARY MEDICAL PRACTICE Goran Petrovski, Slavka Atanasovska-Nicic (IInd Congress of Physicians in Primary Medical Practice–with international participation, Bar, Yugoslavia)	1
11. SMOKING-RISK FACTOR FOR OBSTRUCTIVE LUNG DISEASE AND CARCINOMA PULMONUM Slavka Atanasovska-Nicic, Goran Petrovski (IInd Congress of Physicians in Primary Medical Practice–with international participation, Bar, Yugoslavia)	1
12. ИСХОД ОД ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА КАЈ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ НА КЛИНИКАТА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА ВО ПЕРИОД 1990-1999 Т.Миленковиќ, Г.Стефновска-Балабанова, Г:Петровски, В.Перцан, С.Марковиќ, Б.Крстевска, Г.Пемовска (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
13. РЕГИОНАЛНА ДИСТРИБУЦИЈА ПО ГРАДОВИ НА ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА ХОСПИТАЛИЗИРНИНА КЛИНИКАТА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОД 1989-1990 Т.Миленковиќ, Г.Стефановска Балабанова, Г.Петровски, С.Садикарио, В.Перцан, Б.Крстевска, С.марковиќ (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболни нарушувања, Охрид 18-21 октомври 2000)	0,5
14. ПРОВОКАТИВНИ ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА Г.С.Балабанова, Г.Петровски, Т.Миленковиќ, С.Садикарио, В.Перцан, Б.Крстевска, С.Марковиќ (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид 18-21 октомври 2000)	0,5
15. ТРЕНД НА ДИЈАБЕТИЧНАТА КЕТОАЦИДОЗА НА КЛИНИКАТА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА ВО ПЕРИОД 1989-1999 Г.С.Балабанова, Т.Миленковиќ, Г.Петровски, ЧДимитровски, Г.Пемовска, В.Перцан, Т.Плашески, С.Шубеска (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
16. ХИПОГЛИКЕМИЈА-БАРИЕРА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ДОБРА МЕТАБОЛНА РЕГУЛАЦИЈА НА ДИЈАБЕТЕСОТТ.Плашески, Г.С.Балабанова, В.Перцан, Г.Петровски, С.Шубеска, М.Богоев (Прв	0,5

Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид 18-21 октомври 2000)	
17. TREATMENT OF ERECTILE DYSFUNCTION WITH SILDENAFIL CITRATE IN MEN WITH DIABETES G.Petrovski, C.Dimitrovski, S.Sadikario, G.pemovska, B.Krstevska, V.percan, G.S. Balabanova (Second Croation Diabetology Congress, Dubrovnik, 4-7 June 2001)	1
18. ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ЗАПИС-НОВ ПРИСТАП ВО МЕДИЦИНСКИОТ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ Г.Петровски, Ч.Димитровски, С.Садикарио, Б.Крстевска, Т.Миленковиќ, Г.С. Балабанова,С.Марковиќ. (Прв македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
19. ERECTILE DYSFUNCTION AND DIABETES: TREATMENT WITH SILDENAFIL Petrovski G, Dimitrovski C, Sadikario S, Pemovska G, Krstevska B, MIlenkovic T,Percan V, Balabanova SG, Markovic TS, (24th Congess of endocrinology and metabolic disorders of Turkey, joint meeting with American Association of Clinical Endocrinologists, Istanbul, Turkey, 4-6 October 2001)	1
20. THYROID DYSFUNCTION AND DIABETES MELLITUS Balabanova SG, Percan V, Petrovski G, Milenkovic, T, Pemovska G, Markovic-Temelkova S, Krstevska B (24th Congess of endocrinology and metabolic disorders of Turkey, joint meeting with American Association of Clinical Endocrinologists, Istanbul, Turkey, 4-6 October 2001)	1
21. ИНФЕКЦИИ НА ДИЈАБЕТИЧНО СТАПАЛО Г.Пемовска, С.Садикарио, Б.Крстевска, Т.Миленковиќ, В.Перцан, Г.Петровски, Т.Плашески (Прв македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
22. НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА УРИНАРНИИНФЕКЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС Т.Миленковиќ, Г.Стефановска, Г.Петровски, В.Перцан, Б.Крстевска, Г.Пемовска, С.Марковиќ, А.Банишка, Т.Плашески (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболни нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
23. МИКРОАЛБУМИНУРИЈА ВО БЛИСКА ВРСКА СО ВРЕМЕТРАЕЊЕТО, ГЛИКОРЕГУЛАЦИЈАТА И ВОЗРАСТА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС В.Перцан, Ч.Димитровски, С.Садикарио, Т.Миленковиќ, Н.Лабан, Г.Петровски, С.Шубеска, А.Банишка, Г.С.Балабанова	0,5
24.АСИМПТОМАТСКА БАКТЕРИУИРИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС Г.С. Балабанова, Г.Петровски, Т.Миленковиќ, М.Богоев, В.Перцан, С.Марковиќ (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5

25. ПРЕВАЛЕНЦИЈА, ЕПИДЕМИОЛОГИЈА И КОМПЛИКАЦИИ ОД ПРИСУСТВО НА ОНИХОМИКОЗИ НА СТАПАЛАТА КАЈ ЛУЃЕ СО ДИЈАБЕТЕС В.Перцан, С.Николовска, Т.Миленковиќ, Б.Крествска, С.Шубеска, Г.Петровски, Н.Гучева, Г.С.Балабанова	0,5
26. СИЛДЕНАФИЛ ВО ТРЕТМАН НА ЕРЕКТИЛНА ДИСФУНКЦИЈА КАЈ ЛУЃЕ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 1 И 2 Ч. Димитровски, С.Садикарио, Г.Петровски, В.Перцан (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
27. ПРОЦЕНА НА МОРФОЛОШКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОПЕРАТИВНО ЛЕКУВАЊЕ НА АДРЕНАЛНИТЕ ТУМОРИ, ИНЦИДЕНТАЛОМИ Б.Крстевска, М.Крстевски, Н.марина, С.Садикарио, А.Банишка, В:перцан, Т.Миленковиќ, Н.Гучева, Г.С.Балабанова, С.Шубеска, Г.Петровски (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
28. ВИЛИЗИРАЧКИ АДРЕНАЛЕН АДЕНОМ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ Б.Крстевска,Ч.Димитровски, М.Крстевски, Г.Пемовска, С.Шубеска, Т.Миленковиќ, Т.Плашески, Н.Марина, Г.С.Балабанова, Г.Петровски, С.Марковиќ (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
29. LEYDIG CELL TUMOR: ПРИЧИНА ЗА АДУЛТНА ГИНЕКОМАСТИЈА Ч.Димитровски, С.Садикарио, Г.Петровски, В.Георгиев (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
30. ФЕОХРОМОЦИТОМА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО НЕУРОФИБРОМАТОЗА ТИП 1 Ч.Димитровски, С.Садикарио, Б.Крстевска, Г.Петровски (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и **метаболички** нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
31.ГИНЕКОМАСТИЈА ИЛИ ПСЕВДОГИНЕКОМАСТИЈА? Ч.Димитровски, С.Садикарио, Г.петровски, З.Спировски (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
32. ИНФИЛТРАТИВЕН ПИТУИТАРЕН АДЕНОМ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ С.Марковиќ, М.Богоев, Т.Милековиќ, В.Перцан, Г.С. Балабанова, Г.петровски, Т.Плашески, С.Шубеска (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
33. АСОЦИРАНОСТ НА АНКИЛОЗАНТЕН СПОНДИЛИТИС И НАНОСОМИА ПИТУИТАРИА Ј.Чаловски, Ч.Димитровски, М.Грличков, Н.Марина, А Карацова-Стојановска, М.Николовска, Г.Петровски (Прв македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5

34. ОСТЕОПОРОЗИС КАПИТИС ФЕМОРИС БИЛАТЕРАЛИС ИДИОПАТИКА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ Д.јованов, В.перцан, Т.Миленковиќ, Н.Гучева, С.Марковиќ, Г.С. Балабанова, Г.Петровски (Прв Македонски конгрес по ендокринологија и метаболички нарушувања, Охрид, 18-21 октомври 2000)	0,5
35. MATERNAL AND NEONATAL OUTCOME IN WOMEN WITH TYPE 1, TYPE 2 AND GESTATIONAL DIABETES MELLITUS B.Krstevska, G.pemovska, V.Percan, G.Petrovski (Second Croation Diabetology Congress, Dubrovnik, 4-7 June 2001)	1
36. TREATMENT WITH GLUFORMIN IN PATIENT WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS G.Pemovska, V.Percan, G.Petrovski (Second Croation Diabetology Congress, Dubrovnik, 4-7 June 2001)	1
39. EVALUATION OF STRUCTURED GROUP EDUCATION PROGRAM IN PATIENTS WITH DIABETES MLLITUS ON INSULIN THERAPY Milenkovic T, Percan V, Pemovska G, Krstevska B, Markovic Temelkova S, Balabanova SG, Petrovski G, (24th Congess of endocrinology and metabolic disorders of Turkey, joint meeting with American Association of Clinical Endocrinologists, Istanbul, Turkey, 4-6 October 2001)	1
40. RADIONUCLIDE DIAGNOSIS OF DIABETEC FOOT INFECTIONS Pemovska G, Miceva Ristevska S, Percan V, Krstevska B, Balabanova SG, Petrovski G, (24th Congess of endocrinology and metabolic disorders of Turkey, joint meeting with American Association of Clinical Endocrinologists, Istanbul, Turkey, 4-6 October 2001)	1
41. THE EFFECTS ON METFORMIN ON METABOLIC CONTROL AND LIPID PROFILE IN TYPE TWO DIABETICS Percan V, Pemovska G, Petrovski G , Balabanova SG (24th Congess of endocrinology and metabolic disorders of Turkey, joint meeting with American Association of Clinical Endocrinologists, Istanbul, Turkey, 4-6 October 2001)	1
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	0,500	1	0,5
	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	0,500	3	1,5
	j проект скопје			
	новини во педијатрија			
	Македонски педијатриски информатор			
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен	1,000	4	4,0
	научен/стручен собир			
	Steering Committee J project			
	17. Конгрес на лекарите на РМ			
	18. Конгрес на лекарите на РМ			
	MJMS, evidence based medicine			
	Студиски престој во странство			
	- до три месеци 0,5	0,500	4	2,0
	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект			
	- соработник 0,5	0,500	2	1,0
	Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството	2,0		2,0
	Завршена супспецијализација во областа на медицинските	1,0		1,0

	науки и здравството			
	Вкупно			62,0

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Ред.бр.	Назив на активности			Вк. поени
	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ			38,7
	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ			176,1
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ			62,0
	Вкупно			**276,8**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Самуел Садикарио, с.р.

2. Проф. д-р Гордана Адамова, с.р..

3. Доц.д-р Игор Кафтанциев, с.р.

4. Проф.д-р Снежана Стојчевска, с.р.

5. Проф.д-р Петар Корнети, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат **Владимир Стојан Николов**
(име, татково име и презиме)
Институција: Универзитетска клиника за нефрологија, Медицински факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: семејна медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активности			Вк. поени
	Одржување на настава			
	- од втор циклус студии	0,05	300	15,0
	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	0,03	400	12,0
	Вкупно			**27,0**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.бр	Назив на активности			Вк.поени
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание	1,200	8	9,6
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор	1,600	3	4,8
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор	1,800	7	13,0
	Апстракт објавен во зборник на конференција			
	меѓународен	1,000	14	14,0
	национален	0,500	19	9,5
	Вкупно			**50,9**

1. В.Николов. Морални аспекти на силувањето и обидот за силување. 21 Конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија, 1979: Зборник на трудови: 151-152.	0,5
2. В.Николов. Параноидна симптоматологија и homicide. 22 Конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија, 1979: Зборник на трудови: 151-152.	0,5
3. К:Чакароски, А.Ончевски, Ј.Јовановски, Љ.Глигоров, В.Николов. Активно лекување на конгестивната срцева слабост со примена на дисконтинуирана дијализна ултрафилтрација. 4. Пулмолошки денови, 1986 зборник на апстракти.	0,5
4. К.Чакароски, А.Ончевски, Ј.Јовановски, Љ.Глигоровски, В.Николов. Метаболната бубрежна ацидоза во контекстот на респираторната инсуфициенција. 4ти пулмолошки денови, 1986 зборник на апстракти.	0,5
5. В.Николов, З.Перовска, Н.Петрушевска, Р.Гроздановски – Хипертензивна криза во тој на хемодијализата. 5ти Југословенски симпозиум за хемодијализа, 1984, Зборник на апстракти.	0,5
6. К.Чакаларовски, А.Ончевски, В.Николов, И.Секуловска, С.Поповска, Ј.Јовановски. Ултрафилтрационата хемодијализа кај хроничната кардијална инсуфициенција. 5ти Југословенски симпозиум за хемодијализа, 1984, Зборник на апстракти.	0,5
7. Љ.Ветерова, Н.Ивановски, В.Николов. Наша искуства са хемофилтрацијом. 5ти Југословенски симпозиум за хемодијализа, 1984, Зборник на апстракти.	0,5

8. В.Николов, М.Поленаковиќ, К.Чакароски, В.Амитов, Љ.Лозанче. Дијабетична нефропатија и хронична бубрежна инсуфициенција. 10ти конгрес на лекарите на Македонија, Зборник на трудови.	0,5
9. В.Амитов, А.Ончевски, Љ.Лозанче, К.Чакароски, В.Николов, П.Дејанов. Пункции на големи крвни садови за обезбедување на пристап за хемодијализа. 10. Конгрес на лекарите на Македонија, Зборник на трудови.	0,5
10. К.Чакаларовски, Р.Гроздановски, Ј.Јовановски, В.Николов, А.Ончевски.В.Амитов,Љ.Лозанче. Проценка на хемостаза кај болни со хронична бубрежна инсуфициенција лекува со хемодијализа. 10ти конгрес на лекарите на Македонија, Зборник на трудови.	0,5
11. К.Чакароски, В.Амитов, Г.Масин, Ј.Јовановски, В.Николов. Ургентни срцеви состојби кај болните со хронична бубрежна инсуфициенција. 9ти Конгрес кардиолога Југославије, Скопје 1985, Зборник на апстракти.	0,5
12. В.николов, Г.Масин, Н.Ивановски, К.Чакаларовски, Ј.Јовановски, В.Амитов. Можност за јатрогено оштетување на срце кај хронична ренална инсуфициенција со хронична интермитента хемодијализа. 9ти Конгрес кардиолога Југославије, Скопје 1985, Зборник на апстракти.	0,5
13. V.Amitov, K.cakalaroski, G.Masin, P.Dejanov, V.Nikolov, J.jovanovski. Use of bromopride in uremic patients. Acta biologica Yugoslavica 1985 21 (suppl 3) 295.	1,2
14. V.Nikolov, V.Amitov, P.Dejanov, G.Masin. The use of Ca++blockers in hypertensive and steno-cardiac crisis during hemodialysis. Acta biologica Yugoslavica 1985, 21 (suppl 3).	1,2
15. К.Чакароски , Ј.Јовановски, А.Ончевски, В.Николов. Конзервативно лекување на реналната артериска хипертензија. Год.збор.мед.фак. Ск 32Ч 25, 1986.	1,2
16. В.николов, М.Поленаковиќ, С.Садикарио, Л.Грчевска. Клиничке карактеристике болесника са дијаетилком нефропатијом хоспитализираних током 4 године на Клиници за нефрологију у Скопје. Симпозијум о гломерулопатијама,, Ниш, 1986.	1,2
17. В.Тасиќ, С.Цикова, В.Николов, Д.Кузмановска. Ехоренографски скрининг у дојенчета и малог детета. Мак мед преглед супл 5, 1989.	0,5
18. В.Тасиќ, С.Цикова, Д.Кузмановска, А.Сајковски, В.Николов. Ехоренографија у обради деце са нефроуролошким обољењима. Мак.мед.преглед супл 5, 1989.	1,2

19. В.Николов, В.Амитов, П.Дејанов, К.Чакаларовски,А.Шиколе, А.ончевски. Примена на кордипин во третманот на хипертензивни кризи во тек на хемодијализата. Симпозиум за хипертензија, Скопје.	0,5
20. В.Николов, Р.Гроздновски. Хипертензивна криза у току хемодијализе. Симпозиум за хипертензија, Скопје.	0,5
21. К:Чакаларoски, Б.Стојчев, В.Николов, А.Шиколе. Ебрантил во лекување на хипертензивни кризи. Симпозиум за хипертензија, Скопје.	0,5
22. К.Чакаларoски, Р.Гроздановски, В.Николов, J.Јовановски, В.Амитов.А.Ончевски. Опструктивната нефропатија како нефролошка ургенција. Год.збор.Мед.фак.Ск. 1985 31(2): 179.	1,2
23. В.Николов, Р.Гроздановски, К.Чакаларовски. Опструктивна нефропатија. Год.збор.Мед.фак.Ск. 1986 32(1).	1,6
24. В.Николов, С.Садикарио. Микрокомпјутери, организација, структура и примена во биомедицинските истражувања. Мак мед преглед 1986: 3-4	1,8
25. С.Садикарио, В.Николов.Примена на дигиталните сметачки машини во медицината. Мак мед птеглед 1986 (3-4).	1,8
26. Г.Масин, К.Чакаларoски, В.Николов. Пиелонефтитис (или интерстицијални) нефритис и хронична бубрежна инсуфициенција.Инфекција уротракта, Ниш 1985: 163-166.	1,6
27. К.Чакаларoски, Р.Гроздановски, В.Николов, J.Јовановски, В.Амитов. Опструктивна уропатија са аспекта ургентне нефрологије. Инфекција уротракта, Ниш 1985: 163-166.	1,6
28. V.Nikolov. Iatrogenic cardiac damage during hemodialysis. XXII EDETA-ERA, Brussels, 1985.	1
29. М.Поленаковиќ, Л.Грчевска, Ѓ.Ставриќ, Ѓ.Зографски, В.Николов, С.Цикова, Г.Масин. Примарне гломерулопатије код пацијената испитивани на Клиници за Нефрологију у Скопје. 4ти Конгрес нефролога Југославије, Скопје 1989.	1
30. С.Садикарио, Љ.Атанацковиќ, В.Николов, М.Поленаковиќ, С.Марковиќ, Л.Грчевска. Експертски систем за дијагноза и следење на рено-ретинал синдром кај инсулин зависен дијабетес мелитус. 4. Конгрес нефролога Југославије, Скопје 1989.	1

31. С.Марковиќ, С.Садикарио, К:Петровски, В.Николов, М.Поленаковиќ. Патека на рено-ретинал синдром кај ИДММ. 4. Конгрес нефролога Југославије, Скопје 1989.	1
32. В.Николов, М.Поленаковиќ, С.Садикарио. Дијабетичн анефропатија и хронична бубрежна инсуфициенција. 4ти Конгрес нефролога Југославије, Скопје 1989.	1
33. С.Садикарио, В.Николов, Р.Дотљиќ, Ч.Димитровски. Концепт адиптивних фузинеуронских мрежа и њихова примена у клиничком одлучивању, пример примене и дијабетесу. Први конгрес медицинске информатике, Београд 1990	1
34. V.Nikolov, S.Sadikario, R.Dotlic. Introduction of artificial intelligence method in diabetic nephropathy management and follow up. Први конгрес медицинске информатике, Београд 1990.	1
35. S.Sadikario, V.Nikolov, J.Marinkovic, N.Kocev, K.Petrovski, C.Dimitrovski. Expert system development for epidemiological research of diabetes mellitus and its vascular complication. Први конгрес медицинске информатике, Београд 1990	1
36. S.Sadikario, J.Marinkovic, V.Nikolov, C.Dimitrovski, R.Dotlic. Epidemiological data of coronary heart disease in the prospective study of diabetic vascular disease in Skopje, Kardiologija, Beograd 1992.	1,8
37. Р.Максимовиќ, П.Сеферовиќ, Ј.Маринковиќ, В.Николов. М.Остојиќ. Љ.Васиљевиќ. Метанализа дијагностичке вредности ендомиокардне биопсије. Први ванредни конгрес лекара Србије, Београд 1993.	1
38. V.Nikolov, S.Sadikario. The use of expert system in management of diabetic nephropathy . Први заједнички симпозијум о биофизици Немачка-Југославија 1989.	1
39. V.Nikolov, S.Sadikario. Thermo field theory as a model of energy transfer in metabolic active cells. Први заједнички симпозијум о биофизици Немачка-Југославија 1989.	1
40. E.Jaksic, V.Petronic, M.Tulic, S.Radojkovic, R.Dotlic, V.Nikolov. Sensitivity of scrotal blood pool scintigraphy in diagnosis of varicella in 9 infertile males. 22 Congress, International Society of urology. Sevilla 1991.	1
41. Е.Јакшиќ, Е.Петрониќ, В.Микиќ, С.Тулиќ, Ц.Радојковиќ, С.Костиќ, К.Хан, Р.Дотљиќ, В.Николов. Сензитивност сцинтиграфије скротума у дијагнози варикоцеле. 24 Југословенски састанак нуклеарне медицине, Копаониј, 1991.	1

42. I.Gazdic, O.Ilic, V.Nikolov. Испитивање делотворности и подносљивости тиапропфенске киселине у дегенеративним болестима. Медицина Јадретина 20, супл. 1.	1,8
43. M.Polenakovic, A.Sikole,N.Stojcev, G.Spasovski, V.Amitovm V.Nikolov, G.Masin, H.Klinkmann. Survival of patients on chronic haemodialysis: single center experience. Artificial Organs, 23 (1) 61-64, 1999.	1,8
44. K.Micic, A.Stavrevska-Minovska, N.Ivanovski, J.Masin-Spasovska, V.Nikolov,L.Lekovski, Z.Popov.G.Spasovski. Cyclosporine A indices gingival overgrowth. BANTAO vol 4 (2006), 46-50.	1,8
45. З.Николова-Тодорова, В.Николов, М.Шољакова, Фармаколошка стратегија за заштеда на крв: интравезна терапија со железо при постоперативна анемија. Издание на лек. 1-10, 2000 год.	1,8
46. A.Sikole, V. Nikolov, N.Stojcev, N.Amitov, G.Selim, A.Asani, R.Grozdanovski, G.masin, H.Klinkman, M.Polenakovic. Survival of patients on maintenance hemodialysis over ten year period. Прилози МАНУ 28 (2):99-110, 2007	1,2
47. V.Nikolov, Fitting test in radiology diagnostics. Second Macedonian Congress of radiology, Ohrid 2000	1
48. L.Grcevska, V.Ristovska, V.Nikoloc, M.Milovanceva-Popovska, G.Petrusevska, S.Kostadinova-Kunovska, M.Polenakovic. Renal histopathology and clinical course in patients with Wegener's granulomatosis – single center experience grom the Republic od Macedonia. Contributions, MASA, XXXII 2011, p69-86	1,2
49. L.Grcevska, V.Ristovska, V.Nikolov, M.M.Popovska, G.Petrusevska, S.Kostadinova-Kunoivska, M.Polenakovic. Renal histopathology and clinical course in patients with Wegener's granulomatosis. 1st Macedonian Congress oof pathology with international participation. Proceeding and avstracts, October 2011	0,5
50. В.Ристовска, Л.Грчевска, М.М.Поповска, В.Николов. Хипертензија кај адултната полицистична бубрежна болест. 18 Конгрес на лекарите на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид 15-18 јуни 2011, зборник на абстракти	0,5
51. М.М.Поповска, Л.Грчевска, В.Ристоска, В.николов, А.Шиколе. Резистентниот индекс (РИ) во прогресијата на дијабетичната нефропатија и хроничната бубрежна болест. 18 Конгрес на лекарите на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид 2011, Книга на апстракти.	0,5

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред.бр.	Назив на активности			Вк.поени
	Стручна монографија	8,000	1	8,0
	- учесник/соработник	1,000	2	2,0
	Главен (основен) проект			
	- учесник/соработник	2,000	3	6,0
	Воведување нова лабораториска/клиничка метода	4,000	1	4,0
	Дејности од поширок интерес			
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	0,500	1	0,5
	Студиски престој во странство			
	- до три месеци 0,5	0,500	5	2,5
	Вкупно			**23**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Ред.бр	Назив на активности			Вк.поени
	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ			27,0
	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ			50,9
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ			23,0
	Вкупно			**100,5**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Самуел Садикарио, с.р.

2. Проф. д-р Гордана Адамова, с.р..

3. Доц.д-р Игор Кафтанџиев, с.р.

4. Проф.д-р Снежана Стојчевска, с.р.

5. Проф.д-р Петар Корнети, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА 1, АНАЛИТИЧКАХЕМИЈА 2 И АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА

Со решение бр. 07-204/2 од 3.2.2012 година, од страна на деканот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и согласно со Одлуката од VI седница на Наставно-научниот совет на Факултетот од 30.1.2012 година, именувани сме како членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања по групата предмети: аналитичка хемија 1, аналитичка хемија 2 и аналитичка хемија. По прегледувањето на доставените материјали, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник по групата предмети: аналитичка хемија 1, аналитичка хемија 2 и аналитичка хемија распишан од Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", во Скопје и објавен во дневните весници *Нова Македонија* (24.1.2012 година) и *Коха* (24.1.2012 година) се пријави кандидатот д-р Гордана Русеска, насловен доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Во пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Гордана Русеска, насловен доцент, е родена на 1.10.1959 година во Скопје.

Образование

1983 Дипломирала на Природно-математичкиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со што се стекнала со назив на дипломиран инженер по хемија .

1994 Завршила постдипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Магистерскиот труд е од областа на материјали - синтеза на високоактивни правови по пат на нови технологии, со наслов: *Механички и термичко-експанзиони карактеристики на системот* $Al_2O_3 - TiO_2 - SiO_2$, *добиен по методата на контолирана кохидролиза.*

2003 Докторирала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, од областа на синтеза и карактеризација на композити на база на хидроксиапатит. Докторската дисертација е со наслов: *Синтеза, структура и својства*

на композит хидроксиапатит - калциум фосфат и хидроксиапатит - силициум диоксид.

Работно искуство:

1987 - 1995 **Помлад асистент** по предметот аналитичка хемија, на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје

1995 - 2007 **Асистент** по предметите аналитичка хемија, аналтичка хемија 1 и аналитичка хемија 2 на Технолошко – металуршкиот факултет во Скопје

2007 - **Насловен доцент** по предметите аналитичка хемија, аналитичка хемија 1 и аналитичка хемија 2 на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Кандидатката д-р Гордана Русеска, по изборот во звањето насловен доцент, како автор и коавтор има објавено:

- трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание и референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: **2 ;**
- учество на научен/стручен собир со реферат **: 3;**
- учество на научноистражувачки проекти: **2.**

2. АКТИВНОСТИ ПО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ

2.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката во периодот од изборот во звањето насловен доцент на Факултетот, учествува во наставата по предметите:

1. **Додипломски студии**
   - **Задолжителни предмети:** аналитичка хемија, аналтичка хемија 1 и аналитичка хемија 2 на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје, како и предметите: општа и неорганска хемија 1 и општа и неорганска хемија 2 на дисперзираните студии на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје во Кавадарци.
2. **Постдипломски студии**
   - На студиската програма инженерство на животна средина: настава по предметот *инструменталнитехники и методи за анализа на примероци од животната средина*, за што се подготвени и пакет материјали.

Д-р Гордана Русеска, како насловен доцент, низ својата богата и успешна педагошка активност и комуникативноста, им овозможува на студентите активно и континуирано да се здобиваат со нови знаења. Покрај

редовните обврски за одржување на предавања, вежби, домашни и семинарски работи, консултации, колоквиуми, испити и др., на студентите им овозможува да учат од интерни скрипти, на кои се јавува како автор, (прифатени од ННС на ТМФ), кадешто секогаш воведува нови кондензирани и јасни содржини од соодветните предметни програми.

Интерни скрипти од предавања и вежби за додипломски студии:

- интерна скрипта-предавања: д-р Ратка Милошевска, ред. проф. и д-р Гордана Русеска, насл. доц. **Аналитичка хемија** (интерни предавања), 2010 ;
- интерна скрипта-предавања: Гордана Русеска, насл. доц., **Аналитичка хемија 2**(интерни предавања), 2011;
- интерни материјали- практикум за лабораториски вежби по предметот аналитичка хемија: д-р Гордана Русеска, насл. доц., **Практикум за лабораториски вежби по аналитичка хемија, 2010;**
- интерни материјали- практикум за лабораториски вежби по предметот аналитичка хемија 2: д-р Гордана Русеска, насл. доц., **Практикум за лабораториски вежби по аналитичка хемија, 2011.**

Д-р Гордана Русеска била член на комисија за оцена и одбрана на 2 докторски дисертации, 8 дипломски работи, како и ментор на 1 дипломска работа.

2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Подрачје на научноистражувачка дејност: техничко-технолошки науки
Поле и области:
2.15 Материјали

- 21502 - Материјали - неоргански материјали
- 21503 – Неоргански материјали- композитни материјали

Во периодот по изборот во звањето насловен доцент, д-р Гордана Русеска, како автор и коавтор има објавено:

- трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: **2;**
- учество на научни/стручни собири со реферати: **3;**
- учество во научноистражувачки проекти: **2.**

2.3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

2.3.1. Дејности од поширок интерес

Од приложените материјали од страна на кандидатката, впечатлив е интензитетот на активноста во рамките на Факултетот и пошироко. Во периодот од изборот во звањето насловен доцент, д-р Гордана Русеска учествува како презентер на програмата на ТМФ во средните училишта во Скопје (СХУ "Марија Кири Склодовска" и СУТС гимназија "Орце Николов"). Член е бројни тела на Факултетот (Наставно-научен совет, Комисија за настава, Наставно-научен колегиум за втор циклус на студии за студиската програма инженерство на животна средина, Колегиум за докторски студии), како и член на комисија за тестирање на пријавени кандидати за полагање квалификационен испит.

3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и деталната анализа на севкупната дејност на кандидатката, д-р Гордана Русеска, може да се заклучи дека по изборот во звањето насловен доцент (февруари 2007 година) бележи бројни активности (детално прикажани во Образецот кон Извештајот), а во целосен обем **114.41** поени, го дава својот придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, како и во дејностите од поширок интерес. Од севкупното прикажано, може да се заклучи дека се работи за изграден академски профил, кој покажува капацитет да ги покрива сите потребни активности кои се неопходни за звањето вонреден професор.

Како заклучок од сето погоре изнесено и врз основа на критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со посебна одговорност, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Гордана Русеска, насловен доцент на Технолошко-мералуршкиот факултет, да биде избрана во наставно-научното звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Членови на Рецензентската комисија

1. **Д-р Благица Близнаковска,ред. проф. с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

2. **Д-р Слободан Богоевски,ред.проф. с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

3. **Д-р Драгица Чамовска, вонр. проф. с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗАИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Гордана Русеска
Институција: Технолошко-металуршки факултет
Научна област: технологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	Поени
1.	**Одржување на настава-прв циклус студии**	
1.1	Аналитичка хемија 1 (3+3)	3,6
1.2	Аналитичка хемија 2 (3+3)	9,0
1.3	Аналитичка хемија (3+3)	3,6
1.4	Проект (1+2)	1,2
1.5	Општа и неорганска хемија 1 (3+3)	3,6
1.6	Општа и неорганска хемија 2 (3+3)	3,6
2.	**Одржување на настава-автор циклус студии**	
2.1.	Инструментални техники и методи за анализа на примероци од животната средина	3,4
3.	**Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	
3.1	Аналитичка хемија 1 (3+3)	6,75
3.2	Аналитичка хемија 2 (3+3)	6,75
3.3	Аналитичка хемија (3+3)	13,5
3.4	Проект (1+2)	1,8
3.5.	Инструментални техники и методи за анализа на примероци од животната средина	2,03
4.	**Пакет материјали**	
4.1.	Инструментални техники и методи за анализа на примероци од животната средина	1
4.2.	Општа и неорганска хемија 1 (3+3)	1
4.3.	Општа и неорганска хемија 2 (3+3)	1

5.	**Консултации со студенти**	
5.1	Аналитичка хемија 1 (3+3)	0,03
5.2	Аналитичка хемија 2 (2+2)	0,03
5.3	Аналитичка хемија (3+3)	0,40
5.4	Проект (1+2)	0,03
5.5	Општа и неорганска хемија 1 (3+3)	0,1
5.6	Општа и неорганска хемија 2 (3+3)	0,05
5.7.	Инструментални техники и методи за анализа на примероци од животната средина	0,03
6.	**Позитивно рецензираниучебни помагала**	
6.1.	ПРАКТИКУМ ЗА ЛАБОРАТОРИСКИ ВЕЖБИ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, д-р ГОРДАНА РУСЕСКА	4
6.2.	ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, д-р ГОРДАНА РУСЕСКА	4
7.	**Интерни материјали**	
7.1.	Д-р Ратка Милошевска, ред.проф., д-р Гордана Русеска, насл. доц., **Аналитичка хемија (интерни предавања)**, 2010	4
7.2.	Д-р Гордана Русеска, насл.доц., **Практикум за лабораториски вежби по аналитичка хемија**2010	3
7.3.	Д-р Гордана Русеска, насл.доц., **Аналитичка хемија2 (интерни предавања)** 2011	4
7.4.	Д-р Гордана Русеска, насл.доцент, **Практикум за лабораторискивежби по аналитичка хемијаII**, 2011	3
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: 2**	1
9.	**Ментор на дипломски работи: 1**	0,2
10.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: 8**	0,8
	Вкупно	**86,50**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
1.1	E.Fidancevska, **G.Ruseska**, J.Bossert, Y.M.Lin, A.Boccaccini, Fabrication and Characterisation of Porous Bioceramic Composites Based on Hydroxyapatite and Titania, *Mater. Chem. Phys, Vol. 103, Is I, pp 95-100* (2007)**(IF: 2,353)**	5,01
1.2	**G.Ruseska**, Characterization of the Shrinkage Behaviour of Biohydroxyapatite - Silica Composites During the Process of Sintering, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, in press **(IF: 0,2)**	6,2
2.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
2.1	**GordanaRuseska,**Aleksandra Bužarovska, Evaluating of biodegradability of plastics through titrimetric determination of CO_2, **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia** Book of Abstracts PPM-1, Ohrid, September 23-26, 2010.	0,5
2.2	**GordanaRuseska,**Synergistic effect of two phase calcium phosphate ceramic, **XXI Congress ofChemists and Technologists of Macedonia**, Book of Abstracts ICT-8, Ohrid, September 23-26, 2010.	0,5
2.3	**GordanaRuseska,**Application of heating microscope on the process of sintering, **XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia**, Book of Abstracts ICT-9, Ohrid, September 23-26, 2010.	0,5
3.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
3.1	**Креирање на мрежа за соработка помеѓу универзитетите и индустријата за едукација за одржливи технологии,** локален раководител Д-р Емилија Фиданчевска, вон.проф., TEMPUS проект 158989- TEMPUS -1-2009-1-BE, 2010-2013.	5
3.2.	**Нанокомпозити од биоразградливи полимери и керамички полнители,**раководите: д-р Александра Бужаровска, вонр. проф.; 01.01.2010-31.12.2011; билатерален македонско-словенечки проект	5
	Вкупно	**22,71**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Дејности од поширок интерес

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	
1.1	Презентација на програмата на ТМФ во Скопје, СХУ "Марија Кири Склодовска" и СУГС гимназија "Орце Николов", 2007/08.	0,5
1.2	Презентација на програмата на ТМФ во Скопје, СХУ "Марија Кири Склодовска" и СУГС гимназија "Орце Николов", 2008/09.	0,5
1.3	Презентација на програмата на ТМФ во Скопје, СХУ "Марија Кири Склодовска" и СУГС гимназија "Орце Николов", 2009/10.	0,5
2.	**Член на факултетска комисија**	
2.1	Наставно – научен совет на Технолошко – металуршкиот факултет во Скопје	0,5
2.2.	Член на Комисија за настава во периодот, 2012 -	0,5
2.3.	Член на Комисија за избор во звање	0,2
2.4.	Член на Комисија за настава во периодот 2007 – 2011 година	0,5
2.5.	Член на Наставно-научен колегиум за втор циклус студии за студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животната средина, од 6.4.2011.	0,5
2.6.	Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии за студиската програма Инженерство на животна средина, од 6.4.2011.	0,5
2.7.	Член на Комисија за тестирање на пријавени кандидати за полагање квалификационен испит, 2010 година	0,5
2.8.	Член на Комисија за тестирање на пријавени кандидати за полагање квалификационен испит, 2011 година	0,5
	Вкупно	**5,2**

	ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:	86,50
	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	22,71
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС:	5,20
	Вкупно бодови:	114,41

Членови на Рецензентската комисија

1. **Д-р Благица Близнаковска, ред. проф.с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

2. **Д-р Слободан Богоевски, ред. проф. с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

3. **Д-р Драгица Чамовска, вонр. проф. с.р**
   Технолошко-металуршки факултет, Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ, ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, донесена на 34 седница одржана на 31.1.2012 година (одлука 08 бр.6/8 од 6.2.2012), по објавениот конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање асистент за група предмети од областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје беше избрана Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Гоце Аџи-Митревски, претседател, проф. д-р Зорица Блажевска, член и проф. д-р Тихомир Стојков, член.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајме“ на 18.1.2012 година се пријави кандидатот м-р Јован Ивановски, досегашен асистент на предметите за кои конкурира. Комисијата ја разгледа и ја оцени доставената документација од кандидатот и вклучувајќи ги и референците произлезени од личното искуство на членовите на Комисијата со неговото професионално дејствување во периодот од последниот избор до денес, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Јован Ивановски е роден на 7.5.1976 година во Тетово. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. Се запишал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1994 година. Во текот на 2001 година, како студент - апсолвент, работел во бирото *Грабер&Стеигер* во Луцерн, Швајцарија, на проектите:

- Училишна спортска сала во Куонимат, Швајцарија;
- Општинска зграда во Вехлен Волерау, Швајцарија;
- Меѓународен конкурс за историски музеј во Берн, Швајцарија;
- Меѓународен конкурс за станбен комплекс во Цуг, Швајцарија.

Студиите по архитектура ги завршил на Архитектонскиот факултет во Скопје во март 2003 година. Дипломирал со проект на тема: „Блок 3.3, Мал ринг, Скопје, кон нов урбан пејзаж - програмско и обликовно истражување“, под менторство на доц. м-р Гоце Аџи Митревски.

На 30.12.2003 година е избран за помлад асистент по предметите основи на проектирање и архитектонско проектирање (на додипломските студии за стручно обра-

зование во траење од 5 семестри) и архитектонско проектирање (во продлабочената настава). Во 2005 година се запишал на постдипломските студии по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје.
Во мај 2006 година добил едногодишна стипендија на германскиот сервис за академска размена, финансиран од Германската влада (ДААД) за постдипломски студии на еден од факултетите во Германија.

Во јули 2006 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за архитектура во Десау, Германија, при Универзитетот за применети науки „Анхалт", каде што го продолжил своето учење архитектура. Во јули 2009 година магистрирал на тема: „Декодирање на постсоцијалистичката транзиција на примерот на Скопје - домувањето во арената на приватниот интерес - надоаѓање на нови урбани прототипови". Во септември 2009 година, од страна на ДААД, ангажманот на Јован Ивановски на постдипломските студии е награден како најдобро академско остварување на странски студент за 2008 година на Анхалт - универзитетот за применети науки. Во декември 2008 година, на Архитектонскиот факултет во Скопје, Јован Ивановски пријавил изработка на докторската дисертација под работен наслов: „Постсоцијалистичката транзиција на примерот на Скопје - новите урбани прототипови и новиот пејзаж на домот".

На 14.2.2007 година повторно е избран за помлад асистент по предметите основи на проектирање и архитектонско проектирање (на додипломските студии за стручно образование во траење од 5 семестри) и архитектонско проектирање (во продлабочената настава). На 14.7.2009 е избран за асистент од областа на архитектонско проектирање, при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на наставата од последниот избор до денес, во рамките на Институтот за архитектонско проектирање учествувал во работата на архитектонско студио 3, архитектонско студио 4, архитектонско проектирање 1, како и на две продлабочени настави во осми и деветти семестар, кадешто работел на проектите:

- Архитектонска и програмска акупунктура во Старата чаршија во Скопје;
- Засолниште покрај река на брегот на реката Вардар во Скопје;
- Учење од архитектонски „мајстори" преку проекти за куќи;
- Учење од руралното градителско наследство на Македонија;
- Град на река, програмско, урбано и архитектонско реконфигрирање;
- Постиндустриско обликување на градската територија на Скопје

Во учебната 2011/2012 учествувал во изведувањето на наставата и по предметот ревитализација на градителско наследство, а во учебните 2005/2006, 2008/2009 година учествувал во изведувањето на наставата по предметите проектирање на индустриски згради и внатрешна архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Учество на работилници и летни школи по архитектура:

Покрај учеството во редовната настава на Архитектонскиот факултет во Скопје, во периодот од последниот избор до денес, Јован Ивановски учествувал како ментор на повеќе летни школи и работилници по архитектура, и тоа:

- Работилница по архитектура, тема: „Нови урбани топологии", Скопје, ноември 2011 година;
- Работилница по урбан дизајн и архитектура, тема: „Јужен булевар-нова оска на развој на градот Скопје", Торино, Италија, октомври 2011 година;
- Работилница по урбан дизајн и архитектура, тема: „Јужен булевар-нова оска на развој на градот Скопје", Скопје, септември 2011 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2011, тема: „Невидливи Лавиринти" со арх. Александар Бродски, Крива Паланка, јули 2011 година;
- Меѓународна работилница по архитектура на тема: „Суперград", во рамки на Skopje Architecure Week во Скопје, јуни 2011 година;
- Меѓународна работилница по архитектура на тема: „По урбаната експлозија", во Болоња, Италија, мај 2011 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2010, тема: „Архитектурата им припаѓа на (сите) луѓе" со проф. д-р Анета Х. Поповска, Крива Паланка, јули 2010 година;
- Работилница по архитектура на тема: „Крушево - архитектура, традиција и меморија", Скопје, мај 2010 година.

Јавно одржани предавања:

Во рамките на наставата на Архитектонскиот факултет, како и на разни стручни собири, учествувал со свои излагања, и тоа:

- Ремапирање на Скопје, во рамки на работилницата „Нови урбани топологии", предавање (заедно со доц. д-р Огнен Марина), одржано во советот на град Скопје во ноември 2011 година;
- Град во постсоцијалистичка транзиција на примерот на Скопје, предавање одржано на Архитектонскиот факултет во Торино, Италија, во октомври 2011 година;
- Град во постсоцијалистичка транзиција на примерот на Скопје, предавање одржано на Архитектонскиот факултет во Скопје во мај 2009 година;
- Publicscapes of Legacies and Forces on the case of post-socialist Skopje, предавање одржано на научната конференција: Cities of Others – Balkan City, во Болоња, Италија, во мај 2009 година.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 2009 до 2012 година, самостојно или во соработка со колеги, Јован Ивановски објавил повеќе научни трудови, и тоа:

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, со меѓународен уредувачки одбор, „Urban dialog: strategies for soft reconstruction of city historic district in Skopje" во 2011 година;
- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, „After Urban Explosion" во 2011 година;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, „Le Citta degli altri-Spazio pubblico e vita urbana nelle citta dei migranti", со трудот: „Balkan Cities – Publicscapes of legacies and forces on the case of postsocialist Skopje, Macedonia" во 2009 година;

Во споменатиот период, учествувал и на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и собири, како:

- учесник на меѓународен собир на факултетите по архитектура од Југоисточна Европа во Солун, Грција, на тема: Архитектурата и градот во југоисточна Европа, во рамките на тимот кој го претставуваше Архитектонскиот факултет во Скопје во јануари 2012 година;
- учесник на меѓународна конференција „After Urban Explosion" – Болоња, Италија, во мај 2011 година;
- присуство на меѓународен стручен собир „Денови на Орис" во Загреб, Хрватска, во октомври 2011 година;
- присуство на маѓународен стручен собир „Денови на Орис" во Загреб, Хрватска, во октомври 2010 година;
- учесник на семинарот во организација на Клуб УНЕСКО, „Кон нов општествен дијалог" со предавањето: Архитектура и толеранција - сценарија за архитектонска обнова на Старата скопска чаршија (со проф. Гоце Аци-Митревски, арх. Доминика Бошкова, арх. Бојан Каранаков) во мај 2010 година;
- учесник на меѓународна конференција „Cities of Others" – Болоња, Италија, во мај 2010 година;
- присуство на меѓународен стручен собир „Денови на Орис" во Загреб, Хрватска, во октомври 2009 година;
- присуство на меѓународен стручен собир „Португалски денови на Орис" во Загреб, Хрватска, во мај 2009 година;

Во периодот од 2009 до 2012 година, Јован Ивановски објавил повеќе научно-популарни студии во дневниот весник „Нова Македонија", и тоа:

- на тема ГРАД:
    1. Фејсбук град;
    2. Инстант град;
    3. Тематски град;
    4. Рурбан град;
    5. Чаршија град;
    6. Напуштен град;
    7. Невидлив град;
    8. Разгледница град;
    9. Незавршен град;
    10. Елитен град;
    11. Постиндустриски град;

- на тема: МОМЕНТУМ:
    12. Обнова на бигорскиот манастир;
    13. Печалбархитектура;
    14. Разубавизатор-верзија 2014.

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 2009 до 2012 година, самостојно или во соработка со колеги- архитекти, Јован Ивановски континуирано работи на идејните архитектонски решенија и проекти (претставени во поднесеното портфолио):

- Идејно архитектонско решение за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталице во Скопје во 2011 година.
- Идејно архитектонско решение за дом за стари и изнемоштени лица во Штип, конкурс во 2011 година.
- Идејно архитектонско решение за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, конкурс во 2011 година.
- Идејно архитектонско решение за доградба на музејот Serlachius во Госта, Финска, конкурс во 2011 година.
- Идеен архитектонски проект за санација и програмско-обликовна адаптација на деловен простор во Старата скопска чаршија во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за реобликување и пренамена на објектот Sednaoui Al Khazendar во Каиро, Египет, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за типски повеќесемејни станбени згради за колективно домување во Скопје и низ градовите во Р.Македонија, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за типска повеќенаменска спортска сала за 1000 гледачи во Скопје, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за повеќенаменска спортска сала за 3000 гледачи во Општина Аеродром Скопје во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за живеалиште на жирафи во зоолошката градина во Скопје во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за живеалиште на слонови во зоолошката градина во Скопје во 2010 година.
- Идеен архитектонски проект за административна зграда на општина Карпош во Скопје во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за катна гаража на Булевар "Мито Хаџивасилев Јасмин" во Скопје, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за катна гаража на Булевар "Даме Груев" во Скопје во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за нова административна зграда на општина Карпош во Скопје, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за внатрешно уредување на работните простории на урбаната заедница "Владо Тасевски" во Скопје во 2010 година,
- Идејно архитектонско решение за пешачки мост на реката Вардар во Скопје, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во село Горно Соње во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, конкурс во 2010 година.
- Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Старата скопска чаршија во 2009 година.
- Идејно архитектонско решение за Драмски Театар Скопје, конкурс во 2009 година.
- Идејно архитектонско решение за Универзитетот за информатички технологии Скопје, конкурс во 2009 година.

За дел од изработените архитектонски проекти, Јован Ивановски ги добил следниве награди и признанија:

- прва награда за архитектонскиот проект за нова административна зграда на општина Карпош во Скопје во 2010 година;
- прва награда за архитектонскиот проект за Универзитет за информатички технологии - Скопје во 2009 година;
- втора награда за архитектонскиот проект за катна гаража на Булевар „Даме Груев" во Скопје во 2010 година;
- откуп за архитектонскиот проект за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга во 2009 година;
- откуп за урбано-архитектонскиот проект за нова зграда на драмскиот театар во Скопје во 2009 година;
- откуп за архитектонскиот проект за реобликување и пренамена на објектот Sednaoui Al Khazendar во Каиро, Египет, во 2010 година;
- диплома за посебен придонес во архитектурата на територијата на град Скопје АСК 2011, за проектот: Македонско претставување на прашкото квадриенале за сценски дизајн и простор - секција архитектура.

Во периодот од 2009 до 2012, следните проекти биле самостојно и јавно претставени преку изложби, односно отпечатени публикации:

- „Theater=Theater+/-" - јавно претставено дело, национално претставување на Република Македонија на 12 Меѓународна изложба за театарски и сценски дизајн Prague Quadriennial (куратори: Ф. Зафировска, Ј. Ивановски), Прага, 16.6.2011-26.6.2011;
- SCArS outBOX 2010, јавно претставено дело - самостојна изложба на архитектонски проекти „SCArS + Архитектри", Музеј на град Скопје, април 2011;
- 100.000м2 за Скопје, јавно претставено дело - самостојна изложба на архитектонски проекти „SCArS + Архитектри", Музеј на град Скопје, ноември 2009.

Во истиот период, Јован Ивановски ги изложувал своите архитектонски дела и на групни јавни претставувања, и тоа:

- во рамките на манифестацијата Архитектура Скопје - АСК 2011 со изложбената поставка на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Архитектура*, реализација, во 2011 година;
- во рамките на манифестацијата Архитектура Скопје - АСК 2011 со архитектонскиот проект за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје во 2011 година;
- во рамките на манифестацијата Бенале на македонската архитектура БИМАС 10, со проектот за повеќенаменска спортска сала за 3000 посетители во општина Аеродром - Скопје во 2010 година;
- во рамките на изложбата 60 години Архитектонски факултет - Скопје во Музејот на град Скопје, со архитектонските проекти: Универзитет за информатички технологии во Скопје, надградба на градскиот трговски центар во Скопје, Драмски театар во Скопје, 2010 година;
- во рамките на изложбата „Балканологија - урбаните феномени во Југоисточна Европа" во архитектонскиот центар во Виена, со проектот за надградба на Градски трговски центар во Скопје, 2009 година.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 2009 до 2012 година, самостојно или во соработка со колеги- архитекти, Јован Ивановски континуирано работи на следниве реализирани специјални проекти:

- Архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка при претставувањето на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Архитектура*, реализација во 2011 година;
- Архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка при претставувањето на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Земји и региони* (коавтор со Филип Јовановски), реализација во 2011 година;
- Архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на Холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје (во рамките на The Berenbaum Group- Michael Berenbaum, Los Angeles, USA), реализација во 2011 година;
- Архитектонско и уметничко обликување на музејскиот постамент и амбиент за античката скулптура „Венера Путика – Скупи", во Музеј на град Скопје, 2011 година;
- Архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка „Илуминацијата во ракописното наследство од охридската збирка ракописи", Музеј на град Скопје, реализација во 2010 година,
- Архитектонско и графичко обликување на јубилејната музејска поставка „Траги", по повод 60 години од формирањето на Музеј на град Скопје, реализација во 2009 година.

Публикувани трудови:

- во „ОРИС - магазин за архитектура и култура" , Резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти и модели OUTBOX 2010, Загреб, јуни 2011;
- во PQ2011-„At the Still Point of the Turning World", публикација на Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн, Прага, јуни 2011
- во СКАрС + Архитектри, „OUTBOX 2010", публикација на архитектонски проекти, Музеј на град Скопје, април 2011 година;
- во книгата „Неред и Гротеска, 13 Автори", Гелевски, Н., „Разубавизатор-верзија 2014"
- во ПРОЈЕКТ магазин - Хрватска, Резиме од самостојната изложба „100.000 м² за Скопје" - текст: арх. Мароје Мрдуљаш.
- во А10 магазин - Холандија, Резиме од самостојната изложба „100.000м2 за Скопје"- текст на проф. д-р Влатко П. Коробар
- во СКАрС + Архитектри, „100.000 м² за Скопје", публикација на архитектонски проекти, Музеј на град Скопје, ноември 2011 година

ЗАКЛУЧОК

Содржината на приложените референци и, пред сè, личното познавање и следење на кандидатот, ас. м-р Јован Ивановски, ја потврдуваат неговата впечатлива и делотворна присутност и препознатливо влијание во школата, но, неоспорно, и надвор од неа.
Комисијата го препознава Јован Ивановски како интелигентна, самосвесна и посветена личност, со силна енергија и волја за реализација, како во сферата на архитектонското образование така и во сферата на архитектурата и културата.
Исклучителната моќ на перцепција и комуникација му отвораат лесни и непосредени пристапи до студентите, за потоа, преку една менторска грижа и себепредание, да ја насочи личната чувствителност на студентот кон замислувањето и создавањето на архитектонскиот проект.
Јован Ивановски е добар учител кој поседува значајни педагошки и методични искуства и способност да говори јасно, сликовито и сугестивно, пред студентите или пред поширокаата јавност, побудувајќи ги љубопитноста и потребата за расправа.
„Декодирањето на вистината" на т.н. постсоцијалистички град, на примерот на Скопје, е темата на неговата магистерска работа, на Институтот за архитектура во Десау на Анхалт - универзитетот за применети науки во Германија, одбранета со највисока оценка.
Предизвикот да се прифати реалноста на „непопустлив" начин е постојаниот мотив на неговите истражувања, умешно претставени низ разни форми на учество во земјата и во странство. Истражувања кои се однесуваат на „засилување на реалноста" на архитектурата на градот во „транзиција", по социјализмот, продолжуваат преку пронаоѓање на нови методи, на продлабочување на темата во неговата докторска дисертација, во изработка.
Од неговото богато и импресивно блиско проектантско творештво, би ја одделиле силната припадност и делотворност во групата млади архитекти, обединети под ентузијастичко име SCArS + Архитектри, во чии проекти, „мајсторството" е клучната врлина на една без условна посветеност на архитектурата и на создавање вредности кои би можеле да и се спротистават на културата на „новиот" капитализам...

Препознавајќи го континуитетот на развој и потврдените високи квалитети на кандидатот, и во согласност со Законот за високото образование, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, да го преизбере архитект Јован Ивановски во звањето асистент во областа на архитектонското проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија,

Проф. м-р Гоце Аџи-Митревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Зорица Блажевска, член, с.р.
Проф. д-р Тихомир Стојков, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЗАНИМАЊЕТО ПРИ ПРЕМИН ОД СРЕДНО КОН ВИСОКО ОБРАЗАОВАНИЕ: НЕОДЛУЧНОСТ ПРИ ИЗБОРОТ И ФАЗИ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО* ОД М-Р БИЛЈАНА БЛАЖЕВСКА СТОИЛКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0903 - 957/09 од 27.3.2012 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на својата XXV редовна седница одржана на 21.IIIм 2012 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација *Донесување одлука за избор на заникмањето при премин од средно кон високо обраозвание: неодлучност при изборот и фази во одлучувањето,* поднесена од м-р Билјана Блажевска Стоилковска, во состав: проф. д-р Томе Николоски, проф. д-р Виолета Петроска - Бешка, проф. д-р Елисавата Сарџоска, проф. д-р Николина Кениг и проф. д-р Елена Ачковска Лешковска. Откако ја проучи дисертацијата, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Во оваа докторска дисертација м-р Билјана Блажевска Стоилковска изложува, анализира и синтетизира еден релативно нов поим во областа на психологијата на трудот, а тоа е неодлучноста при изборот на занимањето и фазите низ кои се минува при изборот на занимањето. Кандидатката тоа го направила така што проучила огромна литература, од која околу 80% е објавена по 2005 година на англиски јазик, и спровела обемно теренско истражување.

Докторската дисертација има четири главни дела, карактеристични за емпириските истражувања во психологијата, кои потоа се поделени по наслови и поднаслови.

Во првиот дел, насловен **Вовед** (стр. 1-92), кандидатката го дефинирала проблемот на истражувањето, ги претставила варијаблите и истражувачките хипотези и ги изложила теориските основи на истражувањето како и претходните истражувања релевантни за овој труд.

Во фокусот на овој труд е испитувањето на врската на неодлучноста при изборот на занимањето и на фазите на одлучувањето со неколку варијабли, како на пример, интересирањата, перцепцијата на тековниот избор на занимање, културните ориентации и димензиите на личноста. Според тоа, истражувачкото прашање на кое што кандидатката сакала да одговори е ***Како неодлучноста при изборот на занимањето и фазите на одлучување при преминот од средно кон високо образование се поврзани со интересирањата, перцепцијата на тековниот избор на занимање, културните ориентации и димензиите на личноста?*** Цел на истражувањето била да се добијат емпириски податоци за поврзаноста на

неодлучноста при изборот на занимање и на фазите во одлучувањето со интересирањата (односно со нивната конгруентност и конзистентност), со начинот на кој се перцепира тековниот избор на занимањето, со културните ориентации и со димензиите на личноста во петфакторскиот модел. Според тоа, во истражувањето биле вклучени шест основни варијабли. Но, со оглед на тоа дека секоја од варијаблите претставува композит од повеќе појави, односно димензии, во истражувањето биле опфатени 26 специфични варијабли.

Конкретно, со истражувањето е испитуван придонесот на одделните варијабли во објаснувањето на неодлучноста при изборот на занимањето во целина, на нејзините базични компоненти и нивните субдимензии. Исто така се анализирани и разликите во напредувањето во процесот на одлучување за избор на занимање во зависност од: (а) изразеноста на петте персонални димензии, (б) ориентацијата кон колективизам и кон извесност, престижот и маскулиноста/фемининоста на тековниот избор и (в) постигнатата конгруентност и конзистентност на интересирањата.

Во воведниот дел е разработена теориската заднина на истражувањето при што детално се објаснети клучните поими *кариера* и *неодлучност* при изборот на занимањето, за кои во литературата се користи и заедничкиот термин *кариерна неодлучност*. Исто така, и другите релевантни поими (интересирања, перцепција на занимањата, културни ориентации и димензии на личноста) се детално објаснети.

Релевантните претходни истражувања м-р Билјана Блажевска Стоилковска ги изнела на 12 страници.

На крајот од овој дел кандидатката ги изнела истражувачките хипотези, кои ги организирала во три групи:

- првата група хипотези се однесуваат на релациите на варијаблите интересирања, перцепција на тековниот избор на занимањето, културни ориентации и димензии на личноста со варијаблата неодлучност при изборот на занимањето;
- втората група хипотези го дефинираат односот на интересирањата, перцепциите на тековниот избор на занимањето, културните ориентации и димензиите на личноста со фазите во одлучувањето;
- трета група хипотези ја дефинира очекуваната врска помеѓу неодлучноста при изборот на занимањето и фазите во одлучувањето.

Во понатамошната разработка, хипотезите од прва и од втора група се разделени на потхипотези така што вкупно се истражени девет хипотези.

Вториот дел од дисертацијата, насловен **Метод**, е разработен на 18 страници (93-110 стр.). Во него е опишана мострата на истражувањето, мерните инструменти, постапката на истражувањето и статистичката обработка на резултатите.

Кандидатката објаснува дека истражувањето е извршено врз пригодна мостра од 235 испитаници - ученици од седум средни училишта од општествена, техничка, здравствена, хемиска струка и гимназиско образование, хомогена во поглед на возраста (сите се матуранти).

За мерење на варијаблата *неодлучност при изборот на* занимањето е користен инструментот *Career Decision-Making Difficulties Quiestionaire*, конструиран од Гати и Осипов. Тој е заснован на претходно развиена таксономија на тешкотии кои можат да се јават при изборот на занимање и е повеќекратно емпириски тестиран.

Третиот дел има наслов **Резултати** и во овој дел табеларно и текстуално се изнесени главните наоди од истражувањето (111-161 стр.).

Врз основа на добиените резултати може да се констатира дека конзистентноста помеѓу интересирањата, покрај неодлучноста при изборот на занимање, статистички значајно но обратно пропорционално е поврзана и со нејзините субдимензии - генерализирана неодлучност, недоволна информираност за фазите преку кои се одвива процесот на вокациско одлучување, недоволна информираност за себе си, недоволна информираност за начинот на којшто може да се дојде до дополнителни информации за процесот на одлучување при изборот на занимањето, несигурни информации и внатрешни конфликти. Коефициентите на корелација помеѓу конгруентноста на интересирањата со тековниот избор на занимање и неодлучноста при изборот на занимање, нејзините главни димензии, како и десетте субдимензии, се многу ниски.

Резултатите покажуваат и дека перцепцијата на тековниот избор од аспект на неговата социјална пожелност е значајно поврзана со неодлучноста при изборот на занимањето на општ план, но и со присуството на неконзистентни информации и со недоволната информираност за себеси како извори на тешкотии. Перцепцијата на тековниот избор од аспект на неговата полова определеност статистички значајно корелира со недоволната мотивираност да се избере занимање и со генерализираната неодлучност како субдимензии на неодлучноста при изборот на занимање. Половата определеност на занимањето е значајно поврзана и со неконзистентните информации.

Понатаму, констатирано е дека само ориентацијата кон извесност е значајно поврзана со неодлучноста. Наодите демонстрираат и дека ориентацијата кон извесност е значајно и правопропорционално поврзана со субдимензиите на неподготвеноста за избор на занимање, т.е. со недоволната мотивираност да се избере занимање, со генерализираната неодлучност и со дисфункционалните верувања, како и со недоволната информираност за себеси како субдимензија на недостатокот на информации и со присуството на несигурни информации - субдимензија на неконзистентните информации. Поконкретно, соопштените резултати упатуваат дека споменатите субдимензии или извори на неодлучноста при изборот на занимањето можат да се предвидат врз основа на изразеноста на ориентацијата кон извесност.

Културните ориентации учествуваат во предвидувањето на неподготвеноста за избор на занимање, но не се значајни предиктори.

Понатаму, најдено е дека неодлучноста при изборот на занимање значајно и позитивно корелира со невротизмот. Најдена е статистички значајна поврзаност помеѓу неодлучаноста при изборот на занимањето и екстраверзијата. Со другите три димензии на личноста, наодлучноста при изборот на занимањето не е значајно поврзана.

Резултатите од АНОВА-та покажуваат дека испитаниците кои имаат помалку тешкотии при донесувањето на одлука за занимањето, се наоѓаат во повисока фаза на одлучување, додека пак оние кои имаат поизразени тешкотии се наоѓаат во пониска фаза на одлучување. До исти констатации кандидатката дошла и врз основа на наодите за фазите на одлучување и трите димензии на неодлучност при изборот на занимање. Во сите случаи е најдено дека испитаниците кои се соочуваат со поизразена неодлучност при изборот, се лоцирани пониско во процесот на вокациско одлучување.

Во четвртиот дел, **Дискусија** (стр. 162-202), м-р Блажевска Стоилковска се осврнува врз добиените резултати и ги интерпретира поврзувајќи ги со претходните теориски и емпириски сознанија од областа наведени во теорискиот вовед.

Варијаблата *фази во одлучувањето* беше проценета на тој начин што од испитаниците се бараше да се определат за една од петте понудени опции кои што се движеа од (1) *знам што ќе изберам*, до (5) *воопшто не знам што да изберам*.

За мерење на интересирањата беше користен инструментот *Self-Directed Search* заснован на Холандовата вокациска теорија. За мерење на варијаблата *перцепција на тековниот избор на занимање*, на испитаниците им беа поставени две прашања, едно за димензијата *престиж*, односно социјална пожелност на занимањето и едно за *половата определеност на занимањето*. За мерење на културните ориентации *колективизам* и *извесност*, беше користен инструментот конструиран при овој Институт од Н. Кениг. За мерење на варијаблата *димензии на личност* беше користен познатиот тест на личност НЕО-ПИ-Р.

Сите овие инструменти се проверени за внатрешна хомогеност којашто е прифатлива.

Самото истражување било спроведено во текот на февруари-март во учебната 2009/2010 година, со одобрение од директорите на училиштата и во соработка со стручните служби.

Податоците за *континуираните* варијабли се претставени со следните дескриптивни статистици: аритметичка средина и стандардно отстапување, а соопштен е и опсегот на скоровите. Податоците за *категоријалните* варијабли се резимирани со пресметување на фреквенции и проценти за секоја категорија на испитаници.

За проверка на поставените хипотези беа користени соодветните методи на инференцијалната статистика.

За проверување на *хипотезите од групата А*, користена е линеарната мултипла регресија. Поконкрено, со оваа метода се направени три анализи. Целта на првата направена анализа е да се согледа придонесот на интересирањата, односно на конгруентноста и конзистентноста на интересирањата во предвидувањето на неодлучноста при изборот на занимањето, наспроти престижот и половата определеност како карактеристика на тековниот избор на занимањето. Преку другите две анализи е проверен придонесот на култуните ориентации колективизам и извесност, односно придонесот на димензиите на личноста невротизам, екстраверзија, отвореност, совесност и согласување во предвидувањето на неодлучноста при изборот на занимањето. При тоа, прикажани се податоците за мултиплите коефициенти на корелација, коефициентите на детерминација и *F*-односот. Исто така, соопштени се и стандардизираните коефициенти. Истражени се и повеќе модели за да се согледа врската помеѓу предикторите и зависните варијабли, а акцент е ставен на финалниот модел зашто тој ги содржи сите предиктори.

За проверување на *хипотезите од група Б*, применети се АНОВА со еден критериум на класификација и Хи-квадрат тест. АНОВА-та е применета со цел да се провераат претпоставените релации во фазите на одлучувањето, односно степенот на постигнатата одлученост при изборот на занимање со конгруентноста и со конзистентноста, со културните ориентации и со димензиите на личност, како и за проверка на постулираната релација помеѓу неодлучноста при изборот на занимањето и фазите на одлучување.

Направена е и *пост-хок* анализа со цел да се испитаат разликите помеѓу парови категории на варијаблата *фази во одлучувањето* во поглед на неодлучноста при изборот на занимањето.

Со Хи-квадрат тестот е испитуван односот на фазите во одлучувањето со престижот и со половата определеност.

Врз основа на дескриптивните статистички показатели, кандидатката констатирала дека испитаниците се делумно неодлучни кога треба да донесат одлука поврзана со изборот на занимањето, односно на факултетот кој ќе ги профилира во саканата професија. Поинаку кажано, тешкотиите со коишто се соочуваат матурантите кога треба да изберат занимање, се умерено изразени. Тоа кандидатката го објаснува со временската дистанца. Имено, испитаниците се наоѓаат релативно блиску до периодот кога треба дефинитивно да одлучат кој факултет ќе изберат. Тоа би значело дека испитаниците се прилично ангажирани во експлорацијата на себеси и на занимањата, што ја намалува неодлучноста. Исто така, поголем дел од испитаниците го ограничиле изборот на неколку алтернативи, што овозможува нивно лесно проценување, а со тоа и намалување на тешкотиите при изборот.

Врз основа на податоците од инференцијалната статистика, авторката заклучила дека неодлучноста при изборот најмногу се должи на неподготвеноста на субјектите да изберат занимање. Но, исто така, важна улога имаат недостатокот на информации поврзани со процесот на одлучување и неконзистентните информаци.

Анализата на десетте субдимензии на неодлучноста при изборот на занимањето покажа дека дисфункционалните верувања поврзани со занимањето и нивниот избор, како и генерализираната неодлучност, претставуваат најистакнати тешкотии за испитаниците. Тоа практично значи дека неодлучноста во процесот на одлучување во најголема мера е предизвиката од присуството на нереалистични и погрешни верувања во спомнатиот процес. Исто така, недоволната информираност за фазите низ кои се одвива процесот на одлучување, недоволната информираност за себеси и за занимањата, како и присуството на внатрешни конфликти, се доживуваат како тешкотии. Од друга страна, недоволната мотивираност како и начинот на кој можат да се добијат дополнителни информации за процесот на донесување на одлука, субјектите ги доживуваат како тешкотии кои најмалку придонесуваат кон кариерната неодлучност.

Накратко, неодлучноста при изборот на занимање, во најголема мера произлегува од присуството на погрешни верувања во однос на тој процес. На испитаниците им се потребни повеќе информации за фазите низ коишто се одвива процесот на одлучување како и подобро запознавање на себеси и на занимањата.

Канидатката оценува дека позитивно е што испитаниците се мотивирани да се вклучат во процесот на одлучување што би можело да биде последица на временскиот рок во кој одлуката мора да се донесе.

Со оглед на фактот дека изборот на занимањето е една од најважните одлуки во животот на човекот која што не може да се избегне, нити пак е продуктивно да се одложува, мошне важно е да се идентифицираат специфичните тешкотии при изборот, нивните корелати и последици. Фокусирањето на периодот на премин од средно кон високо образование е направен затоа што младите луѓе се соочени со една од основните развојни ситуации во периодот на адолесценцијата, но исто така процесот на експлорација на алтернативни занимања уште не е завршен, нити пак вокациската слика за себе е јасно издиференцирата кај дел од младите. Воедно, станува збор и за период кога тие имаат потреба да ја изразат својата индивидуалност носејќи самостојни одлуки со истовремено соочување со барањата на важните други и нивната експлицитна или имплицитна тенденција да се наметнат. Потреба за проширување на досегашните сознанија за корелатите на кариерната неодлучност, но и за степенот на одлученост во споменатиот преоден период и посебно, во еден специфичен културен и општествено-економски контекст во кој досега не се вршени истражувања од ваков тип, ја истакнуваат важноста на овој труд.

Кандидатката на крајот дава и сугестии за наредни истражувања на оваа проблематика.

Трудот има и **Резиме** (стр. 202-206 стр.), **Литература** (стр. 207-227) и **Прилози** (стр. 228-261).

Заклучок и предлог

Докторската дисертација *Донесување одлука за избор на занимањето при премин од средно кон високо образование: неодлучност при изборот и фази во одлучувањето*, изработена од м-р Билјана Блажевска Стоилковска, претставува сериозен и мошне значаен научноистражувачки потфат. Кандидатката испланирала и спровела обемно теренско истражување со кое сакала да ги разјасни тешкотиите при донесувањето на одлука за изборот на занимањето и фазите низ кои поминува тој процес. Кандидатката се фокусирала на периодот на премин од средно кон високо образование затоа што тоа е период кога процесот на експлорација на алтернативите-занимањата сè уште не е завршен, а вокациската слика за себе (потребите, целите, интересирањата) не се јасно издиференцирани.

Освен тоа што е напишана со мошне јасен стил на изразување, други битни карактеристики на оваа докторска дисертација кои посебно треба да се истакнат се: (а) истражуван е мошне актуелен проблем – за оваа проблематика досега не е објавен труд во нашето окружување (во Србија, Хрватска и Словенија); (б) користена е најсовремена психолошка литература од која околу 80% од насловите се објавени на англиски јазик и по 2005 година; (в) користени се многу психолошки инструменти од кои повеќето за прв пат кај нас (со можност да бидат и понатаму применувани во психолошката практика); (г) самото истражување е спроведено врз голема мостра заради што се добиени мноштво податоци, кои се умешно систематизирани и организирани околу поставените хипотези; (д) податоците се анализирани со *најредни* статистички методи заради повеќекомпонентноста на истражуваните варијали; и (ѓ) добиени се мноштво резултати кои кандидатката синтетизирано ги прикажала, ги анализирала и доста компетентно ги продискутирала.

Врз основа на прикажаната анализа може да се констатира дека кандидатката м-р Билјана Блажевска Стоилковска изработила мошне квалитетна докторска дисертација за којашто Комисијата дава високо позитивно мислење. Според тоа, Комисијата на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му предлага да ја прифати позитивната оцена и да одобри јавна одбрана на докторската дисертација.

9.IV 2012

Комисија

Проф. д-р Томе Николоски, с.р.
Проф. д-р Виолета Петроска Бешка, с.р.
Проф. д-р Елисавета Сарџоска, с.р.
Проф. д-р Николина Кениг,с.р.
Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА 1 НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ БИОХЕМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 15.03.2012 година, донесе Решение за избор на 1 наставник во сите звања по предметот биохемија и формира Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Снежана Ефремова Аарон
2. проф. д-р Петраки Корнети
3. проф. д-р Соња Алабаковска
4. проф. д-р Јасна Богданска
5. проф. д-р Даница Лабудовиќ.

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 22.02.2012 година се пријави кандидатката н. сор. Светлана Цековска. По разгледувањето на доставените документи и врз основа на познавањето на пријавените кандидати, Рецензентската комисија има чест да му го достави на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Н. сор. Светлана Цековска (р. Крамарска) е родена во Иванград, Црна Гора, на 26.VIII 1966 година. Основно и средно образование завршила во Скопје, а во учебната 1984/85 година се запишала на Фармацевтскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во ноември 1988 година, со просечен успех 9,60. Во учебната 1988/89 година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет-отсек: фармација, по предметот медицинска биохемија.

На Институтот за биохемија се вработила во ноември 1989 година. Во јуни 1990 година е избрана за стручен соработник по предметот медицинска биохемија.

Во септември 1992 година ја започнала специјализацијата од областа медицинска биохемија, а специјалистичкиот испит го положила во ноември 1995 година.

Магистерскиот труд под наслов "Оптимализација на методот за изолација и одредување на активноста на еритроцитната мембрански

врзана натриум-калиум аденозин трифосфатаза со осврт на ефектот на оловото врз нејзината активност" го одбранила во декември 1997 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Докторската дисертација под наслов "Биохемиска евалуација на функционалната протеинурија" ја одбранила на 22.XI 2006 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Член е на: Здружението на медицинските биохемичари на Република Македонија, Здружението на доктори по медицина-специјалисти по медицинска биохемија, Интернационалната федереација за клиничка хемија, Фармацевтската комора и Македонското фармацевтско друштво.

Наставна дејност

Како асистент, н. сор. Светлана Цековска активно била вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот биохемија за студентите по медицина и стоматологија, за студентите од Природно-математичкиот факултет, насока аналитичка биохемија, како и во практичната настава по предметот медицинска хемија за студентите по медицина.

По изборот во звањето научен соработник, кандидатката е вклучена во изведувањето на теоретската настава по предметот биохемија на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет и високите стручни школи, како и во теоретската настава по предметот медицинска хемија за студенти по медицина.

Во 1993 година е избрана во звањето помлад асистент по предметот биохемија. Во 1997 година е избрана за асистент по предметот биохемија, а повторно е избрана во звањето асистент во 2000, 2003 и 2007 година. Во 2009 година е избрана во звањето научен соработник по предметот биохемија.

Кандидатката учествувала во изработката на практикуми по биохемија и медицинска хемија, наменети за изведување на практичната настава за студентите по медицина и стоматологија. Исто така е автор на неколку поглавја на учебникот "Општа и органска хемија", наменет за изведување на теоретска настава за студентите по стоматологија и медицина.

Научноистражувачка дејност

Н. сор. Светлана Цековска е вклучена во научно-истражувачката работа од областа на медицинската и експерименталната биохемија. Од вработувањето до денес учествувала како истражувач во изработката на шест научноистражувачки проекти, финансирани од Министерството за наука на Република Македонија.

Самостојно и во соработка со други автори учествувала во изработка на научни трудови кои се публикувани на стручни собири, домашни и меѓународни конгреси, како и во домашни и странски списанија.

До последниот избор во звањето научен соработник во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", рецензирани се 69 труда на

кандидатот (Билтен бр. 581 /1992, 666/1996, 749/2000, 753/2000, 829/2003, 915/2007, 968/2009).

Стручно-апликативна дејност

Н. сор. Светлана Цековска за потребите на Министерството за образование и наука на Република Македонија има учествувано во преводот и стручната редакција на следниве стручни книги:

- Clinical Chemistry: principles, procedures, correlations, Fifth Edition од авторите Michael L. Bishop, Edward P. Fody, Larry E. Schoeff;
- Harper's Illustrated Biochemistry од авторите Robert K. Murray, Daryl K. Granner, Peter A. Mayes, Victor W. Rodell.

Дејности од поширок интерес

Н. сор. Светлана Цековска била член на организациониот одбор на XVII конгрес на Балканската клиничка лабораториска федерација, кој беше одржан во Охрид во 2009 година, со меѓународно учество.

Кандидатката во јануари 2012 година е назначена за раководител на Лабораторијата за биохемиски испитувања, која функционира во склоп на Институтот за медицинска и експериментална биохемија.

Н. сор. Светлана Цековска е член на научниот одбор од Катедрата за медицинска хемија.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Светлана Цековска

Институција:
Медицински факултет, Скопје, Институт за биохемија

Научна област:
медицина

Наставно-образовна дејност

Ред. број	**Назив на активноста:**	Поени
1.	Одржување на вежби од прв циклус студии: биохемија 1, 2007-2011 година (Медицински факултет) 3 часа x 15 недели x 0,03 x 5 години, три групи	20,25
2.	Одржување на вежби од прв циклус студии: биохемија 2, 2007-2011 година (Медицински факултет) 2 часа x 15 недели x 0,03 x 5 години, три групи	13,5
3.	Одржување на вежби од прв циклус студии: биохемија, 2007-2009 година (Стоматолошки факултет) 3 часа x 15 недели x 0,03 x 3 години, две групи	8,1
4.	Одржување на вежби од прв циклус студии: хемија и биохемија, 2010-2011 (Стоматолошки факултет) 4 часа x 15 недели x 0,03 x 2 години, една група	3,6
5.	Одржување на вежби од прв циклус студии: медицинска хемија, 2007-2011 година (Медицински факултет) 3 часа x 15 недели x 0,03 x 5 години, три групи	20,25
6.	Одржување на вежби од прв циклус студии: клиничка биохемија, 2011 година (Медицински факултет) 9 часа x 0,03	0,27
7.	Одржување на вежби од прв циклус студии: клиничка биохемија, 2010-2011 година (Природно-математички факултет-насока: аналитичка биохемија) 24 часа x 0,03	0,72
8.	Одржување на настава од прв циклус студии: биохемија 1, 2010-2011 година (Медицински факултет) 14 часа x 0,04	0,56
9.	Одржување на настава од прв циклус студии: хемија и биохемија, 2010-2011 (Стоматолошки факултет) 12 часа x 0,04	0,48
10.	Одржување на настава од прв циклус студии: медицинска биохемија, 2009-2011 година (Природно-математички факултет-насока: аналитичка биохемија) 17 часа x 0,04	0,68
11.	Одржување на настава од прв циклус студии: дијагностички методи, 2010-2011 година (Висока школа за стручни медицински сестри, Медицински факултет) 6 часа x 0,04	0,24
12.	Консултации со студенти за последните пет години (2007-2011)	2,4

	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание	
1.	Крамарска С, Дуролојков И. Можности за изработка на раствори за хемодијализа со вода од скопскиот водовод. Год. зб. Фар. Фак. 1989; 7 (1): 57-62.	3,6
2.	Цековска С, Алабаковска С, Тошеска К, Лабудовиќ Д, Тодорова Б. Референтни интервали на Аро-А-1, Аро В и соодносот Аро В/Аро А-1 во примерок на македонска популација. Македонски фармацевтски билтен 2001; 47 (1,2):37-42.	2,4
3.	Трајковска С, Стојкова Ж, Босилкова Г, Крстевска М, Цековска С, Трајковска-Зареска И. Лептин-хормон на масното ткиво и други ткива. Македонски медицински преглед 2001; 55 (3-4): 151-154.	2,4
4.	Цековска С, Георгиевска Ј. Плазматскиот фибриноген како фактор на ризик за коронарна артериска болест. Македонско списание за медицина 2004; 50 (1-2): 149-156.	3,6
5.	Palchevska S, Tasik V, Korneti P, Shestakov G, Cekovska S. Evaluation of urinary proteins in healthy full-term neonates by SDS-PAGE. Macedonian pharmaceutical bulletin 2005; 51 (1,2):9-14.	2,4
6.	Зафиров Д, Тројачанец Ј, Лабачевски Н, Корнети П, Цековска С, Кикерков И, Атанасовска Е, Георгиевска К, Петров С. Епоетин алфа ја намалува нефротоксичноста индуцирана со цисплатин кај стаорци. Македонски фармацевтски билтен 2006; 52 (1,2): 41-48.	2,4
7.	Тројачанец Ј, Зафиров Д, Лабачевски Н, Балканов Т, Кикерков И, Коловска В, Цековска С, Петров С. Ефектите на простациклин во третманот на дијабетичната нефропатија кај стаорци. Македонски фармацевтски билтен 2006; 52 (1,2): 33-40.	2,4
8.	Бауер Петровска Б, Цековска С, Личоски Н. Алое-од минатото до денес. Physioacta 2008; 1(2): 125-133.	3,2
9.	Цековска С, Георгиевска Ј, Палчевска С, Бауер Петровска Б, Василевска К. Уринарна екскреција на N-Acetyl-β-D-глукозаминидазата кај нормална и хипертензивна бременост. Physioacta 2008; 2(2): 29-38.	2,4
10.	Георгиевска Ј, Цековска С, Василевска К. Нарушување на липидниот профил кај пациенти со полицистичен оваријален синдром. Physioacta 2008; 2(2): 39-50.	3,2
11.	Палчевска-Коцевска С, Кузмановска Д, Пота Њ, Чомовска С, Цековска С, Алуловска Н. Хронична бубрежна инсуфицинеција кај новородено-приказ на случај. Physioacta 2008; 2(2): 201-206.	2,4
12.	Јаќовски К, Петров С, Сланинка-Мицеска М, Балканов Т, Атанасовска Е, Ѓорѓиевска К, Костова Е, Димитровска М, Цековска С, Спасовски Г. Експериментален модел на нефротоксичност при третман со циклоспорин и истовремена администрација на ренопротективни лекови. Мак. мед. преглед 2008; 62 (2): 22-29.	2,4

	(бр. на студенти x 0,002)	
13.	Ментор и едукатор на здравствена едукација (x 2)	0,16
14.	Член на комисија за одбрана на дипломска работа (x 2)	0,2
15.	Член на комисија за специјалистички испит (x 5)	1,0
16.	Позитивно рецензиран универзитетски учебник - автор Соња Алабаковска, Снежана Ефремова Аарон, Марија Крстевска, Даница Лабудовиќ, Светлана Цековска Општа и органска хемија, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2011	8
17.	Позитивно рецензиран практикум - автор Практикум по биохемија, за студенти по медицина, под уредништво на проф. д-р Бојана Тодорова од 2003, Скопје, ISBN 9989-9675-1-2.	4
18.	Позитивно рецензиран практикум - автор Практикум по биохемија, за студенти по стоматологија, под уредништво на проф. д-р Петраки Корнети од 2006, Скопје, ISBN 9989-9675-4-7.	4
19.	Позитивно рецензиран практикум - автор Практикум за вежби по медицинска хемија, за студенти по медицина, Скопје, 2011	4
20.	Интерна скрипта од предавања за предметот клиничка биохемија за студенти по медицина, Скопје, 2010	4
	Вкупно	96,41

Научноистражувачка дејност

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во национален научен проект: "Превентивни неинвазивни истражувања на кардиоваскуларната, респираторната, реналната функција и антропометриските параметри кај млади лица во корелација со физичката активност" (2000-2003)	3
2.	Учесник во национален научен проект: "Лептин-референтни вредности и негови промени кај некои заболувања" (2001-2004)	3
3.	Учесник во национален научен проект: "Диференцијација на гломеруларни од негломеруларни хематурии со помош на СДС-ПАГ електрофореза на уринарни протеини" (2002-2005)	3
4.	Учесник во национален научен проект: "Евалуација на протеинуриски одговор со користење на SDS-PAG електрофореза на уринарните протеини и стрес толеранс тест" (2006-2009)	3
5.	Учесник во национален научен проект: "SDS-PAG електрофореза на уринарни протеини во евалуација на деца со инфекции и малформации на уринарниот тракт" (2010-2012)	3
6.	Учесник во национален научен проект: "Биотоксичност од пестициди во површински води и вкупни атмосферски преципитати (2010-2012)	3

13.	Георгиевска Ј, Димитров Г, Сапунов С, Стефанија А, Цековска С, Василевска К. Наши искуства во лапароскопскиот третман на ектопичната бременост. Physioacta 2009; 3(2): 77-86.	2,4
14.	Георгиевска Ј, Василевска К, Цековска С. Евалуација на нашите искуства во контрацептивното советување на пациентки на репродуктивна возраст со цел подобрување на репродуктивното здравје. MEDICUS 2011; Vol. XVI (2): 45-48.	3,2
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	
1.	Dzhekova-Stojkova S, Kramarska S, Klashninovska L. Studies on sodium-potassium-activated adenosine triphosphatase. II. The effect of some in vitro factors on erythrocyte membrane Na, K-ATPase activity. Balkan Jounal of Clinical Laboratory, 1(1), Sofia 1994; 1(1): 47-51.	4,8
2.	Бауер Петровска Б, Цековска С, Угринова Л, Чулева Б, Јанкоска Г. Биохемиски состав на напивка добиена од јапонски кристали. Македонски фармацевтски билтен 2011: 57 (suppl): 163-165.	3,6
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
1.	Cekovska S, Bauer B. Herbal products for lowering blood lipids. Proceedings of the 6th CMAPSEEC, Antalya 2010, p. 1114-1121.	2,7
	Апстракти објавени во зборник на конференција (национална/меѓународна)	
1.	Цекова-Стојкова С, Калајџиски В, Трајковска С, Босилкова Г, Крамарска С, Алабаковска С, Лабудовиќ Д, Дума Ј. Критични параметри за детекција на биолошкиот ефект на оловото. II Зависност од времето на експозиција. XII конгрес на лекарите на Македонија со меѓународно учество. Зборник на апстракти, Охрид 1991.	1
2.	Trajkovska S, Hristovski N, Dzhekova-Stojkova S, Stefanovski V, Kramarska S, Alabakovska S, Krstanovski Z, Bogdanska-Duma J. ATP and ADP in the blood of albino strains of rainbow trout, Salmo Gairdneri, determined by firefly bioluminescent assay. VIIth International Ichthyology Congress, Den Haag 1991.	1
3.	Крамарска С, Цекова-Стојкова С, Клашниновска Л, Алабакоска С. Влијание на полот и возраста врз активноста на еритроцитната мембрански врзана Na,K-АТРаза. Прв конгрес на медицинските биохемичари на Македонија, Зборник на апстракти, Охрид 1993.	0,5
4.	Клашниновска Л, Цекова-Стојкова С, Крамарска С. II Испитување на стабилноста на еритроцитната мембрански врзана Na,K-АТРаза при чување на биолошкиот материјал на +4 оС и -20 оС. Прв конгрес на медицинските биохемичари на Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 1993.	0,5

		1
5.	Dzhekova-Stojkova S, Kramarska S, Klashninovska L. Studies on sodium-potassium-activated adenosine triphosphatase. I. A method for determination of red cell membrane-bound enzyme. 10th European Congress of Clinical Chemistry, Abstracts, Nice, 1993.	
6.	Џекова-Стојкова С, Крамарска С. Еритроцитна Аденозин трифосфатаза-структура, функција, клиничко значење. XXII меѓународен научно-стручен собир "Октомвриски средби" на лабораториски и санитарни техничари на Република Македонија, Охрид 1994.	1
7.	Kramarska S, Dzhekova-Stojkova S, Markovic-Temelkova S, Klashninovska L, Brezovska-Kavrakova J. Studies on sodium-potassium activated adenosine triphosphatase. IV. Erythrocyte membrane bound enzyme in diabetes mellitus. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2'95'2.	1
8.	Kramarska S, Dzhekova-Stojkova S, Markovic-Temelkova S. Erythrocyte membrane (Na^+,K^+)-ATPase activity in insulin-dependent and non-insulin dependent diabetic subjects. Proceedings of the XVI International Congress of Clinical Chemistry, London 1996.	1
9.	Labudovic D, Bogdanska J, Bosilkova G, Krstevska M, Trajkovska S, Dzhekova-Stojkova S, Kramarska S. Monitoring of workers exposed to lead, cadmium and zink in a lead smelting plant. Proceedings of the XVI International Congress of Clinical Chemistry, London 1996.	1
10.	Kramarska S, Dzhekova-Stojkova S, Kalajdzhiski V. Inhibitory effect of lead on human erythrocyte membrane Na, K-ATPase activity. Balkan Journal of Clinical Laboratory, 3'96'1.	1
11.	Alabakovska S, Todorova B, Kavrakova J, Kramarska S. Serum Creatine kinase-BB isoenzyme activity in newborn infants. Balkan Journal of ClinicalLaboratory, 3'96'1.	1
12.	Poposki Lj, Nakova M, Ivanovski K, Kandikjan P, Kramarska S. Plaque accumulation related to salivary pH and total salivary protein, calcium and phosphorus concentration. Abstracts of 12th European Congress of Clinical Chemistry, Basel 1997.	1
13.	Џековска С, Џекова-Стојкова С, Калајџиски В. Еритроцитна Na, K-АТФаза кај работници експонирани на олово. Втор конгрес на медицинските биохемичари на Република Македонија, Зборник на апстракти, Струга, 1997.	1
14.	Богданска Ј, Џекова-Стојкова С, Трајковска С, Лабудовиќ Д, Алабаковска С, Џековска С, Тошеска К. Ацетилсалицилна киселина, модулатор на целуларните маркер ензими во хепар на Wistar стаорци. Втор конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, Зборник на апстракти, Охрид, 1998.	1
15.	Cekovska S, Kalajdzhiski V, Dzhekova-Stojkova S, Trajkovska S, Bosilkova G, Bogdanska J. Erythrocyte Na, K-ATPase in lead factory workers. Balkan Journal of Clinical Laboratory V'98'2.	1
16.	Cekovska S, Brezovska-Kavrakova J, Dzhekova-Stojkova S, Georgiev Z, Kovacevska I. Collagenase activity in healthy human dental pulp.	

	Balkan Journal of Clinical Laboratory V'98'2.	
17.	Cekovska S, Krstevska M, Dzhekova-Stojkova S, Bosilkova G, Tosheska K. Lipid profile and body mass index in menopausal women. Clin Chem Lab Med 1999; 37; Special supplement Abs. T161.	1
18.	Brezovska-Kavrakova J, Trajkovska S, Dzhekova-Stojkova S, Bogdanska J, Cekovska S, Smilevska T. Bioluminiscence method for determination of adenosine triphosphate concentration in patients with malignant lymphomas. Clin Chem Lab Med 1999; 37; Special supplement Abs. T018.	1
19.	Cekovska S, Todorova B, Tosheska K, Alabakovska S, Labudovic D. Reference values of Apolipoprotein A-I and Apolipoprotein B in a sample of Macedonian population. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2000; 73, abs. 111.	1
20.	Tosheska K, Todorova B, Alabakovska S, Labudovic D, Cekovska S. Apo B/Apo A-I ratio in healthy individuals depending on sex and age. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2000; 85, abs. 140.	1
21.	Alabakovska S, Todorova B, Tosheska K, Labudovic D, Cekovska S. Apolipoprotein A-I and B, Apo B/Apo A-I ratio and their correlation with other lipids in coronary artery disease. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2000; 53, abs. 64.	1
22.	Labudovik D, Todorova B, Tosheska K, Alabakovska S, Bogdanska J, Cekovska S. Lipoprotein (a) and coronary heart disease. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2000; 52, abs. 63.	1
23.	Georgiev Z, KOvacevska I, Sotirovska-Ivkovska A, Cekovska S, Bogdanova M. Enzymatic pulp research of deciduous teeth in the phase of resorption. International dental Journal 2000; Supplement 6: 345.	1
24.	Kandikjan P, Cekovska S, Dejanova B, Petrovska S. Evaluation of one year comparative quality control study by assessing of total cholesterol, HDL-cholesterol and triglyceride level. Abstracts of the 6th Alps-Adria Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, Opatija, 2000; 81: PI/S04-4.	1
25.	Brezovska-Kavrakova J, Trajkovska S, Cekovska S, Stojanovic A. Determination of level of δ-aminolevulinic acid in urine of patients with malignant lymphomas. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2001; VIII, 01, I: 80. abs. PP-139.	1
26.	Korneti P, Nikolic S, Handzhiski Z, Cekovska S, Tasic V, Korneti B. Stress tolerance test and SDS-PAGE of urinary proteins in basketball players. Abstracts of XXVII FIMS World Congress of Sports Medicine 2002; 73, abs. A-134.	1
27.	Tasic V, Korneti P, Cekovska S, Handzhiski Z, Nikolic S, Avamovski VJ, Korneti B. Effect of physical exercise on urinary proteins excretion in postnephritic children and adolescents. Abstracts of XXVII FIMS World Congress of Sports Medicine 2002; 74, abs. A-135.	1
28.	Cekovska S, Korneti P, Davceva O, Filipce V, Ivanovski N, Ristoska Bojkoska N, Jovanovska E, Tasic V. Non-invasive laboratory monitoring of kidney transplant patients. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2002; IX, 02, I:148, abs. PP-186.	1

29.	Tasic V, Korneti P, Ristoska Bojkovska N, Lukarevska V, Cekovska S, Avramoski VJ, Korneti B. Is SDS-PAG electrophoresis of urinary proteins useful in children with acute pielonephritis? Balkan Journal of Clinical Laboratory 2002; IX, 02, I:149, abs. PP-188.	1
30.	Brezovska-Kavrakova J, Trajkovska S, Cekovska S, Stojkova Zh. Energetic changes of erythrocytes in malignant diseases of leucocytes. Balkan Journal of Clinical Laboraory 2002; IX, 02, I:120, abs. PP-101.	1
31.	Јамандиловски Р, Цековска С, Корнети П, Ивановски М. Детекција на парапротеинуријата со СДС-ПАГЕ. XXXI стручен собир на медицинските лаборанти и санитарни техничари на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2003, Зборник на резимеа стр. 108-109.	1
32.	Јамандиловски Р, Палчевска С, Тасиќ В, Цековска С, Корнети П. Уринарни протеини кај здрави новородени. XXXII Октомвриски средби на медицински лаборанти и санитарни техничари на Р. Македонија со меѓународно учество, Струга, 2004, Зборник на резимеа, ср. 50.	1
33.	Цековска С, Георгиевска Ј, Тасиќ В, Корнети П. Електофоретски профили на уринарните протеини кај жени со нормална и хипертензивна бременост. Четврти конгрес на медицинските биохемичари на Македонија, Струга, 2005, Книга на апстракти, стр 50, апс. 55.	0,5
34.	Корнети П, Цековска С, Шестаков Г, Поленаковиќ М, Корнети Б, Тасиќ В. Примена на модифицираната Phast System SDS-PAGE во евалуација на протеинурија и хематурија. Четврти Конгрес на медицинските биохемичари на Македонија, Струга, 2005, Книга на апстракти стр 20-21, апс. 9.	0,5
35.	Илоска Д, Цековска С, Тасиќ В, Колоска В, Корнети П. Ефект на типот на протеинуријата врз четири методи за определување на вкупните уринарни протеини. Шести конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Скопје, 2005, Изводи од соопштенија, стр. 37, апс. О-20.	0,5
36.	Cekovska S, Tasik V, Koloska V, Korneti P. Effect of the type of proteinuria on four methods for total protein determination in urine. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2005; XII, 05, 1:90, abs. PP-T-038.	1
37.	Cekovska S, Georgievska J, Korneti B, Tasik V, Korneti P. Urinary excretion of N-acetyl-beta-glucosaminidase in preeclampsia. BANTAO Journal 2005; 3(1): p12.	1
38.	Korneti P, Mann H, Polenakovic M, Cekovska S, Korneti B, Tasic V, Melzer H. Application of modified Phast system SDS-PAGE for evaluation of proteinuria/hmaturia. BANTAO Journal 2005; 3(1): p15.	1
39.	Tasic V, Cekovska S, Korneti B, Cakalaroski K, Korneti P. Weekend hematurias: how should one detect source of hematuria? BANTAO Jounal 2005; 3(1): p 41.	1
40.	Tasic V, Korneti B, Dzikova S, Cekovska S, Sahpazova E, Ristoska-Bojkovska N, Korneti P. Nutcracker phenomenon-a rare etiology of non-glomerular hematuria. BANTAO Journal 2005; 3(1): p 49.	1

41.	Korneti B, Cekovska S, Korneti P, Tasic V. Japanese variant of Dent's disease in a Macedonian patient. BANTAO Journal 2005; 3(1): p 51.	1
42.	Cekovska S, Bauer Petrovska B, Jordanovski B, Korneti P. Effect of the type of proteinuria on two methods for total protein determination in urine. 6th Chemistry Conference, Plovdiv-Bulgaria, 2007, Book of abstracts, p. 44, abs. P-II-4.	1
43.	Bauer Petrovska B, JordanoskiB, Cekovska S. Composition study of dietary fibre in the Macedonian edible Boletaceae mushrooms. 6th Chemistry Conference, Plovdiv-Bulgaria, 2007, Book of abstracts, p. 55, abs. P-II-15.	1
44.	Georgievska J, Cekovska S, Vasilevska K, Popovska S. Correlation between body mass index and some antropometric parameters in patients with polycystic ovarial syndrome. XLVII Congress of the anthropological society of Serbia 2008, Book of abstracts, p. 155.	1
45.	Nikolovska O, Cekovska S, Korneti P, Dzikova S, Tasic V. Nutcracker phenomenon in a child with non-glomerular hematuria. European Academy of Paediatrics, Book of abstracts, Barcelona, 2006, p. 190.	1
46.	Cekovska S, Palchevska S, Tasic V, korneti P. Electrophoetic profiles of urinary proteins in healthy newborns and infants. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2009; XVII, 09, 1: 100, abs. PP-049.	1
47.	Korneti P, Tasic V, Chakalarski K, Korneti B, Alabakovska S, Kostovska I, Cekovska S. Application of SDS-PAG electrophoresis in medical practice. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2009; XVII, 09, 1: 100, abs. PP-050.	1
48.	Georgievska J, Georgievski G, Cekovska S. Human chorionic gonadotropin levels in patients with ectopic pregnancy. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2009; XVII, 09, 1: 119, abs. PP-096.	1
49.	Cekovska S, Tasic V, Korneti P. The activity of the enzyme beta-NAG in individuals with orthostatic proteinuria. Balkan Journal of Clinical Laboratory 2010; XVIII, 10, 1:123, abs. PP-TH-060.	1
50.	Cekovska S, Bauer Petrovska B. Herbal products for lowering blood lipids. PharmacognosyMagazine 2010; Vol. 6, Issue 22 (Suppl.): S59, abs. PP-11.	1
51.	Georgievska J, Cekovska S, Kandikjan P. Lipid profile and some antropometric parameters in patients with polycystic ovary syndrome. 19th IFCC-EFCC European Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, Berlin, 2011, abs. 1245.	1
52.	Cekovska S, Korneti P. reproducibility of Phast System SDS-PAGE electrophoretic profiles of urinary proteins. 19th IFCC-EFCC European Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, Berlin, 2011, abs. 1267.	1
	Вкупно	116,5

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Експертска активност: стручна ревизија Ревизија на 3 труда од референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	3
2.	Ревизија на превод на книга (стручна редакција): Клиничка хемија: принципи, процедури, корелации (Мајкл Л. Бишоп, Едвард П. Фоди, Лари Е. Шоеф)	1
3.	Превод: дел од книга - Harper's Illustrated Biochemistry од авторите Robert K. Murray, Daryl K. Granner, Peter A. Mayes, Victor W. Rodell.	1
	Дејности од поширок интерес	
1.	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	1
2.	Студиски престој во странство - до три месеци (2)	1
3.	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект-соработник (4)	2
4.	Член на факултетска комисија-член на научен одбор	0,5
	Вкупно	9,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	96,41
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	116,5
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	9,5
Вкупно	222,41

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Снежана Ефремова Аарон, претседател с.р.
2. Проф. д-р Петраки Корнети, член с.р.
3. Проф. д-р Соња Алабаковска, член с.р.
4. Проф. д-р Јасна Богданска, член с.р.
5. Проф. д-р Даница Лабудовиќ, член с.р.

Заклучок и предлог на Комисијата

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека кандидатката н. сор. Светлана Цековска во целост ги исполнува критериумите, законските услови и условите предвидени со релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Медицинскиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Имајќи ја предвид нашата позитивна оценка во нејзината ангажираност во педагошката активност, постигнатите резултати во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, врз основа на нашата досегашна многугодишна заемна соработка со кандидатката, како и релевантноста на доставените материјали за нејзините активности, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет, н. сор. д-р Светлана Цековска да биде избрана во звањето доцент по предметот биохемија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Снежана Ефремова Аарон, претседател с.р.
2. Проф. д-р Петраки Корнети, член с.р.
3. Проф. д-р Соња Алабаковска, член с.р.
4. Проф. д-р Јасна Богданска, член с.р.
5. Проф. д-р Даница Лабудовиќ, член с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГОВЕДАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVII седница одржана на 7.3.2012 година, формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ристо Илковски, редовен професор на Земјоделскиот факултет и Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија, проф. д-р Танас Трајковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, во пензија, и проф. д-р Владимир Цабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, за преглед и оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот.

Врз основа на доставените материјали, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха" од 5.4. 2012 година за избор на еден наставник во научната област говедарство се пријави еден кандидат и тоа д-р Ѓоко Буневски, досегашен вонреден професор на истата научна област на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

1. Биографски податоци

Д-р Ѓоко (Ристо) Буневски е роден на 5. V 1969 година во Охрид. Основно и средно образование (биохемиска насока) завршил во Охрид со одличен успех. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1987/88 на сточарската насока, а дипломирал на истиот факултет во 1992 год. со просечен успех 8,88.

По дипломирањето најпрво волонтирал од декември 1992 година на Земјоделскиот факултет на предметите говедарство и коњарство, а се вработил на истиот факултет на 1.7.1994 година како помлад асистент по предметот говедарство. На последипломски студии се запишал во учебната 1992/93 година, група преживни животни, подгрупа говедарство. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 9,00. Магистерскиот труд под наслов „Влијание на соматските клетки врз хемискиот состав на кравјото млеко" го одбранил на 29.11.1996 година, а на 27.9.2002 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Генетски параметри кај некои производни и репродуктивни особини кај црно-бели говеда", на Земјоделскиот факултет во Скопје. На 19.9.2007 година е избран во звањето вонреден професор на предметот говедарство на истиот Факултет. Од вработувањето до денес кандидатот проф. д-р Ѓоко Буневски учествувал на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси од областа на говедарството, одржани во земјата и во странство. Активно зборува и се служи со стручна литература на англиски јазик. Досега има објавено како автор или коавтор вкупно 99 труда.

2. Наставно-образовна дејност

Во досегашниов период, од 1993 година до денес кандидатот д-р Ѓоко Буневски активно и успешно е вклучен во изведувањето на вежбите и наставата

по предметите говедарство и коњарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на повеќе студиски програми од областа на говедарското производство и технологијата на одгледување говеда. Во периодот од 1993 до 1997 година помага и во изведувањето на вежбите по предметот специјално сточарство на Ветеринарниот факултет во Скопје. Од 2002 година е ангажиран во изведувањето на наставата по предметите говедарство и облагородување на говедата, на студиските програми од областа на сточарството од вториот циклус на студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Успешно ги изведува предавањата, вежбите, теренската настава, колоквиумите, испитите и консултациите по предметите на кои е избран. Бил ментор на 15 дипломски работи, член на комисија за одбрана на докторска дисертација, рецензент на учебни помагала и стучни материјали во областа на говедарството.

Имал неколку стручни престои во странство, итоа:

- во Јапонија, во 1997 година, на 2-месечен курс "Фармско производство и маркетинг на земјоделски производи" во Обихиро;
- во Холандија, на 2-месечен стручен престој во 2000 година како Темпус апликант на Зодијак институтот за сточарство при Земјоделскиот универзитет во Вагенинген;
- во Норвешка, на 4-месечен стручен престој во 2003 година на Институтот за селекција на домашни животни при Земјоделскиот универзитет во Ос;
- во Словенија, во 2005 година на едномесечно стручно усовршување во областа на говедарството на Земјоделскиот факултет во Марибор;
- во Индија, во 2008 година, на едномесечно усовршување во областа на земјоделското и сточарското производство;
- повеќе кратки престои во повеќе европски земји (Унгарија, Германија, Хрватска, Србија, Бугарија, Грција, Турција и др.).

Од 2005 година е назначен за визитинг-професор по предметот коњарство на Земјоделскиот факултет во Марибор, Словенија.

Во периодот од 2006 до денес, како коавтор има објавено два универзитетски учебника и повеќе авторизирани скрипти од предавања по предметите говедарство и коњарство.

3. Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Ѓоко Буневски уште за време на студиите има учествувано на две студиски смотри на научно-стручни трудови, и тоа во Пула (1991 година) и во Скопје (1992 година). После запишувањето на постдипломските студии, кандидатот изведувал испитувања и опити од областа на говедарството, врз основа на кои со трудови настапувал на стручни и научни смотри од оваа област. Од изборот во звањето вонреден професор, вклучен е во повеќе научно-апликативни проекти на национално и меѓународно ниво, во областа на говедарството и тоа:

- раководител во национален научен проект – Облагородување на сламата како добиточна храна за млечни крави и ситни преживари, МЗШВ, 2009;
- учесник во национален научен проект – „Алтернативни начини за превенција на воспаленијата на млечната жлезда кај молзни крави", МЗШВ, 2009, член;
- раководител на Проектен планирачки грант од ГЕФ-канцеларијата, под наслов „Заштита на автохтониот вид - македонски бивол", 2012.

Како резултат на неговото перманентно ангажирање во научно-истражувачката дејност, како автор или коавтор, има објавено 99 труда.

4. Стручно-апликативна дејност

4	Имплементација на статистички, математички и компјутерски симулациони програми во развој и унапредување на процеси од фармацевтската индустрија, МОН, РМ 2011	1,00
5	Резенција на Manuscript-MJCCE 430, Mac.J.Chem.and Chem.Eng, 2009	1,00
	Експертска активност	
6	Measuring transparency in the public pharmaceutical sector, Assessment Instruments WHO, pp= 1-196. Publisher World Health Organization,	1,00
7	WHO GGM programme:An innovative approach to prevent corruption in the pharmaceutical secotr, Comiplance od country studies and best practices, Guitelle Bagdadi Sabeti and Fatima Sehran, WHR, 2010, pp=1-27,	1,00
8	WHO,GGM, Country progress report, GGM-Phase I, pp 1-9	1,00
9	WHO,GGM, Country progress report, GGM-Phase II, pp 1-10	1,00
	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	
10	Болоњски процес и искуство на универзитетите во РМ; 18.12.2008, Скопје	1,00
11	Саем за образование, Скопје, 2009-11	1,50
12	ХЕРА, асоцијација за здравствена едукација и истражување, стручен консултант за насочување и обучување на членови на заедницата за застапување во однос на третман	1,00
13	Р.Славеска Риачки, Концепт на Есенцијална листа на лекови -35 години од селекција на WHO есенцијални лекови, HERA, 18.02.2012, Скопје	0.50
14	Р.Славеска Риачки, Регистрација на лекови, препораки на WHO, HERA, 18.02.2012, Скопје	0,50
15	Р.Славеска Риачки, Терапевстки комитети, HERA, 25.02.2012,Скопје	0.50
	Превод	
	- дел од книга	
16	Фармаколошки основи на терапевтици,Гудман и Гилман, Апендикс 1 и 2, додаток 2,Табела AII (4x1)	4,00
17	Принципи на фармакологија, патофизиолошки основи на терапија со лекови, Голан, И., и Дејвид.,Е. Поглавје 52-54 (3x1)	3,00
18	Measuring transparency to improve good governance in the public pharmaceutical sector Assessment Instrument 2007 WHO, Depertment of essential medicines and Pharmaceutical Policies &Ethics pp. 1-100 (http://www.who.int/medicines/areas/policy/goodgovernance/)	1,00
19	Pharmaceutcial biotechnology, Fundamentals and application, Third Ed. By D.Crommelin, R.Sindelar,B.Meibohm (стручна	1,00

	ревизија на превод на книга)	
20	Eloy Anello, A framework for good governance in the pharmaceutical sector, Department of Essential Medicines and PharmaceuticalPolicies.Geneva,WHO,2008,pp1-44 (http://www.who.int/medicines/areas/policy/goodgovernance/GGMframework09.pdf;http://www.who.int/medicines/areas/policy/goodgovernance/Assessment_Feb_2010.pdf	1,00
21	Good Governance for Medicines Promoting Transparency in Medicines Regulation and Procurement,WHO, December, 2006 pp1-2 (http://www.who.int/medicines/ggm)	0,50
22	Good Governance for Medicines Assessment Instrument, April,2010,pp1-2 (http://www.who.int/medicines/ggm)	0,50
23	Good Governance for Medicines Curbing Corruption in Medicines Regulation and SupplyWHO, February, 2010, pp1-2 (http://www.who.int/medicines/areas/policy/goodgovernance/Curbing_Feb_2010.pdf)	0,50
	Вкупно	**33,50**
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание	
1	Фармацевтки информатор,Фармацевтска комора на РМ	0,50
	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание	
2	Македонски фармацевтски билтен	1,00
	Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	1,00
3	National Workshop on Good Governance for Medicine (GGM) Disseminating GGM Assessment Results, 23.04.2008.Skopje	1,00
4	Training workshop for GGM task force , 11 June, 2009, Skopje,WHO Country office	1,00
	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	
5	Transparency in procurement and supply Menagement: Role of Civil Society,9.06.2009,Скопје	1,00
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир	
6	Македонски фармацевтски конгрес, 2011	0,50
7	Член на Универзитетскиот сенат, 2009-2012	1,00
	Член на факултетска комисија	
8	Комисија за континуирана едукација на ФФ; 2010-	0,50
9	Комисија за прием на кандидати, еден мандат	0,50
10	Тендерска комисија, 2008 година	0,50
11	Комисија за магистерски испити: општа фармакогнозија, фармакогнозија, фитотерапија, природни лековити суровини	2,00
12	Член на комисија за државен испит	2,50
	Член на комисија за избор во звање	

13	1. помлад асистент	0,20
14	2. асистент	0,20
15	3.доцент	0,20
	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)	
16	Good Governance For Medicines Programme. WHO; Renata Slaveska, Arta Kuli. Country Case Study. WHO. 2010, pp1-17	2,00
17	Предлог национална етичка рамка за добро управување во фармацевтскиот сектор во РМ 2010, pp-1-46	2,00
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	
18	Национално координативно тело, број. 15-17508/1, 9.11.2007, МЗ, РМ	1,00
19	Член на Собрание на Фармацевтската комора на РМ, 2008-	1,00
20	Член на национална работна група за GGM, Министерство за здравство и WHO регионална канцеларија,07-17230/1, 16.09.2008	1,00
	Национален координатор за одредена стручна област	
21	Национален координатор на WHO за добро управување со лекови	3,00
	Студиски престој во странство	
22	Tranparency assesment instrument training, септември 2007, Женева, Швајцарија,	0,50
23	Expert Conusltation for GGM Temporary advisors, February, 2008, WHO Heatquarters, Geneve	0,50
24	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**	
25	FP-7 REG POT 2008 Reinforcement of research potential for monitoring of environmental distribution and fate of chemical and biological contaminants for human health risk assessment	1,00
	Вкупно	**25,60**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	158.02
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	62,65
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	33,50
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	25,60
Вкупно	279,77

Членови на комисијата

1. Проф.д-р Катерина Горачинова, с.р., претседател, редовен професор
2. Проф.д-р Љубица Шутуркова, с.р., член, редовен професор
3. Проф.д-р Александар Димовски, с.р., член редовен професор

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ "ПРОЦЕНА НА ВРЕДНОСТА НА MANNHAIM PERITONITIS INDEX КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО СЕКУНДАРЕН И ТЕРЦИЈАРЕН ПЕРИТОНИТИС„ ОД М-Р Д-Р СКЕНДЕР ЗАТРИЌИ , ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница, одржана на 15.3.2012 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје и член 63 од Законот за високото образование на Република Македонија, определи Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација во состав:

1. проф.д-р Никола Јанкуловски
2. проф.д-р Мирко Крстевски
3. проф.д-р Зоран Карацов

Комисијата детално и внимателно ја прегледа поднесената докторска дисертација и врз основа на согледувањата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р д-р Скендер Затриќи претставува самостоен научен труд прикажан на 91 печатена страница (А4 формат) кој содржи 10 поглавја: Вовед, Хипотези, Цели, Материјал и методи, Резултати, Фотодокументација, Дискусија, Заклучоци, Резиме и Библиографија.

Во наведените поглавја докторската дисертација содржи 25 графикони, 9 табели, 6 интраоперативни фотографии, 20 табели директно преземени од статистичкиот програм користен за статистичка обработка на податоците добиени при изработка на оваа докторска дисертација и 111 референци во одделот библиографија.

Докторската дисертација е изработена во Универзитетскиот клинички центар во Приштина и во Универзитетската клиника за дигестивна хирургија во Скопје.

Во воведот е дефиниран перитонитисот, прикажана е неговата класификација и систематски се обработени причините за појава на перитонитисот, инциденцата и микробиолошките агенси присутни при воспаление на перотонеалната обвивка. Даден е осврт на интраабдоминалниот апсцес како можен составен дел на абдоминалната сепса, односно перитонеалната инфекција.

Понатаму авторот посветува внимание на клиничката слика, дијагностичката процедура и медицинскиот третман, при што одделно се обработени медикаментозниот третман и хируршките принципи за менаџмент на болните со перитонитис и се коментирани можните компликации, стапката на морбидитет и морталитет.

Дадени се на скоринг-системите кои се користат за одредување на клиничката прогноза кај пациентите со перитонитис, со посебно потенцирање и обработка на Mannheim peritonitis index-от (МПИ), како релативно едноставен и практично применлив градирачки систем.

Во второто поглавје "Хипотези", поставени се 6 хипотези за изработка на докторската дисертација: 1. Примарната висцерална болест е од особено значење за острината на интраабдоминалната инфекција и исходот на болеста; 2. Постојат јасни клинички, лабораториски и радиографски параметри кои влијаат на стапката на смртност кај пациентите со секундарен и терциерен перитонитис; 3. Постојат јасни клинички, лабораториски и рафиографски параметри кои се во корелација со МПИ; 4. МПИ претставува релевантен показател за предвидување на постоперативни компликации и терциерен перитонитис; 5. МПИ претставува релевантен показател за планирана хируршка интервенција; 6. МПИ претставува релевентен показател за исходот на пациентите со секундарен и терциерен перитонитис.

Во поглавјето "Цели" во оваа докторска дисертација се одредени 6 цели и тоа: 1. да се одреди односот помеѓу, острината на перитонитисот и примарната висцерална болест во абдоменот; 2. да се одредат клинички, лабораториски и радиографски параметри кои можат да ја предвидат острината на болеста; 3. да се одредат клинички, лабораториски и радиографски параметри кои влијаат на стапката на смртност кај пациентите со перитонитис; 4. да се процени вредноста на МПИ за прогнозата на стапката на појавување на постоперативни компликации и терцијарен перитонитис; 5. да се процени вредноста на МПИ во планирањето на хируршкиот третман на болните со секундарен и терцијарен перитонитис; 6. да се процени вредноста на МПИ во предвидување на стапката на смртност кај пациенти со секундарен и терцијарен перитонитис.

Во поглавјето "Материјал и методи" е дефиниран материјалот, односно групите на пациенти за изработка на докторската дисертација, а потоа е детално опишана користената методологија. Материјалот за изработка на докторската дисертација опфаќа 60 проспективно обработени и 36 ретроспективно обработени пациенти со секундарен и терцијарен перитонитис, оперирани во Универзитетскиот клинички центар во Приштина и Универзитетската клиника за абдоминална хирургија во периодот од 2008 до 2012 година, нивните истории на болеста, радиолошки наоди, лабораториски наоди и интраоперативни наоди.

Опишани се оперативниот, предоперативниот и постоперативниот третман на болните и анализирани се вкупно 35 испитувани параметри. Кај секој пациент поединечно е одреден МПИ кој потоа е корелиран со останатите параметри.

Добиените податоци се статистички обработени, а резултатите графички и табеларно прикажани.

Во поглавјето "Резултати", авторот резултатите ги прикажува графички и табеларно со соодветен текстуален коментар. Одредени се половата и старосната дистрибуција на пациентите со секундарен и терцијарен перитонитис, застапеноста на видот на перитонитисот, причината за појава на перитонитис, смртноста кај пациентите и вредноста на МПИ, со пресек на 26 поени, корелирана со наброените параметри. Секундарниот перитонитис е статистички значајно позастапен во испитуваната група, најчеста причина за појава на перитонитис претставува перфорација на желудникот, а втор по честота е постоперативниот перитонитис.

Статистички значајна разлика е утврдена за вредностите на МПИ, односно острината на перитонитисот и горнодигестивните причини за перитонитис во однос на другите причини за појава на перитонитис (пониска средна вредност на МПИ). Во групата на егзитирани пациенти добиена е рамномерна дистрибуција на причините за перитонитис, без статистички значајна разлика во дистрибуцијата на причините за перитонитис, но со статистички значајна разлика за вредностите на МПИ кај егзитираните пациенти од секундарен и терцијарен перитонитис. Сите егзитирани пациенти имале вредности на МПИ поголеми од 26 поени.

Анализирани се субјективните клинички симптоми: болка, повраќање, надуеност и стоп на столица и ветрови, објективните клинички наоди: инфламаторна палпабилна маса, болна осетливост, мусулен дефанс, повраќање, тензија, пулс, треска, олигурија, илеус и кома, лабораториски наоди за: леукоцити, уреа, креатинин, pO_2, pCO_2, радиографските наоди за: хидроаерични нивоа и слободен воздух, ултрасонографските наоди за слободна течност, перисталтика и колекција на гној, ЦТ наоди за слободна течност, колекција на гној и пневмоперитонеум.

Добиените резултати покажуваат дека возраста, интензитетот на болката, отсуството на перисталтика, повраќањето, стопот на столица и гасови, палпабилната маса, мускулниот дефанс, илеусот, вредноста на тензијата, фрекфенцијата на пулсот, олигуријата, хидроаеричните нивоа (Ртг), пневомеритонеумот (ЦТ), нивото на креатинин, уреа и pCO_2 и

вредноста на МПИ имаат јасно прогностичко значење кај пациентите со секундарен и терцијарен перитонитис. Притоа, Спирмановиот тест на корелација ги издвојува хипотензијата, забавената фреквенција на пулсот, олигуријата < 20ml/h и присуството на илеус како статистички значајно поврзани со исходот и вредностите на МПИ, а регресионата анализа како параметри кои влијаат на преживувањето на пациентите ги издвојува МПИ, уреа, креатинин, возраст, pO2, олигурија и тензија. Мултифакториелната регресивна анализа како фактори кои влијаат на преживувањето ги издвојува МПИ и вредноста на тензијата.

Ретроспективната група на 36 пациенти е одделно изработена со примена на истите методи и со анализа на истите параметри, при што е утврдено јасно прогностичко значење на параметрите: инфламаторна палпабилна маса, стоп на столица и ветрови, тензија, олигурија, уреа, креатинин, pO2, pCO2, хидроаерични нивоа и МПИ. Од тука произлегува дека МПИ како прогностички фактор за исходот на болеста е потврден во двете студии.

Во поглавјето „Фотодокументација“ се приложени интраоперативни фотографии од различни типови на перитонитиси и мостри од перитонитичен излив, кај пациенти со различна причина за развиток на перитонитисот.

Во поглавјето “Дискусија“ детално е обработен проблемот перитонитис, типовите, инциденцата, причините и микрофлората, со посебен осврт на патофизиологијата. Обработени се симптомите, лабораториските иследувања, имицинг-техниките и нивната вредност во дијагностицирањето на причината за перитонитис и постоењето на перитонитисот. Наодите и сознанијата добиени од изработката на докторската дисертација се компарирани со современата литература. Особено внимание е посветено на оперативниот третман и скоринг-системите, при што се обработени повеќе скоринг-системи, нивниот историски развиток, нивната апликација во повеќе изработени студии од други автори и е направена компарација со литературните податоци и добиените податоци во доктроската дисертација за вредноста на МПИ кај пациентите со перитонитис како предиктивен фактор за острината на болеста и исходот на пациентите.

Поглавјето “Заклучоци“ содржи 11 заклучоци кои корелираат со хипотезите, целите и добиените резултати.

ЗАКЛУЧОК

По направениот увид и од гореизнесеното, Рецензентската комисија констатира дека поднесената докторска дисертација со наслов:

"Процена на вредноста на Mannhaim peritonitis index-от кај пациентите со секундарен и терцијарен перитонитис„ од м-р д-р Скендер Затриќи претставува самостоен научен труд и дека при негова изработка се користени современи, соодветни научни методи и литература во анализирањето на поставените цели. Дисертацијата претставува придонес во подоброто познавање на проблематиката на перитонитисот, скоринг-системите и Mannhaim peritonitis index-от како алатки за одредување на острината на болеста и прогнозата на пациентите, а исто така претставува и придонес во приодот за хируршкиот третман на перитонитисот.

Врз основа на сето изнесено, Рецензентската комисија позитивно го оценува научниот и стручен придонес на поднесената докторска дисертација со наслов: "Процена на вредноста на Mannhaim peritonitis index-от кај пациентите со секундарен и терцијарен перитонитис„ од м-р д-р Скендер Затриќи и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факутлет во Скопје да ја усвои оваа рецензија и да му овозможи на кандидатот понатамошна постапка за одбрана на докторската дисертација.

Рецензентска комисија:

Проф.д-р Никола Јанкуловски с.р.
Проф.д-р Мирко Крстевски с.р.
Проф.д-р Зоран Караџов с.р.

Скопје, 10.4.2012

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ПРОЦЕНА НА ПРОГНОСТИЧКИТЕ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КОНЕЧНИОТ ИСХОД КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДЕБЕЛОЦРЕВНА ОПСТРУКЦИЈА„ ОД М-Р Д-Р ФЕРАТ САЛИХУ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница, одржана на 15.3.2012 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје и член 63 од Законот за високото образование на Република Македонија, определи Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација во состав:

1. проф.д-р Владо Јаневски
2. проф.д-р Ненад Јоксимовиќ
3. проф.д-р Александар Караѓозов

Комисијата во горенаведениот состав внимателно ја прегледа поднесената докторска дисертација и врз основа на стекнатите согледувања од презентираното во дисертацијата има чест до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Рецензентската комисија оценува дека докторската дисертација на д-р Ферат Салаху претставува самостоен научен труд, прикажан на 79 печатени страници (А4 формат) и содржи 20 графикони, 6 табели, 4 рентген фотографии, 6 интраоперативни фотографии, една фотографија на макроскопски препарат и една фотографија на униполарна сигмоидостома. Докторската дисертација содржи и 19 табели и еден графикон директно преземени од статистичкиот програм со кој е направена статистичката анализа на добиените резултати на истражувањето (SPSS).

Докторската дисертација е изработена во Универзитетскиот клинички центар во Приштина и во Универзитетската клиника за дигестивна хирургија во Скопје, во период од 2008 до 2012 година.

Докторската дисертација содржи 10 поглавја, Вовед, Хипотези, Цели, Материјал и методи, Резултати, Фотодокументација, Дискусија, Заклучоци, Резиме и Библиографија.

Во поглавјето "Вовед" , авторот ја коментира инциденцата на колоректалниот карцином (КРК), етиолошките фактори, факторите кои влијаат на исходот кај пациентите со КРК и дава посебен осврт на карциномската дебелоцревна опструкција, со обработка на нејзината инциденца, етиологија морбидитет и морталитет, времето на преживување, клиничката манифестација, дијагностичката процедура и нехируршкиот и хируршкиот третман. Коментирани се повеќе различни хируршки пристапи за третман на пациентите со дебелоцревна опрструкција и можните постоперативни компликации со кои се соочува хирургот по хируршка интервенција за третман на дебелоцревната карциномска опструкција.

Во поглавјето "Хипотези", за изработка на докторската дисертација авторот поставува 6 хипотези: 1. постојат клинички параметри кои имаат јасно прогностичко значење кај пациентите со дебелоцревна опструкција заради рак на дебелото црево; 2. опструкција на дебелото црево поради КРК се јавува кај напреднати случаи; 3. опструкција на дебелото црево поради КРК се јавува кај пациенти со напредната возраст; 4. постоперативните компликации се почести кај пациентите со дебелоцревната опструкција поради рак на дебелото црево во споредба со оние што немаат опструкција; 5. постоперативните компликации се почести кај пациентите со дебелоцревна опструкција поради рак на дебелото црево третирани со one step процедура; 6. Дебелоцревната опструкција поради КРК значајно влијае на текот на болеста и периодот на преживување кај пациентите со рак на дебелото црево.

Во поглавјето "Цели", авторот одредува 6 цели; 1. да се одредат јасни параметри кои имаат влијание на исходот кај пациентите со дебелоцревна опструкција поради КРК и тоа клинички, радиографски и лабораториски; 2. да се одреди стадиумот на болеста; 3. да се одреди типот на постоперативните компликации и нивната застапеност; 4. да се одреди влијанието на различните типови на операции кај пациентите со дебелоцревна опструкција поради КРК врз преживувањето на пациентите ; 5 да се одреди дали состојбата на илеус влијае врз преживувањето на пациентите со рак на дебелото црево и 6. да се одреди половата и старосната дистрибуција на пациентите оперирани од дебелоцревна опструкција поради КРК.

Во поглавјето "Материјал и методи", е дефиниран материјалот кој го сочинуваат 60 пациенти со опструкција на дебелото црево поради рак на дебелото црево и 20 пациенти со КРК без опструкција. Студијата е дизајнирана како ретроспективна-проспективна студија при што во групата на ретроспективно обработени пациенти се вклучени 20 случаи со опструкција и 10 случаи без опструкција, а во проспективната група се вклучени 40 случаи со и 10 случаи без опструкција. Од Универзитетската клиника за абдоминална хирургија во Скопје се обработени и 20 последователни истории на болеста на пациенти со карциномска опструкција и 10 истории на болеста на пациенти со КРК без опструкција.

Останатите пациенти се третирани во Универзитетската клиничка болница во Приштина. Пациентите со дебелоцревна опструкција поради КРК се поделени во 2 групи и тоа на група со рак на левата страна на дебелото црево (47 пациенти) и рак на десната страна на дебелото црево (13 пациенти) заради типот на операции кои се предвидени во студијата за третман на пациентите, а се разликуваат кај едната и другата група. За добивање на податоците потребни за изработка на оваа студија користени се историите на болеста на пациентите, радиолошките наоди, лабораториските наоди, патохистолошките наоди и интраоперативните наоди. Пациентите се следени на редовни контроли на секои 6 месеци. Кај сите пациенти се спроведени еднакви испитувања прикажани во работен протокол кој опфаќа 5 групи на податоци: клинички, лабораториски, радиографски, оперативен третман и компликации со вкупно 24 параметри и 5 типови на операции.

Добиените податоци се статистички обработени, а резултатите графички и табеларно прикажани.

Во поглавјето "Резултати", добиените резултати од студијата се прикажани графички и текстуално со соодветен текстуален коментар. Одредена е старосната и половата дистрибуција на пациентите во испитуваната и контролната група, одредена е локализација на неоплазмата и дистрибуцијата на стадиумот на болеста кај испитуваните групи. Утврдено е дека постои статистички значајна разлика во однос на локализацијата и стадиумот на болеста кај двете испитувани групи. Прикажани се видовите на хируршките интервенции, нивната процентуална застапеност, процентот на смртност и процентот и типот на компликации и е утврдено дека компликациите се двојно повеќе застапени во групата со опструкција на дебелото црево.

Анализирани се: 1. субјективните клинички симптоми: болка, надуеност, стоп на столица и ветрови; 2. објективните клинички наоди: палпабилна маса болна осетливост, дистензија на абдоминалниот sид, повраќање, тензија, фреквенција и полнетост на пулсот; 3. лабораториски наоди: анемија, леукоцитоза, уреа, креатинин, гликоза: 4. радиографските наоди; хидроаеришни нивоа; 5. ултрасонографските наоди: слободна течност, перисталтика, црнодробни метастази; 6. хистопатолошки наоди: стадиум; 7. компликации: ликиц, дехисценција, инфекција на рана, перитонитис, сепса; 8. времетраење на хиспитализација.

Добиените резултати од направените анализи покажуваат дека јасно прогностичко значење кај пациентите со дебелоцревна опструкција поради КРК имаат возраста, левостраната локализација на туморот, стадиумот, појавата на компликации, интензитетот на болката, присуството на палпабилната маса, отсуството на перисталтика, забрзана фреквенција и

слаба полнетост на пулсот, бројот на хидроаерични нивоа и нивото на креатинин во крвта. Утврдено е дека возраста претставува фактор кој негативно влијае на исходот, опструкцијата се јавува кај напреднати случаи на рак на дебелото црево, напреднатиот стадиум на болеста, без оглед на типот на операцијата негативно влијае на исходот, појавата на компликации не зависи од типот на операцијата и дека дебелоцревната опструкција значајно влијае на периодот на преживување и исходот на пациентите. Како параметри кои влијаат на времето на преживување на пациентите со карциномска дебелоцревна опструкција, Спирмановиот тест на корелација ги издвојува стадиумот, деновите на болничко лекување, појавата на компликации, возраста, присуството на палпабилна абдоминална маса и фреквенцијата и полнетоста на пулсот. Мултифакториелната регресивна анализа како фактори кои влијаат на преживувањето на пациентите со дебелоцревната опструкција поради КРК ги издвојува стадиумот и тензијата.

Во поглавјето "Фотодокументација", се приложени 11 слики од имиџинг-испитувањата и интраоперативните наоди и по една фотографија на макроскопски препарат и униполарна стома.

Во поглавјето "Дискусија", авторот детално и систематски ја обработува темата на КРК и дебелоцревната опструкција поради КРК, при што се обработени другите причини за дебелоцревната опструкција освен КРК, инциденцата и патофизиологијата на колоничната опструкција. Резултатите добиени од истражувањето во однос на симптомите, клиничката презентација на опструкцијата, имиџинг-иследувањата и лабораториските наоди се компарирани со тие од современата литература и јасно се регистрирани совпаѓањата и несовпаѓањата. Одделно се обработени хируршките можности за третман на пациентите со карциномска дебелоцревна опструкција, при што е даден краток историски преглед на развитокот на хируршките пристапи и се наведени бројни методи во слични други студии од различни автори. На крајот од ова поглавје се прикажани резултатите на неколку поголеми студии на пациенти со дебелоцревна опструкција поради КРК кои обработувале различни параметри како прогностички фактори.

Поглавјето "Заклучоци" содржи 14 заклучоци кои корелираат со хипотезите, целите и добиените резултати.

Во поглавјето "Библиографија„ се наброени 120 референци.

ЗАКЛУЧОК

По направениот увид во поднесената докторска дисертација, резултатите добиени при истражувањето и нивното презентирање во систематизирана форма, како и обработката на литературните податоци. Рецензентската комисија констатира дека поднесената докторска дисертација со наслов:

"Процена на прогностичките фактори кои влијаат на конечниот исход кај пациенти со дебелоцревна опструкција", од м-р д-р Ферат Салиху претставува научен труд при чија изработка се користени соодветни, современи научни методи и литература и претставува научен придонес во областа на хирургијата. Сознанијата добиени при изработката на оваа докторска дисертација имаат и значајна апликативна вредност за третманот на пациентите со дебелоцревна опструкција поради КРК.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија позитивно го оценува научниот и стручен придонес на поднесената докторска дисертација со наслов: "Процена на прогностичките фактори кои влијаат на конечниот исход кај пациенти со дебелоцревна опструкција" од м-р д-р Ферат Салиху и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факутлет во Скопје да ја усвои оваа рецензија и да му овозможи на кандидатот понатамошна постапка за одбрана на докторската дисертација.

Рецензентска комисија:

Проф.д-р Владо Јаневски с.р.
Проф.д-р Ненад Јоксимовиќ с.р.
Проф.д-р Александар Караѓозов с.р.

Скопје, 10.4.2012

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ
ОПШТА КАРТОГРАФИЈА
ОД ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО СРБИНОСКИ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 40 став 1, алинеја 33 од од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје 2-2 бр. 91-4 од 16. 3.2012 год. одржана на 9.3.2012 год., ме именува за рецензент за преглед и оценка на ракопис за учебник со наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА од авторот проф. д-р Златко Србиноски.

По извршениот преглед на ракопис согласно со одредбите во членовите 18-22 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за универзитетски учебник (прво издание) под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА, од авторот проф. д-р Златко Србиноски, е наменет за реализација на предметната програма од општа картографија со фонд на часови 2+2 на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Содржините во ракописот ОПШТА КАРТОГРАФИЈА се презентирани во седум поглавја, на 299 страници поткрепени со 186 визуелни прикази. Конципирани се согласно со предметната програма на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје. Опфатени се и теориски и практични аспекти од областа на картографијата како специфична научна дисциплина која ја чинат повеќе каузално поврзани целини. Поконкретно, ракописот се состои од следниве поглавја:

- Вовед;
- Преглед на развојот на картографијата;
- Картографски прикази на Македонија;

- Средства за картографско изразување;
- Картографски прикази;
- Картографска генерализација;
- Основи на практичната картографија;
- Литература;
- Прилози.

Во **воведниот дел** се разработени дефиницијата за картографијата како научна дисциплина, предметот и задачите на картографијата, методите кои се користат во картографија, значењето, поделбата и врските на картографијата со останатите научни дисциплини.

Второто поглавје е посветено на развојот на картографијата како наука. Посебно се опфатени развојот на картографијата кај примитивните народи, античката картографија, средновековната картографија, картографијата во новиот век и современата картографија. Во наведените поглавја се опфатени соодветен број на поднаслови со кои се потенцираат одредени покарактеристични периоди на развој. Географските знаења и графичките достигнувања во односните периоди на развој се поткрепени со 48 сликовни прикази.

Во **третото поглавје** се презентирани содржини поврзани со картографките прикази на Македонија. Станува збор за картографскиот третман на територијата на Македонија во античкиот период, средновековниот период, периодот на новиот век, современата картографија и посебно внимание е посветено на новата дигитална топографска карта на Република Македонија како производ од нашата современост. Овие содржини се надополнети со 21 слика како нагледни средства.

Четвртото поглавје е посветено на средствата за картографско изразување. Прикажан е третманот на објектите за картографско прикажување, нивните одлики, класификации и сл. Во продолжение поопстојно внимание е посветено на средствата за картографско изразување каде што се зборува за основните геометриско-графички елементи, одликите на картографските знаци (сигнатури, дијаграми, графички варијации, минимални димензии, размер), боите и писмото како картографски изразувачки средства. Текстуалните содржини се поткрепени со серија од 27 сликовни прикази како нагледни средства.

Едно од пообемните е **петтото поглавје** во ракописот, бидејќи во него се третираат картографските прикази како што се картите, атласите, глобусите и

релјефните модели. На почетокот се прикажани поимот, својствата, класификацијата и елементите на картите. Во продолжение се обработени аспектите на математичките и географските елементи на картите.

Во делот за математичките елементи на картите посебно внимание е посветено на геодетската основа, картографските проекции, размерот на картите, рамката на картите и форматите на листови на картите.

Во делот за географски елементи на картите се обработени релјефот (аспектите и методите за прикажување на релјефот), хидрографијата (прикажувањето на водените површини, водените текови и објектите за вода), земјиштето и вегетацијата (класификација на земјиштето и неговото картографско претставување), населените места, објектите, комуникациите, границите (со нивната класификација за картографски потреби и начини на картографско прикажување) и географските имиња и натписи (каде што се третира класификацијата, бројот, распоредот, правописот и одликите на натписите на странските територии).

Во рамките на ова поглавје станува збор и за карактеристиките на тематските карти како посебна проблематика во областа на картографијата. Тука поопстојно се обработени методите (начините) на тематско картографирање. Станува збор и за темелните карти во кои главно се вбројуваат крупноразмерните топографски карти. Во посебен наслов се обработени атласите како збирка на карти со нивните одлики со осврт на електронските атласи. Обработени се како посебни поднаслови содржини во врска со одликите на глобусите, релјефните карти и модели и останатите картографски производи.

Целокупната проблематика во ова поглавје е строго систематизирана и визуелно картографски поткрепена со 53 слики, така што е овозможено јасно разбирање на текстуално поставените содржини.

Во **шестото поглавје** е разработена картографската генерализација како посебна метода на поопштување на содржините на картите во однос на непосредниот физички простор на земјиштето и, секако, во однос на изворниот картографски материјал. Поконкретно станува збор за факторите на картографската генерализација (намената на картата, размерот на картата, одликите на територијата и сл.), постапките на картографската генерализација (избор, поедноставување, спојување, зголемување, дислоцирање, промена на методот на прикажување) и конкретните карактеристики на картографска генерализација на одделните географски елементи на картите (релјефот,

хидрографијата, комуникациите, населените места и т.н.). Во прилог на содржините се 15 слики.

Во **седмото поглавје** се дадени основите на практичната картографија, односно презентирани се постапките за изработка на карта. Најпрво се зборува за изработката на проект за изработка на карта, потоа се објаснува процесот на картографската репродукција и на крај станува збор за проблемот на одржување, односно ажурирање на содржините на картите. Во проектот за изработка на картата се дефинирани одликите на математичките елементи, географските елементи, надворешниот изглед на картата, картографската генерализација и упатството за изработка на картата. Ова поглавје е појаснето со 11 сликовни прикази.

На крајот е поместена користената литература која се состои од 53 библиографски единици од различни автори, така што слободно може да се констатира дека се земени предвид и претходните и современите сознанија во сферата на картографската наука.

Во прилог на ракописот се дадени картографските знаци кои во смисла на картографски клуч се користат во изработката на топографските карти за територијата на Република Македонија во размер 1:25000.

Концепциската поставеност на содржините на ракописот за учебник по општа картографија, согласно со намената, е целосна и сеопфатна. Текстуалните содржини се строго систематизирани и класифицирани, и дефинирани се со кратки и јасни прикази кои се поткрепени со богат картографско графички сликовен материјал.

Врз основа на сето претходно наведено го давам следниов

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА (прво издание) од авторот проф. д-р Златко Србиноски, наменет за реализација на предметната програма од општа картографија со фонд на часови 2+2 на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје во целост ги опфаќа потребните содржини предвидени во програмата. Зафаќа обем од 299 страници со богат илустративен материјал од 186 сликовни прикази, корисни за визуелно поимање на картографските содржини.

Текстуалните содржини се строго систематизирани и класифицирани, и се дефинирани со кратки и јасни прикази. Според тоа, **ракописот „Општа картографија“ според целокупната содржинска и естетска композиција, е во**

согласност со принципите и стандардите за печатено дело, така што ги исполнува условите за универзитетски учебник согласно со предметната програма на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Врз основа на наведеното, ми причинува чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје ракописот под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА (прво издание), од авторот проф. д-р Златко Србиноски, да го прифати како универзитетски учебник и да го овозможи неговото печатење.

РЕЦЕНЗЕНТ

_____

Проф. д-р Благоја Маркоски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ

ОПШТА КАРТОГРАФИЈА

ОД ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО СРБИНОСКИ, РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 40, став 1, алинеја 33 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, kako и врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје 02-2 бр. 91-4 од 16. 3.2012 год. одржана на 9.3.2012 год., именуван сум за рецензент за преглед и оцена на ракописот за учебник со наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА од авторот проф. д-р Златко Србиноски.

По извршениот преглед на ракописот согласно со одредбите во членовите 18-22 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за универзитетски учебник (прво издание) под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА, од авторот проф. д-р Златко Србиноски, е наменет за реализација на предметната програма од општа картографија со фонд на часови 2+2 на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Содржините во ракописот за универзитетски учебник се презентирани во седум поглавја, на 299 страници со 186 визуелни прикази во состав. Предметната програма на студиите по геодезија при Градежниот факултет во Скопје во целост е опфатена со содржините во предметниот учебник. Опфатени се и теориски и практични аспекти од областа на картографијата како специфична научна дисциплина која ја чинат повеќе каузално поврзани целини. Содржините во ракописот се претставени во следниве поглавја:

- Вовед;
- Преглед на развојот на картографијата;
- Картографски прикази на Македонија;
- Средства за картографско изразување;

- Картографски прикази;
- Картографска генерализација;
- Основи на практичната картографија;
- Литература;
- Прилози.

Во **воведниот дел** се разработени дефиницијата за картографијата како научна дисциплина, предметот и задачите на картографијата, методите кои се користат во картографија, значењето, поделбата и врските на картографијата со останатите научни дисциплини.

Второто поглавје е посветено на историскиот развој на картографијата како наука со посебен осврт на картографијата од античкиот период, средновековната картографија, картографијата во новиот век и современата картографија. Развојот на картографијата од овие периоди е поткрепен со 48 сликовни прикази.

Третото поглавје е посветено на содржини поврзани со картографските прикази на Македонија во минатото, како и на современата картографија со посебно внимание на новата дигитална топографска карта на Република Македонија како производ од нашата современост. Овие содржини се надополнети со 21 слика како нагледни средства.

Четвртото поглавје е посветено на средствата за картографско изразување. Прикажан е третманот на објектите за картографско прикажување, нивните одлики, класификации и сл. Во продолжение поопстојно внимание е посветено на средствата за картографско изразување каде што се зборува за основните геометриско-графички елементи, одликите на картографските знаци (сигнатури, дијаграми, графички варијации, минимални димензии, размер), боите и писмото како картографски изразувачки средства. Текстуалните содржини се поткрепени со серија од 27 сликовни прикази како нагледни средства.

Во петтото поглавје од ракописот се третираат картографските прикази како што се: картите, атласите, глобусите и релјефните модели. На почетокот се прикажани поимот, својствата, класификацијата и елементите на картите, а во продолжение се обработени аспектите на математичките и географските елементи на картите.

Во делот за математичките елементи на картите посебно внимание е посветено на геодетската основа, картографските проекции, размерот на картите, рамката на картите и форматите на листови на картите.

Како географски елементи на картите се обработени релјефот (аспектите и методите за прикажување на релјефот), хидрографијата (прикажувањето на водените

површини, водените текови и објектите за вода), земјиштето и вегетацијата (класификација на земјиштето и неговото картографско претставување), населените места, објектите, комуникациите, границите (со нивната класификација за картографски потреби и начини на картографско прикажување) и географските имиња и натписи (каде што се третира класификацијата, бројот, распоредот, правописот и одликите на натписите на странските територии).

Карактеристиките на тематските карти како посебна проблематика во областа на картографијата се обработени во ова поглавје. Тука поопстојно се обработени методите (начините) на тематско картографирање.

Целокупната проблематика во ова поглавије е картографски поткрепена со 53 слики, со што се овозможува јасно разбирање на текстуално поставените содржини.

Картографската генерализација како посебна метода на поопштување на содржините на картите во однос на непосредниот физички простор на земјиштето е обработена во **шестото поглавје**. Во ова ппглавие поконкретно станува збор за факторите на картографската генерализација (намената на картата, размерот на картата, одликите на територијата и сл.), постапките на картографската генерализација (избор, поедноставување, спојување, зголемување, дислоцирање, промена на методот на прикажување) и конкретните карактеристики на картографска генерализација на одделните географски елементи на картите (релјефот, хидрографијата, комуникациите, населените места итн.). Во прилог на содржините, во рамките на ова поглавје, поместени се 15 слики.

Седмото поглавје ги обработува основите на практичната картографија, односно презентирани се постапките за изработка на една карта, се објаснува процесот на картографската репродукција за на крај да се нагласи проблемот и потребата од одржување, односно ажурирање на содржините на картите. Ова поглавје е појаснето со 11 сликовни прикази.

Списокот од 53 библиографски единици од различни автори, како користена литература, го дефинираат крајот на содржините во овој ракопис со што слободно може да се констатира дека се земени предвид сите сознанија во сферата на картографската наука.

Како прилог на ракописот дадени се и картографските знаци кои како картографски клуч се користат во изработката на топографските карти за територијата на Република Македонија во размер 1:25000.

Содржините во ракописот за учебник по општа картографија, согласно намената, концепциски се така поставени и целосно се опфатени. Направен е систематизиран

пристап до содржините со кратки и јасни прикази поткрепени со илустрации на сликовниот материјал при што треба да се нагласи и тоа дека покрај посветата на содржините во ракописот, посебно с посветено внимание и на естетската страна на ракописот.

Од сето напред наведено може да се види дека ракописот „Општа картографија“ е во согласност со принципите и стандардите за печатено дело, така што **ги исполнува условите за универзитетски учебник** согласно со предметната програма на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Врз основа на сето претходно наведено го давам следниов

ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ

Ракописот под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА (прво издание) од авторот проф. д-р Златко Србиноски, наменет за реализација на предметната програма од општа картографија со фонд на часови 2+2 на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје, во целост ги опфаќа потребните содржини предвидени во програмата.

Текстуалните содржини се строго систематизирани и класифицирани, и се дефинирани со кратки и јасни прикази. Според тоа, **ракописот „Општа картографија“ според целокупната содржинска и естетска композиција, е во согласност со принципите и стандардите за печатено дело, така што ги исполнува условите за универзитетски учебник** согласно со предметната програма на студиите по геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Врз основа на наведеното, ми причинува чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје ракописот под наслов ОПШТА КАРТОГРАФИЈА (прво издание) од авторот проф. д-р Златко Србиноски, да го прифати како универзитетски учебник и да го овозможи неговото печатење.

РЕЦЕНЗЕНТ

_____

Проф. д-р Јован Јованов с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 387. седница на Наставно – научниот совет одржана на 18.4.2012 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	Александар Петровски, дипл.инж.арх.	Анализа на влијанието на сончевата радијација врз енергетската ефикасност на градежни објекти	доц. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет
2	Влатко Димитровски, дипл.град.инж.	Анализа на повеќенаменски двоакумулационен хидросистем со примена на симулационен модел	проф. д-р Љупчо Петковски, Градежен факултет
3	Драган Кузманов, дипл.геод.инж.	Креирање на дигитална картографска основа за тематско картографирање на Република Македонија	проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет
4	Димитар Петров, дипл.геод.инж.	Процедури и услови за трансакција на недвижности во традиционални катастарски системи	проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев Градежен факултет
5	Науме Марковски, дипл.геод.инж.	Развој на катастарскиот систем во општина Ресен	проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев Градежен факултет

П Р Е Г Л Е Д
на пријавена и прифатена тема за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје

на 387. седница на Наставно – научниот совет одржана на 18.4.2012 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	м-р Гајур Кадриу, дипл.инж..арх.	Методологија за утврдување на носивиот капацитет на постоечки градби изградени без проектна документација	проф. д-р Лилјана Денковска, Градежен факултет

Преглед

на пријавени магистерски теми за изработка на магистерски труд на Филозофски факултет

	Име и презиме	Тема	Ментор
1	Раим Јашари	Социолошките аспекти на аџилакот кај албанската етничка заедница во Кумановскиот регион	проф. д-р Зоран Матевски
2	Мартин Додевски	Историските контроверзи за настаните во 2001 година во Република Македонија	проф. д-р Виолета Ачкоска
3	Снежана Чичевалиева	Примената на инструментите на Европската унија за претходна (екс анте) проценка во креирањето на применливи, ефикасни и ефективни политики за јавно здравје во Република Македонија	проф. д-р Милева Ѓуровска
4	Кристина Тозија	Социолошка анализа на безбедносните предизвици во борбата против исламскиот тероризам во Европската унија и Руската федерација	проф. д-р Зоран Матевски
5	Игор Христовски	Независноста на Косово и нејзиниот придонес кон мирот и безбедноста во регионот	проф. д-р Трајан Гоцевски
6	Душко Цветанов	Средновековните тврдини и патната мрежа во Струмичко (11-14 век)	проф. д-р Елица Манева
7	Радица Михајловска	Поставеноста и реализацијата на слободните активности во државните и приватните основни училишта	проф. д-р Анета Баракоска
8	Елизабета Петковска	Поставеноста и реализацијата на концептот на граѓанското образование во основното училиште	проф. д-р Анета Баракоска
9	Даниела Темелкова	Менаџирање на состаноците на наставничкиот совет во основното училиште	проф. д-р Вера Стојановска
10	Марија Рашкова	Менаџирање на процесот на следење и вреднување на постигањата по странски јазик на учениците од првиот циклус на основното образование	проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска
11	Елена Апостолова	Менаџирање на средината за учење во основните училишта	проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска

12	Зехир Шенхан	Организација и структура на високото образование во Република Македонија	проф. д-р Трајан Гоцевски
13	Елизабета Митревска	Функцијата на директорот во креирање на ефективна училишна организација	проф. д-р Снежана Адамческа
14	Емилија Јованова Стоилкова	Менаџирање на инклузивното образование како дел од педагошката функција на директорот во основното училиште	проф. д-р Снежана Адамческа
15	Даниела Јочевска	Искористеноста на Европскиот социјален фонд во доменот на пазарот на труд во државите кандидати за Европската унија	проф. д-р Маја Геровска Митев
16	Оливер Бојаџиев	Раноантичка керамика од Скопско Кале (од V до III век п.н.е.)	доц. д-р Марјан Јованов
17	Јасмина Саид	Охридски рамковен договор - крај на етничките непријателства и почеток на етничка соработка (The Ohrid Framework Agreement - an and to ethnic hostilities and a beginning of ethnic cooperation)	проф. д-р Денко Малески
18	Јасмина Фитовска	Социјалните димензии на меѓународните владини организации во процесите на градење на мир (The social dimension of the International Governmental Organizations in the peace-building process)	проф. д-р Маја Геровска Митев
19	Сашо Ристевски	Избор, обука и развој на кадри во Царинската управа	проф. д-р Трајан Гоцевски
20	Адријана Пејчиновска	Менаџерскиот пристап кон различните категории на вработени во организациите	проф. д-р Милева Ѓуровска

РЕФЕРАТ

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ПРИЈАВЕНАТА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ **"ЗАСТАПЕНОСТ, МОЖНОСТИ ЗА РАНА ДИЈАГНОСТИКА И ТЕРАПИЈА НА ЗАБОЛУВАЊАТА НА ЧАПУНКИТЕ КАЈ МЛЕЧНИТЕ КРАВИ"** И ОЦЕНА НА ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТКАТА М-Р КСЕНИЈА ИЛИЕВСКА ЗА НЕЈЗИНА РАБОТА.

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 19.12.2011 година, со одлука бр. 0201-4577/6 ја одреди следнава Рецензентска комисија:

- проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,
- проф. д-р Игор Улчар, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,
- проф. д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје,

за утврдување на подобноста на предложената тема **ЗАСТАПЕНОСТ, МОЖНОСТИ ЗА РАНА ДИЈАГНОСТИКА И ТЕРАПИЈА НА ЗАБОЛУВАЊАТА НА ЧАПУНКИТЕ КАЈ МЛЕЧНИТЕ КРАВИ** од кандидатката м-р Ксенија Илиевска, асистент во научната област хирургија, ортопедија и офталмологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Комисијата, по детално разгледување на доставениот материјал, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Податоци за кандидатката

Ксенија Илиевска е родена на 29.5.1978 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование ги завршила во Скопје. Во учебната 1996/1997 ги започнала студиите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, каде што и дипломирала во 2004 година. Во учебната 2006/07 година се запишала на постдипломски - магистерски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на студиската програма хирургија, ортопедија и офталмологија. Во 2006 год. се вработила на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како помлад асистент по предметот хирургија, ортопедија и офталмологија, каде што до денешен ден ја изведува практичната и теренска настава. Од февруари 2011 се здобила со звањето асистент од научната област хирургија, ортопедија и офталмологија. Научниот интерес на кандидатката м-р Ксенија Илиевска во изминатиот период беше претежно насочен кон изучување на болестите на чапунките како причина за кривење кај млечните крави. Резултатите од овие истражувања м-р Ксенија Илиевска ги има објавено како автор или коавтор во зборници од меѓународни собири.

2. Подобност на темата

Во пријавата поднесена од м-р Ксенија Илиевска е предложена работна хипотеза и работен наслов **ЗАСТАПЕНОСТ, МОЖНОСТИ ЗА РАНА ДИЈАГНОСТИКА И ТЕРАПИЈА НА ЗАБОЛУВАЊАТА НА ЧАПУНКИТЕ КАЈ МЛЕЧНИТЕ КРАВИ** за изработка на докторска дисертација. Кандидатката, во воведот, дава краток опис на болестите на чапунките, како и нивна поделба во зависност од локализацијата на патолошкиот процес. Особен акцент е ставен на влијанието кое го имаат болестите на чапунките врз здравјето, репродукцијата, млекопродукцијата и

благосостојбата кај високопродуктивните млечни крави. Во понатамошниот текст, наведена е врската помеѓу дебелината на солеарната површина и заштитната функција на рожината на чапунката и нивната поврзаност со кривењето кај говедата. Детално се опишани методите за преглед и дијагностика на кривење, како и нивните предности и недостатоци.

Во понатамошниот текст од воведот, во засебен поднаслов, кандидатката накратко ја опишува улогата и значењето на протеините на акутна фаза, како една од основните метаболички промени кои се јавуваат во тек на одговорот на акутна фаза. Во продолжение, кандидатката го опишува фибриногенот, како еден од значајните протеини на акутна фаза кај говедата чија зголемена концентрација претставува посензитивна метода во однос на вкупниот број на леукоцитите. Како продолжение, накратко е опишана инфрацрвената термографија како модерна, неинвазивна и безбедна метода за детекција на електромагнетно зрачење од објекти или телесни површини и нивна визуелизација на екранот во форма на слика, со различен спектар на бои. Наведената литература за примена на инфрацрвената термографија во ветеринарната медицина е од понов датум, што воедно укажува на тоа дека истражувањата во тоа поле започнуваат во последните десетина години.

Цели на истражувањето. Врз основа на досегашните литературни податоци за влијанието на болестите за чапунките врз здравствената состојба, репродукцијата, млекопродукцијата и благосостојбата на млечните крави, како и потребата за воведување на неинвазивни методи за рана детекција на болести на чапунките, кандидатката поставува неколку цели на истражувањето:

- да се утврди застапеноста на заболувањата на чапунките;
- да се истражи можноста за примена на инфрацрвената термографија како неинвазивна метода за рана дијагностика на патолошки промени на акроподиумот од асептичен и септичен карактер;
- да се истражи можноста за примена на ултразвукот за преглед на чапунките и дијагноза на патолошки промени на акроподиумот;
- да се испита ефикасноста на терапевтските протоколи за лечење на болестите на чапунките;
- да се утврди динамиката на промените на серумската концентрација на фибриноген при различни патолошки процеси на чапунките кои ќе послужат за контрола и следење на успехот на терапијата.

Материјал и методи

Истражувањето би опфатило повеќе краварски фарми, со различни системи на одгледување, од повеќе региони во Р. Македонија со цел да се добие увид во реалната застапеност на заболувањата на чапунките кај високопродуктивните млечни крави. Заради комплексноста на истражувањето, тоа би се извело во неколку етапи. Истражувањето ќе опфати различни категории млечни грла кои ќе бидат подложени на општ клинички преглед, визуелен преглед на чапунките и проценка на степенот на кривење. Дополнително ќе бидат изведени и специфични дијагностички прегледи - инфрацрвена термографија и ултразвучен преглед на чапунките.

Дијагностиката на кривење ќе биде изведена според стандарден бодовен систем. Инфрацрвената термографија, при различни патолошки состојби на чапунките, ќе биде изведена со помош на Testo 880-3 термална камера. Добиените фотографии ќе бидат анализирани со помош на соодветен софтвер, при што ќе се одредат точките со највисока и најниска температура, како и нивната меѓусебна разлика (ΔT).

Дополнително, ќе се истражи можноста за неинвазивна рана детекција на ламинитисот кај молзните крави, со помош на ултразвучен скенер Aloka 500 Micrus (Japan) со B-mode линерана сонда со јачина од 7,5 MHz. Целта ќе биде да се утврди на дебелината на супсолеарните меки ткива на чапунките на задните екстремитети. Веродостојноста на добиените мерења и понатамошната анализа на податоците ќе биде контролирана со дополнителни мерења на примероци од чапунки добиени од кланица.

Во зависност од застапеноста на патолошките процеси на чапунките, ќе бидат формирани неколку експериментални групи кај кои ќе бидат применети различни терапевтски протоколи. Контролна група ќе ја сочинуваат здрави животни, без видливи заболувања, надворешни промени или симптоми на кривење. Успешноста на терапијата ќе се проценува визуелно, преку следење на репарацијата на лекуваните ткива, како и преку одредување на концентрацијата на серумскиот фибриноген.

Очекувани резултати

Од добиените резултати се очекува да се добие појасна слика за застапеноста на болестите на чапунките на млечните фарми во Р. Македонија, како и да се утврди влијанието на различните системи на одгледување врз појавата на патолошките процеси на чапунките. Со употреба на инфрацрвената термална камера и ултразвукот, како неинвазивни методи на дијагностика на болестите на акроподиумот, исто така се очекува да дадат позитивни резултати кои ќе послужат за рана дијагностика на ламинитисот, како и останатите болести на чапунките. Дополнителното одредување на концентрацијата на фибриноген, од една страна ќе овозможи споредба на применетите дијагностички методи, како и следење на успехот на терапијата при различни патолошки промени на чапунките.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставениот материјал од м-р Ксенија Илиевска за подобност на пријавената тема за изработка на докторска дисертација под наслов "Застапеност, можности за рана дијагностика и терапија на заболувањата на чапунките кај млечните крави", Рецензентската комисија смета дека предложената тема опфаќа една од основните проблематики кај високопродуктивните млечни грла и е вредна за истражување.

Предлог-работната хипотеза за изработка на докторска дисертација под горенаведениот наслов е добро замислена и образложена. Целите се добро конкретизирани и функционално поврзани. Очекуваните резултати се јасни и конкретни и тие би имале широко научно и практично значење. Ова истражување воедно ќе овозможи да се воведат нови, неинвазивни методи за рана дијагностика на заболувањата на чапунките, како и можност за воспоставување на соодветни терапевтски протоколи.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензенстката комисија позитивно ја оценува и му препорачува на Наставно-научниот совет да ја прифати и одобри изработката на оваа докторска дисертација под истиот наслов и да одреди ментор за раководење во текот на изработката.

Членови на Комисијата
Проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор, с.р.
Проф. д-р Игор Улчар, вонреден професор, с.р.
Проф. д-р Дине Митров вонреден професор, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕНОСНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 28.3.2012 год., со одлука број 02-752/7 нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник“ од 7.3.2012 год., се пријави кандидатот д-р Мирко Тодоровски, дипл. ел. инж. доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии. По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци

Мирко Тодоровски е роден на 21.1.1972 година во Скопје, каде што завршил основно и средно електротехничко училиште.

Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроенергетика, на 18.5.1995 год. со просечен успех 9,35 и дипломска работа под наслов „Примена на еднонасочниот DC-модел за анализа на високонапонски преносни мрежи” (ментор: проф. д-р Ристо Ачковски).

На истиот Факултет магистрирал на 2.6.1998 год. со магистерска работа под наслов „Методот сумирање адмитанции и неговата примена“ (ментор: проф. д-р Драгослав Рајичиќ) и докторирал на 6.12.2004 год. со докторат под наслов „Иновативен приод во методите за решавање преносни електроенергетски мрежи при оптимирањето на тековите на моќност користејќи генетски алгоритми“ (ментор: проф. д-р Драгослав Рајичиќ).

Во декември 1997 година бил на студиски престој во Argonne National Laboratory, Argonne, Illinois, USA; од октомври до декември 1999 година престојувал во ICTP Trieste, Italy и во септември 2008 престојувал во Faculdade de Engenharia da Universidade do Porto, Portugal.

Од јануари 1997 до декември 2005 година бил вработен во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали при Македонската академија на науките и уметностите.

Од декември 2005 година е вработен како асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи. За доцент, во истата област, е избран во септември 2007 година.

Покрај учеството во наставниот процес, активно бил вклучен во научноистражувачката и апликативната дејност на Институтот за преносни електроенергетски системи при ФЕИТ.

Во март 2010 година е избран за продекан за настава на ФЕИТ во мандатниот период кој завршува на 14.9.2012 година.

Во март 2011 година е избран за претседател на студискиот комитет Ц4 на МАКО СИГРЕ.

2. Наставна дејност

Од октомври 2007 година, по изборот за доцент, Мирко Тодоровски одржувал предавања на следните предмети од прв циклус на студиската програма електроенергетски системи (ЕЕС): менаџмент на ЕЕС, режими на работа на ЕЕС, компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС, FACTS уреди во ЕЕС и заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи. За наведените предмети, освен за последниот, кандидатот креирал комплет материјали за успешно изведување и следење на наставата и ги држел и аудиториските вежби до крајот на

учебната 2009/2010 година. Во истиот период држел аудиториски и лабораториски вежби по предметите: високонапонски мрежи и системи, дистрибутивни системи и апликативен софтвер во електроенергетиката.

На студиската програма ЕЕС, на втор циклус студии воведени во 2008 година, ги вовел и ги држел предметите: примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС, електроенергетски интерконекции, електромагнетни преодни процеси во ЕЕС и режими на работа на ЕЕС. При тоа за првите два предмети изготвил комплетен материјал во форма на интерна скрипта.

Од октомври 2008 година, Мирко Тодоровски е координатор на студиската програма електроенергетски системи на втор циклус студии.

3. Научна и стручна дејност

Од изборот за доцент во септември 2007, година кандидатот има објавено 25 научни труда (досега има објавено вкупно 62 научни труда). Исто така, учествувал во 3 меѓународни проекти (од кои на еден бил координатор), учествувал во изработка на 4 стручни студии за стопанството, како и во изработката на 1 стратешки документ за Министерството за економија.

3.1 Научни трудови

[1] N. Markovska, M. Todorovski, T. Bosevski, J. Pop-Jordanov, "Cost and Environmental Effectiveness of the Climate Change Mitigation Measures", Book Chapter in Sustainable Energy Production and Consumption, pp. 67-73, Springer Science + Business Media B.V., 2008.

Во трудот се анализирани повеќе сценарија во кои се оценувани мерки за намалување на влијанието на енергетскиот сектор врз климата. Притоа е користена методологијата GACMO во која се споредуваат приликите во енергетскиот сектор со дополнителни мерки со состојбата во основното сценарио и се одредуваат економски и околински параметри на дополнителните мерки. Во резултатите е покажано дека голем број од мерките воедно придонесуваат за подобрување на економските показатели на енергетскиот сектор и ги намалуваат емисиите на стаклени гасови. Сепак, мерките кои имаат најголем потенцијал за намалување на емисиите на стаклени гасови најтешко може да се применат главно поради финансиски тешкотии, но и поради административни бариери.

[2] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Влијанија на енергетските преобразувачи од аспект на хармоници кај индустриските мрежи", труд бр. B4-078R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Во трудот е анализиран пример на една индустриска мрежа, во која треба да се воведе регулација на брзината на дел од електромоторните погони. Со помош на програма изработена во Matlab, по пресметковен пат се одредува вкупното хармониско изобличување на напоните и струите во мрежата, во зависност од тоа преку каков енергетски преобразувач се напојува регулираниот погон. Исто така, анализирана е оптовареноста на елементите во мрежата и врз основа на показателите е одлучено за изборот на преобразувач и потребата од дополнителни мерки за намалување на нивото на хармоници во пропишани граници (во согласност со EN 50160).

[3] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Пресметки и симулација на работата на дистрибутивни мрежи во случаите со детектирани проблеми од аспект на квалитетот на електричната енергија", труд бр. C4-010R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Во трудот е прикажана симулациска постапка за оценување на нивото на квалитет на електрична енергија во дистрибутивни мрежи во светлината на исполнување на барањата за квалитет според стандардот EN 50160. Прикажаната методологија, исто така, овозможува да се оценат причините за лошиот квалитет на електричната енергија како и да се предложат мерки за негово подобрување. Таа е верифицирана преку симулација на работата на постојни мрежи во кои се правени мерења на квалитетот на електричната енергија, при што е добиено сосема задоволително поклопување на измерените и пресметаните резултати.

[4] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Софтверски алатки за анализа на квалитетот на електрична енергија во дистрибутивни мрежи“, труд бр. C4-011R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Софтверските алатки кои се предмет на трудот се наменети за анализа на некои карактеристики на квалитетот на електричната енергија испорачана од дистрибутивните мрежи. Тие можат да се употребуваат за анализи во постојни мрежи при оценување на нивната работа сега и во иднина, како и за анализи на нови мрежи каде тие би биле од помош уште во процесот на планирање на мрежите. При нивната изработка е користен програмскиот јазик Visual Basic for Applications, кој е вграден во софтверската алатка Excel. На тој начин тие се достапни за секој истражувач бидејќи се смета дека практично секој инженер денес ги има совладано основните правила за работа со Excel.

[5] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Компјутерска симулација на атмосферските празнења во електроенергетските објекти“, труд бр. C4-031R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Трудот дава приказ на општата постапка за проценка на бројот на удари на гром во објекти на земјата. Самата постапка е базирана на симулацијата Монте Карло која целосно ја опишува стохастичката природа на атмосферските празнења и на примената на општоприфатениот електро-геометриски модел во три димензии. Објектите што се изложени на атмосферското празнење се прикажуваат тридимензионално и се опишуваат со систем на точки кои се наоѓаат на нивните периферни рабови, односно габарит. За аналитичка пресметка на местото на ударот на громот се користи, исто така, тридимензионален електро-геометриски модел. Развиениот модел е општ и е применлив на каква било конфигурација и распоред на објектите на земјата без ограничувања за нивната положба и димензии. Со него е можно да се опфаќаат и случаите кога теренот на којшто тие се наоѓаат не е сосема рамен и/или содржи објекти за надворешна заштита од директните атмосферски празнења и други придружни објекти. Врз основа на изложената постапка е изработена компјутерска програма во Matlab.

[6] Ј. Ангелов, А. Ласков, М. Тодоровски. „Можни начини за мерење на пренапони на електродите кај електролачните печки“, труд бр. C4-039R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

При формирањето на електричниот лак во процесот на топење настануваат куси врски (најчесто еднофазни или двофазни) кои потоа, во моментите кога тие се прекинуваат, предизвикуваат пренапони. Во овој труд се разгледувани можните начини за мерење на пренапоните кај електролачна печка. Прикажан е еден начин на мерење со осврт врз карактеристиките на реален инструмент за мерење на преодни појави. Составен дел на трудот се и резултатите од мерењето. Овој вид на мерења овозможуваат изготвување на детални анализи се со цел прецизно да се утврдат моментите на појава на пренапони, а со тоа и да се преземат соодветни заштитни мерки.

[7] А. Ласков, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Анализа на доверливоста на високонапонските разводни постројки од атмосферски пренапони со помош на matlab/simulink“, труд бр. C4-071R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Во трудот е опишана компјутерска програма наменета за анализа на пренапони во високонапонски разводни постројки при упад на пренапонски бран по приклучен вод. Во склоп на пакетот Matlab е користена алатката Simulink со чија помош детално се моделирани елементите од постројката. Разгледувани се состојбите при удар на молња во фазен спроводник, земјоводно јаже и удар во столб во непосредна близина на постројката. Ваквите анализи овозможуваат да се проучуваат последиците од ударите на молња во близина на постројката, како и изнаоѓање и примена на ефикасни заштитни мерки и уреди за заштита на постројката од упадните пренапонски бранови. Методологијата е применета на реална постројка каде што се илустрирани повеќе опасни состојби и можни начини за нивно елиминирање.

[8] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на хармоници во дистрибутивните мрежи – I дел“, труд бр. C4-075R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Помеѓу останатите проблеми опфатени во областа на квалитет на електричната енергија се и проблемите поврзани со деформација на синусните криви на напоните и струите во електроенергетските мрежи. Трудот посочува на најкарактеристичните влијанија од вишите хармоници во мрежите и начините на нивна елиминација. Трудот е организиран и поделен во два дела. Во првиот дел се изложени главните проблеми кои потекнуваат од постоењето хармоници во електричните мрежи, додека во вториот дел се прикажани најчесто употребуваните начини на елиминација на влијанијата од виши хармоници во електричните мрежи.

[9] J. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на хармоници во дистрибутивните мрежи – II дел", труд бр. C4-076R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Во трудот е прикажана постапка со која е овозможено по пресметковен пат да се анализира ширењето на вишите хармоници во дистрибутивните мрежи кое потекнува од различни потрошувачи – извори на хармоници. За таа цел, дистрибутивната мрежа се решава во сложеноперидичен режим, при што се пресметуваат напоните и струите за секој присутен хармоник одделно (принцип на суперпозиција) со помош на методот на независни напони. Трудот е организиран и поделен во три дела. Во првиот дел се прикажани моделите на изворите на хармоници и моделите на елементите од електроенергетскиот систем. Во вториот дел е даден краток опис на изработената софтверска алатка во Matlab, со осврт кон предностите и недостатоците за конкретниот начин на анализа. На крајот е прикажано решение на конкретна дистрибутивна мрежа каде што се препорачани и предлог-решенија за минимизација на влијанијата од хармоници и нивно доведување во граници пропишани со стандардот EN 50160.

[10] Е. Ачкоска, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Користење на MATPOWER за оптимизација на преносни капацитети", труд бр. C4-167R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.

Во услови на пазарно ориентирано водење и управување на системите постојано се трага по методи за пресметка на преносни капацитети кои најсоодветно ќе ја пресликаат реалноста. Секако, при тоа се води сметка сите ограничувања во мрежата да бидат запазени, а истовремено максимално да се искористат ресурсите на системот. Во трудот е презентиран метод на пресметка на преносни капацитети со оптимизација на производството и неговата примена во реално време. Пресметките и моделот на преносната мрежа се направени во PSS™ MUST и MATPOWER, при што е направена споредба на резултатите добиени на двата начина. Од анализираните системи е заклучено дека примената на оптимизационата постапка предложена во трудот дава подобри резултати од постапката вградена во софтверскиот пакет PSS™ MUST.

[11] J.Vuletić, R. Ačkovski, M. Todorovski. „Analiza izvora viših harmonika i njihovo širenje u distributivnim mrežama", R 2.3, VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrežama Srbije sa regionalnim učešćem, Vrnjačka Banja, 26.09-01.10.2010.

Во трудот се разгледува метод за одредување на вишите хармоници на напоните и струите во индустриски дистрибутивни мрежи. Во него се изложени основите за анализа на електроенергетски мрежи во сложеноперидичен принуден режим и е даден осврт на главните проблеми предизвикани од вишите хармоници. Дадени се начини за моделирање на изворите на виши хармоници, трансформаторските станици, надземните водови и кабли и на кондензаторските батерии и филтри. Врз основа на предложениот метод развиена е симулациска алатка која е применета за решавање на конкретни проблеми во индустриска дистрибутивна мрежа во која се разгледувани случани со различно оптоварување, како и случаи со различни позиции на изворите на хармоници и различни режими на нивната работа.

[12] R. Ačkovski, M. Todorovski. „Projektovanje nadzemnih vodova pomoću računara primenom genetskih algoritama", R-1.1, VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrežama Srbije sa regionalnim učešćem, Vrnjačka Banja, 26.09-01.10.2010.

Во трудот е опишана постапка за оптимизација на изборот на типовите, локациите и висините на столбовите по должината на трасата од еден надземен вод, базирана на примената на генетските алгоритми. Таа овозможува при проектирањето на еден надземен вод да се добие

решение кое од аспект на вкупната цена на чинење на проектираниот надземен вод ќе биде практично оптимално. Притоа, добиеното решение секогаш ги задоволува техничките ограничувања и овозможува да се вградат разни критериуми и дополнителни технички ограничувања кои вообичаено се применуваат при самото проектирање и кои водат сметка за некои дополнителни услови или „проектантски" барања. Врз база на опишаниот алгоритам е изработена компјутерска програма базирана на графички едитор кој работи со векторска графика.

[13] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов. „Оценка на топлинското стареење на изолацијата кај енергетските кабли", труд бр. B1-1R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е направен осврт кон процесите на загревање и ладење на енергетските кабли, како и кон процесот на топлинското стареење на нивната изолација. Потоа е изложена нумеричка постапка со која се овозможува проценка на релативното топлинско стареење на изолацијата на еден енергетски кабел под дејство на променлив дијаграм на оптоварување. Постапката овозможува и утврдување на максималното струјно оптоварување со кое, при променлив дијаграм на оптоварување, се постигнува иста брзина на стареењето на кабелот со онаа што се остварува кога е тој оптоварен со своето најголемо трајно дозволено струјно оптоварување. Со тоа се овозможува максимално искористување на кабелот така што тој да го одживее својот нормален животен век за кој бил предвиден од страна на производителот.

[14] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ. „Практична постапка за оптимален избор на заземјувачи на столбовите во СН-дистрибутивни мрежи со заземјена неутрална точка", Труд бр. B2-2R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Со просторното ширење на дистрибутивните мрежи доаѓа до зголемување на струјата на доземен спој и кога таа ќе ја достигне граничната вредност се преминува кон заземјување на неутралната точка на мрежата преку мал активен отпор. Во новите услови на работа, од заземјувачите на трансформаторските станици, како и од заземјувачите на столбовите, се бара да исполнуваат и дополнителни услови за безбедност (напони на допир и чекор), како и услови на сигурност на работата на релејната заштита, така што е потребно да се изврши нивно приспособување на новонастанатата состојба. Во трудов се презентира практична постапка за оптимален избор на заземјувачите на столбовите од СН-надземни водови. Постапката се базира на претходно пресметани и изготвени табели/дијаграми од кои на едноставен начин може да отчита какви дополнителни зафати и појачувања на заземјувачите се неопходни за да бидат задоволени потребните технички услови на безбедност и сигурност.

[15] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ. „Избор на начинот на заземјување на металната ограда кај постројките за висок напон", труд бр. B3-2R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Металната ограда на една постројка има задача да го спречи пристапот на надворешните лица да влезат во кругот на постројката, односно трансформаторската станица и да бидат изложени на опасностите од електричен удар или предизвикување опасност во самата постројка. Оградата се заземјува со сопствен заземјувач од надворешната страна кој може да биде галвански поврзан или одвоен од мрежестиот заземјувач на постројката. Во трудов е презентирана нумеричка постапка, базирана на теоријата на спрегнатите заземјувачи, со која се овозможува по пресметковен пат да се утврди кој од споменатите два начина е поповолен, т.е. во кој случај опасностите од појава на превисоки напони на допир/чекор се помали. Постапката е илустрирана на конкретен случај од практиката.

[16] Р. Ачковски, Н. Ацевски, М. Тодоровски, Б. Блажев. „Современа постапка за оптимален избор на мрежест заземјувач кај постројките ВН/ВН и ВН/СН", труд бр. B3-3R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е прикажана постапката што е применета при изборот на параметрите на мрежестиот заземјувач на трансформаторската станица 220/6 kV/kV "Antea" во Албанија во рамките на главниот проект на овој објект, изготвен од „Тимелпроект" – Скопје. Се работи за итеративна, хибридна, постапка во која со помош на компјутерска програма се вршат пресметки на

струјното поле во околината на избраниот мрежест заземјувач кој може да биде со произволна форма. Истовремено се врши пресметка и на опасностите од појава на превисоки напони на допир и чекор така што е можно, со коригирање на неговата тополошка структура, во секоја итерација да се изврши подобрување на неговите карактеристики и постепено доближување до оптималното решение со кое се постигнува задоволување на сите технички и сигурносни критериуми по пат на минимум трошоци за неговата изведба.

[17] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Б. Блажев. „Избор на димензии и конфигурација на мрежестиот заземјувач во ТС 200/6 Антеа – Албанија", труд бр. B3-4R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот се применува постапката од [16] на конкретен проект. Самиот проект има две специфики: а) постројката ќе се изведува во две фази при што во првата фаза мрежестиот заземјувач ќе опфаќа само дел од неа и б) среднонапонската мрежа која врши напојување на еден индустриски комплекс е изведена со кабли со изолација од вмрежен полиетилен кои имаат надворешна изолациона обвивка (така што од тие кабли не може да се очекува позитивниот ефект на одведување на значителен дел струјата на грешката). Поради сите тие факти, како и поради големината на струјата на еднофазна куса врска на 220 kV собирници, многу тешко може да се постигне задоволување на потребните услови за безбедност во почетната фаза со вообичаени зафати. Решението на проблемот е најдено така што на напојниот надземен вод 220 kV се замени челичното заштитно јаже од типот Fe 50 mm^2 во должина од 1,71 km (кое има мала активна спроводност и мал редукционен фактор) со заштитно јаже на база на алумовелд (AWG) како и во појачување на заземјувачите на првите 5 столбови од приклучниот далновод. Со тоа се постигнува редукција на струјата на одведување од мрежестиот заземјувач за повеќе од два пати и разрешување на безбедносните проблеми.

[18] М. Тодоровски, Р. Ачковски, Ј. Вулетиќ. „Примена на Matlab за оптимизација на режимите на работа на ЕЕС", труд бр. C1-7R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот се разгледувани оптимизационите алатки на Matlab наменети за решавање на проблеми зададени во матрична форма кои се решаваат со линеарно или квадратно програмирање. Со примена на овие алатки е решаван проблемот на економски диспечинг во којшто се одредува оптимална работа на генератори во поглед на минимизација на вкупните трошоци. Потоа, проблемот на оптимални текови на моќност каде на економскиот диспечинг е придодена и преносната мрежа која е моделирана со помош на еднонасочниот модел на мрежата, како и проблемот на одредување на максималната пропусна моќ на дадена преносна мрежа. Примената на наведените алатки за решавање на проблеми во електроенергетските системи е илустрирана на соодветно избрани примери во кои има елементарни случаи, но и случаи од поголеми вистински или тест-системи со што е покажана применливоста на наведените постапки во практиката.

[19] М. Тодоровски, Р. Ачковски, Р. Миновски. „Моделирање во Matlab/Simulink на преодните процеси при вклучување на енергетски трансформатор со кондензаторска батерија", труд бр. C4-10R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е прикажана постапка во Matlab/Simulink за одредување на функциите на распределба на веројатноста на случајни величини како што се коефициентите на пренапони и ударни струи, како и ослободената топлина во одводниците на пренапони при вклучување на енергетски трансформатор со кондензаторска батерија. Пресметките се правени со многукратна симулација во Matlab со примена на методот Монте Карло, при што самите преодни процеси се решаваат со помош на Simulik користејќи готови модели на елементите од библиотеката SimPowerSystems. Правени се симулации со и без одводници на пренапони при што се прикажани резултатите за двата случаја каде што се дадени просечни вредности за сите анализирани величини, но и вредностите чијашто веројатност за појава изнесува 2%. Со тоа е овозможено правилно да се оцени ризикот од појава на превисоки напони/струи и да се одбере соодветно решение каде што со помош на одводник за пренапони тие ќе се сведат во прифатливи граници.

[20] Р. Миновски, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Заштита на трансформаторите на електролачните печки во преодни режими“, труд бр. С4-11R-МК, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот се прикажани резултатите од анализите на хаваријата на електролачната печка во Макстил – Скопје од 2008 година. Од нив се овозможи да се откријат причините за настанување на хаваријата, нејзиниот обем и да се предложат мерки за спречување на такви или слични настани во иднина. Врз основа на резултатите од спроведените анализи може да се заклучи дека најефикасна заштита на терциерот на трансформаторот од појавите во преодните режими, е примената на метал-оксидни одводници на пренапони во YD врска. Во трудот е даден и посебен осврт кон изборот на карактеристиките на одводниците на пренапони според IEC 71-1 и 71-2 и IEC 99-4 и IEC 99-5, за заштита на терциерот на трансформаторот и приклучената кондензаторска батерија.

[21] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Пресметка на вкупниот преносен капацитет (TTC) на интерконективни мрежи со примена на техниката на линеарно програмирање“, труд бр. С4-13R-МК, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е развиена постапка за пресметка на вкупниот преносен капацитет на интерконективни мрежи со примена на линеарното програмирање при што преносната мрежа е моделирана со помош на еднонасочниот модел. Во постапката кај матрицата H, која дава директна релација помеѓу моќностите на гранките и моќностите на генераторите, е направена редукција на бројот на колони и редици така што се земени предвид само оние генератори и гранки кои се ограничувачки фактори во пресметката. Со тоа проблемот е сведен во минимална форма којашто брзо и ефикасно може да се реши. Целата постапка е спроведена во Matlab, при што на поедноставни примери се илустрирани добиените резултати.

[22] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа на мрежите на ЈИЕ во поглед на вкупниот преносен капацитет“, труд бр. С4-14R-МК, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е пресметуван вкупниот преносен капацитет во интерконекцијата на Југоисточна Европа, при што се анализирани варијанти со извоз на моќност од Бугарија, Романија и Србија кон Албанија, Грција и Македонија. Резултатите покажуваат дека постојат значајни можности за трансфер на моќност во овој дел од Европа, но дека и во случаи на единични испади на критични елементи во мрежата тие можности значително се намалуваат. Најавената изградба на новите интерконекции на Македонија со соседите во значителна мерка ќе ја подобри ситуацијата во тие случаи. Прикажаната постапка може да биде од интерес за операторите на системите од регионот бидејќи таа е флексибилна за промени и дополнувања со нови критериуми и ограничувања кои ќе одговараат на реалните сегашни и идни оперативни практики.

[23] E. Dialynas, V. Katić, T. Konjić, F. M. Barbosa, J. Milanović, M. Todorovski, V. Miranda Tempus “Structure of Doctoral Studies – JADES Project”, Paper No. W-1, XV Conference Development Trends: Doctoral Studies in Serbia, Region & EU, Kopaonik, Serbia, 2-5 March 2009.

Во трудот е даден опис на проектот EU TEMPUS JEP CD Joint Advanced Doctoral Degree in Energy Systems – JADES во кој беа вклучени 7 универзитети кои работеа во насока на оформување на докторски студии во областа на електроенергетиката во три земји од Западен Балкан. Во конзорциумот беа вклучени Националниот технички универзитет од Атина, Универзитетот од Манчестер, Универзитетот од Порто, Институтот за системи и компјутерско инженерство (INESC) од Порто, Универзитетот од Тузла, Универзитетот од Нови Сад и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Придонесот на трудот е во воспоставувањето на хармонизирана структура на докторски студии земајќи ги предвид примерите, искуствата и добрите страни од партнерските универзитети од ЕУ.

[24] E. Dialynas, V. Katić, T. Konjić, F. M. Barbosa, J. Milanović, M. Todorovski, V. Miranda Tempus “Project JADES – Joint Advanced Doctoral Degree in Energy Systems”, Paper No. W-

5, XV Conference Development Trends: Doctoral Studies in Serbia, Region & EU, Kopaonik, Serbia, 2-5 March 2009.

Во трудот се прикажани деталите на студиската програма JADES, која е тригодишна со вкупно 180 кредити и која е изработена по принципите на ЕКТС. Посебен осврт е даден на содржините за предметите вклучени во студиската програма.

[25] М. Тодоровски, Р. Ачковски, „Примена на Mathcad за решавање на некои проблеми од работењето на ЕЕС", Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, Охрид, 9-11 октомври 2008.

Во трудот е прикажана практичната примена на оптимизационата алатка којашто е составен дел на Mathcad, чија едноставност во примената е главната причина поради која е одбрана токму таа алатка. Со тоа прикажаните постапки за решавање на наведените проблеми ќе му бидат достапни практично на секој инженер што се занимава со нив. Mathcad е применуван за решавање на проблемите на оптимално водење на ЕЕС (economic dispatching) во кој се бара минимизирање на производните трошоци со и без уважување на преносните мрежи и за максимизирање на можноста за пренос на моќност. Во сите случаи, како што е вообичаено, функциите на трошоци за производство на електрична енергија се нелинеарни (најчесто квадратни).

3.2. Научноистражувачки и стручни проекти

[1] JADES – Joint Advanced Doctoral Degree in Energy Systems (Tempus JEP-41085-2006, 2007-2010).

Кандидатот бил координатор за Македонија на проектот JADES во кој учествуваа 7 универзитети, од кои 4 од ЕУ и 3 од Западен Балкан. Во проектот е развиена наставна програма за докторски студии од областа на електроенергетските системи која е воспоставена на трите универзитети од Западен Балкан. Во неа, посебен акцент е даден на технологиите погодни за околината (обновливи извори на енергија), како и нивната ефективност во поглед на трошоците и одржливоста. Во рамките на проектот е направено и доопремување на Лабораторијата за пазари на електрична енергија на ФЕИТ. По завршувањето на проектот, студиската програма JADES е вградена во единствената студиска програма за докторски студии на ФЕИТ.

[2] MORE MICROGRIDS – Advanced Architectures and Control Concepts for More Microgrids (EU FP6, 2006-2008).

Во проектот MORE MICROGRIDS се разгледувани повеќе аспекти на микромрежите со цел за што е можно поголемо нивно учество во електроенергетските мрежи. Во таа насока, истражувани се управувачки стратегии за микрогенератори и иновативни мрежни концепти при што се развивани и соодветни нови софтверски алатки. Освен тоа, реализиран е еден практичен проект на микромрежа во една фарма во Македонија и уште на неколку локации во земјите-партнери во проектот.

[3] SEETSOC – South-East Europe TSO Challenges (EU FP7, 2010-2012).

Во проектот SEETSOC се работи на проблемите кои ги имаат операторите на преносните мрежи на Југоисточна Европа во нивните напори кон усогласување и интеграција на регионот со остатокот на европската електроенергетска мрежа. Во фокусот на проектот е изработка на софтверски пакет во кој на унифициран начин ќе се прибираат и обработуваат податоци кои се користат за дијагностика, моделирање и следење на работата на електроенергетските системи. Крајната цел е да им се олесни работата на операторите на преносните мрежи при донесувањето одлуки поврзани со прекуграничната трговија со електрична енергија и мрежни услуги, одредувањето и распределбата на преносните капацитети, како и примена на корективни постапки за да се осигури доверлива работа на меѓусебно поврзаните преносни мрежи.

[4] Пресметки и симулации на работата на делови од нисконапонската и среднонапонската мрежа на ЕВН Македонија од аспект на квалитетот на електричната енергија, ЕВН Македонија, 2011.

Студијата е изработена за потребите на ЕВН Македонија и во неа се разгледувани два аспекта на квалитетот на електрична енергија: варијации на напоните и фликери. Во неа пресметките се правени на детален четириспроводен модел на мрежата при што се користени статистички податоци за потрошувачката на електрична енергија, како и податоците добиени со помош на мерења. Во студијата е разработена нова методологија за одредување на наведените параметри и е изготвен соодветен софтвер кој е применет на конкретни ситуации во мрежите на ЕВН Македонија. Од резултатите се извлечени заклучоци за причините за појава на лош квалитет на електричната енергија и потоа се предложени соодветни мерки за подобрување на состојбите.

[5] Заштита од пренапони при комутации во 35 kV мрежа од којашто се напојува казанската печка во Макстил – Скопје, Макстил АД – Скопје, 2010.

Студијата е изработена за потребите на Макстил АД – Скопје, при што целта е пресметка на пренапоните кои можат да се очекуваат при комутации со прекинувачите во 35 kV мрежа преку којашто се напојува постројката на казанската печка. Во неа е применет статистички пристап со помош на симулацијата Монте Карло со која се извршени проценки на големината на пренапоните и врз основа на тоа се предложени реални технички мерки за ограничување или елиминација на пренапоните. Со анализите е заклучено дека постои потреба од инсталирање на метал-оксидни одводници на пренапони и се дадени препораки за избор на нивниот број, тип и локација така што нивото на комутационите пренапони да се намали на прифатлива вредност којашто ќе обезбеди доволно мал број испади на постројката.

[6] Анализа на хаваријата на трансформаторот 50/60 MVA за електролачната печка и пратечките постројки во Макстил – Скопје, Макстил АД – Скопје, 2008.

Студијата е изработена за потребите на Макстил АД – Скопје со цел да се истражат причините за хаваријата на трансформаторот на електролачната печка и да се предложат мерки за избегнување на слични настани во иднина. Во студијата е предложено, како најефикасна заштита на терциерот на трансформаторот од појавите во преодните режими, да се применат метал-оксидни одводници на пренапони во врска YD. Изборот на карактеристиките на одводниците на пренапони е направен според IEC 71-1 и 71-2 и IEC 99-4 и IEC 99-5. Заради верификација на правилниот избор и елиминација на можноста за термичко преоптоварување на одводниците сите анализи се потврдени и со компјутерска симулација на процесот на вклучување на трансформаторот на електролачната печка со помош на Simulink.

[7] Определување загуби на активна енергија во електроенергетската дистрибутивна мрежа на ЕВН Македонија, Студија изработена за потребите на ЕВН Македонија, 2008.

Во оваа студија е развиена и применета постапка за определување загуби на активна моќност и енергија во дистрибутивни електроенергетски мрежи (ДЕЕМ) со напони 35 kV, 20 kV, 10 kV и 0,4 kV која се одликува со тоа што е приспособена на постојните услови во ЕВН Македонија. При развивањето на целата постапка е водено сметка да се користат податоци кои можат да се обезбедат на рационален начин и тоа како за неопходните податоци за мрежата, така и за неопходните податоци за потрошувачите. Освен тоа, применетата постапка им дава приоритет на регистрираните податоци на местата каде што ДЕЕМ презема енергија од други компании (МЕПСО или ЕЛЕМ). Во таа смисла, постапката се потпира на дневните дијаграми на „високонапонскиот влез“ (регистрирана вкупна потрошувачка во секој временски интервал) во ДЕЕМ и на одделни среднонапонски водови преку кои ДЕЕМ се напојува од локални електроенергетски извори.

[8] Национална стратегија за развој на енергетиката, Министерство за економија, 2010.

Во стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија е дефиниран најпогодниот долгорочен развој на енергетскиот сектор со цел да се обезбеди сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија. Во реализацијата на наведената цел како приоритет е земено одржувањето, модернизацијата и надградбата на инфраструктурата водејќи сметка при тоа за домашните ресурси, енергетската ефикасност во производството и преносот и користењето на обновливите извори на енергија. Кандидатот учествувал во делот за анализа на

развојот на електроенергетскиот систем со посебен акцент на влијанијата и ограничувањата на преносната електроенергетска мрежа.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изложеното и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот доц. д-р Мирко Тодоровски совесно, одговорно и мошне успешно ги извршува сите обврски од наставната, научноистражувачката и апликативната дејност и по сите три основи остварил поголем број на поени од минималните потребни за избор во звањето вонреден професор. Покрај тоа, Мирко Тодоровски е избран и успешно извршува раководни функции, а врши и други дејности од поширок интерес.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кандидатот доц. д-р Мирко Тодоровски, дипл. ел. инж., да биде избран во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи.

Скопје, 17.4.2012

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Драгослав Рајичиќ, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Мирко Благоја Тодоровски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **преносни електроенергетски системи**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување настава од прв циклус студии**	
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 07/08, 3 часа)	1,8
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 08/09, 3 часа)	1,8
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 09/10, 3 часа)	1,8
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 10/11, 3 часа)	1,8
	Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 09/10, 3 часа)	1,8
	Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 10/11, 3 часа)	1,8
	Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи (зимски сем. 11/12, 3 часа)	1,8
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 07/08, 3 часа)	1,8
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 08/09, 3 часа)	1,8
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 09/10, 3 часа)	1,8
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 10/11, 3 часа)	1,8
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 11/12, 3 часа)	1,8
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 07/08, 3 часа)	1,8
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 08/09, 3 часа)	1,8
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 09/10, 3 часа)	1,8
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 10/11, 3 часа)	1,8
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 11/12, 3 часа)	1,8
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 07/08, 3 часа)	1,8
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 08/09, 3 часа)	1,8
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 09/10, 3 часа)	1,8
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 10/11, 3 часа)	1,8
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 11/12, 3 часа)	1,8
2	**Одржување настава од втор циклус студии**	
	Примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС (зимски сем. 08/09, 3 часа)	2,25
	Примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС (зимски сем. 09/10, 3 часа)	2,25
	Примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС (зимски сем. 10/11, 3 часа)	2,25
	Примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС (зимски сем. 11/12, 3 часа)	2,25
	Електроенергетски интерконекции (зимски сем. 08/09, 3 часа)	2,25
	Електроенергетски интерконекции (зимски сем. 09/10, 3 часа)	2,25
	Електроенергетски интерконекции (зимски сем. 10/11, 3 часа)	2,25
	Електроенергетски интерконекции (зимски сем. 11/12, 3 часа)	2,25
	Електромагнетни преодни процеси во ЕЕС (зимски сем. 08/09, 3 часа)	2,25
	Електромагнетни преодни процеси во ЕЕС (зимски сем. 09/10, 3 часа)	2,25
	Електромагнетни преодни процеси во ЕЕС (зимски сем. 10/11, 3 часа)	2,25
	Електромагнетни преодни процеси во ЕЕС (зимски сем. 11/12, 3 часа)	2,25
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 08/09, 3 часа)	2,25

	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 09/10, 3 часа)	2,25
3	**Одржување на вежби (аудиториски, лабораториски)**	
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 08/09, 2 часа)	0,9
	FACTS уреди во електроенергетски системи (летен сем. 09/10, 2 часа)	0,9
	Апликативен софтвер во електроенергетиката (летен сем. 06/07, 2 часа)	0,9
	Апликативен софтвер во електроенергетиката (летен сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	Апликативен софтвер во електроенергетиката (летен сем. 08/09, 2 часа)	0,9
	Апликативен софтвер во електроенергетиката (летен сем. 09/10, 2 часа)	0,9
	Високонапонски мрежи и системи (зимски сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	Високонапонски мрежи и системи (зимски сем. 08/09, 2 часа)	0,9
	Дистрибутивни системи (зимски сем. 07/08, 3 часа)	1,35
	Дистрибутивни системи (зимски сем. 08/09, 3 часа)	1,35
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 08/09, 2 часа)	0,9
	Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС (летен сем. 09/10, 2 часа)	0,9
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	Менаџмент на ЕЕС (летен сем. 09/10, 2 часа)	0,9
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 07/08, 2 часа)	0,9
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 08/09, 2 часа)	0,9
	Режими на работа на ЕЕС (зимски сем. 09/10, 2 часа)	0,9
4	**Ментор на дипломска работа**	
	Ментор на вкупно 24 дипломски работи, и тоа: 7 на старата насока електроенергетика и 17 на студиската програма електроенергетски системи.	4,8
5	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**	
	Член на комисија на 6 кандидати: Климент Наумоски, Александар Пауноски, Никола Битрак, Јовица Вулетиќ (ментор), Верица Тасеска (Ментор), Владо Илиевски.	3,0
6	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**	
	Член на комисија на 15 кандидати: Александар Пауноски, Никола Битрак, Лилјана Богоеска, Елизабета Арсова, Јовица Вулетиќ, Јорданчо Ангелов, Александар Ласков, Витко Матески, Рубин Атанасоски, Дарко Митровски, Верица Тасеска, Јасмина Јосифоска (ментор), Елена Ачкоска, Игор Бурески, Петар Крстевски.	4,5
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	
	Член на вкупно 45 комисии за одбрана на дипломска работа.	4,5
8	**Пакет материјали за одреден предмет**	
	Подготвени пакет материјали за следните 7 предмети: FACTS-уреди во електроенергетски системи, компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС, менаџмент на ЕЕС, режими на работа на ЕЕС, примена на напредни компјутерски програми во ЕЕС, електроенергетски интерконекции и електромагнетни преодни процеси во ЕЕС.	7,0
	Вкупно	112,9

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Ментор на магистерска работа**	
	Оптимизација на работата на ЕЕС за подолг временски период со примена на софтверскиот пакет MATPOWER (од кандидатката Јасмина Јосифоска).	1
	Примена на напредни компјутерски методи за оптимизација при проектирањето на надземните електроенергетски водови (од кандидатот Кирил Ачковски),	1
	Анализа на нисконапонски дистрибутивни мрежи во поглед на квалитетот на напонот и загубите на моќност во услови на несиметричен режим на работа (од кандидатот Горан Маневски).	1
	Анализа на напонски прилики во заземјувачки системи на НН дистрибутивни мрежи во услови со изразена несиметрија или прекин на неутрелниот спроводник (од кандидатот Марио Миловановиќ).	1
	Анализа на НН дистрибутивни мрежи во поглед на квалитетот на напонот и загубите на моќност во услови на прекини на фазните или неутралниот спроводник (од кандидатот Миле Балаловски).	1
	Дијагностицирање на состојбата на квалитетот на напонот во индустриски дистрибутивни мрежи (од кандидатот Сашко Карадаков).	1
	Проценка на параматрите на доверливост во дистрибутивни системи со големи количини на дисперзирано производство на електрична енергија од обновливи извори (од кандидатот Димитар Цветковски).	1
2	**Раководител на меѓународен научен проект**	
	JADES – Joint Advanced Doctoral Degree in Energy Systems (Tempus JEP-41085-2006, 2007-2010)	9
3	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	MORE MICROGRIDS – Advanced Architectures and Control Concepts for More Microgrids (EU FP6, 2006-2008)	5
	SEETSOC – South-East Europe TSO Challenges (EU FP7, 2010-2012)	5
4	**Дел од монографија објавен во странство**	
	[1] N. Markovska, M. Todorovski, T. Bosevski, J. Pop-Jordanov, "Cost and Environmental Effectiveness of the Climate Change Mitigation Measures", Book Chapter in Sustainable Energy Production and Consumption, pp. 67-73, Springer Science + Business Media B.V., 2008.	3,6
5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
	[2] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Влијанија на енергетските преобразувачи од аспект на хармоници кај индустриските мрежи", труд бр. B4-078R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,6
	[3] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Пресметки и симулација на работата на дистрибутивни мрежи во случаите со детектирани проблеми од аспект на квалитетот на електричната енергија", труд бр. C4-010R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,8
	[4] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Софтверски алатки за анализа на квалитетот на електрична енергија во дистрибутивни мрежи", труд бр. C4-011R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,8
	[5] Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Компјутерска симулација на атмосферските празнења во електроенергетските објекти", труд бр. C4-031R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,8
	[6] Ј. Ангелов, А. Ласков, М. Тодоровски. „Можни начини за мерење на пренапони на електродите кај електролачните печки", труд бр. C4-039R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,6
	[7] А. Ласков, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Анализа на доверливоста на високонапонските разводни постројки од атмосферски пренапони со помош на matlab/simulink", труд бр. C4-071R, VII советување на МАКО	1,6

	СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	
	[8] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на хармоници во дистрибутивните мрежи – I дел", труд бр. C4-075R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,6
	[9] Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа и влијанија на изворите на хармоници во дистрибутивните мрежи – II дел", труд бр. C4-076R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,6
	[10] Е. Ачкоска, М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Користење на matpower за оптимизација на преносни капацитети", труд бр. C4-167R, VII советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 2-4 октомври 2011.	1,6
	[11] J.Vuletić, R. Ačkovski, M. Todorovski. „Analiza izvora viših harmonika i njihovo širenje u distributivnim mrežama", R 2.3, VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrežama Srbije sa regionalnim učešćem, Vrnjačka Banja, 26.09-01.10.2010.	2,4
	[12] R. Ačkovski, M. Todorovski. „Projektovanje nadzemnih vodova pomoću računara primenom genetskih algoritama", R-1.1, VII Savetovanje o elektrodistributivnim mrežama Srbije sa regionalnim učešćem, Vrnjačka Banja, 26.09-01.10.2010.	2,7
	[13] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов. „Оценка на топлинското стареење на изолацијата кај енергетските кабли", труд бр. B1-1R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,2
	[14] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ. „Практична постапка за оптимален избор на заземјувачи на столбовите во СН дистрибутивни мрежи со заземјена неутрална точка", труд бр. B2-2R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[15] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Ј. Вулетиќ. „Избор на начинот на заземјување на металната ограда кај постројките за висок напон", труд бр. B3-2R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[16] Р. Ачковски, Н. Ацевски, М. Тодоровски, Б. Блажев. „Современа постапка за оптимален избор на мрежест заземјувач кај постројките ВН/ВН и ВН/СН", Труд бр. B3-3R-MK, VI Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,2
	[17] Р. Ачковски, М. Тодоровски, Б. Блажев. „Избор на димензии и конфигурација на мрежестиот заземјувач во ТС 200/6 Антеа – Албанија", труд бр. B3-4R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[18] М. Тодоровски, Р. Ачковски, Ј. Вулетиќ. „Примена на Matlab за оптимизација на режимите на работа на ЕЕС", труд бр. C1-7R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[19] М. Тодоровски, Р. Ачковски, Р. Миновски. „Моделирање во Matlab/Simulink на преодните процеси при вклучување на енергетски трансформатор со кондензаторска батерија", труд бр. C4-10R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[20] Р. Миновски, Р. Ачковски, М. Тодоровски. „Заштита на трансформаторите на електролачните печки во преодни режими", труд бр. C4-11R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,6
	[21] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Пресметка на вкупниот преносен капацитет (ТТС) на интерконективни мрежи со примена на техниката на линеарно програмирање", труд бр. C4-13R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,8
	[22] М. Тодоровски, Р. Ачковски. „Анализа на мрежите на ЈИЕ во поглед на вкупниот преносен капацитет", труд бр. C4-14R-MK, VI советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 4-6 октомври 2009.	1,8
	[23] E. Dialynas, V. Katić, T. Konjić, F. M. Barbosa, J. Milanović, M. Todorovski, V. Miranda Tempus "Structure of Doctoral Studies – JADES Project", Paper No. W-1, XV Conference Development Trends: Doctoral Studies in Serbia, Region & EU, Kopaonik, Serbia, 2-5 March 2009.	1,8
	[24] E. Dialynas, V. Katić, T. Konjić, F. M. Barbosa, J. Milanović, M. Todorovski, V.	1,8

	Miranda Tempus "Project JADES – Joint Advanced Doctoral Degree in Energy Systems", Paper No. W-5, XV Conference Development Trends: Doctoral Studies in Serbia, Region & EU, Kopaonik, Serbia, 2-5 March 2009.	
	[25] М. Тодоровски, Р. Ачковски, „Примена на Matcad за решавање на некои проблеми од работењето на ЕЕС", Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, Охрид, 9-11 октомври 2008.	1,8
	Вкупно	70,7

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Студија**	
	Пресметки и симулации на работата на делови од нисконапоската и среднонапонската мрежа на ЕВН Македонија од аспект на квалитетот на електричната енергија, ЕВН Македонија, 2011.	1
	Заштита од пренапони при комутации во 35 kV мрежа од која што се напојува казанската печка во Макстил – Скопје, Макстил АД – Скопје, 2010.	1
	Анализа на хаваријата на трансформаторот 50/60 MVA за електролачната печка и пратечките постројки во Макстил – Скопје, Макстил АД – Скопје, 2008.	1
	Определување загуби на активна енергија во електроенергетската дистрибутивна мрежа на ЕВН Македонија, студија изработена за потребите на ЕВН Македонија, 2008.	1
2	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	
	Отворен ден на ФЕИТ (2008, 2009, 2010, 2011)	2,0
	Презентација на ФЕИТ во средни училишта (2009, 2010, 2011)	1,5
	Презентација на ФЕИТ на саемот за образование и кариера (2008, 2009)	1,0
	Наука за сите на плоштад Македонија (2009)	0,5
Дејности од поширок интерес		
3	**Студиски престој во странство**	
	Престој на Faculty of Engineering, University of Porto во периодот од 14.09.2008 до 28.09.2008	0,5
4	**Продекан**	
	Продекан за настава на ФЕИТ од март 2010 година	4
5	**Член на факултетска комисија**	
	Центар за нови студенти на ФЕИТ (од 2008 година).	0,5
	Комисија за упис на студенти на втор циклус на студии на ФЕИТ, 2009.	0,5
	Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на ФЕИТ, 2010.	0,5
	Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на ФЕИТ, 2011.	0,5
	Комисија за осовременување на студирањето на ФЕИТ (од 2010).	0,5
	Комисија за попис на ФЕИТ (2010).	0,5
	Комисија самоевалуација на ФЕИТ (од 2010).	0,5
6	**Координатор на студиска програма**	
	Студиска програма Електроенергетски системи од втор циклус на студии.	1
7	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**	
	Национална стратегија за развој на енергетиката, Министерство за економија, 2010.	2
	Вкупно	20

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	112,9
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	70,7
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20,0
Вкупно	203,6

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Проф. д-р Драгослав Рајичиќ, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ, ТРАНСФОРМАТОРИ И АПАРАТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии бр. 02-752/6, донесена на редовната седница одржана на 28.3.2012 год., одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати, според конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 16.3.2012 година.

На конкурсот, во предвидениот законски рок, се пријавил кандидадот д-р Гога Цветковски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии за наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на поднесените документи од кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот со задоволство го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Д-р Гога Цветковски е роден на 27 април 1967 година во Скопје, Р. Македонија.

Основното образование го завршил со одличен успех во 1981 год. во Скопје. Првите две години од средното образование ги завршил исто така во Скопје, со одличен успех. Во учебната 1983/84 година го завршил 11-тиот степен на образование, според американскиот систем, во гимназијата „Линколн" во Портланд, што е еквивалент на трета година од средното образование, според образовниот систем во земјата. Постигнал забележителен одличен успех, така што бил прворангиран во генерацијата. Поради високиот успех и одличните резултати, во летото 1984 год. му било дозволено да посетува предавања и лабораториски вежби по предметите физика и теорија на електрични кола, на Електротехничкиот факултет на Портландскиот државен универзитет. Во учебната 1984/85 се вратил во Скопје, каде што го завршил гимназиското образование со одличен успех и бил ослободен од полагање на матурскиот испит. За време на своето образование покажувал особен интерес за техничките дисциплини и учествувал на бројни национални и регионални натпревари. На XXII смотри на клубовите на млади техничари и природници во областа на електротехниката, одржани во 1981 година, освоил бронзен медал.

Во 1985/86 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје и заминал на отслужување на воениот рок (во тогашната ЈНА), така што студиите на насоката ИЕЕА на Електротехничкиот факултет ги започнал во академската 1986/87 година. Дипломирал во редовниот рок, помеѓу првите во генерацијата. Дипломскиот труд под наслов „Примена на Portable Hybrid Recorder Model 3087 за снимање на преодните електрични и топлински појави во електроенергетските уреди", по предметот несиметрични режими и преодни процеси во електрични машини и трансформатори, го изработил и го одбранил во март 1992 год. под менторство на проф. д-р Лидија Петковска.

Веднаш по дипломирањето, во април 1992 година се запишал на постдипломските студии на Електротехничкиот факултет во Скопје на насоката Електрични машини, трансформатори и апарати под менторство на проф. д-р Лидија Петковска. Во 1994 год., во редовниот рок, го одбранил магистерскиот труд под наслов „Оптимирање на еднонасочен колекторски мотор со перманентни магнети со помош на нумеричка анализа на магнетното поле", со што се стекнал со звањето магистер по електротехника, од областа електрични машини, трансформатори и апарати.

Во февруари 2001, кандидатот д-р Гога Цветковски, на Факултетот за електротехника и информациски технологии успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Истражување на методите и придонес кон развојот на генетските алгоритми за оптимално проектирање на синхрон дисков мотор со перманентни магнети", под менторство на проф. д-р Лидија Петковска, и се стекнал со академското звање доктор на технички науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За време на своето образование и научноистражувачко усовршување, д-р Гога Цветковски остварил бројни студиски престои на врвни универзитети во повеќе центри и лаборатории. Во периодот мај–ноември 1996 година реализирал 6-месечен студиски престој, финансиран од Британската влада, на Универзитетот Напиер од Единбург, Шкотска, еден од најдобрите универзитети во Велика Британија во областа на проектирање на електрични машини. Студискиот престој бил реализиран под менторство на проф. д-р Синклер Геир, раководител на Одделот за енергетика и електрични машини при истиот Универзитет, носител на повеќе меѓународни проекти, истакнат научник во областа на проектирање на електрични машини и член на повеќе меѓународни научни асоцијации, меѓу кои и на истакнатата IEE. Бил ангажиран во изведување на лабораториските вежби и консултации по предметот електрични машини за студентите на прв циклус студии и учествувал во истражувањата на проектот „Електрични возила и ефективен транспорт без загадување", финансиран од европските научноистражувачки фондови. За време на студискиот престој, д-р Гога Цветковски ги започнал истражувањата на синхрон дисков мотор со перманентни магнети и аксијален флукс, наменет за електрични возила. Соработката со проф. Синклер Геир, кој денес работи на Универзитетот „Стратклајд" во Глазгов, продолжува и до денес, што може да се види во приложената листа на трудови.

Во 2000 год. со грант за индивидуална мобилност од програмата на TEMPUS-PHARE, со цел унапредување на наставно-научните кадри од високото образование на Р. Македонија, повторно престојувал на Универзитетот „Напиер" во Единбург, каде што ги реализирал експерименталните истражувања од докторската дисертација. Од истиот фонд во 2003 год. користел грант за финансирање на специјални активности на наставно-научните кадри во високото образование на Р. Македонија и престојувал на Универзитетот во Ахен.

Како директен учесник во реализацијата на академските активности во рамките на TEMPUS-проектот CD_JEP-17016-2002, во периодот 2003–2007 год. кандидатот д-р Гога Цветковски остварил бројни студиски престои и тренинзи на сите универзитети членки на конзорциумот на проектот, и тоа: Национален технички универзитет (Атина, Грција), Универзитет во Виго (Виго, Шпанија), Хелсиншки универзитет за технологија (Хелсинки, Финска), Универзитет Џон Мурс (Ливерпул, Велика Британија) и Универзитетот Париз-Југ 6&11 (Париз, Франција). Едновремено, во рамките на проектот, д-р Гога Цветковски ја извршуваше функцијата секретар на проектот, како и задачите за дизајнирање и администрирање на официјалната web страница на проектот. Исто така, учествувал и во подготвување на завршните извештаи, печатени материјали и документација на проектот.

Во текот на изминатиот период, од изборот за вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии, па сè до денешен ден целосно е вклучен во сите дејности на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати и тоа како во наставната, така и во научноистражувачката и апликативната дејност.

Кандидатот д-р Гога Цветковски активно ги владее (зборува, пишува, чита) англискиот и српскиот јазик, а се служи со словенечкиот, рускиот и грчкиот јазик.

2. Наставно-образовна дејност

Својата наставно-образовна дејност кандидатот д-р Гога Цветковски ја започнал на почетокот на 1998 год. на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, откако во декември 1997 год. Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет (ЕТФ) во Скопје го избрал во звањето асистент на групата предмети од областа електрични машини, трансформатори и апарати (Билтен бр. 696). Во декември 2000 год. бил реизбран во истото знање (Билтен бр.767). Во звањето доцент на групата предмети од истата област

бил избран во февруари 2003 год. (Билтен бр. 820), а во звањето вонреден професор во септември 2007 год. (Билтен бр. 925).

Во текот на целиот период, од своето вработување на Факултетот па до денес, д-р Гога Цветковски активно се вклучил и целосно се посветил на наставно-образовната дејност не само во рамките на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, туку и на Факултетот во целина. Држел вежби скоро по сите предмети, како и настава од голем дел на дисциплините од областите што се негуваат на Институтот. Притоа, кандидатот дал особен придонес при конципирањето, дефинирањето и развивањето на новите предмети на додипломски и постдипломски студии на преструктурираните студии по индустриска електроенергетика и автоматизација (ИЕЕА), како дел од имплементацијата на проектот TEMPUS-JEP_CD-17016-2002, со кој раководеше проф. д-р Лидија Петковска. Денес, тој е раководител на Лабораторијата за електрични машини, трансформатори и апарати.

Во периодот по последниот избор во звањето вонреден професор при Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати, д-р Гога Цветковски држел предавања, аудиториски и лабораториски вежби, како на старите, така и на новите студиски програми по предметите: енергетски преобразувачи (VI-сем. ИЕЕА), енергетски преобразувачи 2 (IX сем. ИЕЕА), енергетски преобразувачи 1 (V-сем. ЕЕУ), енергетски преобразувачи 2 (VI. сем. ЕЕУ), микромашини (VII-сем. ИЕЕА), динамика и моделирање на електрични машини (VII-сем. ЕЕУ), несиметрични режими и преодни процеси во електричните машини и трансформатори (VIII-сем ЕЕУ), како и аудиториски и лабораториски вежби по предметот еднонасочни машини и трансформатори (IV-сем. ЕЕиУ). За сите предмети по кои држи настава изработил наставни материјали (умножени предавања), материјали за аудиториски вежби (збирки задачи), како и практикуми за лабораториските вежби во печатена форма. Активно учествувал во дефинирањето и опремувањето на современото компјутеризирано лабораториско одделение за испитување на мали и специјални машини, а во соработка со проф. д-р Лидија Петковска изработил упатство и елаборати за лабораториските вежби по предметот микромашини. Исто така, за предметите енергетски преобразувачи (КИЕЕ), енергетски преобразувачи 1 (ЕЕУ), енергетски преобразувачи 2 (ЕЕУ) и динамика и моделирање на електрични машини (ЕЕУ) ги подготвил кратките и долгите содржини согласно по ЕКТС нормите.

Од учебната 2004/2005 година, д-р Гога Цветковски активно се вклучил во наставата на постдипломските студии, со траење од 4 семестри според старата наставна програма, на насоката електрични машини, трансформатори и апарати, и притоа држел настава по два предмета: компјутерски поддржана анализа – САА на електрични машини и специјални електрични машини. Денес, на втор циклус студии – магистерски студии, согласно ЕКТС системот на студирање, кандидатот држи настава по два предмета на студиската програма електрични машини и автоматизација, специјални електрични машини и компјутерско моделирање и анализа на електричните машини, за кои ги подготвил предметните содржини. Исто така, на студиската програма компјутерско системско инженерство и автоматизација држи настава по предметот специјални електрични машини, што е посебно приспособен на потребите и интересот на студентите на оваа студиска програма.

Наставно-образовната дејност на кандидатот вонр. проф. д-р Гога Цветковски се заокружува со неговото учество во наставата со два предмета на третиот циклус студии според ЕКТС – докторски студии при Факултетот за електротехника и информациски технологии, на студиската програма ЕИТ (електротехника и информациски технологии) во рамките на докторската школа на УКИМ. Притоа, во текот на 2009 и 2010 година бил активно вклучен во изработката на предметните содржини за два предмета, и тоа: методи за оптимално проектирање и анализа на електрични машини и напредни изведби на електрични машини и нивно управување. Исто така, значајно е да се подвлече дека неговото име се наоѓа на листата ментори од ФЕИТ, и тоа согласно со првите и најстроги критериуми за избор на ментори пропишани со Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност.

Од изборот во звањето вонреден професор (септември 2007 год.) до денес, д-р Гога Цветковски бил ментор на вкупно 33 дипломски работи, додека член на комисија за одбрана на дипломски работи бил на вкупно 13 дипломски работи.

Во моментот, тој е ментор на три кандидати на магистерските студии на студиската програма електрични машини и автоматизација при ФЕИТ. Исто така, во изминатиов

период бил член на две комисии за утврдување на подобност на темата и оспособеност за научна работа за кандидатите м-р Михаил Дигаловски и м-р Ивица Ѓорѓиев.

3. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Д-р Гога Цветковски научноистражувачката и публицистичка дејност ја започнал при изработката на својот магистерски труд во 1994, пред да биде избран за асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии. До денес, тој постигнал исклучително високи дострели и во поширокатa научна јавност успешно се етаблирал како препознатлив истражувач и научник. За тоа сведочи импозантната листа на објавените научни трудови на кандидатот, како во врвни списанија со фактор на влијание, така и на многубројни интернационални конференции. Забележителен дел од неговите трудови се многукратно цитирани од врвни автори кои творат во истите области. Како потврда на овој факт, кандидатот приложил листи со цитираните трудови добиени од базата на податоци Scopus и од Google Scholar.

Само како еден пример би го истакнале цитирањето на трудот „Mathematical model of a PM axial field synchronous motor for genetic algorithm optimisaton", објавен во зборникот на трудови од конференцијата ICEM-1998 во книга 2, стр. 1172-1177. Овој труд е цитиран под реден број [61] во книгата „Axial flux permanent magnet brushless machines" од авторите J. Ф. Гиерас, P. J. Ванг и M. J. Кампер, објавена во 2004 година од Kluwer Academic Publishers, за што кандидатот приложил селектирани страници од книгата.

Во рамките на оваа дејност, како автор, односно коавтор на научни трудови, кандидатот објавил значителен број на статии во списанија како што е IEEE Transactions on Magnetics, повеќе едиции на COMPEL и SPRINGER Verlag, Przeglad Electrotechniczny (Electrical Review) и др. Во периодот од последниот избор, учествувал во работата на повеќе меѓународни конференции и симпозиуми на кои ги презентирал своите научни трудови; дел од позначајните конференции и симпозиуми се: COMPUMAG'07 (Ахен, Германија), ISEF' (Прага, Република Чешка), INTERMAG'08 (Мадрид, Шпанија), SAEM'08 (Замошч, Полска), UPEC (Падова, Италија), ICEM'08 (Виљамура, Португал), EUROCON'09 (Санкт Петерсбург, Русија), ISEF'09 (Арас, Франција), EPE'09 (Барселона, Шпанија), EPE-PEMC'10 (Охрид, Македонија), SAEM'10 (Птуј, Словенија), ISEF'11 (Мадеира, Португал) и др.

Благодарение на неговиот препознатлив научноистражувачки и издавачки опус, како и продлабочените познавања од одредени научни области во кои твори, д-р Гога Цветковски е ангажиран како рецензент на трудови за неколку еминентни меѓународни списанија (COMPEL, PIER & JEMWA, Journal Przeglad Elektrotechniczny, The European Physical Journal of Applied Physics и други), рецензирал трудови за бројни меѓународни и домашни конференции (EPE-PEMC, CHLIE, EPE, ISEF, SAEM, МАКО-СИГРЕ и други), а исто така е член и на повеќе организациски одбори и научни комитети на низа меѓународни и домашни конференции и советувања (EPE-PEMC, CHLIE, CHLEE, SAEM, МАКО-СИГРЕ и други). На голем број конференции претседавал со сесии и како рецензент учествувал во селекцијата на трудови за постконференциските изданија.

Уште една потврда за препознатливоста на д-р Гога Цветковски во областите во кои објавува научни трудови, се двете покани со платен студиски престој на Техничкиот универзитет во Лоѓ (ноември 2011) и на Универзитетот во Марибор, Факултет за енергетика во Кршко (јануари 2012). За тоа време, тој одржал серија предавања за студентите од трет циклус студии (Полска) и на прв и втор циклус студии (Словенија).

Во изминатиот период кандидатот активно учествувал како член на тим во повеќе развојни и научноистражувачки проекти финансиски поддржани од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. Проектот со наслов „Истражување и примена на современи методи за компјутерски поддржана анализа на електричните машини", го водел како главен истражувач. Исто така, тој е главен истражувач на научноистражувачки проект во тек (1.1.2011 – 30.06.2012), бр. 08-3619/24, со наслов „Зголемување на енергетската ефикасност на електроенергетските уреди со имплементација на информациски технологии во функција на заштита на животната средина", финансиран од сопствени средства на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

„Заштеда на енергијата со примена на енергетски ефикасни електрични машини" е семинар кој го организираше дел од членовите на Институтот за електрични машини, трансформатори и апарати под раководство на проф. д-р Лидија Петковска. Семинарот се

реализираше во март 2008 година, а вонр. проф. д-р Гога Цветковски активно учествуваше не само како предавач, туку и во практичната реализација и подготовка на материјалите.

Во периодот 2010-2011 год., д-р Гога Цветковски бил рецензент на универзитетска скрипта по предметот „Индустриска електроника" на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на авторот доц. д-р Василија Шарац. За потребите на истиот Факултет и Универзитет, тој ги рецензирал практикумите за лабораториски вежби по предметите индустриска електроника и електроника од истиот автор.

4. Дејности од поширок интерес

Кандидатот д-р Гога Цветковски покажува забележителна активност и во дејностите од поширок интерес, со што дава свој значаен придонес во промоцијата на Факултетот за електротехника и информациски технологии, но и на Универзитетот во целина.

За време на организационите активности на Првиот македонско-полски симпозиум за применета електромагнетика (Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM), што се одржа од 8-10 јуни 2006 год. во Охрид, бил член на Меѓународниот студиски комитет и при тоа ја извршувал функцијата Научен секретар на симпозиумот и бил одговорен за креирање и одржување на веб-страницата. Истовремено, тој бил член на Организациониот комитет и Издавачкиот одбор на советувањето. Овој симпозиум, со препознатлива тематика, продолжува да се одржува како биенален научен собир (2008 год. Замошч, Полска и 2010 год. Птуј, Словенија), во организација на Македонија, Словенија и Полска. Д-р Гога Цветковски има функција научен секретар од македонската страна. Во 2012 год. Симпозиумот ќе се одржи во Сопрон, Унгарија, а во 2014 год. повторно доаѓа во Македонија.

Во периодот од 2008 до 2010 година бил член на локалниот организациски комитет на меѓународната конференција EPE-PEMC 2010 која се одржа во Охрид од 5 до 8 септември 2010 година. Бил одговорен за подготовка на информативниот материјал за промоција на конференцијата, и целосно го понел товарот за подготовка и реализација на сите печатени материјали за конференцијата: печатена брошура со Програма за конференцијата и други придружни информации, креирање и издавање ДВД со сите трудови од конференцијата и други пропагандни материјали. Тој, исто така, учествувал во едитирање на трудовите објавени во постконференциски изданија и научни списанија.

Во 2011 година, Факултетот за електротехника и информациски технологии ја доби довербата да ја организира престижната 16-та Меѓународна конференција, со полн назив International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering – ISEF'2013, а вонр. проф. д-р Гога Цветковски дал свој значаен придонес во подготовките на апликацијата доставена до Научниот комитет на Симпозиумот.

Во 2009 год. бил член на Одборот за одбележување на 50 години од формирањето на Факултетот, како и член на уредувачкиот одбор за подготовка на Монографијата на ФЕИТ, издадена за таа пригода. Исто така тој бил уредник на брошурата за промоција на ФЕИТ на англиски јазик и ги подготвил и ги редактирал текстовите.

Д-р Гога Цветковски учествува во бројни активности на Факултетот. Повеќе години е координатор на Центарот за нови студенти (ЦНС), каде што дава свој значаен придонес. Дејноста на Центарот е промоција на Факултетот во средните училишта и регрутирање на идните студенти на ФЕИТ. Тој е одговорен за подготовка и реализација на информативните материјали (брошури, информатори, постери, флаери и друго) и ги подготвува и реализира презентациите на Факултетот во средните училишта. Организацијата и реализацијата на Отворениот ден на Факултетот кој се изведува секоја година е под целосна одговорност на д-р Гога Цветковски. Повеќепати тој бил член на Комисијата за уписи при ФЕИТ. Меѓу другото, тој бил член на Комисијата за режим на студирање, член на Комисијата за јавни набавки и член на Комисијата за самоевалуација на ФЕИТ. Подолг период е член на Комисијата за студентска практична настава при ФЕИТ.

Вонр. проф. д-р Гога Цветковски членува во повеќе научни и стручни асоцијации и здруженија, како во земјата, така и во странство. Од 1998 год. тој е член е на IEEE-секцијата на Република Македонија и ја врши функцијата претседател на здружениот оддел на IA/IE/PEL на Македонската секција на IEEE. Исто така, членува во Полското друштво за применета електромагнетика. Тој е секретар на студискиот комитет на B-4 при МАКО-

СИГРЕ и ја извршува функцијата потпретседател на друштвото МАК-ЗЕЕПУ – Македонско здружение за енергетска електроника, погони и управување.

5. Преглед на објавените научни и стручни трудови од последниот избор

Листата на трудови до изборот во звањето доцент се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 820 од 31 јануари 2003 година со реден број од 1 до 68. Листата на трудови до изборот во звањето вонреден професор се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 925 од 1 август 2007 година со реден број од 69 до 126. Трудовите изработени по изборот во звањето вонреден професор, што кандидатот ги доставил за рецензирање (вкупно 78), се дадени во Образецот како анекс на овој Извештај. Приложената листа на научни трудови завршува со висок реден број 204.

Овде би ги додале трудовите на кандидатот прифатени за печатење во списанија, како и за презентација на конференции во 2012 год.

[1] G. Cvetkovski, L. Petkovska, S. Gair: „Cogging Torque Minimisation of PM Disc Motor by Inserting Stator Slot Closure and Magnet Skewing", *Journal Przeglad Elektrotechniczny (Electrical Review)*, SIGMA NOT, Warsaw, Poland, (in press Vol. 88), 2012.

[2] L. Petkovska, P. Lefley, G. Cvetkovski: „Synthesis and Analysis of a High-Performance Low-Cost Permanent Magnet Brushless DC Motor", *COMPEL – The International Journal for Computation and Mathematics in Electrical and Electronic Engineering*, Emerald Group Publishing Limited, UK, (in press 31/5), 2012.

[3] G. Cvetkovski, P. Lefley, L. Petkovska, S. Ahmed: „Optimal Design of a Novel Single Phase PM BLDC Motor Using Genetic Algorithm", *The International EPE-PEMC 2012 ECCE Europe Conference and Exposition*, Novi Sad, Serbia, 4-6. September 2012.

[4] G. Cvetkovski, L. Petkovska: „Efficiency Improvement of Axial Flux PM Motor Using Particle Swarm Optimisation", *The Fourth International Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM 2012*, Sopron, Hungary, 3-6. June 2012.

[5] L. Petkovska, P. Lefley, G. Cvetkovski, S. Ahmed: „Shaping the Stator Poles of BLDCPM Motor for Cogging Torque Reduction",*The Fourth International Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM 2012*, Sopron, Hungary, 3-6. June 2012.

[6] E. Diryak, P. Lefley, L. Petkovska, G. Cvetkovski: „Cogging Torque Minimization in the Double Stator Cup-rotor Machine",*The Fourth International Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM 2012*, Sopron, Hungary, 3-6. June 2012.

[7] V. Sarac, G. Cvetkovski: „Transient Analysis of Induction Motor Using Different Simulation Models",*The Fourth International Symposium on Applied Electromagnetics – SAEM 2012*, Sopron, Hungary, 3-6. June 2012.

6. Осврт кон трудовите

При конкурирање за звањето редовен професор, д-р Гога Цветковски доставил за рецензирање и оцена 78 научни трудови, објавени во периодот по изборот во звањето вонреден професор во 2007 година. Притоа, 1 труд е објавен како засебно поглавје во меѓународна монографија, 15 трудови се објавени во меѓународни научни списанија, сите со фактор на влијание. Во зборници од значајни меѓународни конференции, од кои повеќето се со највисок меѓународен ранг, се објавени 50 научни труда, додека 10 труда се објавени во зборници од домашни советувања. Како главен истражувач, кандидатот успешно реализирал 1 тригодишен научноистражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, а во 1 меѓународен проект учествувал како член на истражувачкиот тим. За двата проекта се издадени обемни пишани трудови – студии.

Пријавените научни трудови, според третираната проблематика, можат да се класифицираат во повеќе тематски области. Главна научна преокупација на кандидатот се нумеричките пресметки и анализи на електромагнетните појави, како и симулација и анализа на динамичките и преодни процеси во електрични машини и апарати. Нумеричката пресметка, математичкото моделирање и софтверската поддршка за добивање на сликата на распределбата на магнетното поле во различни електроенергетски уреди се третира во значителен број на трудови. Притоа, како објекти за верификација на резултатите од истражувањата се користат различни типови современи и атрактивни електромотори, како:

синхрон дисков мотор со перманентни магнети, еднонасочен колекторски мотор со перманентни магнети, еднофазен асинхрон мотор со засечени полови, електронски управуван синхрон мотор со перманентни магнети, еднофазен синхрон мотор со перманентни магнети, бесчеткичен еднонасочен мотор со перманенти магнети, еднофазен кондензаторски асинхрон мотор, реактивен чекорен мотор и високобрзински синхрон мотор со перманентни магнети.

Во трудовите [136], [147] и [149] е изложен оригинален пристап на геометриско моделирање на сложената конфигурација на синхрон дисков мотор со перманентни магнети со што е овозможена пресметка на магнетното поле во целиот волумен на моторот (*3D*) со методот на конечни елементи во дводимензионален домен; овој пристап наоѓа сè поголема примена и веќе го добил името *квази 3D FEM*. Во трудовите се анализира распределбата на магнетното поле, како и електромагнетните и електромеханичките карактеристики на моторот. Користејќи ја оваа нова методологија се изведува и топлинска анализа на моторот.

Во одделна група трудови [133], [152], [159] и [162] е изложена методологијата за моделирање на синхрон мотор со перманентни магнети, пресметка на магнетното поле, и определување на карактеристиките и параметрите на моторот. Посебна методологија на моделирање, пресметка и анализа на параметрите и карактеристиките со помош на методот на конечни елементи е применета кај неколку други објекти на истражување како што се: еднонасочен колекторски мотор со перманентни магнети (трудови [131], [156] и [160]); еднофазен асинхрон мотор со засечени полови (трудови [138], [170] и [172]); еднофазен кондензаторски асинхрон мотор ([140], [177] и [186]); чекорен реактивен мотор ([176] и [185]); еднофазен синхрон мотор со перманентни магнети (трудови [146], [148], [150], [155] и [167]); синхрон генератор со изразени полови ([161]); како и бесчеткичен DC-мотор со перманенти магнети (трудови [142], [143], [181], [190], [191] и [193]). Во трудот [179] е даден исцрпен преглед на нумеричките методи за определување на карактеристиките на електричните мотори, а во трудот [157] на синхрон генератор со изразени полови е применет методот time-stepping FEM. Во трудовите [134] и [165] е извршена топлотна анализа на високобрзински синхрон мотор со перманентни магнети со помош на методот на конечни елементи. Во група трудови, со помош на MATLAB/Simulink, се истражуваат, се симулираат и се анализираат преодните и динамички режими на работа на различни видови електрични машини, и тоа: трифазен синхрон дисков мотор со перманентни магнети [169], еднофазен кондензаторски асинхрон мотор (трудови [175] и [184]); трифазен синхрон генератор [157] и еднофазен синхрон мотор со перманентни магнети во [135], [154] и [164].

Друга значајна научна преокупација на д-р Гога Цветковски, во којашто тој оставил свој посебен печат, и дал особено значаен научен придонес, е областа на оптимално проектирање на различни видови електро-магнето-механички уреди. Во оваа област кандидатот со голем успех публикувал значителен број трудови. Генетските алгоритми, како нов и современ концепт за оптимално проектирање на електрични машини и апарати, за прв пат ги вовел и применил вонр. проф. д-р Гога Цветковски, во својата докторска дисертација. Тој развил оригинална методологија и изработил оригинален универзален software за оптимално проектирање и оптимизација на електромеханички и електромагнетни уреди, со ротационо или транслаторно задвижување, како и на статички електромагнетни уреди.

Основната идеја и концепцијата на софтверот за примена на генетски алгоритам при оптимално проектирање на електричните машини се публикувани главно во трудовите приложени при претходните избори на кандидатот во звањата доцент и вонреден професор. За овој избор се доставени трудовите [130], [137], [166], [171], [173] и [180] во кои генетскиот алгоритам се применува за оптимално проектирање на синхрон дисков мотор со перманентни магнети, кога за целна функција се усвојува масата на моторот, односно специфичната моќност на моторот; се врши споредба на новите резултати со претходните. Алгоритамот е применет за оптимизација и на други видови мотори: еднофазен асинхрон мотор со засечени полови ([141], [178], [182], [187], и [188]); трифазен синхрон мотор со перманентни магнети ([139], [158], [174] и [183]); бесчеткичен DC-мотор со перманентни магнети ([144], [189], и [194]).

Презентацијата на сите овие трудови на врвни научни конференции низ светот и објавените статии во бројни научни списанија со фактор на влијание, ја потврдува актуелноста и атрактивноста на оваа нова проблематика. За посебно одбележување е трудот

[129], кој на покана од издавачот е објавен како засебно поглавје во монографијата со наслов 'Компјутерска интелигенција и компјутерски методи за иновативно проектирање на електрични уреди' во издание на SPRINGER Verlag (2010). Во овој труд е даден детален опис на алгоритамот, на сите генетските оператори на оптимизацијата, сеопфатен преглед на резултатите и компаративна анализа на прототипот и оптимално проектираниот дисков мотор. За таа цел се користат вредностите за параметрите на двата модели, како и карактеристиките на двата мотора, пресметани со методот на конечни елементи.

Истражувањата во областа на генетските алгоритми и нивните можности во процесот на оптимално проектирање на електроенергетските уреди, кандидатот д-р Гога Цветковски ги продлабочува со комбинирање на детерминистичките методи со генетските алгоритми, а со цел подобрување на оптималното решение и забрзување на процесот на конвергенција кон глобалниот оптимум при проектирање на електроенергетските уреди. Резултатите од овие научни истражувања се прикажани во трудот [145].

Следна научна преокупација на д-р Гога Цветковски од понов датум, која ја развивал во соработка со проф. д-р Синклер Геир, е примената на меките композитни магнетни материјали за изведба на конструктивни елементи во различни видови електроенергетски уреди, со цел да се поедностави нивната изработка и процесот на производство, но и да се подобрат нивните перформанси и карактеристики. Резултатите од истражувањата во оваа област се публикувани во списанија и успешно се презентирани на меѓународни собири и конференции ([132], [151], [168] и [192]).

Во трудовите [153] и [163] се обработува проблематиката на техничката регулатива и условите што треба да ги задоволува еден ветрогенераторски систем за да може да биде приклучен на мрежа од аспект на квалитетот на енергијата добиен од ваквиот систем.

Последната група трудови на кандидатот се објавени во зборниците со куси содржини во печатена форма, како и полните верзии на трудовите во електронска форма на CD, презентирани на домашното советување МАКО-СИГРЕ во 2007, 2009 и 2011 година. Во нив се прикажува и се анализира практичната примена на: енергетските преобразувачи во уредите за непрекинато напојување ([196], [199] и [201]); уредите за напојување и регулација на асинхрони мотори ([198]) и чекорни мотори ([200]); уреди во склоп на ветрогенераторските системи ([195], [197] и [202]); уреди за пуштање во работа на асинхроните мотори ([203]). Во трудот [204] е даден посебен осврт на проектирањето и изведбата на трифазен бак-буст конвертор со подобрен квалитет на излезната моќност.

Покрај научните трудови, во изминатиот период вонр. проф. д-р Гога Цветковски учествувал во изработка и реализацијата на 2 научноистражувачки проекта од кои еден е меѓународен [128], а еден домашен [127], на кој воедно тој бил главен истражувач и раководител на проектот. Со тоа кандидатот ја заокружил својата богата и разнообразна научноистражувачка дејност и достигнал највисоки дострели, со што се етаблирал како препознатлив научник во поширокатa научна заедница, промовирајќи ја институцијата во која работи и твори, и земјата од каде што доаѓа. Со тоа, д-р Гога Цветковски несомнено дал значаен научен придонес не само во развојот на научната мисла во земјата, туку и во практичната апликација на резултатите од научните истражувања директно во индустријата, за потребите на фирмите што произведуваат електрични машини, трансформатори и други електроенергетски уреди во Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од поднесената документација, изложените податоци во рефератот, приложените научни и стручни трудови и нивната анализа, како и врз основа на личното познавање на кандидатот вонр. проф. д-р Гога Цветковски, може да се заклучи дека во изминатиот период тој е исклучително активен во наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот и покажува извонредни и исклучителни резултати, континуирано работејќи на своето научно и стручно усовршување.

Како наставник успешно држи настава и вежби од голем број предмети од наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати. За сите дисциплини што ги предава на редовните студии има изготвено умножени предавања, збирки задачи и практикуми за лабораториски вежби, со што на студентите значително им се олеснува

учењето и совладувањето на материјалот. Односот со студентите му е на извонредно високо ниво, за што сведочи големиот број на одбранети дипломски работи под негово менторство (33). Исто така бил член на 13 комисии за одбрана.

Активно е вклучен во наставата на втор циклус студии според ЕКТС и е ментор на три магистерски работи. Држи настава на трет циклус студии, избран е за можен ментор и бил член за 2 комисии за утврдување на подобност на кандидатот и темата за изработка на докторска дисертација.

Престојувал по покана на повеќе универзитети во странство, а како посебно признание за неговата успешна научна кариера на два универзитета (Лоѓ и Марибор) држел семинари и предавања за студентите на сите циклуси на студии.

Особено е забележителна и успешна активноста на кандидатот на полето на научната и научноистражувачката дејност. Тој мошне успешно ги следи и ги применува најновите научни достигнувања во областа на електричните машини. Досега објавил импозантна и респективна бројка од вкупно 204 референтни единици: научни трудови и статии, научноистражувачки и развојно-истражувачки проекти, како и апликативни студии и проекти. Притоа, 78 труда се објавени во периодот по изборот за наставник во звањето вонреден професор. Од нив, 76 се научни статии, од кои 15 се објавени во списанија (сите со фактор на влијание) во престижни научни списанија како IEEE Transactions on Magnetics, IOS Press, COMPEL, SPRINGER Verlag и Przeglad Electrotechniczny (Electrical Review). Особена вредност во оваа листа има трудот објавен по покана, како посебна глава во меѓународна монографија. Публикувал 50 научни труда во зборници од европски и светски конференции од највисок ранг од областа на електричните машини, пресметка и анализа на електромагнетни полиња, и применета електромагнетика; значителен број од овие научни собири, се во организација и под покровителство на IEEE, IEE, EPE. Останатите 10 труда се објавени во зборници од научно-стручни конференции во земјата. Членува во научни комитети на меѓународни и домашни конференции. Рецензира трудови за списанија, а како рецензент на меѓународни и домашни конференции учествува во селекција на трудовите.

Д-р Гога Цветковски, во периодот по изборот во звањето вонреден професор, учествувал во истражувањата на 2 научноистражувачки проекта, и тоа во еден двогодишен македонско-словенечки меѓународен проект бил член на тим и соработник, а во еден тригодишен национален научноистражувачки проект бил главен истражувач и раководител.

Во целокупната досегашна работа и дејност кандидатот покажува континуиран напредок, прераснувајќи од перспективен научен подмладок во изграден научен кадар, кој квалитативно и квантитативно ги надминал и најстрогите критериуми и барања за звањето во кое конкурира. Со резултатите од својата научна работа дал посебен придонес во развојот и афирмацијата на Факултетот и Универзитетот и успешно ја презентирал научната мисла во земјата, регионот и светот.

Врз основа на претходно изложеното, и ценејќи ги целокупните активности и достигнувања на кандидатот, Рецензентската комисија има чест и со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да донесе предлог-одлука за избор на вонреден професор д-р Гога Цветковски во звањето редовен професор, во наставно-научната област електрични машини, трансформатори и апарати.

Скопје, 6. 4. 2012

Комисија

Проф. д-р Лидија Петковска, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Мирчевски, член, с.р.
Проф. д-р Синклер Геир, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **ГОГА ВЛАДИМИР ЦВЕТКОВСКИ**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии-Скопје** (назив на факултетот/институтот)

Научна област: **електрични машини, трансформатори и апарати**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

	Назив на активноста:	**Поени**
1.	**Одржување настава од прв циклус студии**	**37,8**
	- Енергетски преобразувачи 1 (3ч.), зимски 2007/2008	1,8
	- Енергетски преобразувачи 2 (3ч.), зимски 2007/2008	1,8
	- Енергетски преобразувачи 2 (3ч.), летен 2007/2008	1,8
	- Енергетски преобразувачи 1 (3ч.), зимски 2008/2009	1,8
	- Динамика и моделирање на електрични машини (3ч.), зимски 2008/2009	1,8
	- Микромашини (3ч.), зимски 2008/2009	1,8
	- Енергетски преобразувачи 2 (3ч.), летен 2008/2009	1,8
	- Енергетски преобразувачи 1 (3ч.), зимски 2009/2010	1,8
	- Микромашини (3ч.), зимски 2009/2010	1,8
	- Енергетски преобразувачи 2 (3ч.), летен 2009/2010	1,8
	- Енергетски преобразувачи 1 (3ч.), зимски 2010/2011	1,8
	- Енергетски преобразувачи (3ч.), зимски 2010/2011	1,8
	- Микромашини (3ч.), зимски 2010/2011	1,8
	Учесник во работилниици организирани од ФЕИТ, Фондацијата Willy Brant и други институции: - „Технички и економски аспекти на искористување на ОИЕ", ФЕИТ, ноември 2008, тема: Искористување на потенцијалот на ветрот за производство на електрична енергија во Македонија; - Renewable energy - a necessary alternative for the part of the potential conventional energy sources ", тема: Искористување на енергијата на ветрот во Европа и светот со осврт на состојбата во Р. Македонија, ФЕИТ, ноември 2009. - Семинар Обновливи извори на енергија организиран од ФЕИТ - ЕЕСТЕК, тема: Wind energy exploitation, мај, 2011 год.; - Семинар организиран од Агенцијата за енергетика на РМ во рамките на проектот „Енергетска ефикасност и обновливост - енергетска политика за подршка на лојкално ниво (ENER SUPPLY), работна активност „Тренинг на јавната администрација во областа на обновливи изворина енергија и енергетска ефикасност", обука на тема: „Искористување на енергијата на ветрот", Скопје, октомври 2011.	4
9	**Ментор на дипломска работа (21)**	**4,2**
10	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (34)**	**3,4**
11	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (7)**	**2,1**
12	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација труд (3)**	**1,5**
	ВКУПНО	***90,964***

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

	Назив на активноста	Поени
1	**Ментор на магистерска работа (6)**	**18**
2	**Учесник во меѓународен научен проект**	**5**
	Tempus Project No: CD_JEP-41085-2006 JOINT ADVANCED DOCTORAL DEGREE IN ENERGY SYSTEMS (JADES)	5
3	**Раководител на национален научен проект**	**12**
	В. Стоилков и др.: „Рационално ескористување на електричната енергија со примена на интелигентна e-bus техмологија во деловно-индустриски објекти“, развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, Скопје, 2008	6
	В. Стоилков и др.: „Развој на методологии за избор на ветрогенераторски системи и примена во комплексни терени во Република Македонија“, научно-истражувачки проект финансиран од Факултетот за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2011-12	6
4	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (фактори 1,0; 0,8; 0,6 x 6 б.)**	**3,6**
	V. Dimcev, K. Najdenkoski, V. Stoilkov and Z. Kokolanski: "Wind Energy Assesment in Republic of Macedonia",, Journal of Energy and Power Engineering. ISSN 1934-8975, Vol. 5, Number 4, April 2011, pp 324-330	3,6
5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (фактори 1,0; 0,9; 0,8; 0,6 x 3 б.)**	**16,8**
	Vlatko Stoilkov: "The EMC/EMF Intrusion Assessment of Wind Generators",SAEM 2008 – The Second Symposium on Applied Electromagnetics& PTZE'08 – XVIII Symposium PTZE, Zamość, Poland, June 1-4, 2008	3
	P. Naumovski, G. Rafajlovski, V. Stoilkov, Compensation of Dead-time for Voltage Source Inverters, SAEM 2008 – The Second Symposium on Applied Electromagnetics& PTZE'08 – XVIII Symposium PTZE, Zamość, Poland, June 1-4, 2008	1,8
	S.Vitanova, V. Stoilkov and V, Dimcev: Comparing SCIG and DFIG for Wind Generating Conditions in Macedonia, International Conference on Renewable Energy and Power Quality - ICREPQ2011, Las Palmas, Spain, April 2011	2,4
	V. Stoilkov, D. Dimitrov, M. Stankovski and H. Spaseska: Development of Multifunctional Platform for Education, Research and Promotion of Renewable Energy Sources, International Conference on Renewable Energy and Power Quality - ICREPQ2011, Las Palmas, Spain, March 2012	1,8
	D. Dimitrov, V. Stoilkov, and A. Iliev: Solar Energy Laboratory: Summary of Ten Years Continuous Experiences, International Conference on Renewable Energy and Power Quality - ICREPQ2011, Las Palmas, Spain, March 2012	2,4
	V. Stoilkov and S. Parizoski: Exploring the Biogas Potential of Diary Farms for Energy Conversion Applications, The 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems – SDEWES Conference - Ohrid 2012	2,7
	S. Parizoski and V. Stoilkov: Design and Optimization of a Hybid Wind-Photovoltaic Stand Alone System for Tunnel Lighting, The 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems – SDEWES Conference - Ohrid 2012	2,7

6	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (фактори 1,0; 0,8; 0,6 x 2 б.)**	**4,8**
	Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски, Гога Цветковски: Регулација на моќноста во вветрогенераторските системи, МАКО-СИГРЕ, октомври 2007	1,6
	Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски: Анализа на параметри за избор на генератори наменети за ветрогенераторски системи, Конференција МАКО-СИГРЕ, октомври 2009	1,6
	Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски: Трендови во развојот на ветрогенераторите и перспективи на нивната примена во Македонија, Конференција МАКО-СИГРЕ, октомври 2011	1,6
	ВКУПНО	***60,2***

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Р.бр.	Назив на активноста	Поени
1	Студија	**2,00**
	Учесник во студијата EGE/GC/2008/031 National Case Study - Macedonia, Financing Energy Efficiency Investments for Climate Change Mitigation, работни пакети: 1. Energy Efficiency in the Building Sector in the Republic of Macedonia и 2. Detailed Overview for Energy Profile of Republic of Macedonia, 3. Case Study for Introducing Energy Efficiency in the Building Sector in The Republic of Macedonia носители AEPM и UNECE - Економска комисија на ОН за Европа, 2010.	1
	Учесник во студијата „Анализа на можно производство на електрична енергија на локацијата Кантон, с. Ќоселари, о. Лозово, 2011	1
2	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**	**19,00**
	Влатко Стоилков: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на високонапонски асинхрон мотор со моќност 2500 HP, напон 6 kV во ФЕНИ ИНДУСТРИ-Кавадарци на 24. 7.2011, Скопје, 2011 год.	1
	Влатко Стоилков: Елаборат за процена и експертиза за настаната штета на мотор команден центар во ФЕНИ ИНДУСТРИ-Кавадарци на 24.7.2011, Скопје, 2011 год.	1
	Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски, Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за состојбата на изолациониот систем на високонапонски синхрон мотор со моќност 5000 HP, напон 6 kV во Рудник Бучим, јули 2011 год.	1
	Влатко Стоилков: Стручно мислење за сообразност на ножести осигурувачи со стандардот IEC 60269-1, точка 8.5.8, експертиза за потребите на ЕВН Македонија, Скопје, 2011 год.	1
	Крсте Најденкоски, Влатко Стоилков, Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за состојбата на енергетските трансформатори инсталирани во АД ЕЛЕМ - Подружница „Енергетика“, Енергетски трансформатор ТР-6, Скопје, 2011 год.	1
	Влатко Стоилков, Крсте Најденкоски, Михаил Дигаловски: Елаборат за профилактички испитувања на трансформатор во ДСУГС „Михајло Пупин“, Скопје, 2011 год.	1
	Влатко Стоилков, Владимир Димчев, Крсте Најденкоски, Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за состојбата на изолациониот систем на високонапонски синхрон мотор со моќност 5000 HP, напон 6 kV во Рудник Бучим, јули 2011 год.	1
	Крсте Најденкоски, Влатко Стоилков, Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за состојбата на енергетските трансформатори инсталирани во АД ЕЛЕМ - Подружница „Рудник Суводол“, Битола, 2011 год.	1
	Крсте Најденкоски, Влатко Стоилков, Михаил Дигаловски: Елаборат за состојбата на енергетските трансформатори инсталирани во ТС 110/6 kV “ТИТАН“ Цементарница Усје, Скопје, 2011 год.	1
	Крсте Најденкоски, Влатко Стоилков, Михаил Дигаловски: Контролни тестирања на енергетските трансформатори инсталирани во подружница РЕК „Осломеј“: трансформатори БТ-1, БТ-2 и АТ-1, Кичево, 2010 год.	1
	Крсте Најденкоски, Влатко Стоилков, Михаил Дигаловски: Испитен елаборат за состојбата на енергетските трансформатори инсталирани во АД ЕЛЕМ - Подружница „Глобочица“, ХЕЦ Глобочица, 2010 год.	1

	К.Најденкоски, В.Стоилков, М.Дигаловски, "Контролни тестирања на енергетски трансформатори 3Т, 13Т и 02Т во АД ЕЛЕМ, РЕК Битола", АД ЕЛЕМ - Подружница РЕК Битола, 2010.	1
	В. Стоилков: Ревизија на проектна документација - Проект на соларна електрана Челзи Солар 50 kW, локација Пехчево, 2012.	1
	В. Стоилков: Ревизија на проектна документација - Проект на соларна електрана Пантер МИС 36 kW, локација Скопје, 2012.	1
	М. Чундев, В. Стоилков: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: ETNP 2500 – 36/21/0,42, за потребите на АД ЕМО - Охрид, декември 2008.	1
	М. Чундев, В. Стоилков: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: ETNP 10000 – 35 (21)/10,5, за потребите на АД ЕМО - Охрид, декември 2008.	1
	М. Чундев, В. Стоилков: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: ETNP 8000 – 35/21(10,5), за потребите на АД ЕМО - Охрид, април 2010.	1
	М. Чундев, В. Стоилков: Елаборат за измерено ниво на бучава за трансформатор: ETN 630 – 20/0,42, за потребите на АД ЕМО - Охрид, 2008.	1
	С. Мирчевски, В. Стоилков: Ревизија на техничка документација по изработен проект за реконструкција на лифтови за потребите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2011	1
3	**Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот (x 0,5)**	**3,00**
	Одбележување на 50-годишниот јубилеј на ФЕИТ	0,5
	Промоција на Факултетот кај стопански субјекти и јавни институции (АД ЕЛЕМ, ЕВН Македонија, АД МЕПСО, Регулаторна комисија на РМ, Агенција за енергетика на РМ)	2,5
4	**Превод - дел од книга**	**1,00**
	A. E. Fitzgerald, C. Kingsley Jr, S.D. Umans: Electric Machinery, Sixth edition, Mc Graw Hill, 2003	1
Дејности од поширок интерес		
5	**Продекан за финансии и соработка со стопанството**	**4,00**
6	**Раководител на внатрешна организациска единица – в.д. директор на Центар за трансфер на технологија**	**3,00**
7	**Член на организационен одбор на научен собир**	**1,00**
	EPE-PEMC 2010	0,5
	EEUG 2011	0,5
8	**Член на меѓународна асоцијација која поддржува / организира научноистражувачка дејност (IEEE R8 Комитет, VCF-координатор)**	**2,00**
9	**Изготвување и пријавување на научен/ образовен национален проект**	**1,50**
	Носител (1)	1
	Соработник (1)	0,5
10	**Изготвување и пријавување на научен/ образовен меѓународен проект**	**1,00**
	Соработник (1)	1
11	**Член на факултетски комисии** (8 x 0,5)	**4,00**
12	**Член на комисија за избор во звање**	**0,60**
	- д-р Крсте Најденкоски, вонр. професор	0,2
	- м-р Михаил Дигаловски, демонстратор (2 x 0,2)	0,4

13	**Учество во комисии и тела во државни и други органи**	**4,00**
	Член на Работна група за следење ан процесот на набавка, изработка, инсталација, монтажа, испитување и пуштање во работа на опремата и инсталациите предвидени во основните проекти од сценско-технолошките системи за потребите на објектот „Стар театар - Скопје“, за потребите на Министерство за култура на РМ, 2009 – тековно	1
	Член на Работна група за следење на процесот на набавка, изработка, инсталација, монтажа, испитување и пуштање во работа на опремата и инсталациите предвидени во основните проекти од сценско-технолошките системи за потребите на објектот „Театар Цинот - Велес“, за потребите на Министерство за култура на РМ, 2011 – тековно	1
	Член на второстепена комисија за жалби при КОАОИ на РМ	1
	Учество во својство на експерт во Комисија за техничка евалуација за Модернизација на агрегатите во ТЕЦ Битола назначен од вицепремерот на Владата на РМ, 2009 год.	1
	ВКУПНО	***46,10***

Збирен преглед:	
Наставно-образовна дејност	***90,96***
Научноистражувачка дејност	***60,20***
Стручно-апликативна дејност	***46,10***
ВКУПНО	***197,26***

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милан Чундев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Лидија Петковска, член, с.р.
3. Проф. д-р Миле Станковски, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ЕФЕКТИ ОД ИНТЕГРИРАНИТЕ РЕФОРМИ ВО МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА",

ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-р Љубиша Митевски, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа н а член 113 , став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-1103/2 од 5.4.2012, донесена на седницата одржана на 30.3.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **ЕФЕКТИ ОД ИНТЕГРИРАНИТЕ РЕФОРМИ ВО МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** поднесена од кандидатот м-р Љубиша Митевски. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација содржи вкупно 318 страници, а користени се 122 библиографски единици, и тоа литература од областа на општествените науки, вклучувајќи ги маркетингот, комуникациите, медиумите и дела од областа на поштенските услуги. Користена е литература од домашни и странски автори, од книги, списанија, електронски публикации и материјал од широк спектар на електронски бази на податоци и библиотеки. Дисертацијата вклучува вовед, четири глави, заклучок и анекс на преглед на слики, табели и графикони според глави и потточки.

Материјалот од докторскиот труд е презентиран на следниов начин:

Во воведниот дел се прикажани актуелноста на темата на трудот и потребата од нејзино истражување, во кој се опфатени предметот и целите на истражувањето, како и методологијата на истражувањето.

Во првата глава од трудот со наслов ***Интегрирани маркетинг-комуникации*** се презентирани поимите и значењето на маркетинг -комуникациите за компаниите. Воедно, во трудот детално се разработени улогата и значењето на маркетинг -комуникациите од аспект на компаниите и потрошувачите.

Концептот на интегрирани маркетинг -комуникации претставува процес на испраќање и на прием на пораки и информации, со цел да се воспостави траен и континуиран однос со сегашните и со потенцијалните потрошувачи. Концептот се заснова врз поврзување на сите видови комуникации со потрошувачите. Комуникациите секогаш почнуваат со потрошувачите, со градење непосредна комуникација со нив, со креирање двонасочна комуникација. Програмата на маркетинг-комуникациите вклучува три елементи, и тоа: инструменти, порака и медиуми. Преку комбинирање на инструментите се овозможува остварување на ефикасен систем за комуницирање и соодветно влијание врз потрошувачите во процесот на донесувањето одлуки за купување.

Во овој дел од докторската дисертација се разработени основните видови средства на интегрираните маркетинг-комуникации, што маркетинг -менаџерите можат да ги комбинираат со цел да се оствари успешна долгорочна комуникација со целните потрошувачи. Исто така, во оваа глава е претставен процесот на маркетинг -комуникациите, кој е дефиниран како процес на испраќање и на прием на пораки и информации, каде што поштенските услуги претставуваат дел од тој процес, особено во делот на пренесувањето на пораките од испраќачот до потрошувачите и обратно.

За компаниите од особено значење претставуваат разработувањето и имплементацијата на фазите во маркетинг -комуникациите со своите потрошувачи. За таа цел, разработени се фазите во процесот на маркетинг -комуникациите, и тоа: идентификување на целниот аудиториум, определување на целите на комуницирањето, креирање на пораката за комуницирање, избор на каналот на комуницирањето, утврдување на вкупниот буџет на промоцијата, донесување одлуки за промотивниот микс, мерење на резултатите од промоцијата и управување и координација на процесот на маркетинг -комуницирањето.

Воедно, во оваа глава се презентирани карактеристиките на поштенскиот сектор во Република Македонија, со посебен осврт врз националниот поштенски оператор како давател на универзална поштенска услуга во Република Македонија. Исто така, во ова поглавје се презентирани резултатите од истражувањата на пазарот за задоволството на корисниците од поштенските услуги. Со цел да утврди состојбата во врска со обезбедувањето на поштенските услуги, направено е истражување на поштенските оператори што се регистрирани за обезбедување поштенски услуги.

Во ова поглавје од трудот анализирани се состојбите и маркетинг -комуникациите во земјите -членки на ЕУ и нивниот иден планиран развој со осврт врз писмоносните услуги, услугите поврзани со достава на печатените материјали и пакетите заедно со експресните услуги, како поштенски услуги преку кои се одвива процесот на комуникациите на пазарот во земјите на ЕУ. Исто така, презентирана е и еволуцијата на европската легислатива преку донесувањето на европските поштенски директиви преку кои се одвиваат реформите во комуникациите во поштенскиот сектор на пазарот во Европа. На крајот од ова поглавје изнесени се заклучни согледувања, како и можните закани за

имплементацијата на реформите во маркетинг-комуникациите на пазарот на поштенски услуги во европските земји.

Во втората глава од овој труд со наслов ***Дефинирање на концептот и стратегиите за реформи во маркетинг –комуникациите преку поштенските услуги***, претставен е концептот преку кој ќе се имплементира реформскиот процес со предвидените стратегии на национално ниво.

Реформите во поштенскиот сектор опфаќаат реформи по вертикална и хоризонтална основа. Вертикалните поштенски реформи се однесуваат на реформи кои се засноваат на политиката за поштенскиот сектор која ја донесуваат соодветните владини институции, преку грижата за спроведување на националната поштенска регулатива и заштита на правата на корисниците од страна на националното регулаторно тело и на крајот поштенските оператори како учесници на пазарот кои ги обезбедуваат поштенските услуги. Поштенскиот сектор, во национални рамки, подлежи на национална поштенска регулатива која ги регулира поштенските услуги со цел за заштита на правата на корисниците и овозможува еднакви услови за обезбедување на поштенските услуги за сите поштенски оператори, заштита од нелојална конкуренција и либерализирање на пазарот на поштенски услуги. Токму од овие причини, клучна и појдовна фаза во поштенските реформи претставува националната политика за поштенскиот сектор.

Процесот на поштенските реформи се состои од интегрирани реформски активности во областа на поштенската политика, односно националната стратегија за развој на поштенските услуги, регулација на пазарот на поштенски услуги и модернизација на поштенските оператори.

За успешно спроведување на поштенските реформи клучен документ претставува изработката на развоен национален план за имплементација на поштенски реформи. Развојниот план за поштенските реформи ги содржи следниве елементи:

- поштенскиот сектор и националниот развој;
- Процесот на поштенски реформи.

Клучни компоненти на поштенскиот пазар во Република Македонија поврзани со маркетинг -комуникациите се:

- универзалната поштенска услуга и услугите на слободниот поштенски пазар – дефинирање и имплементација;
- политиката на поштенскиот сектор – преку креирање на стратешки цели за развојот на поштенскиот пазар;
- Законот за поштенски услуги и подзаконски прописи– како регулатива за обезбедување на поштенските услуги и грижа за нејзина примена од страна на Агенцијата за пошти;
- поштенските оператори – Македонска пошта како давател на универзална услуга во Република Македонија.

Клучните компоненти на реформите во поштенскиот сектор поврзани со маркетинг –комуникациите се однесуваат на:

1) реформи во делот на либерализацијата на поштенските услуги;
2) реформи во делот на либерализацијата на поштенскиот пазар во Република Македонија преку создавање на услови за влез на конкуренција во обезбедувањето на поштенските услуги;
3) реформи во областа на политиката на поштенскиот сектор во Република Македонија преку креирање на соодветна стратегија за развој на поштенските услуги во Република Македонија;
4) врз основа на претходните компоненти, изготвување на соодветна законска регулатива во која ќе бидат вградени насоките од претходните компоненти;
5) последна компонента од реформите се однесува на соодветните реформи во давателот на универзалната поштенска услуга имајќи го предвид доминантното учество во обезбедување на поштенските услуги на пазарот во Република Македонија.

Исто така, предвидени се и основните стратегии за реформите во поштенскиот пазар на Република Македонија во делот на комуникациите со посебен осврт врз временската динамика на либерализација на поштенскиот пазар во РМ. Воедно, со реформите се предвидуваат и паралелни процеси на реформи и на националниот поштенски оператор како доминантен обезбедувач на поштенски услуги на пазарот во Републикава со најголемо учество. Исто така, како дел од регулативните активности, претставено е националното независно регулаторно тело со своите надлежности и со стратешките определби при регулирањето на пазарот во Република Македонија.

Во третата глава од овој труд со наслов ***Имплементирање на реформите во поштенскиот услуги поврзани со маркетинг - комуникации***, презентирани се потребите од воведување реформи во маркетинг -комуникациите во поштенскиот сектор во Република Македонија, со осврт врз презентираните карактеристики на поштенскиот пазар во РМ, на давателот на универзалната поштенска услуга, односно Македонска пошта, како и врз основа на потребата за усогласување на националната легислатива со поштенските легислативи во ЕУ. Во оваа глава е презентиран планот на имплементирање на поштенските реформи, како и влијанието на реформите врз корисниците во комуникациите во поштенскиот сектор. Воедно презентиран е концептот преку кој треба да се одвиваат реформите во маркетинг-комуникациите во поштенскиот сектор во Република Македонија

Имплементирањето на реформите во поштенскиот сектор претставува сложен и комплициран процес во кој е неопходно однапред дизајнирање на активностите кај носителите на поодделните компоненти на поштенските реформи. Реформите во поштенскиот сектор претставуваат процес кој континуирано се одвива на национално, регионално и на светско ниво. Националните реформски процеси треба да се инкорпорираат во реформските процеси на регионално и на светско ниво.

Реформските процеси во поштенскиот сектор во Република Македонија паралелно треба да се одвиваат со европските поштенски реформи. Европските поштенски реформи се однесуваат на конкретни мерки за имплементација со цел да се постигнат идентификуваните цели на поштенската политика, а тоа се:

- воспоставување на сет од универзални услуги;
- развој на дефиницијата за универзалната и резервираната услуга;
- воспоставување на посебни оперативни и регулаторни функции;
- дефинирање на обврските кои произлегуваат од универзалната услуга за обезбедувачите на поштенските услуги;
- соодветна хармонизација на бенефициите за корисниците (во однос на условите за пристап, стандардите на услугите и следење на извршувањето).

Реформите во поштенскиот сектор во земјите-членки на ЕУ се имплементираат преку поштенските директиви кои дефинираат три клучни елементи, и тоа:

1. правила за обезбедување на универзалната поштенска услуга (вклучуваат правила за интероперативност и базичните барања кои се однесуваат за сите поштенски оператори за обезбедување на универзалната поштенска услуга со зголемување на условите за конкуренцијата);
2. постепено отворање на поштенскиот пазар со крајна цел за укинување на резервираната област и развој на конкуренцијата (генерално укинување на системот за издавање на овластувања и лиценци);
3. барања поврзани со воспоставување на независно регулаторно тело.

Имплементирањето на реформите во поштенскиот сектор претставува сложен и комплициран процес во кој е неопходно однапред дизајнирање на активностите кај носителите на поодделните компоненти на поштенските реформи. Како носители, односно учесници во реформите во поштенските реформи во Република Македонија се: Владата на Република Македонија преку соодветното министерство надлежно за поштенските услуги, националното регулаторно тело задолжено за спроведување на законската регулатива на пазарот на поштенски услуги и поштенските оператори како обезбедувачи на поштенски услуги со осврт на доминантниот поштенски оператор. За успешно имплементирање на целите од реформите во поштенскиот сектор поврзани со маркетинг-комуникациите потребно е интегрирање на реформските процеси кај сите учесници во процесот на реформите.

Планот на имплементација на реформите во поштенскиот сектор е поврзан со динамиката за либерализација на поштенскиот пазар во Република Македонија. Со Законот за поштенски услуги од 2010 год. предвидено е динамиката на постепена либерализација да заврши со целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги до крајот на 2014 год. Периодот до крајот на 2014 год. претставува период на имплементирање на реформите во поштенските услуги поврзани со маркетинг -комуникациите. Во рамките на своите надлежности, сите носителите на реформите во поштенскиот сектор се инкорпорирани во планот за имплементација на реформскиот процес.

Во четвртата глава на овој труд со наслов ***Ефекти во маркетинг - комуникациите преку реформите во поштенскиот сектор,*** обработени се очекуваните ефекти од реформите во поштенскиот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз процесот на комуникации. Имајќи го предвид повеќекратното значење на ефектите, во оваа глава се презентирани и ефектите во економските процеси во Република Македонија, ефектите кај давателот на универзалната поштенска услуга и ефектите кај поштенските оператори на пазарот во Република Македонија. Воедно, презентирано е задоволството на корисниците од новите потреби во процесот на комуникации кои се обезбедуваат преку поштенските услуги.

Ефектите од реформите во поштенскиот сектор во Република Македонија се повеќекратни, и тоа:

1. ефекти на национално ниво, кои се однесуваат на: право на пристап до поштенските комуникации, поддршка на националниот развој, инструмент на државата, и правен кодекс на поштенските активности;
2. економско социјални ефекти, преку ефекти во економските и социјалните процеси;
3. ефекти во интегрираните маркетинг -комуникации, преку: обезбедување на ефикасен, квалитетен и сигурен процес на пораките во маркетинг – комуникациите, постигнување на конкурентни цени, развој на средствата за маркетинг-комуникации, посебно во комуникациите преку директниот маркетинг, особено преку обезбедување на директна пошта, обезбедување и ажурирање на база на податоци за корисниците, нарачката на производи преку пошта и други дополнителни услуги и задоволување на потребите на корисниците во процесот на маркетинг -комуникации преку поштенскиот сектор;
4. ефекти во поштенскиот сектор, кои се однесуваат на ефектите поврзани со услугите на пазарот на комуникација, пакетските услуги, дистрибутивните услуги и поштенско финансиските услуги.

2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Програмата на интегрираната маркетинг -комуникација подразбира координација на инструментите, утврдување на цели кои треба да се постигнат со заедничко дејствување на инструменти, определување на буџет кој ќе биде доволен да го поддржи остварувањето на поставените цели, дизајнирање на специјални програми за остварување на целите, проценка на резултатите и преземање на корективни акции кога резултатите не се во согласност со поставените цели. Во практиката, многу е тешко да се обезбедат интегрирани активности во маркетинг-комуникациите, меѓутоа доколку се постигне интеграцијата, ефектите од маркетинг -комуникацијата се многубројни и големи.

Поштенските услуги како физичко пренесување на пораките и информациите има важна улога во процесот на маркетинг -комуникациите.

Посебно во директната пошта, како еден од елементите на директниот маркетинг, преку која компаниите воспоставуваат директна лична комуникација со своите сегашни и потенцијални потрошувачи. Поштата преку поштенските услуги претставува посредник на разни видови пропагандни пораки.

Врз основа на показателите за квалитетот на извршување на пазарот на поштенските услуги во земјите-членки на Унијата може да се констатира дека поштенските услуги во Република Македонија не се на нивото на обезбедување какво што е во останатите земји.

Целите на реформите се однесуваат на воспоставување ефикасни маркетинг-комуникации преку поштенскиот сектор во Република Македонија притоа земајќи ги предвид европските стандарди и трендови во областа на поштенскиот сектор.

Еволуционите процеси во маркетинг-комуникациите во делот на поштенските услуги во земјите-членки на ЕУ покажуваат дека писмоносните пратки, директната пошта, експресните пратки и пакетите имаат тенденција на постојано зголемување, особено во новопримените, односно во источноевропските земји-членки на Унијата. Целите на реформите во поштенскиот сектор, пред сè, се однесуваат на обврските за подобрување на квалитетот на поштенските услуги во согласност со потребите на корисниците. Реформите во поштенскиот сектор на пазарот во ЕУ се имплементираат преку донесување на поштенските директиви и обврската за имплементација од страна на земјите-членки на Унијата. Поштенските директиви се имплементираат во зависност од економските услови во националните економии во земјите на ЕУ. Регулирањето на поштенскиот пазар се обезбедува преку концептот на универзалната поштенска услуга. Универзалната поштенска услуга претставува опсег на поштенски услуги достапен за сите корисници под еднакви услови, кој се обезбедува на целата територија под пристапни цени за сите корисници и со определен квалитет на услугите. Овој концепт е прифатен и е во примена на регионалниот поштенски пазар како што е пазарот на поштенски услуги во ЕУ и светскиот поштенски пазар со различни нивоа на имплементација. Концептот на универзалната поштенска услуга како услуга од јавен интерес и од национален карактер не е статичен концепт, туку претставува динамичен концепт кој постојано ги следи потребите на корисниците преку воспоставувањето услови за влез на конкуренцијата во поштенскиот сектор. Влезот на конкуренцијата во поштенскиот сектор се воспоставува преку постепената либерализација на поштенскиот сектор, со услуги кои се слободни на пазарот и кои можат да се нудат подеднакво од страна на сите поштенски оператори.

Политиката на поштенскиот сектор во Република Македонија ја креира Владата на Република Македонија преку соодветното министерство, преку Стратегијата за развој на поштенските услуги. Имплементацијата на поштенската стратегија и регулативата на поштенскиот пазар ја спроведува Агенцијата за пошти како независно регулативно тело.

Стратегијата за развој на поштенските услуги ги предвидува основните насоки за развој на поштенските услуги во Република Македонија. Основни стратешки цели во развој на поштенските услуги се: обезбедување квалитетни поштенски услуги на целата територија на Република Македонија по пристапни цени за сите граѓани и воспоставување на динамиката на временската рамка во која треба да се воспостави целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги.

Имајќи ја предвид актуелноста на проблематиката во поштенскиот сектор, во овој труд се презентира концептот на реформите преку дефинирање стратегии за постигнување ефекти во маркетинг - комуникациите. Концептот на реформите се заснова врз основа на анализи на пазарот на поштенски услуги, врз анализа на регулативната рамка и анализа на тековното работење на поштенските оператори.

Дефинирањето на стратешките цели е извршена врз основа на анализа на пазарот на комуникациите преку поштенскиот сектор во Република Македонија. Предвидените ефекти со исполнување на стратешките цели, пред сè, зависат од степенот на интегрираното ниво на поштенскиот сектор, во рамките на националната политика и реформите што треба да се имплементираат пред националниот поштенски оператор, односно националниот поштенски оператор како доминантен оператор на поштенски услуги во Република Македонија.

Основните насоки за развојот на поштенскиот сектор во Република Македонија се предвидуваат во Стратегија за развој на поштенските услуги на пазарот во Република Македонија.

Процесот на реформи, во основа, се состои од реформи во процесот на институционално регулирање и организација на пазарот на поштенски услуги. Во целина, процесот на предвидените реформи треба да се насочи кон зајакнување на капацитетите, автономија на јавната поштенска мрежа и институцијално зајакнување на капацитетите на националното регулаторно тело.

За спроведување на поштенските реформи потребно се инвестициони вложувања од страна на носителите на реформите, особено во делот на одржување, зголемување и модернизацијата на јавната поштенска мрежа каде што се потребни капитални инвестиции. Имајќи предвид дека поштенската мрежа претставува инфраструктура во обезбедувањето на поштенските услуги на сите поштенски оператори, најголемите инвестиции ќе се реализираат во овој сегмент.

Контролата и ревизијата на целокупниот процес на реформите во маркетинг-комуникациите преку поштенските услуги ќе се обезбедуваат преку национално координативно тело. Националното координативно тело ќе биде составено од претставници од сите носители во процесот на реформи. Главни цели на ова координативно тело би биле:

- контрола и ревизија на имплементацијата на процесот на поштенските реформи;

- координација меѓу носителите на процесот и владините институции;
- асистенција при изнаоѓањето на финансиски извори потребни за исполнување на стратешките цели на носителите;
- и други активности поврзани со процесот на реформите.

Комисијата за оцена на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатот м-р Љубиша Митевски успешно ги истражил сите аспекти на обработената тема при што на крај предлага формирање на Национално координативно тело кое ќе има задача да ја следи имплементацијата на поштенските реформи и да дава свој придонес во неа.

Текстот на докторската дисертација е прецизен и јасен. Дисертацијата содржи квалитетно изработени графикони и прилози кои обезбедуваат детален приказ на обработената проблематика.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација констатира дека дисертацијата на кандидатот м-р Љубиша Митевски содржи уникатни сознанија и успешно ги остварува поставените цели и задачи.

ПРЕДЛОГ

Врз ос нова на нашата оцена за содржината и квалитетот на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

- да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот **м-р Љубиша Митевски** на тема: **ЕФЕКТИ ОД ИНТЕГРИРАНИТЕ РЕФОРМИ ВО МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

е успешно изработена;

- да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, април 2012

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА:

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.
Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.
Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, с.р.
Проф. д-р Татјана П. Мирчевска, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ДВА НАУЧНИ СОРАБОТНИКА ПО ПРЕДМЕТОТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и бр.26/09, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ на својата XII редовна седница одржана на 15. 3 2012 година, донесе решение за избор на 2 НАУЧНИ СОРАБОТНИЦИ по предметот НЕВРОЛОГИЈА во согласност со конкурсот од 22. 2 2012 година објавен во дневниот весник "Дневник". Формирана е **РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА** во следниов состав:

1. **проф. д-р Вера Петрова, претседател**
2. **проф. д-р Сашо Стојчев, член**
3. **проф. д-р Снежана Влашки Јекиќ,член**
4. **доц. д-р Гордана Китева Тренчевска, член**
5. **проф. д-р Спасе Јовковски, член**

За избор на 2 научни соработници по предметот НЕВРОЛОГИЈА се пријавиле: ас. д-р Емилија Цветковска и ас. д-р Арбен Таравари.
По прегледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Ас. д-р Емилија Цветковска

Биографски податоци

Ас. д-р Емилија Цветковска е родена на 11 9 1968 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1987 година се запишала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломирала во 1993 година, со среден успех 9,3. Од 1996 до 2000 година специјализирала неврологија при Клиниката за

неврологија, а специјалистичкиот успех го положила во 2000 година. Во 2002 година кандидатката магистрирала на истиот Факултет со темата: "Ефектите на карбамазепинот на базичната мозочна активност кај пациенти со епилепсија". Во 2011 година докторирала од областа неврологија со темата: "Клиничко-неврофизиолошка и генетска студија кај пациенти со јувенилна миоклонусна епилепсија".

За време на својата специјализација д-р Цветковска остварила стручни престои во Клиничкиот центар во Љубљана (Словенија), Националната болница по неврологија во Лондон (Велика Британија), Универзитетската болница во Тулуз (Франција), Универзитетската болница во Упсала (Шведска) и во Универзитетската болница во Турку (Финска).

Во својата работа д-р Цветковска учествувала во неколку клинички студии: од 1995 до1998 во Клиничката студија за карбамазепин врз базичната активност на пациентите со епилепсија, поддржана од Министерството за наука на РК; 2001-2002, Клиничка студија за ефектите на ламотригинот врз контролата на нападите и ЕЕГ како моно- и дополнителна терапија кај пациенти со различни типови на епилепсии и епилептични синдроми, Глаксо-Смит-Клајн; 2004-2005, Клиничка студија за ефектите на ламотригин врз когнитивно-бихејвиоралниот статус кај пациенти со епилепсија, Алкалоид-Скопје; 2005-2009 година, Студија за електричните невронални осцилации и когнитивните функции, МАНУ Скопје COST EU; 2004 година, Европски проект за ефектите на антиепилептичните лекови во бременоста.

Д-р Цветковска членува во неколку професионални здруженија и асоцијации: Лига за борба против епилепсија на РТ (како потпретседател), Интернационална лига за борба против епилепсија, Светско здружение за неврологија.

Уредник е на списанието "Епилепсија" (официјално списание на Лигата против епилепсија на РМ).

Кандидатката одлично зборува англиски јазик.

Д-р Цветковска е раководител на Одделот за епилепсии и асистент на Медицинскиот факултет по предметот неврологија.

Трудовите од 1 до 34 се рецензирани во билтените бр. 664/96, 796/2002, 829/2—3 и 914/2007.

За избор во звањето научен соработник, кандидатката ги поднесе следниве трудови:

35. Cvetkovska E, Panov S. (2011) Possible genetic anticipation in families with idiopathic generalized epilepsy. Epileptic Disord. 13(2):150-4.
Идиопатски, генерализирани епилепсии (ИГЕ) сочинуваат скоро една третина од сите епилепсии. ИГЕ се манифестираат со апсанси, миоклонични грчеви, и генерализирани тонично клонични напади, било сами или во променливи комбинации, и имаат силна генетска заднина. Во трудот се презентирани 2-3 фамилии со пробанди со јувенилна миоклонична епилепсија (JME) и други афектирани фамилијарни членови

со различни форми на ИГЕ кај кои се регистрира феноменот на генетската антиципација, т.е. прогресивно намалување на возраста на започнување на болеста со секоја следна генерација.

36. Cvetkovska E, Vasilevska K, Panov S, Vaskov T, Kuzmanovski I. (2010) Are there any clinical and EEG features associated with occurrence of executive dysfunctions in patients with JME? Prilozi. 31(1):327-37.

Целта на трудот е да се одреди возможната врска меѓу различните клинички и електроенцефалографски (ЕЕГ) особини и извршните функции кај пациенти со јувенилна миоклонична епилепсија (JME), т.е. да се одреди дали полот, возраст, траењето, апсансите, клиничките асимптоматски напади, асиметрија на или фокалноста на епилептиформната активност во ЕЕГ, бавната активност на ЕЕГ и фамилијарните настани се поврзани со фронталната дисфункција кај пациентите со JME. Дваесет и осум пациенти (17 жени и 11 мажи), на средна возраст – 22 години, биле запишани во студијата. Извршните функции биле проценети со Wisconsin Card Sorting Test (WCST).

37. Cvetkovska E, Petrov I. (2010): Therapy of epilepsy: mechanisms of action of antiepileptic drugs. Epilepsy; 37/38: 94-96.

Реферирани се повеќе фактори кои се однесуваат на самиот пациент, типот на напади и епилепсија, како и лекот, а кои влијаат врз изборот на антиепилептичната терапија. Механизмите на дејство на антиепилептичните лекови (АЕЛ) се комплексни, често мултипли и се уште непознати. Лековите дејствуваат на различни јонски канали и невротрансмитери, со што ги спречуваат и прекинуваат различните типови епилептични напади. Цврсти докази кои би го воделе клиничарот како и кога да ги аплицира и да ги комбинира АЕЛ не постојат, а актуелните препораки во голема мера се емпириски. Сепак, познавањето на механизмите на дејството на АЕЛ е неопходно за правилен и современ фармаколошки третман на епилепсиите.

38. Petrov I, Gorgieva E, Cvetkovska E. (2010) Migraine prophylaxis therapy. Epilepsy; 37/38: 67-71.

Реферирана е лекот топирамат како широко спектрален антиконвулзив со мултипли механизми на дејство, кои може да биде ефективен во превенцијата на мигренозните главоболки. Испитувани се пациенти со дијагностицирана мигрена со или без аура според критериумите на Интернационалната асоцијација за главоболка, кои биле следени по 4 или повеќе недели со третман со топирамат. Биле вклучени 39 пациенти, 26 (66%) жени и 13 (34%) мажи, на возраст од 18 до 60 години. Сите пациенти биле егзаминирани со електроенцефалографија и визуелни евоцирани потенцијали. Се заклучува дека топираматот може да биде ефективен во редуцирање на фреквенцијата на умерени и тешки мигренозни напади кои не одговараат на други третмани.

39. Cepreganova-Cangovska T, Cvetkovska E, Nikodijevik D, Boskovski B.(2010) Temporal lobe epilepsy. Epilepsy; 35/36: 60-63.

Се наведува дека темпоралната епилепсија е најчеста форма на парцијална или локализирана епилепсија и се смета дека е одговорна за 60% од пациентите со епилепсија. Постојат два вида на темпорална епилепсија: епилепсија која ги афектира медијалните и интерни структури на темпоралниот лобус – медијална темпорална епилепсија, и епилепсија која ги вклучува надворешните структури на темпоралниот лобус – неокортикална темпорална епилепсија. Со помош на магнетна резонанција и електроенцефалографски снимања биле проценети 30 пациенти (18 жени и 12 мажи), на возраст од 16 до 57 години. Патолошки наоди биле регистрирани кај 75% од пациентите, 25 имале нормален наод на магнетната резонанција, додека кај 13 пациенти била најдена хипокампална склероза.
Се заклучува дека епилептогениот фокус во темпроалните епилепсии треба да биде иницијална основа за понатамошно правилно лекување, а во некои случаи за понатамошна хируршка евалуација.

40. Cvetkovska E, Vaskov T, Vasilevska K, Kuzmanovski I, Marku M. (2009): Frontal cognitive functions in patients with juvenile myoclonic epilepsy. Medicus; 12(2): 109-112.

Јувенилната миоклонична епилепсија (JME) се смета за прототип на идиопатска генерализирана епилепсија (ИГЕ), но постои повеќе зголемен неврофизиолошки, невропсихолошки и анатомски податок за попроминентен фокален доминантно фронтално инволвирање отколку други кортикални структури. Целта на трудот е да се проценат фронталните когнитивни функции кај пациентите со JME. Опфатени биле 17 пациенти со сигурна дијагноза на JME, на возраст од 14 до 37 години. Студијата траела од неколку месеци до 22 години (средина 7,8 години). Резултатите од студијата, иако ограничени во бројот на пациенти, се во согласност со поновите податоци на фронтални нарушувања кај голем број на пациенти со JME.

41. Cvetkovska E, Nikodijevic D. (2009): Myoclonic epilepsies. Epilepsy; 31/32: 57-61.

На почетокот дадена е дефиниција за миоклоничните напади кои се брзи, аритмични движња типични за моментална осветлувачка карактеристика. Најчесто афектирани се рацете, рамењата и вратот, а ако се инволвирани и нозете, тие може да предизвикаат моментално паѓање. Можат да бидат симетрични или асиметрични, а може да резултираат со флексија и екстензија. Наброени се видови на миоклонични епилепсии: миоклонични епилепсии кај новородени и во раното детство, со подгрупи: миоклонични епилепсии во доцна детска возраст и адолесценција со подгрупи; и прогресивни миоклонични епилепсии.

42. Marku-Ismaili M, Cvetkovska E, Cepreganova-Cangovska T, Adili F, Petrova V. (2009): Retrospektivna studija na upatnite dijagnozi vo laboratorijata za elektromiografija. Medicus; 11(1): 84-89.

Цел на трудот била да се направи анализа на најчестите дијагнози на упатени пациенти за електромиографско испитување. Анализирани биле сите испитаници кои биле пратени на Клиниката за неврологија во период од првите 6 месеци во 2008 година. Во студијата се вклучени 491 пациент (254 мажи и 237 жени). Возраста се движела од 6 месеци до 83 години. Најголем број од испитаниците биле со дијагноза на радикулопатии, потоа со полиневропатии, потоа полиневриопатии со различна етиологија, како и карпал тунел синдромот од другите мононевропатии.

43. Cepreganova-Cangovska T, Nikodijevic D, Cvetkovska E, Marku M, Petrovska D. (2009): Dilatation of Virchow-Robin perivascular spaces: neurologic and radiologic correlation. Epilepsy; 33/34:75-79.

Се истакнува дека периваскуларните простори прават анатомоморфолошки ентитет, т.е. Virchow-Robin-ови простори, добро проучени од страна на анатомопатолозите. Правени се анализи од микроструктури на мозочно ткиво, добиени од парчиња од дисекција, така што со тек на времето, поточно со појавата на анатомоморфолошките дијагностички методи, овој проблем постепено претставува предмет на истражувања како на радиолозите така и на невролозите. Со имејџинг-методите се прикажува присуство на течност, со исти карактеристики како и ликворот, со најчеста локализација на ниво на базалните ганглии и супкортикалната бела маса, што одговара на дилатацијата на периваскуларните простори.

Во клиничката практика откривањето на овие лакуни, исполнети со течност со слични карактеристики на ликворот, претставуваат секојдневен проблем, во нивната сигнификантност, нормална или патолошка, посебно прогностичка.

44. Cvetkovska E. (2008) Clinical and neurophysiological study of patients with juvenile myoclonic epilepsy. Acta Morphologica 5(2): 60-63.

Целта на оваа студија била да се евалуира фреквенцијата на различни типови напади и ЕЕГ-абнормалности кај пациентите со јувенилна миоклонична епилепсија (JME). Биле испитани 23 пациенти, на возраст 12-37 години (просечно 17,6 години). Миоклонични напади биле регистрирани кај сите 23 пациенти. Генерализирани тонично-клонични напади имале 21 пациент, а апсанси 7 пациенти. Кај 73,9% од ЕЕГ биле регистрирани типично билатерално синхрони избивања од шилец или полушилец/бран комплекси, а 30,4% покажале фронтопароксизмален одговор. Но, кај значителен процент од ЕЕГ (26.1%) промените биле латерализирачки или, пак, фокални.

Иако JME е добро дефиниран синдром, дијагниозата е обично задоцнета, бидејќи нападите се заменуваат со парцијални моторни или

комплексни. Кај повеќето од една четвртина од ЕЕГ се регистрираат фокални абнромалности, но тие не треба да се интерпретираат како индикации за парцијална епилепсија.

45. Risteski M, Tolevska C, Duma F, Avramovska V, Nikodijevic D, Cvetkovska E, Marku M. (2008): Intracellular signaling pathways in TSC-personal view. Epilepsy; 29/30: 47-52

Во трудот е даден личен поглед инспириран од најновото истражување на многу лаборатории во светот - сите од нив го имаат истиот императив - прашањето за целен тераписки агенс за ТСЦ. Првиот ветувачки агенс е рапамицин, кој, покрај антитуморскиот ефект, изгледа дека претставува антиконвулзивен и последователно, позитивен когнитивен ефект. Лошите новости се дека лекот е имуносупресивен агенс и неговото терапевтско дејство изчезнува веднаш по престанување на примањето. Така, подобро разбирање на сигнализирачките патишта е суштинско за изнаоѓање на каузален третман.

Вториот момент кој предизвикал авторите да го напишат трудот е магијата на мистеријата која ја носи ТСЦ. Назад во 1980-тите, се мислело дека неопластичната трансформација на најмалку две стабилни мутации врз проонкогените, потребни се два тумор супресор гени или пролиферативни гени. ТСЦ докажал дека за неопластична трансформација понекогаш е доволно само една мутација или една од копиите од некои супресор гени, како ТСЦ гените. Затоа, ТСЦ се нарекува "розета камен во онкологијата".

46. Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Cepreganova-Cangovska T. (2008): Alternatives to valproic acid in juvenile myoclonic epilepsy. Epilepsy; 29/30: 31-32.

Јувенилната миоклонична епилепсија (JME) генетски е детерминиран, вообичаено идиопатски генерализиран синдром кој претставува 5-10% од сите случаи со епилепсија. Се карактеризира со тријада миоклонични трзаи, генерализирани тонично-клонични напади и апсанси. Целта на трудот била да се процени ефикасноста на алтернативните лекови кога валпроичната киселина (ВПК), која е лек од прв ред, не дава резултат во JME. Во трудот се обработени се 23 пациенти со JME кај кои контролата на нападите била недоволна (13) или доживеале несакани ефекти (10) на ВПК, започнале со различен лек според специфичните варијабли за пациент. Опсервациониот период траел 6 месеци. Се заклучува дека кај JME-пациентите кај кои ВКП не дава резултат, ЛТГ, ЛЕВ и ТПМ од поновите антиепилептични лекови биле додадени, но не треба да се заборави дека кај и ПБ кај селектирани пациенти може да бидат корисни терапевтски агенси.

47. Ugrinska A, Cvetkovska E. (2008): Thyroid status in epilepsy patients treated with lamotrigine. Epilepsy; 29/30: 33-34.

Нарушувањата на серумските концентрации на тироидниот хормон и ТСХ предизвикани од антиепилептични лекови се опишани во литературата пред многу години. Дејството на антиепилептичните лекови од поновата генерација на тироидните функции биле истражувани помалку. Целта на трудот била да се одреди влијанието на антиепилептичната терапија со ламотригин кај епилептичните пациенти на тироидни хормони и тиротрофин серумските концентрации. Студијата вклучила 11 пациетни кои примиле ламотригин како монотерапија повеќе од една година. Ниеден од овие пациенти немале вредноси на cT4, cT3 и TSH кои не биле во нормални граници.

48. Nikodijevic D, Cvetkovska E, Petrovska-Cvetkovska D. (2008): Guidelines for treatment of patients with epilepsy. Epilepsy; 29/30: 53-55.

Дадени се насоки кои се од интерес и важност за лекарите по општа медицина, така што Американската асоцијација на невролозите (ААН) и Меѓународната лига за борба против епилепсија (ИЛАЕ) дале многу извори во создавање на насоки базирани на податоци, работејќи со новите антиепилептични лекови и хируршкиот третман на рефракторните епилепсии. Во Сиц (Шпанија) во 2006 година на 8-мата Конференција за новите АЕЛ биле прзентирани новите насоки на ИЛАЕ.
Целта на трудот била да се проценат податоците за долготрајна ефикасност и ефективност на антиепилептичните лекови како иницијална мионотерапија кај новодијагностицираните пациенти со епилепсија. Дискутирани се тековниот и идниот третман на статус епилептикус и потенцијалот за невростимулација кај рефракторните епилепсии.

49. Никодијевиќ Д., Китева Г., Кандикјан А., Кузмановски И., Цветковска Е., Вета Љ., Демерџиев М., Јотовска О., Каева М., Трајковска В., Донева А., Мојсов Б., Арсова Н., Бошкова М., Точко Т., Василева Г., Софијанов Н. Ефектите на ламотригинот – ламал во третман на различни типови епилепсии и епилептични синдроми. (2007) Epilepsy; 25/26: 29-32.

Во оваа мултицентрична студија евалуирана била ефикасноста и толерабилноста на лекот ламотригин кај пациенти со различни типови на епилептични напади. Обработени биле 99 пациенти со дијагностицирана епилепсија кои биле вклучени на ламотригин или како монотерапија или како додатна терапија. Кај пациентите биле евалуирани параметрите: лабораториски анализи, невроимејџинг-испитувања КТМ, МНР, ЕЕГ и психолошко тестирање.
Во оваа студија се заклучува дека ламотригинот се покажал како лек од избор и за монотерапија кај различни видови епилептични напади, со минимални несакани ефекти.

50. Kuzmanovska B, Nikolova-Todorova Z, Kartalov A, Mar~eska M, Stefanovski I, Cvetkovska E. Treatment of refractory status epilepticus (2007) Epilepsy; 23/24: 99-102.

Рефракторен статус епилептикус (РСЕ) е најтешка форма на статус епилептикус, кој не одговара на антиепилептична терапија од прва и втора линија и претставува висока ургентност во неврологијата. Целта на трудот била да се анализираат етиологијата, третманските стратегии и исходот од РСЕ. Направена е ретроспективна анализа на сите пациенти третирани на Единицата за интензивна нега при КАРИЛ, во периодот од 2001 до 2006 година. Обработени биле 32 пациенти (57.6% жени и 44.8 мажи), на возраст од 14 до 67 години, примени во Единицата за интензивна нега и третирани со јаки анестетици и механичка вентилација. Наведено е дека 29 пациенти ја преживеале епизодата на РСЕ: 2 пациенти умреле, а 1 пациент е во перзистентна вегетативна состојба како резултт на цереброваскуларни компликации.

Пленарно предавање на меѓународен симпозиум

51. Cvetkovska E. (2010). Living with epilepsy in a small country in transition: a lot of battles to win trough. Symposium- Stigma, restrictions and epilepsy, Podgorica, Montenegro. Abstract book;

Даден е приказ на Р. Македонија со нејзината површина, број на население, број на епилептични пациенти, број на неврлозите во државата. Лекарите кои се занимаваат со лекување на епилепсијата се неврлози, педијатри, неврохирузи, општи лекари. Постојат национални протоколи и смерници: за ЕЕГ-тренингот - 6 месеци; суспецијализација по неврофизиологија - 2 години, нема суспецијализација по епилептологија. Апаратурата за снимање на пациентите се состои од ЕЕГ-апарати, видео ЕЕГ апарат, како и соработка со неврохирурзите. Се наведува пристапноста на лековите за третирање на епилепсијата, едукацијата на заболените, нивните наставници и родители. Даден е заклучок дека иако се добиени голем број на борби, сепак постои долг пат кој треба да ја достигне визијата на ИЛАЕ за светот во кој животот на луѓето не треба да биде ограничен од епилепсија.

Труд со оригинални резултати објавен во трудови од научен собир

52. Tonic-Ribarska J, Sterjev Z, Haxhiu A, Kiteva G, Cvetkovska E, Petrov I, Kuzmanovski I, Baneva N, Arsovska A, Tanovska N, SuturkovaLj, Trajkovic-JolevskaS. (2011) Saliva as an alternative matrix for TDM of AEDs: HPLC determination of carbamazepine and valproic acid in saliva of epileptic patients. 5th Congress of Farmacy of Macedonia, Ohrid. Macedonian Farmaceutical Bulletin 57 (suppl) 42-43

Нагласено е дека за време на последните години постои голем интерес во употребата на салива како алтернативна телесна течност за ТДМ на АЕЛ. Не само што саливата може лесно да се добие со минимална нелагодност на пациентот, но позначајни саливарни АЕД-концентрации се

претпоставува дека ги одразуваат нивните слободни нивоа во ткивото и затоа можат да имаат поголема клиничка релевантност отколку мерењето на АЕД-концентрациите во серумот. Карбамазепинот и валпроичната киселина во поглед на нивниот широк терапевтски спектар и докажана ефикасност се значајни и вообичаено корисни лекови во третманот на епилепсии. Примероци од салива биле собирани од здрави волонтери и од епилептични пациенти кои се на хронична карбамазепинска и валпроична терапија. Добиените резултати од оваа група на пациенти биле охрабрувачки за понатамошни студии кои се потребни за процена дали саливарните концентрации на АЕЛ можат да служат како вредна алтернатива за плазма-концентрациите кои се мониторираат во рутинската клиничка практика.

Трудови од конгреси (апстракти објавени во зборник)

53. Китева-ТренчевскА г., Цветковска Е. (2008) Епилепсија и бременост. IV конгрес на невролозите на Македонија, Охрид, Abstract book; 23-24.

Цел на трудот била да се прикаже исходот од бременоста кај пациентки со епилепсија од Р. Македонија, кои се следат проспективно според ЕУРАП-протоколот.

Обработени се 78 пациенти со епилепсија кои ја пријавиле својата бременост до 16-тата гестациска недела за проспективно следење на исходот. Во текот на нивното следење биле пополнувани прашалници за: утврдување на бременоста и првото пријавување на бременоста на лекарот кој ја следи, на крајот на првото, на крајот на второто, на крајот на третото тромесечие и при навршување на една година на детето. Пациентките, вкупно 78, на возраст од 26,6 години со стандардна девијација од 3,66 се пријавиле за следење според ЕУРАП-протоколот, при што 6 пациентки отпаднале поради непридржување на протоколот, кај 41 пациентка се работела за прва бременост, кај 24 пациентки за втора бременост, кај 1 пациентка за трета, кај 1 пациентка за четврта, и кај 1 пациентка за петта бременост, притоа кај 4 пациентки се работело за близначке бременост. Епилептични напади се јавиле кај 23 бремености, од кои по породувањето кај 2 бремености-генерализирани напади.

Во заклучокот се наведува дека во најголем број случаи пациентите со епилепсија имале нормален исход од бременоста. Улогата на неврологот е несомнена во водење на бременоста на пациентките со епилепсија. Навремено пријавување на бременоста на пациентките со епилепсија и планираната бременост е значајна за редуцирање на неповолниот исход од бременоста.

54. Kuzmanovski I, Cvetkovska E, Cepreganova-Cangovska T, Marku M. (2007) Treatment of newly diagnosed epilepsy in elderly: comparative study of lamotrigine, topiramate and carbamazepine. I east Mediterranean Epilepsy Congress , Luxor, Egypt. Abstract book; 42.

Во трудот се наведува дека инциденцијата на епилепсија кај постари индивидуи е повисока од другите периоди на животот и што се однесува до специфичноста на оваа возрасна група, селекцијата на соодветните АЕЛ може да бара поголемо внимание отколку кај помладите возрасни индивидуи. Целта на трудот била да се процени и компарира ефикасноста и толерантноста на ламотригитнот, топираматот и бавно ослободувачкиот карбамазепин во третманот на новодијагностицирана епилепсија кај пациенти постари од 65 години. Биле вклучени 65 пациенти, со историја на најмалку два непровоцирани парцијални генерализирани напади. Вкупно 58 пациенти ја завршиле студијата (7 прекинале како резултат на нејавување на контролни прегледи, другите поради несакани ефекти). Се заклучува дека ламотригинот и топираматот покажуваат компарабилна ефикасност со карбамазепинот како монотерапија кај постари. Тие се ефективни во ниски дози, добро се толерираат и имаат помалку несакани ефекти отколку карбамазепинот, и се добри терапевтски опции за монотерапија кај новодијагностицираната епилепсија кај постарите индивидуи.

55. Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Marku M, Cepreganova-Cangovska T, Nikodijevic D. (2008) Effectiveness of levetiracetam as add-on therapy in patients with partial refractory epilepsy. IV kongres na nevrolozi na Makedonija, Ohrid, R.Makedonija. Abstract book ; 25-26.

Лекот леветирацетам е новодијагностициран антиепилептик, кој се користи како додатна терапија за напади со парцијален почеток. Целта на трудот била да се процени ефективноста на овој лек кај пациенти со парциална рефрактерна епилепсија. Вклучени биле 21 пациент со овој вид на епилептични напади, кои примале леветирацетам како додатна терапија, 13 жени и 8 мажи, на возраст од 15 до 45 години (средна возраст 27 години). Просечното траење на епилепсијата било 14.7 години; просечната стапка на нападите била 25/месечно; пациентите биле третирани за 9.5 месеци, со просечна доза на лекот од 1769 мг ЛЕВ дневно. Даден е заклучок дека резултатите од студијата кореспондираат со претходните, сугерирајќи дека ЛЕВ е ефективен антиепилептичен лек од новата генерација кој ја подобрува контролата на нападите кај доволен број на пациенти со интрактибилна епилпесија.

56. Cepreganova-Cangovska T, Marku M, Kuzmanovski I, Cvetkovska E, Nikodijevic D. (2008) Case report: agenesis corporis calosi. IV конгрес на невролозите на Р Македонија, Охрид, Abstract book; 102

Во трудот се обработува редок случај со огромната дискрепанца меѓу ментално-невролошкиот статус и анатомската морфологија на мозокот. Пациентката која била обработена и која сега има 22 години, породена била нормално, проодела на една година, прозборела на 2 години, сега изговара некои зборови подолго и неразбирливо. Завршила средно образование,

коефициентот на интелигенција просечен, личност која е социјализирана и со високи морални и етички норми. Имала еден напад и губење на свест на возраст од 22 години, без спазми, кој траел околу 1 минута. Направена била електроенцефалографија, компјутерска томографија на мозокот, СПЕКТ, магнетна нуклеарна резонанција со наод: агенеза на корпус калосум со хипоплазија во фронталните лобуси, а празнината била исполнета со ликвор и комуницира со третата комора, додека латералните комори биле компромитирани.
Предмет на дискусија е внатрешната корлеација на нормалниот невролошки и ментален наод и генетските алтерации на фронталните лобуси и корпус калосум.

57. Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Vaskov T. (2009) Focal electroencephalographic and neuropsychological abnormalities in patients with juvenile myoclonic epilepsy. Journal of neurological sciences vol.285/S1 Abstracts from XIX World Congress of Neurology, Bangkok, Thailand; 248.

Јувенилната миоклонична епилепсија (JME) се смета за прототип на идиопатска генерализирана епилепсија (ИГЕ), но постои повеќе зголемен неврофизиолошки, невропсихолошки и анатомски податок за попроминентно фокално, доминантно фронтално вклучување отколку другите кортикални структури. Импликациите за ова можат да доведат до променливи концепти на ИГЕ. Целта на трудот била да се проценат електроенцефалгорафските (ЕЕГ) и невропсихолошките абнормалности кои укажувале повеќе на фронтални нарушувања кај пациентите со JME. Трудот вклучува 34 ЕЕГ на 23 пациенти со сигурна дијагниза на JME, на возраст од 15 до 37 години (средна возраст 22,7 години) Резултатите од студијата укажуваат, и покрај лимитираниот број на пациенти, дека се во согласност со поновите податоци на попроминентни фокални, предоминантно фронтални нарушувања кај голем број на JME-пациенти. Меѓутоа, пропорцијата на пациентите кои покажуваат фокални абнормалности била една четвртина до една половина, додека другите на покажале, и според мислењето на авторите потребни се понатамошни испитувања пред да се направат генерални заклучоци.

58. Doneva A, Cvetkovska E. Headache associated with epileptic seizures. (2008) VIII European congress on epileptology, Berlin, Germany. Abstract book; 180.

Целта на трудот била да се истакне дека главоболката повзрана со напади е чест, долготраен и сериозен симптом на епилептични напади кои предизвикуваат големо намалување на активностите на дневното живеење. Главоболката е често рапортиран, но игнориран симптом на епилептичен напад. Била анализирана фреквенција и карактеристиките на главоболката асоцирана со напад кај пациенти со епилепсија. За таа цел се испитани 141 пациент со епилепсија (78 жени и 63 мажи) со различно траење на болеста. Во заклучокот се наведува дека главоболката е многу вообичаена кај пациентите со епилепсија. Унилатерална главоболка може да претставува латерализирачки знак во фокалната епилепсија. Нападите често

тригеруваат постиктални главоболки со мигенозни особини, кои често се асоцирани со мигрена.

59. Nikodijevic D, Petrovska-Cvetkovska D, Dzonov I, Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Maksimovska B. (2008) Quality of life in patients with refractory epilepsy treated with lamotrigine. VIII European congress on epileptology, Berlin, Germany. Abstract bokk; 180.

Во трудот се проценува ефикасноста и толерантноста на ламотригин кај пациенти со рефракторна епилепсија, со различни типови напади, при што се регистрирани несаканите ефекти. Во трудот се обработени 90 пациенти со епилепсија. Пациентите со дијагнозата рефракторна епилепсија биле третирани со ламотригин во дози од 100-300 мг/ден и поделени во групи на типови напади со ПСС, ПЦС, СГС и ГТЦС. Ефикасноста од третманот бил регистриран со проценување на редукцијата на фреквенцијата на нападите, но исто така и со подобрување на квалитетот на живот користејќи го прашалникот QOLIE, како и други невропсихијатриски и когнитивни тестови. Исто така биле проценувани и регистрирани несаканите ефекти. Резултатите сугерираат дека ламотригинот е високо ефективен во третманот на пациенти со рефрактрона епилепсија веројатно како резултат на редукција на фреквенцијата на нападите, но исто така и поради подобрување на социјалната и когнитивната функција и расположението.

60. Kuzmanovski I, Nikodijevic D, Cvetkovska E. (2007) Lamotrigine as mono and add-on therapy in idiopathic generalized epilepsies. Scientific meeting Idiopathic generalized epilepsies. Antalya, Turkey. Abstract book; 75.

Студијата била изведена за да се процени ефикасноста на ламотригин (ЛТГ) како моно- и додатна терапија кај различни типови идиопатски генерализирани епилепсии (ИГЕ). Студијата опфатила 25 пациенти кои биле проценети во една отворена, проспективна студија: 8 биле со јувенилна апсанс епилепсија, 10 со јувенилна миоклоничан епилепсија и 7 со гранд мал при будење. Во групата со јувенилна апсанс епилепсија и кај гранд мал епилепсија при будење ламотригинот бил лек од прв избор, додека во ЈМЕ-групата бил даден по неуспех во валпроична киселина. Опсервациониот период бил 6 месеци. Резултатите од студијата потврдуваат дека ЛТГ бил ефективен во ИГЕ како монотерапија и обезбедува добри резултати во контрола на нападите како додатен третман, со некои разлики меѓу разните синдроми и типови напади.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Емилија Којче Цветковска
(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факутлет
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: неврологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на клинички вежби, 1997-2011	61,2
	Вкупно	61,2

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одбрана на докторска теза	8
2.	Одбрана на магистерска работа	4
3.	Учесник во меѓународен научен проект	5
4.	Учесник во национален проект	3
5.	2 труда со орг. науч.рец. обј. во реф. научно сп. со меѓ.ур.	10,6
6.	8 труда со ориг. науч. рез. објавени во Зборник.	23,6
7.	Труд со оригинални научни резул. обј. во Зорник	1,2
8.	Пленарно предавање на стручен собир со меѓ. уч.	3
9.	9 секциски предавања на научен собир	9
10.	5 апстракти во меѓународен зборник	5
11.	3 апстракти во зборник од национална конференција	1,5
	Вкупно	73,9

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Завршена специјализација по неврологија	2
2.	Автор на три боршури за пациенти	3
Дејности од поширок интерес		
1	Уредник на научно-стручно списание	2
2	Член на организационен едбор на нац. конгрес (2)	1
3	Член на орханизационен одбор на меѓ. собир	1
4	Стручни престои во странство до 3 месеци	1

Спортска дејност		
	Вкупно	10

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	61,2
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	73,9
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	10
Вкупно	145,1

Членови на комисијата

1. Проф. д-р Вера Петрова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Сашо Стојчев, член ,с.р.
3. Проф. д-р С. Влашки-Јекиќ, член , с.р.
4. Доц. д-р Г. Китева-Тренчевска, член ,с.р.
5. Проф. д-р Спасе Јовковски, член ,с.р.

II. Д-р Арбен Таравари

Биографски податоци

Д-р Арбен Таравари е роден на 9 април 1973 година, во Гостивар. Основното и средното образование ги завршил во Гостивар. Во 1992 година се запишал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломирал во јуни 1998 година. Во септември 1999 година го положил државниот испит. Во 2000 година е вработен во Медицинскиот центар во Гостивар, од каде што добил специјализација по областа неврологија. Во 2001 година кандидатот бил обучуван од англиската консултантска куќа BIS Health Care за практикување и имплементирање на медицина базирана на докази, основи на добро презентирање, учење на возрасни, клинички вештини, фасцилитирање на работа во мали групи и др. Веднаш по завршената едногодишна едукација од страна на врвни професори од горенаведената консултантска куќа бил ангажиран како едукатор во проектот за КМЕ за лекари од ПЗЗ. Во 2005 година е ангажиран во проектот за КМЕ за лекари од ПЗЗ, при што е сертифициран за национален едукатор од страна на Министерството за здравство и Лекарската комора на Македонија.

Во септември 2006 година го положи специјалистичкиот испит по неврологија, при Катедрата за неврологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Магистерскиот труд под наслов **"Клиничко-епидемиолошка студија на паркинсонизмот во Скопје, Р. Македонија"**, го одбрани на 22 март 2006 година во Скопје.

Д-р Арбен Таравари, од 1 февруари 2007 година е вработен во ЈЗУ Клиника за неврологија-Скопје.

Во периодот септември-октомври 2007 година, бил на професионален престој во Универзитетската клиника во Марибор, Република Словенија. Во периодот мај-јуни 2009 година, под покровителство на ЕФНС (Европска федерација на невролошки здруженија), нбил а професионален престој во Првата универзитетска невролошка Клиника во Братислава, Република Словачка, под менторство на проф. д-р Петар Турчани.

Во јули 2010, во Нијмеген (Холандија), активно учествувувал во Курсот за болести на движења, организиран од Друштвото за неволни движења (Movement Disorders Society- MDS). Во септември 2010, во Женева (Швајцарија), учествувал на Невролошкиот конгрес на Европската федерација на невролошки и здруженија (ЕФНС). Во 2010 година бил избран за МЕНТОР-ЕДУКАТОР на Катедрата за семејна медицина на

Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Во мај 2011 го положил специјалистичкиот испит по предметот СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА.

Во јуни 2011 год. ја одбрани докторската дисертација со наслов "**Клинички и генетски наоди кај болни со идиопатска паркинсонова болест**". на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Наставна активност

Д-р Арбен Таравари, во периодот од 1999 до 2002 година, хонорарно бил вработен како професор по предметите невропсихијатрија и фармакологија, во средните медицински училишта: "Никола Штејн"-Тетово и во "Панче Караѓозов"-Скопје. Тој е еден од авторите на книгите за учениците во средните медицински училишта, и тоа: "Невропсихијатрија" и "Невролошки практикум". Исто така е коавтор на книгите: "Фармакотерапевтски прирачник" и "Современи терапевтски принципи кај некои невролошки заболувања (епилепсии, паркинсонизам и деменции) ".

Д-р Таравари се ангажира во проектот за реформи во здравството финансиран од Светската банка, во својство на едукатор за лекарите од ПЗЗ во курсевите за континуирана медицинска едукација. Активно учествувал (како едукатор) во повеќе курсеви, 2006 год., од страна на Медицинскиот факултет, Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво и Министерството за здравство, сертфициран за ЕДУКАТОР.

Во 2008 година, од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет-во Скопје, е избран за редовен асистент по предметот неврологија.

Во 2010 година, од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, е реизбран за редовен асистент по предметот неврологија.

Во септември 2010 година е избран за едукатор-ментор на Катедрата за семејна медицина при Медицинскиот Факултет во Скопје.

Во учебната 2011- 2012 - доцент по предметот неврологија на Медицнскиот факултет на Државниот универзитет во Тетово, за студентите по општа медицина, стоматологија, Факултет за медицински сестри и физикални терапевти.

Стручна активност

Д-р Арбен Таравари е во редовен работен однос во ЈЗУ Клиника за неврологија-Скопје, во Одделот за главоболки и болни синдроми. Посебен интерес за него претставуваат хередодегенеративните болести, паркинсонизмот, мигрени, главоболки и други болни синдроми.

Во декември 2007 година ја започна процедурата за поднесок за докторска дисертација со наслов "Клинички и генетски наоди кај болни со идиопатска Паркинсонова болест".
Успешно ги извршува задачите при употреба на методите: ЕЕГ и доплер-сонографија на каротидните артерии.

Од октомври 2010 д-р Таравари е меѓународен резензент за Меѓународното списание за генетика и молекуларна биологија (International Journal for Genetics and Molecular Biology-IJGMB). Во периодот 2008-2012 година, член е на уредувачкиот одбор на VOX MEDICI, а од 2008 до 2012 година, рецензент на професионалното списание МЕДИКУС.

Вршел стручна редакција на преводи од англиски јазик за потребите на АРС СТУДИО, односно за потребите на Министерството за образование и наука на РМ како краен нарачател, од проектот 500 книги и учебници од врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија.

Активно се служи со англискиот, македонскиот, албанскиот и турскиот јазик. Учествува во целокупната здравствена и научна дејност на Клиниката за неврологија.

Проекти

1. E-COST **(European Cooperation in Science and Technology) Project BM1011- European network for the study of dystonia syndromes.**

2. **EudraCT No 2009-015815** "Мултинационална, мултицентрично, едностране продолжение на клиничкото испитување **MS-LAQ-302 (BRAVO)** за проценка на долгорочната безопасност, прифатливост и ефикасност при заболувањето, од секојдневна орална примена на 0,6 мг лаквинимод, кај пациенти со релапс форма на мултипла склероза."

Трудови за рецензија

Прв реферат за избор за асистент, објавен во БИЛТЕН на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со број 937, од 29 февруари 2008 година.
Втор реферат за избор за асистент, објавена во БИЛТЕН на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со број 1002, од 15 февруари 2011 година.

Нови трудови за рецензија, за избор во звањето научен соработник:

20. **Арбен Таравари**, Игор Петров, Вера Петрова, Мерита Исмајли-Марку, Бајрам Камбери, Маир Исеини. Асоцираност на идиопатската паркинсонова болест со депресија. MEDICUS 2010. Vol. 13 (1): 114-18.

Трудот се однесува на 27 пациенти хоспитализирани во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија, кој кои е потврдена дијагнозата идиопатска форма на Паркинсонова болест. Кај овие пациенти, меѓу другото, е испитана и присутноста на симптоми на депресија со помош на невропсихолошко тестирање. Дури кај 70,37% од пациентите се регистрирале симптоми на депресија. Во однос на полот, овие симптоми многу повеќе се појавуваа кај пациенти од женска возраст во однос на спротивниот пол.

21. **Arben Taravari**, Igor Petrov, Vera Petrova, Merita Ismajli-Marku, Aleksandar Hristovski, Tanja Chepreganova Changovska, Mair Iseini. Clinical and epidemiological study of Parkinsonism in Skopje. MEDICUS 2010; Vol. XIV (2): 44-52.

Се работи за ретроспективна десетгодишна студија за разните типови на паркинсонизам, кои се дијагностицирани на Клиниката за неврологија во Скопје. Освен што се испитани процентуалната појава на идиопатската Паркинсонова болест, секундарниот паркинсонизам и разните типови на Паркинсон плус синдроми, констатирана е и инциденцата и преваленцата на оваа болест за градот Скопје. Потоа е констатиран и растечкиот тренд на овој тип на болести и просечната возраст на јавување на болеста, како и половата и етничката застапеност. Анализирани се и клиничките симптоми, посебно моторните, со фреквенција на јавување, честота на хоспитализација на овие болни и просечното времетраење на хоспитализација на пациентите со паркинсонизам.

22. **Таравари Арбен**, Петров Игор, Петрова Вера, Исмајли-Марку Мерита, христов Александар, Чепреганова Чанговска Тања. Епидемиолошка анализа на паркинсонизмот во Скопје. Мак. мед. преглед 2010; 64 (1): 41-47.

Овој труд е ретроспективен и опсервациски, кој е изведен во Универзитетската клиника за неврологија, за 10 години наназад и во кој биле вклучени 239 пациенти со разни типови на паркинсонизам. Просечната инциденција за градот Скопје е 3,8 на 100 000, додека преваленцијата е 5,1 на 100 000 жители. 78,7% од пациентите биле со идиоптска форма на Паркинсонова болест. Просечната возраст на заболените била 60,95 години. Дистрибуцијата на заболените по етничка припадност содејствува на застапеноста и учеството на одделните етнички групи во општата структура на населението во територијата на градот Скопје.

23. Петров Игор, **Таравари Арбен**, Никодијевиќ Дијана, Петрова Вера. Современи терапевтски принципи кај невролошки заболувања (паркинсонизам, епилепсии, деменции. Просветно дело, Скопје, 2010.

Книгата е составена од три поглавја, сместени во 200 страни. Во неа генерално се претставени дијагностичките постапки како да се стигне до дијагнозите паркинсонизам, епилепсии и деменции. Потоа, во секое поглавие пооделно се разгледуваат современите терапевтски можности кај овие заболувања.
Првото поглавие од книгата започнува со дефинирање на паркинсонизмот и другите слични заболувања. Во оваа поглавие, детално се разработуваат патофизиолошките механизми и дијагностичките критериуми за поставување на оваа дијагноза. Во вториот дел на првото поглавие, практично се изнесени скоро сите современи терапевтски можности, со механизмот на дејство, несаканите ефекти и начинот на дозирање на сите овие лекови.
Во второто поглавие е разработена темата епилепсии, со дефинирање на проблемот, етиопатофизиолошки механизми, дијагностички критериуми и сите современи терапевтски можности, со механизмот на дејство, несаканите ефекти и начинот на дозирање на сите овие лекови.
Третото поглавие е посветено на деменциите како посебен ентитет во склоп на хередодегенеративните болести, дефинирање на проблемот, типови на деменции, патофизиолошки механизми на настанување и современи терапевтски можност кај сите пооделни форми.

24. Ameti I, Bogoev M, Petrovski G, Milenkovic T, Krstevska B, **Taravari A**. Influence of metabolic dysregulation in pre ulcerative phase of diabetic foot. The Journal of Diabetic Foot Complications 2012; Vol. 4, Issue 1, No.2: 6-12.

Проспективен труд на 100 пациенти, следени 1 година, од кои 77,4% жени, со високи вредности на гликозилирачки хемоглобин, над 7,4. Повеќето од нив пушачи, со високи вредности на холестерол и ЛДЛ холестерол и други фактори на ризик. Практично кај повеќето пациенти се работи за зголемен БМИ, високи вредности на крвен притисок. Кај повеќето од овие пациенти се констатирани промени во форма на улцерација на нивните стопала, како резултат на пореметување на периферната циркулација.
Констатација на трудот е дека кај diabetes mellitus тип два кој што трае подолго од 10 години и каде што гликозилирачкиот хемоглобин има надпросечни вредности, заедно со другите ризик фактори, посоит многу голем ризик за развивање на улцерации во склоп на дијабетичното стопало.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Арбен Нецмедин Таравари
(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факултет - Скопје
(назив на факултетот, институтот)

Научна област: НЕВРОЛОГИЈА

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на настава - прв циклус, Мед. факултет во ДУТ	3.6
2.	Настава во летни школи и работилници - како учесник	5
3.	Одржување на вежби 200 часа/ годишно- 4 години	24
4.	Основен средношколски учебник - коавтор	6
5.	Позитивно рецензиран практикум- коавтор	3
6.	Превод на учебник- проект на Владата на РМ	3
	Вкупно	44.6

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одбрана на докторска теза	8
2.	Одбрана на магистерска работа	4
3.	Учесник во меѓународен проект - COST BM 1101	5
4.	Труд со ориг. научни резултати, објавени во стр-науч. спис.	8
5.	Труд со ориг. резултати, објавен во реф. науч. спис.	6
6.	Труд со оригинал. науч. ресултати, обј. во зборник	3
7.	Секциско предавање на стручен собир	1
	Вкупно	35

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Книга од стручна област- коавтор	7
2.	Студија 2. EudraCT No 2009-015815 - учесник	1
Дејности од поширок интерес		
3.	Член на уредувачки одбор на VOX MEDICI (2008-2012)	0,5
4.	Студиски престој во странство- Словачка (ЕФНС)	0,5
5.	Член на извршно тело на меѓунар. организација - COST	2

Спортска дејност		
	Вкупно	11

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	44,6
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	35
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	11
Вкупно	90,6

Членови на комисијата

1. Проф. д-р Вера Петрова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Сашо Стојчев, член с.р.
3. Проф. д-р С. Влашки-Јекиќ, член с.р.
4. Доц. д-р Г. Китева-Тренчевска, член с.р.
5. Проф. д-р Спасе Јовковски, член с.р.

ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Рецензентската комисија ги разгледа приложените документи за двата кандидата за избор во звањето научен соработник. По опсежна анализа на документацијата, Комисијата констатира дека кандидатите во целост ги исполнуваат условите да бидат избрани во звањето научен соработник.

Комисијата, во полн состав и едногласно, има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ги избере ас. д-р Емилија Цветковска и ас. д-р Арбен Таравари во звањето научен соработник.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Вера Петрова, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Сашо Стојчев, член, с.р.**
3. **Проф. д-р Снежана Влашки Јекиќ, член, с.р.**
4. **Доц. д-р Гордана Китева Тренчевска, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Спасе Јовковски, член, с.р.**

РЕФЕРАТ

ЗА ОЦЕНКА НА ПОДОБНОСТА НА ПРИЈАВАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: ,,МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ТРАЈНОСТА НА СУПТОТАЛНА ТЕЛЕСКОП-ПРОТЕЗА" И ОЦЕНА НА НАУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА Д-Р АНА СПИРОВСКА

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 22. редовна седница одржана на ден 22.2.2012 година, по предлог на Научниот одбор, ја донесе одлуката за формирање на Рецензентска комисија за оцена на подобност на пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов **"Методологија за проценка на трајноста на суптотална телескоп -протеза"** од д-р Ана Спировска.

Рецензентската комисија во состав:

-проф. д-р Ерол Шабанов,
-проф. д-р Драгољуб Велевски,
-проф. д-р Евдокија Јанкуловска,
-доц. д-р Грозде Алексовски,
-проф. д-р Љубен Гугувчевски,

по разгледувањето на доставениот материјал, до Наставно-научниот совет го поднесува следниов:

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци за кандидатката.

Ана Спировска е родена на 17.1.1966 год. во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1984/85 година, а дипломирала во февруари 1991 год. Стручниот испит го положила во октомври 1994 год.

Во ЈЗО Клинички центар - Скопје е вработена од 1.4.1996 год. како клинички лекар на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика.

На постдипломски студии од областа на мобилната стоматолошка протетика се запишала во учебната 1996/97 год. Последипломските студии ги завршила со среден успех 9,86.

Во 1999 год. ја започнала специјализацијата по матичниот предмет стоматолошка протетика, а специјалистичкиот испит го положила во април 2002 година и се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

По повод Денот на здравството во април 2002 година добила *Благодарница* од СЗЛМ.

До 2011 година активно била вклучена во изведувањето на практичната настава по предметите претклиничка и клиничка мобилна протетика.

Од декември 2006 година до август 2008 година, д-р Ана Спировска ја извршува функцијата шеф на сала на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика.

Во декември 2009 година, д-р Ана Спировска го одбанила магистерскиот труд со наслов "Математичка анализа на напонско деформационата состојба на конус коронките и нивната врска со суптотална телескоп протеза".

Д-р Ана Спировска учествувала со стручно-научни трудови на повеќе симпозиуми и конгреси во земјата и во странство, како автор или коавтор. Исто така, учествувала на повеќе постедукативни курсеви од областа на стоматолошката протетика.

Мислење за предложената тема

Пријавата за изработка на докторска дисертација под наслов **"Методологија за проценка на трајноста на суптотална-телескоп протеза"** од д-р Ана Спировска е изнесена на 20 страници, која е разработена во 6 поглавја и ги содржи сите елементи за една научноистражувачка студија.

Во поглавјето ВОВЕД, авторката ги изнесува морфолошките и функционални промени во стоматогнатиот систем како резултат на губењето на забите. Особено се разработени случаевите на суптотална беззабост, каде што се преостанати од еден до четири заби во виличниот гребен. Во овие случаи индицирана е изработка на суптотален протетички надоместок со двојни коронки како врзувачки елементи за преостанатите заби, кои овозможуваат висок степен на ретенција и стабилизација. Прикажана е и компаративна предност на конус телескоп-системот во однос на другите методи на ретенција. Истакната е и важноста на двојните коронки со метал скелетот од подвижната протеза. Прикажани се повеќе начини на нивно поврзување, но најприфатен е оној со помош на апроксимални продолжетоци. Како резултат на анатомоморфолошките и техничко-технолошките услови и овој начин на поврзување покажува некои слабости, кои со понатамошни испитувања и анализи можат да се надминат. Испитувањата од оваа свера укажуваат дека телескоп мобилните протези се комплексни надоместоци кои имаат високи функционални, естетски и биолошки вредности, а особено се прифатени од страна на пациентите.

Во ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА проследена е стручната литература од областа на суптоталната беззабост, како и изработката на суптотални протези и двојни коронки како врзни елементи. Изнесени се разни видувања и искуства во решавањето на овие случаи. Разработени се предностите, но и техничките слабости на телескоп-протезите и конус-коронките како ретинери, под влијание на силите на џвакопритисокот. Цитирани се автори кои со помош на методот на конечни елементи "МКЕ" прават анализи на случаи на поврзување на телескоп коронките со металниот скелет од телескоп-протезата. Тие со своите резултати укажуваат на важноста на еластичноста на растопливите легури од кои се изработени телескоп-коронките. Цитирани се и автори кои испитувале различни форми на поврзување на двојните коронки со металниот скелет

од телескоп-протезата. Тие ги прикажуваат нивните недостатоци и се залагаат за оптимизиран облик на апроксимален продолжеток на надворешната конус-коронка. Но, од анализата на достапната литература од областа на суптоталните протези и двојните коронки како ретинери, авторката доаѓа до сознание дека не е посветено доволно внимание, особено во нивната техничко-технолошка изработка. Типот на врската на надворешната телескоп коронка со метал-скелетот од суптоталната протеза, како и квалитетот и трајноста на врската се значаен проблем во решавањето на случаеите со суптотална беззабост.

Испитувањето во оваа докторска дисертација се заснова на работната хипотеза дека апроксималните продолжетоци на двојните коронки кои се споени со метал-скелетот од суптоталната протеза во зависност од геометрискиот облик, големината, квалитетот и еластичните својства на материјалот од кои се изработени, а во функција на времето покажуваат недоволна издржливост и трајност. Поаѓајќи од овој проблем, произлегува и целта на ова истражување е да се даде одреден допринос во неговото решавање.

Авторката д-р Ана Спировска, правилно, концизно и егзактно ги формулира целите во оваа докторска дисертација.

ОСНОВНА ЦЕЛ на ова истражување е да се направи проценка на трајноста на суптоталната телескоп-протеза поврзана со помош на апроксимални продолжетоци на надворешната конус коронка, во долна вилица со преостанати два канина, а од влијание на различни сили на оптоварување. За реализација на оваа цел, авторката подробно и прегледно ги прикажува следниве анализи кои треба да се извршат:

- Анализа на механичката отпорност на протезата со алтернативни дизајни на апроксималните продолжетоци, односно на три различни геометриски облици на поврзување на надворешните конус коронки со металниот скелет на суптотална телескоп-протеза, во долна вилица со два преостанати канина:
    - геометриски облик на апроксимален продолжеток со овален попречен пресек;
    - геометриски облик на апроксимален продолжеток со триаголен попречен пресек;
    - геометриски облик на апроксимален продолжеток со призматичен попречен пресек.

- Анализа на механичката отпорност на апроксималните продолжетоци на надворешните конус-коронки и металниот скелет од суптоталната телескоп-протеза, со симулација на три различни типови на легури со различни физичко–механички карактеристики:
    - надворешна конус-коронка со апроксимални продолжетоци изработени од платинско- златна легура;
    - надворешна конус-коронка со апроксимални продолжетоци изработени од сребро-паладиумска легура;
    - надворешна конус-коронка со апроксимални продолжетоци изработени од кобалт-хром-молибден легура.
- Анализа на влијанието на цикличното товарење на математичкиот модел за проценка на трајноста на суптоталната телескоп протеза, со симулација на товарење и растоварање на математичкиот модел кое што всушност ќе го симулира функционирањето на забалото, односно џвакањето.
- Врз база на добиените резултати од анализите, ќе се предложи најсоодветен, оптимален тип на апроксимален продолжеток на наворешната конус-коронка поврзана со металниот скелет од суптоталната телескоп протеза, во долна вилица со два преостанати канина.

Во поглавјето МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА, авторката ги изнесува сите елементи значајни за изведување на овие истражувања. За реализација на поставените цели ќе биде изработен работен модел (од тврд гипс) на долна вилица со суптотална беззабност, односно со преостанати два канина. На работниот моделот, на преостанатите заби ќе бидат изработени конус коронки со агол од 6° со апроксимални продолжетоци и метален скелет на суптотална протеза кој ќе биде поврзан по пат на лемење со апроксималните продолжетоци на надворешните конус-коронки. Изработката на работниот модел и на протетичките надокнади ќе биде направена на Клиниката за мобилна протетика, како и во техничките лабаратории на мобилна и фиксна протетика при ЈЗУ Стоматолошки универзитетски клинички центар – Скопје.

На лабораториски изработениот модел ќе се изврши скенирање и ќе биде изработен тродимензионален дигитален математички модел на суптотална телескоп-протеза со конус-коронки во долна вилица. Ова

скенирање ќе биде извршено со 3Д-скенер во CAD-ING, фирма за дизајн и услуги. За потребите на ова истражување математички ќе бидат моделирани разните геометриски облици на апроксималните продолжетоци, и тоа со: овален, триаголен и призматичен попречен пресек. За нумеричката анализа на овој тродимензионален модел, ќе се користат податоци за вредноста на Јунгов модул на еластичност и Поасонов коефициент за одделните елементи од 3Д-моделот. Воедно, со менување на физичко–механичките карактеристики ќе се симулураат трите типови на легури кои ќе бидат цел на ова истражување.

Авторката правилно ги формулира параметрите кои планира да ги проследи заради реализација на целите кои добро се селектирани. Во анализата на математичкиот модел ќе се применат симулирани џвакални сили со различни вредности кои што ќе бидат преземени од досегашните истражувања во оваа област. Овие сили ќе бидат приложени како концентрирани, но и како распределени сили на површината на контактите. Оптоварувањата на 3Д-моделот ќе бидат со:

- симетрични сили кај природно забало (P = 325 N во пределот на канините и P = 507 N во пределот на џвакалниот центар);
- симетрични сили кај класични суптотални протези (P =213 N во пределот на канините и P = 117 N во пределот на џвакалниот центар);
- асиметрични сили, само од едната страна (P = 325 N во пределот на канините и P = 507 N во пределот на џвакалниот центар).

На вака генерираниот 3Д-модел ќе се направи напонско-деформациона анализа (стрес анализа) со методот на конечни елементи. Проценката на трајноста на суптоталната телескоп-протеза поврзана со конус коронки ќе се изврши со помош на вклучување на нелинеарните дијаграми на физичко-механичките карактеристики на материјалите и циклична промена на натоварувањето. Оваа циклична промена на натоварување претставува симулација на оптоварување и растоварување на математичкиот модел од суптоталната телескоп-протеза, кое што всушност ќе го симулира функционирањето на забалото, односно џвакањето.

Авторката во ова поглавје ги изнесува предностите при користење на методот на конечни елементи:

- можност за лесна анализа на делови со неправилна форма;

- можност на лесна анализа на делови изработени од различни типови на материјали;
- можност за поставување на неправилни оптоварувања на анализираниот дел;
- овозможува резултати од оптоварувањето и деформирањето низ целиот дел;
- можност за лесна промена на моделот, со што се вршат испитувања на алтернативни дизајни.

Во почетокот, методот на конечни елементи се применува на едноставни геометриски модели, потоа на 2Д-модели (испитувани во една рамнина). Голем напредок на оваа метода е постигнат со употреба на тродимензионалните нумерички модели.

Анализата со методот на конечни елементи дава можност и за многу нумерички симулации поврзани со различни можни форми на елементите на системот кој се анализира. МКЕ денес е толку многу усовршен, што се користи како замена за физички експериментални испитувања на реални модели. Со оглед на сложеноста, времетраењето и високата цена на реално физичките модели и нивното испитување, МКЕ е алатка во конструктивната анализа применлива во сите полиња на науката и техниката, а исто така и во решавање на проблемите во стоматологијата.

За реализација на поставените цели ќе биде изработен модел на долна вилица со суптотална беззабост, со преостанати два канина. Исто така ќе бидат изработени две внатрешни конус-коронки на преостанатите заби со агол од 6 степени, две надворешни конус-коронки со апроксимални продолжетоци и суптотална скелетирана протеза која е споена со надворешните конус-коронки.

Врз основа на овој модел ќе биде изработен тродимензионален дигитален математички модел на суптотална телескоп-протеза со конус коронки на долна вилица. На овој модел ќе се извршат нумерички анализи, со кои ќе се определи напонско-деформационата состојба, применувајќи го методот на конечни елементи.

Основата на МКЕ е во тоа што испитуваниот модел се прикажува како геометриска мрежа, составена од јазолни точки кои претставуваат темиња (краеви) на одреден број геометриски елементи кои имаат свои конечни димензии. Тоа значи дека конструктивното тело, односно

испитуваната конструкција се претвора во замислен збир на геометриски елементи во облик на линии-површини-волумени, со кои тоа тело се прикажува како модел за понатамошна анализа.

Со МКЕ можат да се претстават сите промени што настануваат внатре во конструкцијата под влијание на разни оптоварувања. Односно, промените внатре во еден конечен елемент се прикажуваат како промени на неговите јазолни точки. На тој начин се добива една збирна слика на однесувањата на сите јазли во мрежата на конечни елемент и претставува реална слика за промените во конструкцијата што се испитува.

Во делот на ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ е изнесено дека со извршените анализи на математичкиот модел на суптоталната телескоп-протеза која е поврзана со помош на апроксималните продолжетоци на надворешните конус-коронки, авторката очекува да се добијат концентрациите на напони и деформациите на апроксималните продолжетоци со различни геометриски облици. Со анализата ќе се добијат концентрациите на напони и деформациите на апроксималните продолжетоци изработени од различни легури, со различни физичко–механички карактеристики.

Од добиените резултати на истражувањето може да се предложи оптимален тип на апроксимални продолжетоци со оптимален геометриски облик и легура со повисоки физичко – механички својства.

Со нелинеарната анализа на математичкиот модел на суптоталната телескоп протеза и конус коронките, односно со симулација на товарење и растоварање, може да се процени трајноста на суптоталната телескоп протеза.

Во ЛИТЕРАТУРАТА, како последно поглавје, по азбучен ред цитирани се 50 референци од домашна, а повеќето од странска литература.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата на доставената пријава за изработка на докторска дисертација со наслов **"Методологија за проценка на трајноста на суптотална телескоп протеза"** од д-р Ана Спировска, Рецензентската комисија е на мислење дека предложената проблематика е современа, актуелна и интересна, како од научен така и од стручен аспект. Несомнено е дека изработката на оваа докторска дисертација од д-р Ана Спировска ќе даде одреден придонес во решавањето на проблематиката на поврзување на конус-коронките со суптоталната телескоп-протеза преку високо софистицирано одредување на напонско деформационата состојба на апроксималните продолжетоци и конус-коронките во склоп на суптотална телескоп-протеза, изработени од различни легури, со различни физичко-механички карактеристики. Добро дефинираните цели, план и методологија на работа претставуваат можност за квалитетна реализација на зацртаните цели, со резултати и заклучоци кои имаат теоретско и практично значење.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, да го прифати во целост позитивниот рецензентски извештај и на предложената теза за изработка на докторска дисертација да и даде натамошен позитивен тек.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ерол Шабанов с. р.

Проф. д-р Драгољуб Велевски с. р.

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска с. р.

Доц. д-р Грозде Алексовски с. р.

Проф. д-р Љубен Гугувчевски с. р.

РЕФЕРАТ

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „ ЕВАЛУАЦИЈА НА ДИМЕНЗИОНАЛНИТЕ ПРОМЕНИ КАЈ АЛГИНАТОТ И ДВА ЕЛАСТОМЕРНИ МАТЕРИЈАЛА СО РАЗЛИЧИЕН ВИСКОЗИТЕТ ПО НИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА СО ПРИМЕНАТА НА МЕТОДОТ НА ПОТОПУВАЊЕ И СПРЕЈ -МЕТОДАТА“ И НАУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ Д-Р ЕНИС ШАБАНОВ, М-Р СЦИ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 20. редовна седница одржана на 22.2.2012 година, на предлог на Научниот одбор, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација по претходно доставената пријава од д-р Енис Шабанов, со наслов:„Евалуација на димензионалните промени кај алгинатот и два еластомерни материјал а со различичен вискозитет по нивна дезинфекција со примената на методот на потопување и спреј -методата“, во состав:

-проф. д-р Драгољуб Велески
-проф. д-р Елена Петкова
-проф. д-р Јагода Баевска
-проф. д-р Љубен Гугувчевски
-проф. д-р Марија Зужелова.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставениот материјал во врска со подобноста на темата за изработка на докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци за кандидатот

Енис Шабанов е роден на 31.12.1978 година во Скопје.
Основното образование, средното училиште за забни техничари ги има завршено во Скопје.
На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломирал во 2003 година со среден успех, 9,14.
Од 2004 до 2010 година во неколку наврати бил вработен со договор на дело на Клиниката за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје.
2010 и 2011година како демонстратор одржувал претклинички вежби по предметот стоматолошка протетика, исто така на одредено време.

Во 2008 година го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Како автор на две теми има учествувано на конгресите на студентите по стоматологија во 2002 и 2003 година.

Исто така,како коавтор на тема учествувал и на Македонскиот стоматолошки конгрес со меѓународно учество кој е одржан во Охрид,2006 година.

Има учествувано како коавтор со две теми и на Балканскиот стоматолошки конгрес одржан во Истанбул, 2007 година.

Во 2008 година во Македонскиот стоматолошки гласник има објавено тема како коавтор .

Како автор и коавтор има објавено осум труда во домашни и меѓународни списанија.

На 1.9.2011 го одбранил магистерскиот труд под наслов: „Хоризонтални и вертикални отстапувања во димензиите на гипсени излевоци земени со хидроколоиди со различен хемиски состав ".

Мислење за предложената тема за изработка на докторска дисертација

Пријавената тема за изработка под наслов „ Евалуација на димензионалните промени кај алгинатот и два еластомерни материјала со различен вискозитет по нивна дезинфекција со примена на методот на потопување и спреј- методата ", ги содржи сите елемнти за една научноистражувачка студија: вовед, литературен преглед, цели на студијата, материјал и методи на работа, очекувани резултати и литература.

Во **ВОВЕДНИОТ ДЕЛ** кандидатот нé запознава со проблемот на димензионалната стабилност на масите за отпечатување кој има најголемо влијание на прецизноста и стабилноста на работниот модел.

Дезинфекционото средство со кое се дезинфицираат отпечатоците и времетраењето на дезинфекцијата не треба да предизвикаат димензионални промени кај отпечаточните материјали и да не влијае негативно на особеностите и специфичностите на деталите на отпечаточната маса. Во спротивно,со вакви отпечатоци се губи хармонијата на дефинитивната протетска реставрација.

Сеопфатниот ПРЕГЛЕД на релевантната расположлива ЛИТЕРАТУРА во која се претставени резултатите и сознанијата за оваа проблематика и досегашните резултати од истражувањата кај нас, во нашето опкружување и подалеку, укажуваат дека дезинфекцијата на отпечаточните материјали се наметнува како императив.

Испитувани се повеќе материјали, методи и разни дезинфициенси во однос на нивното дејствување на бактериите, димензиналните промени,односно стабилноста на разните отпечаточни материјали во зависност од времетраењето на дезинфекцијата.

Респектирајќи ги бројните литературни и стручно-научни податоци изнесени во поглавјето ВОВЕД и ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД, произлегла и основната хипотеза на кандидатот за поставување на следниве ЦЕЛИ НА ОВОЈ ТРУД:

- да се утврдат димензионалните промени на отпечатоците после нивно потопување или користење на спреј-методата за дезинфекција и да се утврдат околностите и условите во кои би се спроведувал методот на дезинфекција во зависност од нејзинот времетраење;

-да се истражат отпечатоците земени со секојдневно применуваните протетички материјали –два еластомера со различен вискозитет и еден иреверзибилен хидроколоид-алгинат, со што ќе се воочат промените кои би се случиле кај нив по примената на методите за дезинфекција, средствата за дизинфекција и времетраењето на дезинфекцијата;

-со начинот на работа кандидатот сака да ги прикаже евентуалните промени кои би се случиле иако се почитувани сите норми кои ги пропишал производителот на материјалите за отпечатување во однос на начинот на приготвување, примена и нивно третирање со методот за дезинфекција и средството за дезинфекција

-целта на кандидатот не е да го оцени дезинфекционото средство како средство за дезинфекција, туку да ги докаже евентуалните димензионални промени на материјалот за отпечатување по примената на средството за дезинфекција во зависност од времетраењето на дезинфекцијата;

- со ова истражување кандидатот ке се обиде да ја добие вредноста на отпечатокот земајќи ја во обзир неговата мерлива големина пред и после примената на методот на дезинфекција и дезинфекционото средство и со добиените разлики во мерните вредности да докаже дали постојат евентуални димензионални промени и во кој временски период од времетраењето на дезинфекцијата би се јавиле;

-крајна цел на ова истражување би било иналгорирање на истражуваните методи и постапки, осигурување на безбедна работа со земените отпечатоци на заинтересираните стоматолози и забни техничари, а со тоа и намалување на можностите за евентуални димензионални промени на отпечатоците при примена на дезинфекционите средства.

Во поглавјето МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ, за реализација на поставените цели во истражувањето ќе бидат вклучени вообичаено користени два вида на синтетски еластомера и еден вид на иреверзибилен хидроколоид (алгинат). Едниот вид на еластомер ќе биде со редок вискозитет, а вториот со среден вискозитет (класификација според ANSI/ADA Specification No.19 for Non Aqueos, Elastomeric Dental Impression Materials).

И трите материјали ќе бидат подложени на дезинфекционен третман со комерцијално дезинфекционо средство 0,5% натриевхипохлорит во вид на течност и во вид на спреј. Отпечаточните материјали и производите за дезинфекција ќе бидат користени според упатствата на производителите. Сите тестови ќе бидат

спроведени на температура од 23 степени Целзуисови и релативна влажност од околу 50 %.

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ИСПИТУВАЊА

За изработка на отпечатоците ќе биде користен стандардизиран одлевок од челик што не рѓосува, препорачан од ADA- спецификацијата бр.19, и во согласност со ISO 4823. Металниот излевок ке биде маркиран во две точки.(d1 и d2).
Материјалите за отпечатување ќе бидат подготвени по упатствата на производителот. По нивното замешување тие ќе бидат ставени во металниот одлевок и ќе бидат потиснати со помош на полиетиленска фолија и крута, рамна стаклена плоча и при тоа ќе биде применета суфициентна сила за поставување на плочката врз металниот одлевок. Потоа, веднаш, металниот одлевок заедно со масата за отпечатување и поставената стаклена плоча ќе се стават во водена бања на температура од 37 (+ - 2 степени) Целзуисови степени во времетраење од 7 минути (време за стврднување).Откако примероците ќе бидат стврднети, ќе се исплакнат со вода, ќе се исушат и ке бидат одбележани-кодирани.
При користење на методот на потопување, примероците ќе бидат потопувани во сад со дезинфекционо средство. При користење на спреј-методата, примероците по примената на дезинфекционото сретство во вид на спреј ќе бидат ставени во пластични ќеси кои добро ќе се затворат. По извршената дезинфекција , отпечатоците ке се исплакнат со вода и ке се исушат со компримиран воздух.
Согласно со ADA- спецификацијата бр. 19 и ISO 4823, димензионалната стабилност ќе биде утврдувана со мерење на растојанијата d1-d2 кои се отпечатени на примероците. Мерењата ќе бидат извршени од еден испитувач со помош на градуиран стерео микроскоп (olipmpus SZX9) при што ќе се користи специјален припремен програм за директно отчитување на вредностите со софтверски програм во компјутер. Со тоа ќе се избегне субјективниот фактор и ќе се добијат прецизни податоци.
Тест- примероците од секоја група (20) ќе бидат мерени при четири разни моменти:
П0-пред дезинфекциониот третман-контролна група
П1-по извршената дезинфекција од времетраење од 10 минути
П2-по извршената дезинфекција од 30 минути
П3-по извршената дезинфекција од 1 час
П4- по извршената дезинфекција од 6 часа
Алгинат -кај методот на потопување во дизинфициенс -20 примероци
-користење на спреј методата 20 примероци
Еластомер со редок вискозитет-кај методот на потопување -20 примероци
-користење на спреј-методата -20 примероци

Еластомер со среден вискозитет-кај методот на потопување- 20 примероци
-користење на спреј- методата -20 примероци

Секое мерење ќе биде повторувано по 3 пати и ке биде пресметувана средната вредност од трите мерења. Процентот на промена на димензиите (S) при мерењата П1,П2,П3 и П4 , мерењата на металниот одлевок (К) и од истиот примерок пред дезинфекција ПО-К ќе биде пресметуван со формулата:

$$\frac{(d1-d2S)-(d1-d2K)x100}{(d1-d2K)}$$

S=средна вредност од мерењата на примероците при П1,П2,П3 и П4

К= средна вредност од мерењата на металниот одлевок или примерокот пред дезинфекција П0.

Врз основа на мерените резултати ќе биде изработена и статистичка анализа, преку која ќе биде потврден капацитетот на процесот на мерења. Со оваа SPC

(Statistical pocess control) анализа ќе се овозможи да се согледа контролата на процесот на деформацијата, т.е. еластичноста на отпечаточниот материјал.

Податоците ќе бидат анализирани во однос на нормалност на дистрибуцијата и ќе биде спроведена анализа на варијанса за да се одредат разликите во димензионалните промени помеѓу испитуваните времиња-(моменти) на мерења.

(ПО-ПП4). При појава на сигнигикантни разлики, ќе се направат споредби со помош на SNK Student-Wuman Kojls тест.

Димензионалните промени на контролните примероци ќе бидат споредувани со студентов t-test. Нивото на сигнификантност ќе биде утврдена на алфа<0.05.

Во поглавјето, ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ кандидатот очекува да добие релевантни одговори на следниве прашања:

- да се добијат објективни податоци за можните димензионални промени на отпечаточните материјали при нивната дезинфекција користејќи го методот на потопување и спреј -методата во нашата секојдневна практика,

-да се добијат релевантни податоци за тоа кој метод е поприфатлив за примена и кое е оптималното време за дезинфекција без да настанат димензионални промени кај отпечаточните материјали, а со тоа и безбедна работа со земените отпечатоци на заинтересираните стоматолози и забни техничари и намалување на можностите за евентуални димензионални промени на отпечатоците.

ЗАКЛУЧОК

Од гореизнесеното, Рецензентската комисија, врз основа на приложениот материјал, оценува дека пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов: „Евалуација на димензионалните промени кај алгинатот и два еластомерни материјала со различен вискозитет по нивна дезинфекција со примена на методот на потопување и спреј-методата", поднесена од д-р Енис Шабанов, ги содржи сите елементи за изведување на испитувања од ваков обем, протоа исполнувајќи ги потребните суштински и формални критериуми предвидени за научен труд од ваков вид.

Рецензентската комисија смета дека дека овој научноистражувачки труд е подобен бидејќи од студијата ќе произлезат релевантни научни и апликативни сознанија, па во таа смисла му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати предложената тема за изработка на докторска дисертација и да овозможи нејзина понатамошна реализација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Драгољуб Велески с.р.

Проф. д-р Елена Петкова с.р.

Проф. д-р Јагода Баевска с.р.

Проф. д-р Љубен Гугувчевски с.р.

Проф. д-р Марија Зужелова с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА НА СООДВЕТНАТА КАТЕДРА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата 23-та редовна седница одржана на 30.3.2012 год., по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс, донесе одлука бр.04-307 за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од научната област јавно здравство во стоматологијата на соодветната Катедра при Стоматолошкиот факултет, во состав: проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Марија Накова, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Розалинда Исјановска, и проф. д-р Мира Јанкуловска.

На конкурсот објавен во дневните весници „Фокус" и „Lajm" од 24.2.2012 година, се пријавија ас. д-р Јулијана Николовска од Катедрата за стоматолошка протетика, Стоматолошки факултет-Скопје и прим. д-р Персида Малинска од Центарот за јавно здравје - Скопје.

Врз основа на доставениот материјал и познавањето на развојот на пријавените кандидати, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Д-р Јулијана Николовска, д-р сци, вработена на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, е родена на 20.7.1964 година во Скопје.

Универзитетско образование:

- **доктор-стоматолог:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Стоматолошки факултет во Скопје, во 1988 година;

- **магистер на стоматолошки науки од областа на стоматолошката протетика**: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Стоматолошки факултет во Скопје, со магистерски труд под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ФИКСНОПРОТЕТСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО ПРЕДЕЛОТ НА ФРОНТОТ НА ГОРНАТА ВИЛИЦА ВО ГОВОРНАТА ФУНКЦИЈА, 1999 година;

- **доктор на стоматолошки науки**: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје, Стоматолошки факултет во Скопје, со докторска дисертација под наслов МОДЕЛ НА УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ОРАЛНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, 2007 година.

Работно искуство: Во 1992 година се вработила на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика при ООЗТ Стоматолошки клиники, Скопје. Во 1996 година се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Во звањето асистент на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 2000 и 2004 година.

Стручно-научна дејност: Од самиот почеток на нејзиното вработување активно се вклучила во секојдневната стоматолошка проблематика и учествувала во изведувањето на практичната настава за студентите по стоматологија.

Здравствената дејност ја врши максимално совесно со перманентен стремеж кон усвојување на најновите стручни достигнувања присуствувајќи на бројните семинари и работилници. За успешна изработка на порцеланските фикснопротетички конструкции и навлегување во тајните на изработка на IPS-порцеланот имала можност да се запознае во 1994 год. во Љубљана со учеството на еднонеделниот курс во организација на Lek и Ivoclar-Vivadent.

Истата година учествувала на теоретските предавања и практичната примена на фрез-техниката во стоматолошката протетика што било одржано во Hanau, Германија, во организација на еминентниот производител на дентални материјали Heraus Kulzer.

Во 2005 год., во организација на Ivoclar-Vivadent, учествувала на практичниот курс: Препарација и цементирање на IPS Empress керамика.

Има одржано предавања на различни конгреси, симпозиуми и секции. Пленарно предавање одржала на 13. Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, во Струмица, во 2006 г., на протетската секција во Неготино, 2006 г., на I меѓународен стоматолошки симпозиум во Битола, 2007 г., постедукативниот семинар кој се одржал во Универзалната сала, во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2010 год. и на постедукативниот семинар организиран од страна на Македонското стоматолошко друштво во мај 2011 год.

Во периодот 2002-2005 година била членка на Европската протетска асоцијација, а во периодот 2006-2012 година е членка на Европската асоцијација за орално јавно здравство.

По повод 50 години од постоењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, добитник е на Благодарница.

Наставно-образовна дејност: На Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет е вклучена во секојдневната практична настава со студентите.

Студиски престој: Во 2007 год., како стипендист на Холандската влада била на студиски престој на Стоматолошкиот факултет во Nijmegen, Холандија, кај проф. Nico Creugers, каде што се запознала со новините во стоматолошката протетика и планирањето на протетскиот третман базиран на проблемите кај пациентите. Активно учествувала и на неговите предавања за современиот начин на едукација во стоматологијата, односно учењето базирано на проблеми (Problem based learning), како интерактивно учење, во кое студентот е во центарот на вниманието. Истовремено присуствувала на постдипломскиот семинар од 01.4.2007-15.6.2007 год. на тема: НОВИ КОНЦЕПТИ ВО ЕДУКАЦИЈАТА И ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА, во организација на Светската здравствена организација, под раководство на еминентни стручњаци од областа на јавното здравство во стоматологијата, проф. Jo Frencken и проф. Wim van Pallenstain. Покрај новите концепти во стоматолошката едукација се запознала и со техниките на атрауматскиот реставративен третман, скратените дентални лакови, функционалниот мастикаторен систем, методите и стратегиите за орални здравствени системи, основниот пакет за орална здравствена грижа и сл.

Учество на меѓународни стручни манифестации: Од нејзиното учество на стоматолошките конгреси и симпозиуми во европските земји се издвојуваат учеството со усна презентација и два постера на 27. Годишна конференција на Европската протетска асоцијација, која се одржала во Женева, Швајцарија, а во 2003 г. активно учествувала со усни и постер-презентации на конгресите на Балканската стоматолошка асоцијација во 1999,2000,2002,2004,2005 и 2006 г.

Во 2006 година била активен соучесник на претконференциската работилница на тема: "Предизвици во оралната здравствена заштита во земјите на Централна и Источна Европа и нивното влијание во ЕУ" и на 11. Годишна конференција на Европската асоцијација за орално јавно здравство кои се одржале во Прага, Р. Чешка.

Во 2010 година, во Констанца, Романија, активно учествувала на претконгресната работилница на тема: „Истражувачката методологија", каде што учествувала во групата која работела на квалитативни истражувања и на 15. Годишна средба на Европската асоцијација за јавно здравство.

Стручни и научни публикации: Трудовите до нејзиниот избор за асистент на Катедрата за стоматолошка протетика (бр. 1-17) се рецензирани во Билтенот бр. 763 од 2000 година, а за реизборот во истото звање (бр. 18-22), во Билтенот бр. 849 од 2004 год. Од нејзиниот последен избор има објавено вкупно 54 труда (бр.23-54), од кои седумнаесет се рецензирани во Билтен бр. 874/2005, 908/2006, 927/2007, 930/2008, 986/2010, 998/2010, 1010/2011 и 1016/2011 на УКИМ во Скопје.

За овој избор, кандидатката за рецензија ги приложи следниве трудови:

1. **Николовска Ј.**

   Ургентните интервенции кај пациенти со протетички конструкции. Макед стоматол прегл. 2001; 25

   (1-4) :49-54.

   Во овој труд се прикажани состојбите на ургентност кои можат да се јават во стоматолошката протетика. Тоа се, пред се состојби до кои може да дојде како резултат на компликации во текот на изведувањето на интервенциите. Меѓутоа, за ургентноста може да се зборува и од аспект на естетска ургентност и ургентност во случаи на функционални нарушувања при губење на забите или предизвикани од протетичките конструкции што ги носат пациентите.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

2. Николовска Ј.

Менаџерски решенија - услов за успешно функционирање на системот за орална здравствена заштита. Макед. мед прегл. 2003; 57 (1-2): 94-98.

Цел на овој труд е да се истакне значењето и потребата од примена на менаџментот како суштински фактор на модерното работење, во конкретниот случај за современото раководење со системот за орална здравствена заштита.

Како пример на систем за орална здравствена заштита каде што се применети основните функции на менаџментот (планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање), во овој труд се дадени неколку основни карактеристики на системот за орална здравствена заштита на Германија. Во трудот се укажува на потребата од разграничување на улогата на државата и на пазарот во финансирањето на здравствените услуги во Р. Македонија.

Трудот има научен и апликативен придонес.

3. Николовска Ј.

Модел на стратегиски менаџмент за орална зрдавствена заштита во транзициони економии. 9th Balkan Stomatological Society Congress (Abstracts). Ohrid: Balkan Stomatological Society, 2004:279.

Системите за орална здравствена заштита во земјите со транзициони економии е потребно да претрпат сериозни промени во транзициониот период. Во трудот се истакнува потребата од имплементирање на адекватен модел на стратегиски менаџмент во овие земји, со сите негови карактеристики: формулирање на работна стратегија, нејзино имплементирање, евалуација и контрола на постигнатите резултати.

Трудот има научно и апликативно значење.

4. Николовска Ј, Јовановси А.

Стоматологија базирана на докази како метод за идентификација, евалуација и имплементација на клинички податоци. 10th Balkan Stomatological Society Congress (Abstracts). Belgrade: Balkan Stomatological Society, 2005:52.

Цел на овој труд е да се препорача стоматологија базирана на докази како метод на поддршка на секојдневната клиничка практика во решавање на значајните варијации во клиничкото дијагностицирање и препорачаниот третман. Ова е метод за интегрирање на најдобрите клинички литературни евиденции со искуството од страна на клиничарите и потребите на пациентите. Во трудот е претставена основата на стоматологијата базирана на докази која е всушност консензус од водечките клинички учители, нивното мислење, поддржано со литературата во електронската база на податоци во разрешување на некои клинички дилеми.

Трудот има научно и апликативно значење.

5. Јовановски А. Накова М. **Николовска Ј.**

Влијание на разликите во идната стоматолошка едукација во Европа. 10th Balkan Stomatological Society Congress (Abstracts). Belgrade: Balkan Stomatological Society, 2005:51.

Во трудот се истакнува потребата од воведување на нов дентален курикулум кој ќе биде сличен за сите стоматолошки факултети во Европа. Целта е да се обучат идните европски стоматолози со потребните вештини за превенција, дијагностика и третман во релација со заболувањето на забите, устата, вилиците и околните ткива и, секако, да поседуваат високи етички квалитети за нивно професионално унапредување. Во тој контекст се работи на повеќе европски проекти во кои би требало да се изнајде решение за не многу едноставните прашања во однос на пристапот кон стоматолошката едукација и разликите во организационата поставеност на системите за орална здравствена заштита.

Трудот има едукативно и апликативно значење.

6. Манева М. **Николовска Ј.** Шапурић М. Панова Б. Гагоски Б.

Анализа на гингивалниот раб на коронките проследено преку нашата клиничка практика. 10th Balkan Stomatological Society Congress (Abstracts). Belgrade: Balkan Stomatological Society, 2005:85.

Цел на овој труд е да се анализира гингивалниот раб на вештачката коронка при проба на коронката во метал, при проба на фасетираната коронка и еден месец по нејзиното дефинитивно цементирање. При проба на коронката во метал неопходно е скратување на работ кој предлабоко навлегува во сулкусот како резултат на радирањето на моделот од страна на техничарот. Анализите спроведени во овој труд укажуваат на задоволителна состојба еден месец по цементирањето на конструкцијата како резултат на претходно направените корекции на гингивалниот раб на коронката.

Трудот има стручно-практичен придонес.

7. **Николовска Ј**. Јовановски А. Матоска Ј.

Трансфер и влијание на научните сознанија врз современата стоматолошка додипломска настава. Макед стоматол прегл. 2005;29 (1-4):99-105.

Современите методи на едукација овозможуваат поголема лична евалуација на студентите и зголемена релација со проблемите на пациентите. Во овој труд, врз основа на анализирани статии од достапната литература како едно од можните решенија за поголема интеграција меѓу клиничката обука и теоретската настава на студентите, т.е. нивно поголемо инволвирање во стручно-научните активности, како најкористени и најприфатливи модели на едукација се издвојуваат учењето базирано на проблеми и едукација базирана од искуство. Цел на трудот е да се презентира преносот и влијанието на науката врз глобалните едукативни програми, со кои би се обезбедиле соодветни стоматолошки кадри кои ќе бидат добро едуцирани и ќе овозможат подобар стоматолошки третман и превенција на оралните болести.

Трудот има научно-апликативен придонес.

8. **Николовска Ј.** Модел на управување со системот за орална здравствена заштита. Докторска дисертација, Скопје, 2007.

Лошата состојба со оралното здравје на населението, недефинираноста на системот за орална здравствена заштита во севкупниот здравствен систем, отсуството на епидемиолошка студија за состојбите со оралното здравје според стандардизирани методологии, како и неизграденоста на доктринарни ставови за заземање на вистинското место на оралното здравје во општеството беа реалност во здравствениот систем на Р. Македонија. Оттука произлегува и неопходноста за изнаоѓање на одреден модел на систем за орална здравствена заштита во Р. Македонија кој би се извел на научна основа, врз база на резултатите од аналитичкиот пристап и темелната компаративна обработка на постојните состојби на системите за орална здравствена заштита како на нашата, така и во земјите на ЕУ. Цел на трудот е да се изнајдат решенија за спроведување на систем за орална здравствена заштита во РМ, кој ќе се базира врз решенијата кои ги имаат современите западноевропски земји, а да одговараат и да се адаптабилни на потребите и условите во нашата земја. За таа цел, анализирани се системите на пет високо развиени земји, членки на ЕУ и системите на пет земји со транзициони економии кои од 2004 год. се членки на ЕУ и системот за орална здравствена заштита на РМ.

Врз основа на направените анализи во овие земји во докторската дисертација, се препорачува модел на систем за орална здравствена заштита во Р.Македонија кој има апликативна вредност.

9. **Николовска Ј.** Анализа на системи за орална здравствена заштита во некои земји на ЕУ. Balk J Stom 2008; 12 (1): 47-50.

Во овој труд се презентирани различни модели на системи за орална зрдавствена заштита во земјите на ЕУ во кои се анализирани вредностите на КЕП-индексот кај деца од 12 год. и трошоците за орална здравствена заштита во корелација со моделот на орална здравствена заштита во тие земји. Оваа аналитичка студија ја покажува релацијата на системите за орална здравствена заштита со еден сегмент од оралноздравствениот статут во шест западноевропски земји: Германија, Данска, Холандија, Велика Британија, Грција и Словенија, како претставници на секој модел на систем за орална здравствена заштита. Трудот ја истакнува значајноста за секоја земја од следење на оралноздравствениот статус на населението и контролирање на трошоците за орална здравствена заштита. Намалувањето на трошоците е единствено можно со добро организирани превентивни активности и правилна распределба на средствата од здравственото осигурување на населението.

Трудот има научен и апликативен придонес.

10. Миндова С,Ивановски К, Грчев А, Пешевска С, **Николовска Ј,** Апостоловска Г, Ристоска С, Митиќ К. Пушењето и пародонталната болест. Макед стоматол прегл. 2010; 34 (3-4):184-192.

Во овој труд се утврдуваат ефектите на пушењето врз прогресијата на пародонталната болест, преку проследување на пародонталните индекси. За таа цел направена е анализа на пародонталниот статус кај испитаниците-пушачи кои имаат дијагностицирано хронична пародонтална болест и испитаници-непушачи со пародонтопатија. Од анализата детектирана е процентуална разлика помеѓу испитуваните подгрупи и контролната група како резултат на вазоконстрикција и васкуларни измени на гингивалното ткиво поврзани со дозата на никотинот.

Трудот има научен придонес.

11. Николовска Ј, Шабанов Е, Миндова С, Костадинова М.
Улогата на максиларниот централен инцизив во артикулацијата на сибилантот /С/. Макед стоматол прегл 2010; 34 (5-6):327-334.

Со оваа студија се утврдува значењето на максиларните инцизиви во артикулацијата на денталните гласови. Во тој контекст се истакнува значењето на моделација на фронталните мостови за правилна артикулација на гласовите.
Трудот има стручна и апликативна примена.

12. Николовска Ј, Миндова С, Алексова П, Костадинова М.
Влијанието на метал-керамичките фронтални мостови врз артикулацијата на денталните гласови. Макед стоматол прегл. 2011 (во печат)

Цел на овој труд е да се утврди влијанието на вестибуло-оралниот промер на метал-керамичките фронтални мостови врз артикулацијата на денталните гласови, преку анализа на спектарот на гласот С. По направените спектрални анализи, утврдена е статистички сигнификантна разлика во однос на артикулација на гласот С кај испитаниците од испитуваната група кога немаат изработен мост споредено со контролната група испитаници.
Трудот има стручна и апликативна примена.

13. Николовска Ј, Миндова С, Дирјанска К, Алексова П, Костадинова М, Бојковска С.
Протетски статус и потреба за третман кај геријатриски пациенти во јавните институции за стари лица. Макед стоматол прегл. 2011 (во печат).

Во овој труд направена е анализа на протетскиот статус и потребата од третман кај геријатриски пациенти хоспитализирани во јавните центри за стари лица. Наодите укажуваат на исклучително голема потреба од протетски помагала кај овие лица, која констатација се совпаѓа со субјективната желба на овие пациенти.
Трудот има научна и апликативна примена.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Јулијана Никола Николовска**

Институција: **Стоматолошки факултет - Скопје**

Научна област: **јавно здравство во стоматологијата**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	**Поени**
Вежби I циклус студии: клиничка фиксна протетика (1+6) за 2000 /2001, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05, 2005/06 6 часа x 15 недели x 1 група x 2 семестри x 6 години x 0.03 =	32,4
Вежби I циклус студии: клиничка фиксна протетика (1+6) за 2006/2007, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 6 часа x 15 недели x 1 група x 2 семестри x 6 години x 0.03 =	32,4
Вежби I циклус студии: претклиничка фиксна протетика(1+3) за 2000 /2001, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05, 2005/06 : 3 часа x 15 недели x 1 група x 2 семестри x 6 години x 0.03=	16,2
Вежби I циклус студии: претклиничка фиксна протетика (1+3) за 2006/2007, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 : 3 часа x 15 недели x 1 група x 2 семестри x 6 години x 0.03=	16,2
Вежби за ВЗТ: стоматолошка керамика, 6-ти семестар од 2002/03 до 2011/12: 6 часа x 15 недели x 1 група x 1 семестар x 10 години x 0.03=	27,0
Вежби за ВЗТ Стоматолошка керамика , 5-ти семестар од 2002/03 до 2011/12: 4 часа x 15 недели x 1 група x 1 семестар x 10 години x 0.03=	18,0
Вежби за ВЗТ Технологија на забните фиксни и мобилни протези од 2002/03 до 2004/05 г.: 3 часа x 15 недели x 1 група x 2 семестри x 3 години x 0.03=	8,1
Вежби за ВЗТ: технологија на забните фиксни протези (коронки) од 2005/06 до 2009/10 г.: 3 часа x 15 недели x 1 група x 1 семестар x 5 години x 0.03=	6,75
Вежби за ВЗТ: технологија на забните фиксни протези (мостови) од 2005/06 до 2009/10 г. : 3 часа x 15 недели x 1 група x 1 семестар x 5 години x 0.03=	6,75
Консултации со студенти	4,0
Настава во летни школи и работилници-учесник (5)	5,0
Пакет материјали за совладување на одреден предмет: клиничка фиксна протетика	1,0
Вкупно	**173,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	**Поени**
Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание	37,6
Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/	

стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	10,8
Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание	1,8
Учество на научен/стручен собир со реферат /усна презентација/	20,0
Учество на научен/стручен собир со реферат /постер	33,0
Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	6,0
Пленарно предавање на научен/стручен собир	4,0
Секциско предавање на научен/стручен собир	4,0
Вкупно	**117,2**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	**Поени**
Книга од стручна област: Стратешки план за развој на стоматологијата во Република Македонија во периодот 2011-2021. Стоматолошка комора на Македонија, 2010 (коавтор).	7
Книга од стручна област: Дијагностички и тераписки протоколи во стоматологијата. Стоматолошка комора на Македонија, 2010 (коавтор).	7
Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството: специјалист по стоматолошка протетика, 1996.	2
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
Награда за научни достигнувања од струкова организација- самостоен: Диплома и Плакета на МЛД, Благодарница од Стоматолошки факултет	9
Студиски престој во странство, до три месеци	0,5
Вкупно	**25,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**173,8**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**117,2**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**25,5**
Вкупно	**316,5**

2. Прим. д-р Персида Малинска, д-р сци, вработена во Центарот за јавно здравје-Скопје, шеф на отсекот за промоција на здравјето е родена на 18.5.1956 година во Скопје

Универзитетско образование:

- доктор на медицина: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Медицински факултет , во 1988 година;

- магистер на медицински науки од областа на социјалната медицина: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Медицински факултет во Скопје, со магистерски труд под наслов СОЦИЈАЛНО- МЕДИЦИНСКИ АСПЕКТИ НА УПОТРЕБА НА ТУТУНОТ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ, 2006 година;

- доктор на социолошки науки: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје, Институт за социолошки и политичко- правни истражувања во Скопје, со докторска дисертација под наслов СОЦИЈАЛНИ ДИМЕНЗИИ НА ПУШЕЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ, 2007 година.

Работно искуство: Во 1981 година се вработила во Медицинскиот центар во Куманово, а во 1993 година Заводот за здравствена заштита во Куманово; 1997-2011 Завод за здравствена заштита-Скопје; во периодот 2000-2006 година била избрана во звањето асистент по предметот социјална Медицина, Медицински факултет-Скопје.Од 1994 до 1998 гонина пратеник во Собранието на Р. Македонија. Во моментот е шеф на Отсекот за промоција на здравјето при Центарот за јавно здраје во Скопје.

Наставно-образовна дејност: На Катедрата за социјална медицина при Медицинскиот факултет била вклучена во практичната настава со студентите. Од 2000 до 2006 година, како асистент по предметот Социјална медицина била активно вклучена во практичната настава на студентите на медицина , Вишата школа за радиолошки техничари и Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет.

Стручно- апликативна дејностдејност

Има одржано предавања на различни конгреси, симпозиуми и секции и објавени бројни трудови од областа на медицината. Учествувала во работни групи на државно ниво со учество на домашни и странски експерти од Светската банка и Меѓународната проектна единица при Министерството за здравство за изработка на закони од областа на општествените дејности. Во изминатиот период, како учесник во домашни и меѓународни проекти учествувала, во почетокот, како анкетар, па до изготвување на проектот со статистичка обработка и кост бенефит анализа на добиените резултати.

Посетила повеке центри како член на делегации, конгреси, симпозиуми: Белград, Загреб, Љубљана, Копенхахен, Стокхолм,Софија, Букурешт, Будимпешта, Париз, Виена и др.

Од 2002- 2010 година член е на Европското и Светското здружение за јавно здравство.

Добитник е на пофалници, благодарница, диплома и плакета од Македонско лекарско друштво.

Стручни и научни публикации: Кандидатката има презентирано или објавено 65 труда, од кои 6 по последниот избор за асистент по предметот социјална медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Персида Бранко Малинска**

Институција: **Центар за јавно здравје-Скопје**

Научна област: јавно здрвство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	Поени
Одржување на вежби (аудиторски,изработка на сем. туд)	30.0
Одржување на теренска настава	4.8
Консултации со студенти	3.6
Автор на научно-популарна книга	6.0
ВКУПНО	**44,4**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	Поени

Учество во национален научен проект	3,0
Учество во меѓународен научен проект	10,0
Труд со оригинални научни резултати,објавен во зборник на трудови од научен /стручен собир (65)	113,0
Секциско предавање на научен/стручен собир(5)	5,0
ВКУПНО	**131,0**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Назив на активноста:	**Поени**
СТРУЧНА МОНОГРАФИЈА **(5)**	40,0
ВКУПНО	**40,0**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
Член на организацинен одбор на научен/стручен собир (2)	1
Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир	2
Член на факултетска комисија	0.5
Подготовка на национални документи (закони)	2
Учество во комиссии и тела на државни органи	1
Завршена спеицјализација во областа на медицинските науки и здравството	2
Член на комисија за изработка на закон	4
Член на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон: подзаконски акт	2
Учество во изработка на национална програма од одредена област	3
ВКУПНО	**17.5**
ВКУПНО	**57,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**44,4**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**131,0**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**57,5**
ВКУПНО	**232,9**

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација за ангажираноста на кандидатите д-р сци Јулијана Николовска и д-р сци Персида Малинска, во изминатиот период од последниот избор до сега, Комисијата констатира дека кандидатите ги исполнуваат сите поставени формални критериуми за избор во наставно-научно звање утврдени со Законот за високото образование на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.


Од извршеното вреднување на сите референции и активности на кандидатите во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, евидентно е дека имаат достигнато висок квалитет во сите наведени области, што се потврдува со значително големиот збир на поени наведени во анексите 2 (НО + НИ + СА). Сумирајќи ги резултатите од рецензентскиот извештај, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека образложение за предлог за издвојување на д-р Јулијана Николовска, д-р сци, е врз основа на изнесените стручни, наставни и научни дејности.

Следејќи го развојот на д-р Јулијана Николовска, д-р сци, можеме да кажеме дека се работи за една личност која во целиот свој работен век покажа посебен афинитет во однос на нејзиното усовршување и унапредување. Таа го вложи максимумот во својата доедукација. Се карактеризира со посебен однос кон пациентите, студентите и своите колеги.

Според погоре изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Јулијана Николовска, д-р сци, да биде избрана за доцент во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на јавното здравство во стоматологијата, на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Миле Царчев, претседател с.р.
2. Проф. д-р Марија Накова, член с.р.
3. Проф. д-р Моме Спасовски, член с.р.
4. Проф. д-р Розалинда Исјановска, член с.р.
5. Проф. д-р Мира Јанкуловска, член с.р



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии



Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд од наставно-научен совет (април 2012)

1. Комуникациски и информациски технологии

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Ива Шкрињариќ	Споредба на бесконтактните технологии преку бизнис анализи и модели соодветни за телекомуникациски пазар	Comparison of contactless technologies via business analysis and models for the telecommunication market	Проф. д-р Александар Ристески
2	Лазар Динов	Техно-економска анализа на идни деливи мобилни широкопојасни мрежи	Techno-economic analysis of future shared mobile broadband networks	Проф. д-р Тони Јаневски

2. Проектен менаџмент

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Игорче Карафиловски	Систем за менаџирање на шумските пожари во Република Македонија	Management system of forest fires in Macedonia	Проф. д-р Димитар Трајанов
2.	Андон Стефановски	Менаџирање и анализа на проект за подобрување на квалитетот на правните акти во Република Македонија	Management and Analysis Project to improve the quality of legal acts in the Republic of Macedonia	Проф. д-р Атанас Илиев
3.	Маја Менкова	Улогата на Проектна канцеларија во менаџирање на повеќе проекти во компанија	The Role of the Project management office in managing a number of company projects	Проф. д-р Вангел Фуштиќ
4.	Александар Станков	Менаџмент на квалитет и безбедност на софтверски проекти базиран на Coras методот	Quality Management and Security of the Software Projects based on the Coras method	Проф. д-р Атанас Илиев
5.	Јасмина Кецап	Менаџмент на производ(и) и негова примена во телекомуникациите	Product Management ant it`s application in the telecommunications	Проф. д-р Атанас Илиев
6.	Ненад Момироски	Деловна комуникација и имплементацијата на комуникацијата во проектните активности	Business communication and implementation of communication in the project activities	Проф. д-р Вангел Фуштиќ
7.	Јана Макеска	Методите за управување со квалитетот во градежните проектите	Quality management methods in construction project	Проф. д-р Атанас Илиев
8.	Александра Георѓиева	Интернетот и мобилните технологии во развој на туризмот	Internet and mobile technologies in tourism development	Проф. д-р Димитар Трајанов

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 27.IV. 2012 година, формира Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област римско право, во состав: д-р Мирјана Поленак Аќимовска, редовен професор, д-р Гале Галев, редовен професор и д-р Владо Бучковски, редовен професор.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 3.IV. 2012 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област римско право, се пријави д-р Гоце Наумовски, доцент на научната област римско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата кандидатот достави: куса биографија, диплома за научен степен-доктор на правни науки, издадена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје; преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност; список на научни трудови и примероци од нив и Изјава на образец број 1, согласно со Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија во претходно наведениот состав го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I.

1. Биографски податоци

Д-р Гоце Наумовски е роден на 4.5.1977 година во Скопје. По завршувањето на основното образование со одличен успех, се запишал во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје, општа насока, која ја завршил исто така со одличен успех, матурирајќи на тема од областа на општествените науки.

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ се запишал во учебната 1995/96 година. Во текот на студиите покажувал особен интерес и активности во повеќе подрачја, а посебно во областа на римското право и на граѓанското право. Од февруари 2000 година е ангажиран како демонстратор на предметот римско право на Самостојната катедра за правноисториски науки.

Дипломирал на 5.6.2000 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со просечен успех 9,00. За помлад асистент на научната област римско право е избран на 17.2.2003 година.

Веднаш по дипломирањето се запишал на академските, научни постдипломски студии по граѓанско право (изборно подрачје: римско право) на Правниот факултет. Успешно ги положил сите предвидени испити од постдипломските студии со висок просечен успех, а на 18.5.2004 година успешно го одбранил магистерскиот труд „Влијанието на римскиот societas врз современиот договор за ортаклак (договор за заедница)" и се стекнал со звањето магистер на правни науки од областа на римското право и на граѓанското право. За асистент по предметот римско право е избран на 3.12.2004 година.

Испитите од постдипломските студии по класична филологија, насока: римска култура, на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје (методологија на класичните науки, латински јазик, латинска епиграфија, латински јазик-специјализиран курс, диферецијален курс по латински јазик и римска реторика) ги положил со просечен успех 10,00.

На 18.5.2007 година ја одбранил докторската дисртација на тема: „Договорот за депозит во римското и во современото право" пред Комисијата во состав: проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска, проф. д-р Гале Галев, проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Владо Бучковски и проф. д-р Жика Бујуклиќ. Со тоа се стекнал со научното звање доктор на правни науки. За доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" е избран на 26.9.2007 година.

Ги зборува или се служи со следниве странски јазици: англиски, грчки, албански, француски, италијански. Одлично ги владее латинскиот јазик и латинската правна терминологија.

2. Наставно-образовна дејност

Доц. д-р Гоце Наумовски изведува настава (како носител на предметна програма) на следниве предмети од прв и втор циклус студии: римско право; право и информатичка технологија; реторика и правна аргументација; историја и извори на римското право; латинска правна терминологија; римско кривично право; византиско право; римско и европско договорно право; латинска правна епиграфија; ius commune и common law; правото во античка Македонија; егзегеза на изворите на римското право; спортско право; trademarks and geographical indications; information technology Law; traditional knowledge & folklore & intellectual property; internet domain names (legal aspects); entertainment law.

Во рамките на другите активности на Правниот факултет "Јустинијан Први," учествувал или извршувал повеќе ангажмани, меѓу кои: раководител на Институтот за правноисториски науки; раководител на постдипломските студии по римско право и приватноправна традиција; раководител на постдипломските студии со заедничка диплома со Универзитетот во Стразбур по право на интелектуална сопственост (на англиски јазик); претседател и член на организационионият одбор на Ораторските вечери "Иво Пухан"; во

дејноста на Компјутерскиот центар на Факултетот и на Македонскиот правен ресурсен центар, а исто така е вклучен во работата на Центарот за образование по интелектуална сопственост (CIPE) од неговото основање.

Бил член на следниве факултетски комисии, меѓу кои: Комисија за упис на студенти во втор циклус студии; Комисија за усогласување на наставните програми од прв и втор циклус на студии на сите студиски програми; Комисија за усогласување на наставните програми од прв и втор циклус на студии по новинарство; Комисија за подготовка на Водич за студентите за генерацијата 2007/08 година ; Издавачки совет (од 2008 година); Комисија избор на стручњаци од практиката на научната област римско право; Комисија за избор на стручњаци од практиката на научната област воведни и теоретски правни науки; Комисија за избор на стручњаци од практиката на политички науки .

3. Оцена на објавените научни и стручни трудови

9	Country report on the state of the animal genetic resources in Republic of Macedonia. 2003. p. 1-60. Ministry of agriculture, forestry and water economy, Republic of Macedonia.	2
	Вкупно	29

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	27
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	83,76
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	29
Вкупно	139,76

Членови на Комисијата

1. **Д-р Владимир Џабирски, редовен професор**
Факултет за земјоделски науки храна – Скопје, с.р.

2. **Божидарка Марковиќ, вонреден професор**
Биотехнички факултет – Подгорица, с.р.

3. **Д-р Драгослав Коцевски, вонреден професор**
Факултет за земјоделски науки храна – Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИТНИ КУЛТУРИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVIII седница и со решение бр. 02-765/8 од 10.4.2012 година, одреди Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Гоце Василевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и проф. д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за преглед и оцена на научните и стручните трудови на пријавените кандидати на конкурсот за избор на наставник во областа житни култури.

По прегледот на доставената документација, Комисијата го доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс, објавен во весниците "Дневник" и "Коха" од 5.4.2012 година, за избор на наставник во областа житни култури, се пријави само еден кандидат за звањето редовен професор и тоа д-р Дане Бошев, досегашен вонреден професор по предметот зрнести и клубенести култури на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Дане Бошев е роден на 7.4.1966 година во Свети Николе, каде што ги завршил основното и средното образование (гимназија). Во учебната 1984/85 година се запишал на поледелската насока на Земјоделскиот факултет во Скопје и заминал на отслужување на воениот рок. Студиите ги започнал наредната година, а дипломирал во мај 1990 година со среден успех 8,41. Во текот на студиите, кандидатот покажал интерес за научната и наставната работа, поради што, во последната година од своето студирање, бил ангажиран како демонстратор по предметот мелиорации. По дипломирањето, една година работел како наставник во УЦНСО "Ј.Б. Тито" во Свети Николе.

На 1.10.1991 година е примен на Земјоделскиот факултет во Скопје како помлад асистент на Катедрата за специјално поледелство и тутун по предметот индустриски култури, а од 1996 година е избран за помлад асистент на предметот зрнести и клубенести култури. На постдипломски студии се запишал во 1992/93 година, на групата нивско производство, подгрупа индустриски култури, а предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,50.

На 27.12.1996 година го одбранил својот магистерски труд со наслов "Ласерска обработка на афионот во текот на вегетацијата", а на 4.10.2002

година, ја одбранил докторската дисертација под наслов "Производни и квалитетни особини на некои хибриди пченка во Овче Поле". Во декември 2002 е избран во звањето доцент, а во септември 2007, во звањето вонреден професор на предметот зрнести и клубенести култури на ФЗНХ.
Од вработувањето до денес, кандидатот учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции од областа на житните култури, одржани во земјата и во странство. Активно зборува и се служи со литература од англиски и руски јазик, а досега како автор или коавтор има објавено 66 труда.

2. Наставно-образовна дејност

Во досегашниот период, кандидатот д-р Дане Бошев активно е вклучен во изведување на наставата и вежбите на повеќе наставни дисциплини од областа на житните култури, и тоа: познавање на житата (насока: преработка на земјоделски производи), складирање и чување на поледелски производи (насока: поледелство), производство на слад и пиво (насока: преработка на земјоделски производи), амбалажа на земјоделски производи (насока: преработка на земјоделски производи), како и дел од предметот суровини од растително потекло (насока: квалитет и безбедност на храна).

Покрај изведувањето настава на додипломските студии, кандидатот е вклучен и во изведувањето настава на вториот циклус по предметите: зрнести мешункасти култури (растителна биотехнологија - модул: преработка на поледелски култури) и зрнести легуминозни култури (растителна биотехнологија - модул: поледелство). Наставата, вежбите, испитите, колоквиумите и консултациите, кандидатот ги изведува стручно и одговорно, а односот кон претпоставените, колегите и студентите му е коректен и одмерен. Сето ова покажува дека д-р Дане Бошев е наставник кој ги има квалитетите на солиден педагошки работник, како и сите други атрибути што треба да ги има еден наставно-научен кадар. Досега, кандидатот бил ментор на 4 и член на комисија на 6 дипломски работи, член на 2 комисии за одбрана на докторати, рецензент на универзитетски учебник и има објавено авторизирана скрипта по предметот производство на слад и пиво.

Исто така, кандидатот имал неколку стручни усовршувања во странство и тоа:

- во 1997 година, меѓународен курс за обука "Technological and Economic Aspects on Soil Bio/Phyto Remediation" во организација на ICSHT (International Centre for Science and High Technology) од Трст (Италија), одржан во Пловдив;
- во 1998 година, "9th International Course on Crops for Arid and Semiarid Zones: Advanced Agrotechnologies" (25 October - 21 December), во Центарот за меѓународна соработка при Министерството за надворешни работи (MASHAW) на Израел;
- во 2005 година, курс за обука на тема "GIS – advanced systems in agriculture", во организација на University of Newcastle, Њукасл, Обединето Кралство;
- во 2006 година, курс за обука за "PRD – DI systems for irrigation", на Universidade Nova de Lisboa, во Лисабон, Португалија;

- во 2007, тренинг курс за обука на тема „Quinoa – new crop in Europe", LIFE University, во Копенхаген, Данска.

Овие курсеви му помогнале да се надогради на стручен план и да размени искуства со колеги од други институции.

3. Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Дане Бошев, од своето вработување до денес, ја насочува својата работа кон сопствено усовршување во областа на житните култури и тоа како во производството, така и во делот на нивните преработки.

Својата научна активност, кандидатот ја потврдил со учеството во повеќе домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, со што се стекнал со значајно научно искуство и остварил контакти со голем број научници од земјата и од странство. Кандидатот учествувал во следниве проекти:

- Mutation and Doubled Haploids Techniques to Improve Wheat - IAEA (International Atomic Energy Agency) - Wien, Austria;
- Development of Drought Tolerant Wheat Varietes with Good Baking Quality Through Induced Mutations - IAEA (International Atomic Energy Agency) - Wien, Austria;
- Dairy Farming and Processing an Integrated Approach – PSO – Holland;
- Биофизички методи во растителното производство – Министерство за наука и образование, Скопје, Р. Македонија;
- Sustainable Low-input Cereal Production: Required Varietal Characteristics and Crop Diversity – SUSVAR – COST Action 860 – EU;
- Water Resource Strategies and Drought Alleviation in Western Balkan Agriculture – WATERWEB – FW6 Programme – INCO for Western Balkan Countries, Bruxelles, EU.

Поради улогата во развојот и пренесувањето на новите научни техники во практиката, во 2010 година кандидатот е добитник на Награда за развој на науката доделена од општина Св. Николе.

Како резултат на неговото перманентно ангажирање во научно-истражувачката дејност, кандидатот д-р Дане Бошев како автор или коавтор има објавено 66 труда.

4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатот д-р Дане Бошев бил вклучен и во повеќе активности значајни за Факултетот за земјоделски науки и храна. Во периодот 2005-2009 бил продекан за наука и апликација на ФЗНХ, а во истиот период бил директор на ЦИПОЗ. Исто така, членувал во комисиите за упис на студенти, бил претседател на Комисијата за наука и докторати и член на комисијата за настава при ФЗНХ. Во овие четири години, кандидатот бил уредник на Зборникот на ФЗНХ, како и на Зборникот на трудови од средбите „Факултет-стопанство" кои се одржани во овој период.

Покрај тоа, кандидатот бил активно вклучен и во вршење различни дејности од поширок интерес. Д-р Дане Бошев, во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, бил вклучен во изготвување на програми за производство во областа на житните култури, кои ги користат

неколку агрокомбинати во Р. Македонија. Покрај тоа, кандидатот е лиценциран апробатор од МЗШВ за вршење стручна контрола на семенски посеви од житни култури и активно е вклучен во оваа активност.

Исто така, со одлука на министерот при МЗШВ, кандидатот е активен член во активностите на Потсекторската група за уредување на земјоделските пазари за жита и ориз, член на Работната група за изработка на Законот за алкохол и жестоки пијалаци, како и член на Работната група за изработка на подзаконски акти од Законот за квалитет на земјоделските производи.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Дане Бошев, во периодот од неговиот избор во наставно-научното звање вонреден професор, ги продолжил и ги развивал своите активности во наставно-образовната дејност и остварил интензивна научноистражувачка и стручно-апликативна работа. Врз основа на севкупните активности и резултатите во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната активност, може да се заклучи дека кандидатот д-р Дане Бошев поседува наставно-образовни и педагошки квалитети и е солиден научен работник во научната област житни култури.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Дане Бошев, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник во научната област житни култури, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Гоце Василевски с.р.
2. Проф. д-р Петре Р. Ивановски с.р.
3. Проф. д-р Зоран Димов с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Дане Трајан Бошев**

Институција: **УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

Научна област: житни култури

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Складирање и чување на поледелски производи (П) (3+2), зимски семестар, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	9
2	Познавање на житата (ПЗП) (3+2), зимски семестар, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	9
3	Амбалажа на прехрамбени производи (ПЗП) (2+1), зимски семестар, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	6
4	Производство на слад и пиво (ПЗП) (2+2), зимски семестар, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	6
5	Познавање на житата (ПЗП) (3+2), зимски семестар, дисперзирана настава во Струмица, 2011/12	1,8
6	Суровини од растително потекло (КБХ) (3+2), зимски семестар, 2011/12	0,6
7	Познавање на житата (ПЗП) (3+2), летен семестар, 2011/12	1,8
8	Складирање и чување на поледелски производи (П) (3+2), зимски семестар - вежби, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	4,5
9	Амбалажа на прехрамбени производи (ПЗП) (2+1), зимски семестар - вежби, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	2,25
10	Производство на слад и пиво (ПЗП) (2+2), зимски семестар - вежби, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	4,5
11	Суровини од растително потекло (КБХ) (3+2), зимски семестар - вежби, 2011/12	0,3
12	Зрнести мешункасти култури (П) (5), зимски семестар, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	18,75
13	Зрнести легуминозни култури (РБ) (5,) зимски семестар, 2011/12	3,75
14	Технологија на слад и пиво (РБ) (5), зимски семестар, 2011/12	3,75
15	Консултации со студенти 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12	1,4
16	Член на Комисија за одбрана на докторат (2)	1
17	Ментор на дипломски работи (4)	0,8
18	Член на Комисија за одбрана на дипломска работа (6)	0,6
19	Производство на слад и пиво - интерна скрипта од предавања, одобрена на ННС на ФЗНХ	4
20	Рецензент на универзитетски учебник „Преработка на жито и брашно“	1
	Вкупно	80,8

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Национален координатор на меѓународниот проект Water Resource Strategies and Drought Alleviation in Western Balkan Agriculture – WATERWEB – FW6 Programme – INCO for Western Balkan Countries, Bruxelles, EU	6
2	Учесник во меѓународниот проект Sustainable Low-input Cereal Production: Required Varietal Characteristics and Crop Diversity – SUSVAR – COST Action 860 – EU	5
3	Дел од монографијата „60 години Факултет за земјоделски науки и храна“	4
4	Matthew Gorton, Johannes Sauer, Mile Peshevski, Dane Bosev, Darko Shekerinov and Steve Quarrie. 2009. Water Communities in the Republic of Macedonia: An Empirical Analysis of Membership Satisfaction and Payment Behavior. World Development, Elsevier, Volume 37, Issue 12, 1951-1963 IF=1,392 (60%)	4,4
5	Vasilevski Goce, Bosev Dane, Mihajlov Ljupco. 2006. Results of traits with mixture of cereals. COST SUSVAR Cereal Crop Diversity: Implications for production and products (13-14 June), Proceedings, pg. 55-59, La Besse, France. (80%)	2,4
6	Sven-Erik Jacobsen, Radmila Stikic, Zorica Jovanovic, Dane Bosev, Goran Nikolic, Steve Quarrie, Christian R. Jensen, Fulai Liu. 2008. Combining methods for water saving in Western Balkan. Italian Journal of Agronomy, vol. 3, ISSN print: 1125-4718, Forum Editrice Universitaria Udinese, pg. 781-782, Bologna, Italy. (60%)	2,4
7	Peshevski M., Bosev D., Shekerinov D. 2007. Economic Analize of Maize Production in Conditions of Deficit Irrigation in Republic of Macedonia. Economics of Agriculture Journal, Vol. LIV, No2 (109-260), pg.171-179, Belgrade, Serbia. (80%)	3,2
8	Д. Бошев, Г. Василевски. 2006. Квиноја – можна алтернатива на житата. XXXI средба „Факултет-стопанство 2006“, Зборник на трудови, год. XIV, стр. 5-17, Скопје. (90%)	1,8
9	Б. Кнежевиќ, З. Пацаноски, Катерина Николиќ, М. Михајловски, Маја Бобовиќ-Ѓорѓевиќ, Д. Бошев. 2007. Влијанието на некои хербициди врз бројот на клавчиња и зрна во класот кај пченицата Србијанка. XXXI советување за заштита на растенијата на Република Македонија со меѓународно учество. 21-24.11.2007, Зборник на трудови, год. XVIII, стр. 117-119, Охрид. (60%)	1,2
10	D. Bosev, G. Vasilevski, M. Pesevski, Lj. Mihajlov, D. Sekerinov, Z. Bosev. 2007. Kvinoja (Chenopodium quinoa Willd.) nova biljka u Makedoniji. XII Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem. (2-3 Mart, 2007), Zbornik radova, vol.12, str. 355-358, Cacak, Srbija. (60%)	1,2
11	M. Pesevski, D. Bosev, D. Tomic. 2007. Utrosak rada i cena kostanja proizvodnje makedonskog ajvara. XII Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem. (2-3 Mart, 2007), Zbornik radova, vol.12, 541-547, Cacak, Srbija. (80%)	1,6
12	M. Peshevski, D. Cvijanovic, D. Zivkovic, D. Bosev. 2007. Labour	1,8

	use and cost of production in traditional production of wheat white bread. International Conference "Multifunctional agriculture and rural development (II)" (06-07.12.2007), Proceedings, pg. 76-86, Belgrade, Serbia. (60%)	
13	Matthew Gorton, Johannes Sauer, Mile Peshevski, Dane Bosev, Darko Shekerinov, Steve Quarrie. 2010. The dimensions of social capital and rural development: evidence from Water Communities in the Republic of Macedonia. Book of 118th EAAE Seminar. "Rural development: governance, policy design and delivery". https://www.conftool.net/118-eaae-ruraldevelopment/, pg. 391-405 25-27 August, Ljubljana, Slovenia.	1,8
14	Д. Бошев, Г. Василевски, М. Пешевски, Д. Јованов, Д. Шеќеринов, М. Јанкуловска. 2006. Квалитетни особини на семето од пченка одгледувана со дефицитни техники на наводнување. Годишен зборник на ФЗНХ, год. 51, стр. 7-14, Скопје.	1,2
15	Д. Бошев, Г. Василевски, М. Пешевски, Д. Шеќеринов, Д. Јованов. 2007. Оцена на морфолошките карактеристики на пченката во зависност од техниките на дефицитно наводнување. Јубилеен годишен зборник на ФЗНХ, год. 52, стр. 11-21, Скопје.	1,2
16	М. Пешевски, Д. Бошев, Д. Шеќеринов. 2007. Анализа на производно-економските обележја на производството на квиноја. Јубилеен годишен зборник на ФЗНХ, год. 52, стр 283-293, Скопје.	1,6
17	М. Пешевски, Д. Бошев, Д. Шеќеринов. 2007. Производно-економска оцена на алтернативното наводнување на пченка со бразди. Јубилеен годишен зборник на ФЗНХ, год. 52, стр. 295-306, Скопје.	1,6
18	Учество на научен/стручен собир со постер: Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, (2-4 July 2007), Copenhagen, Denmark. Potential for quinoa (Chenopodium quinoa Will.) production in Ovce Pole region.	0,5
19	Учество на научен/стручен собир со постер: Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, (2-4 July 2007), Copenhagen, Denmark. Production of Maize in Ovce Pole Region Using Deficit Irrigation Techniques.	0,5
20	Учество на научен/стручен собир со постер: Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, (2-4 July 2007), Copenhagen, Denmark. Cost-benefit Analize of Alternate Furrow Irrigation for Maize Production.	0,5
21	Учество на научен/стручен собир со постер: I International symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska (19-22 March 2012), Trebinje, Bosnia and Herzegovina. Assesment of genetic diversity in opium poppy (Papaver somniferum L.) based on agro-morphological characters.	0,5
22	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: D. Bosev, G. Vasilevski, M. Peshevski, D. Shekerinov, N. Vasilevski, D. Jovanov, S.E. Jacobsen, S. Quarrie. 2007. Potential for quinoa (Chenopodium quinoa Will.) production in Ovce Pole region.	1

	Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, 2-4 July, Book of Abstracts, pg.10, Copenhagen, Denmark.	
23	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: D. Bosev, M. Peshevski, D. Jovanov, D. Shekerinov, N. Vasilevski, S.E. Jacobsen, S. Quarrie. 2007. Production of Maize in Ovce Pole Region Using Deficit Irrigation Techniques. Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, 2-4 July, Book of Abstracts, pg.11, Copenhagen, Denmark.	1
24	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: M. Peshevski, D. Bosev, D. Shekerinov, N. Vasilevski, D. Jovanov, S.E. Jacobsen, S. Quarrie. 2007. Cost-benefit Analize of Alternate Furrow Irrigation for Maize Production. Conference on Water productivity in agriculture and horticulture "How can less water be used more efficiently, 2-4 July, Book of Abstracts, pg.28 Copenhagen, Denmark.	1
25	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Sven-Erik Jacobsen, Radmila Stikic, Zorica Jovanovic, Dane Bosev, Goran Nikolic, Steve Quarrie, Christian R. Jensen, Fulai Liu, Mathias N. Andersen. 2008. Combining methods for waste-water treatment and proper re-use by water saving irrigation in Western Balkan. Atelier Mediterraneen sur les Nouvelles Technologies de Recyclage des Eaux non conventionelles dans les Cultures Protegees : L'Institut Agronomique et Vétérinaire Hassan II ', pg. 37, Agadir, Maroc.	1
26	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska, Gjoshe Stefkov, Jelena Acevska, Ljupcho Jankulovski, Dane Boshev. 2012. Assesment of genetic diversity in opium poppy (Papaver somniferum L.) based on agro-morphological characters. I International symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska (19-22 March), Book of Abstracts, pg. 292. Trebinje, Bosnia and Herzegovina.	1
	Вкупно	49,4

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Учесник во подготовка на студија „Оптимализација на производството на поледелски култури во ЗСК – Струмица"	1
2	Член на Комисија за изработка на Закон за алкохол и жестоки алкохолни пијалаци	4
3	Член на Комисија за изработка на подзаконски акти од Законот за квалитет на земјоделски производи – Уредување на пазарот на жита и ориз	2
4	Учество во промотивни активности на Факултетот (2008, 2009)	1
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
	Уредник на Годишниот зборник на ФЗНХ (2006, 2007)	4
	Уредник на Зборник на трудови од средбите „Факултет-	2

	стопанство“ (2006, 2007)	
	Претседател на Организационен одбор на средбата „Факултет-стопанство“	1
	Член на Организационен одбор „60 години ФЗНХ“	0,5
	Награда за научни достигнувања од општина Св. Николе	3
	Продекан за наука и апликација	4
	Директор на ЦИПОЗ	6
	Студиски престои во странство до 3 месеци (3)	1,5
	Претседател на Комисија за научна работа и докторати (2005-2009)	1
	Член на Комисија за упис на студенти (2005-2009)	0,5
	Член на Комисија за настава (2009-2013)	0,5
	Член на Комисија за регистар на научни проекти на ФЗНХ	0,5
	Раководител на втор циклус студии на насоката ПЗП-растителни преработки	2
	Член на Потсекторска постојана група за уредување на земјоделските пазари на жита и ориз при МЗШВ	1
	Вкупно	35,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	80,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	49,4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	35,5
Вкупно	165,7

Членови на Комисијата

1. Проф д-р Гоце Василевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Проф д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Проф. д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КРМНИ РАСТЕНИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXXVIII седница и решение бр. 02-765/8 од 10.4.2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Гоце Василевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот кој се пријави за избор во звањето редовен професор.

Комисијата откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Koha" од 5.4.2012 година, констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област крмни растенија се пријавила кандидатката д-р Татјана Прентовиќ, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Д-р Татјана Прентовиќ (Шоклевска) е родена во Скопје на 27.7.1964 година. Основното образование го завршила со одличен успех како првенец на генерација. Средното гимназиско образование го стекнала во Скопје каде што матурирала со одличен успех.

Во учебната 1982/83 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје - група поледелство. Дипломирала на 6.10.1988 година на тема од областа на микробиологијата. Во ноември 1988 година се вработила како приправник во Институтот за поледелство и градинарство во Скопје, во Заводот за фуражни култури. Во 1991 година се запишала на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје на групата селекција и генетика. По положените испити, на 8.12.1995 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов ***Варијабилност на својствата на некои сорти луцерка во услови на Скопско.*** и се стекнала со титулата доктор на земјоделски науки

На 1.9.1997 година се вработила како асистент по предметот фуражно производство при Земјоделскиот факултет во Скопје, каде што активно учествува во одржувањето на предавањата и вежбите предвидени со наставната програма од матичната област. На 23.10.2002 година ја одбранила докторската дисертација под

наслов ***Испитување на можностите за зголемено производство на семе од луцерка - Medicago sativa L.*** и се стекнала со титулата доктор на земјоделски науки.

Во текот на работниот период стекнала искуство во научната и практичната работа од областа на фуражното производство особено од областа на селекција на луцерка *(Медицаго сатива L.)* и тревниците. Овие сознанија се резултат на учеството во повеќе научноистражувачки проекти од оваа област.

Во текот на досегашната работа, покрај предавањата и вежбите на матичниот предмет, ги изведува и вежбите и на предметот поледелство со фуражно производство и тревници. Активно била а и сега е вклучена во работата на научноистражувачки проекти од областа на фуражното производство.

Од вработувањето до денес, д-р Татјана Прентовиќ учествувала на повеќе симпозиуми, конгреси и конференции од областа на фуражните култури, одржани во земјата и во странство. Владее и се служи со литература од англиски и руски јазик, а досега како автор или коавтор има објавено 55 труда.

Наставно-образовна дејност

Во изминатиот работен период д-р Татјана Прентовиќ со успех ја изведувала практичната настава и теренските вежби, како и предавањата и колоквиумите по предметот фуражно производство со студентите од поледелска, сточарска, еко-земјоделство и агроекономска насока.

По изборот за доцент по предметот фуражно производство, освен практичната настава, со успех ја изведува наставата по предметите од областа на фуражното производство (фуражни култури, екополеделство и избрани технологии во поледелство и градинарство) и вежбите по предметите фуражно производство и тревници на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По изборот во звањето вонреден професор (2007), покрај изведувањето настава на додипломските студии, кандидатката е вклучена и во изведувањето настава на вториот циклус студии. Наставата, вежбите, испитите, колоквиумите и консултациите, кандидатот ги изведува стручно и одговорно, а односот кон претпоставените, колегите и студентите и е коректен и одмерен. Сето ова покажува дека д-р Татјана Прентовиќ е наставник кој поседува карактеристики на солиден педагошки работник, како и останати вештини што треба да ги има еден наставно-научен кадар. Досега, кандидатката била ментор на 11 и член на комисија на 26 дипломски работи и член во четири комисии за одбрана на докторска дисертација.

Кандидатката има објавено авторизирана скрипта по предметот избрани технологии во поледелство и е коавтор на учебник по предметот тревници и практикум по предметот фуражно производство (што се во печат). Исто така е коавтор на учебно помагало од областа на тревниците со група странски автори што е издадено во странство.

Научно-истражувачка дејност

Кандидатката д-р Татјана Прентовиќ, од своето вработување до денес, ја насочува својата работа кон сопствено усовршување во областа на фуражното производство, и тоа како во производството, така и во делот на преработките. Својата научна

активност, кандидатката ја потврдила со учеството на повеќе домашни и меѓународни научно-истражувачки проекти, со што се стекнала со значајно научно искуство и остварила контакти со голем број научници од земјата и од странство. Како резултат на нејзиното перманентно ангажирање во научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Татјана Прентовиќ како автор или коавтор има објавено 55 труда.

Во периодот од изборот за вонреден професор до денес кандидатот Татјана Прентовиќ има објавено 16 научни труда, од кои 12 се оригинални и 4 се стручни. Од нив, 7 се објавени во земјава, а 9 во странство. Врз основа на приложената документација може да се согледа дека кандидатката се занимава со научно-истражувачка работа од областа на фуражното производство, квантитативните и квалитативните својства на фуражните култури и тревниците и нивната улога во процесот на фиторемедијацијата како мерка за заштита на почвата во глобалниот концепт за заштита на животната средина.

Како актуелен продекан за наука, д-р Татјана Прентовиќ е главен и одговорен уредник на Годишниот зборник и на Зборникот на студентски трудови.на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Стручно-апликативна дејност

Д-р Татјана Прентовиќ е вклучена во повеќе активности значајни за Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Во периодот од 2009 година е актуелен продекан за наука на ФЗНХ, претседател на Комисијата за наука и докторати, претседател на Работната група за акредитација на третиот циклус докторки студии на Факултетот, претседател на Комисијата за издавачка дејност, претседател на Работната група за подготовка на Регистар на проекти член на Работната група за акредитација на првиот циклус студии, член на универзитетската Комисија за финансии на УКИМ, член на Комисијата за настава, член на Комисијата за втор циклус студии, член на Комисијата за меѓународна соработка на ФЗНХ. Како актуелен продекан за наука, д-р Татјана Прентовиќ е главен и одговорен уредник на Годишниот зборник на ФЗНХ и на Зборникот на студентски трудови и учесник во организацијата на средбите „Факултет-стопанство" на ФЗНХ.

Кандидатката има направено и три стручни редакции на преводи на книги како стручна литература а како дел од проектот на Владата на Република Македонија.

Д-р Татјана Прентовиќ, во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес, е лиценциран апробатор од МЗШВ за вршење стручна контрола на семенски посеви од фуражни култури.

Исто така, со одлука на министерот при МЗШВ, кандидатката била член на Комисијата за изготвување на Правилникот за производство и квалитет на семе од фуражни растенија, во изготвување на Правилникот за технички, просторни и организациони услови што треба да се исполнат за семенски и саден материјал од земјоделски растенија и во Правилникот за трговија со семе од фуражни растенија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Татјана Прентовиќ, во периодот од нејзиниот избор во наставно-научното звање вонреден професор, ги продолжила и ги развивала своите активности во наставно-образовната дејност и остварила интензивна научноистражувачка и стручно-апликативна работа. Врз основа на севкупните активности и резултатите во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната активност, може да се заклучи дека кандидатката д-р Татјана Прентовиќ поседува наставно-образовни и педагошки квалитети и е солиден научен работник во научната област крмни растенија.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Татјана Прентовиќ, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избрана за наставник во научната област крмни растенија, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Петре Р. Ивановски
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р

Проф. д-р Гоце Василевски
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р

Проф. д-р Зоран Димов
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Татјана Стојан Прентовиќ**
Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
Научна област: **крмни растенија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Реден број	Назив на активноста:	Поени
Одржување на настава од прв циклус студии		
1	Фуражни култури, 3+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	9,0
2	Еко-поледелство, 3+2 (зимски) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	9,0
3	Преработки од фуражни култури, 3+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/112011/12;;	9,0
4	Избрани технологии во поледелство и градинарство, 4+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	6,0
5	Суровини од растително потекло, 3+2 (летен) - 2010/11; 2011/12;	0,9
6	Фуражни култури, 3+2 (летен - настава во Прилеп) - 2010/11; 2011/12;	3,6
Одржување на настава од втор циклус студии		
7	Фуражни, житни и легуминозни култури, 3+2, - 2010/11; 2011/12;	4,5
8	Растенија за фуражно производство, 3+2, - 2010/11;	2,25
9	Технологија на преработки од фуражни култури, 3+2, - 2010/11;	2,25
10	Фуражно производство, 3+2, - 2010/11; 2011/12;	4,5
Одржување на вежби од прв циклус студии		
11	Фуражни култури, 3+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	4,5
12	Тревници, 3+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	4,5
13	Еко-поледелство, 3+2 (зимски) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	4,5
14	Преработки од фуражни култури, 3+2 (летен) - 2010/112011/12;	1,8
15	Избрани технологии во поледелство и градинарство, 4+2 (летен) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	4,5
16	Суровини од растително потекло, 4+2 (летен) - 2010/11; 2011/12;	1,8
17	Фуражни култури, 3+2 (летен - настава во Прилеп) - 2010/11; 2011/12;	1,8
18	Фуражно производство, 3+2 (зимски - настава во Струмица) - 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	4,5
19	Консултации со студент 2007/08; 2008/09; 2009/10; 2010/11; 2011/12;	0,6

20	Ментор на дипломска работа (11)	2,2
21	Член на Комисија за оцена или одбрана на докторат (4)	2,0
22	Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (26)	2,6
Позитивно рецензиран универзитетски учебник		
23	Тревници (коавтор)	6,0
Учебник издаден и во употреба на универзитет во странство		
24	Unapre|enje proizvodnje krme na prirodnim travnjacima (коавтор)	8,0
Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум		
25	Практикум по фуражно производство (коавтор)	3,0
Интерна скрипта од предавања		
26	Избрани технологии во поледелство	4,0
	Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно методско списание Фармер (1) Моја земја (3) Лајф магазине (1)	5,0
	Вкупно	**112,3**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Реден број	**Назив на активноста:**	**Поени**
Учесник во национален научен проект		
27	Фиторемедијација на почвите во Велес (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 2008/2010	3,0
28	Органско производство на земјоделски култури. (Земјоделски институт во Бари, Италија), 2008	3,0
29	Национална стратегија со акционен план за органско земјоделство на Република Македонија (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство), 2007	
Учесник во меѓународен проект		
30	Education, Research and Training for Global Environmental Change and Sustainable Management of Natural Resources in Western Balkans. (Министерство за надворешни работи на Норвешка); 2007/1009	5,0
Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание		
31	1. E.Angelova, T. Mitkova, **T. Prentovic.** (2009). The role of various types of mucorrhizal symbiosis in sustainable ecosystems. Poljoprivredno-Prehrambeni Fakultet - Univerzitet, Sarajevo, Zbornik sazetaka, XX Naucno-strucna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije, Neum, pg 106	2,4
	2. **T. Prentovic**, T. Mitkova, E. Angelova. (2009). Production of biodiesel from oil rape as a raw material. Poljoprivredno-Prehrambeni Fakultet - Univerzitet, Sarajevo, Zbornik sazetaka, XX Naucno-strucna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije, Neum, pg 150	2,4
	3. M. Petkov, T. Mitkova, M. Markoski, E. Angelova, **T. Prentovic**. (2009). Production of organic wine in locality Krnjevo, Tikves vine growing region. Poljoprivredno-Prehrambeni Fakultet - Univerzitet, Sarajevo, Zbornik	2,4

	sazetaka, XX Naucno-strucna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije, Neum, pg 158	
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списаниесо меѓународен уредувачки одбор		
32	**1. Prentovic T,** Mitkova T, Markoski M, Mitrikeski M, Ivanovski P. (2009). Phytoremediation as a measure for the soil decontamination. 12th Congress of Society of Soil Science of Serbia, Soil and Plant, Vol.58, N0. 3, 189-197, Beograd	3,6
	2. Tatjana Prentovic., Tatjana Mitkova., Mile Markoski (2009). The role of organic agricultural production in the environment protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid	4,8
	3. Tatjana Mitkova., **Tatjana Prentovic.**, Mile Markoski (2009). Decontamination of the soil of heavy metals spresd out in Veles. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid	4,8
	4. Tatjana Mitkova., Josif Mitrikeski., Mile Markoski., **Tatjana Prentovic** (2009). Sustainable using of soils in agriculture as a possibility of their protection. International Scientific Sympozium, Geography and Sustainable Development, Ohrid	3,6
Труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание		
33	**1.Prentovic Tatjana,** Dzabirski V., Pacinovski N., Cilev G., 2007. Hranjiva vrijednost pasnjaka Pehcevske regije Republike Makedonije, Krmiva, Vol. 49, broj 3, str. 171-175, Zagreb	2,4
Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир		
34	1 Najdenovska Olga, Jarak Mirjana, Guric Simonida, Stojanova Marina, Mitkova Tatjana, **Prentovićć Tatjana**, Markoski M. 2007. Kvalitet lucerke i kukuruza gajenih na aluvijalnom tipu zemljista u okolini Skoplja, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo, Vol.44, N0 1, pg 423-429, Novi Sad.	1,2
	2. Prentović Tatjana, Ivanovski R. Petre, Mitkova Tatjana, Mitrikeski Josif, Markoski Mile, Stojanova Marina., 2007, Uticaj đubrenja i kalcizacije na sastav i prinos prirodnih travnjaka na Jakupici, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, No 1, pg 347-355. NOVI SAD	1,2
	3. Marina Stojanova, P. R. Ivanovski, **Tatjana Prentović,** Tatjana Mitkova, J. Mitrikeski, M. Markoski. 2007, Uticaj razlicitih sistema djubrenja na hemijski sastav sena visokoplaninskih prirodnih travnjaka, Zbornik radova Instituta za ratarstvo i povrtarstvo,Vol. 44, No 1, pg 369-375. NOVI SAD	1,2
	4.Татјана Миткова., **Татјана Прентовиќ**., Миле Маркоски., Валентина Пеливаноска (2009). Деконтаминација на почвите од тешки метали во околината на Велес. Меѓународен научен симпозиум: Географијата и одржливиот развој, Зборник на трудови, Македонско географско друштво, стр. 183 – 191, Охрид	1,2

	5.**Татјана Прентовиќ**., Татјана Миткова., Миле Маркоски (2009). Улогата на органското земјоделско производство во заштитата на животната средина. Меѓународен научен симпозиум- Географијата и одржливиот развој, Зборник на трудови, Македонско Географско Друштво, стр. 201 – 209, Охрид	
Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собер со меѓународен уредувачки одбор		
35	**1.T. Prentovic,** T. Mitkova, P.R. Ivanovski, J. Mitrikeski, V. Pelivanoska, M. Markoski (2010) , Phytoremeditation as an ecologic measure for cleaning up of soils contaminated with heavy metals (pb, cd and zn) in the veles region, Biotechnology in animal husbandry, XII Internacional Symposium on Forage Crops of Republic of Serbia, Book 2, Vol. 26 (577-584), Krusevac	1,8
Учество на научен/стручен собир со реферат		
36	**1.T. Prentovic**, T. Mitkova, E. Angelova. (2009). Production of biodiesel from oil rape as a raw material. Poljoprivredno-Prehrambeni Fakultet - Univerzitet, Sarajevo, Zbornik sazetaka, XX Naucno-strucna konferencija poljoprivrede i prehrambene industrije, Neum, pg 150 **(постер)** 2. **Татјана Прентовиќ,** 2009, Производство на биогорива, Трибина со јавна дебата во организација на Француски културен центар, Скопје	0,5 0,5
	Вкупно	**45,0**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	Поени
37	**Книга од стручна област** **Татјана Прентовиќ,** 2008. Водич за органско производство на компир, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија **(автор)**	8,0
38	**Координатор за подготовка на елаборате за нова студиска програма** Трет циклус универзитетски студии - докторски студии - 2012	1,0
39	**Експертски активности; стручна ревизија** Редакциска ревизија на преводи на сручна литература како проект на Владата на РМ (3) - Introduction to Agronomy: Food, Crops, and Environment - An introduction VOLUME I to grassland agriculture - FORAGE CROPS	3,0
40	**Учество во промотивни активности на факултетот (4)** Промоција на ФЗНХ во средните училишта, 2009, 2010, Промоција на ФЗНХ на Саемот за образование, 2009 Промоција на ФЗНХ на Денот на науката, 2009 Промоција на Водич за органско производство на компир, 2008	2,5
41	**Член во комисија за измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт (4)** -Член во комисија за изготвување на Правилник за производство и квалитет на семе од фуражни растенија. --Член во комисија за изготвување на Правилник за технички, просторни и организациони услови што треба да се исполнат за семенски и саден материјал од земјоделски растенија.	8,0

	-Член во комисија за изготвување на Правилник за трговија со семе од фуражни растенија) -Член во работна група за изготвување на Национална стратегија со Акционен план за органско земјоделство на Република Македонија од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.	
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
42	**Уредник на зборник на трудови на високообразовна научна установа** Уредник на Годишен зборник на ФЗНХ, 2008, 2009, 2010, 2011 Уредник на Зборник на студентски трудови, 2009, 2010, 2011	 8,0 6,0
43	**Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** Претседател на организационен одбор за меѓународен симпозиум на ФЗНХ, 2012 Претседател на организационен одбор на средбата „Факултет-стопанство", 2009, 2010	 1,0 2,0
44	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** Фиторемедијација на контаминираните почви со тешки метали (Pb, Cd и Zn) во велешкиот реон (идеен проектант)	 1,0
45	**Продекан** Продекан за наука	 4,0
46	**Член на универзитетска комисија** Член на универзитетска комисија за финансии при УКИМ	 1,0
47	**Член на факултетска комисија (8)** -Претседател на Комисијата за наука и докторати, -Претседател на работната група за акредитацијата на третиот циклус докторки студии на Факултетот -Претседател на Комисијата за издавачка дејност -Претседател на Работната група за подготовка на Регистар на проекти -Член на Работната група за акредитација на првиот циклус студии -Член на Комисијата за настава -Член на Комисијата за втор циклус студии -Член на Комисијата за меѓународна соработка на ФЗНХ,	 4,0
	Вкупно	**49,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**112,3**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**45,0**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**49,5**
Вкупно	**206,8**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Петре Р. Ивановски
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р

Проф. д-р Гоце Василевски
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р

Проф. д-р Зоран Димов
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје с.р